РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ВО СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 986
Скопје, 14 мај 2010 година

## Содржина на Билтен број 986 од 14 мај 2010 година


**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор во звањето научен советник во Институтот за национална историја во Скопје (**д-р Драги Ѓоргиев**)....................1-9

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебното помагало под наслов **Практикум за изведување вежби по фармакогнозија,** подготвено од наставен кадар на Институтот за фармакогнозија на Фармацевтскиот факултет во Скопје, наменет за студентите по фармација............10-12

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за подобност на темата за изработка на докторска дисертација под работен наслов: **Ефекти од потиснувањето на прекумерно експримираните анти-апоптотични гени NF-kB, суровини и bcl-2 во култури на малигни клетки** и оспособеноста на кандидатот **м-р Игор Есмеров** за научна работа, пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје....................13-18

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по група предмети од областите: историја на архитектурата и уметноста и заштита на градителското наследство, на Институтот за заштита на градителското наследство и историја на Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Ана Ивановска**)....................19-26
2. Реферат за избор на асистент по група предмети од областа нацртна геометрија, перспектива, техничко цртање, компјутерски помогнато проектирање и 3Д-моделирање на Институтот за графички комуникации при Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Добре Николовски**)....................27-30

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на помлад асистент од областа на информатиката - теориски основи на информатиката на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**м-р Весна Димитриевска-Ристовска**)....................31-33

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Лекции од историјата на современата македонска држава** од **проф. д-р Виолета Ачкоска**, пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје.........34-38
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје (**Анкица Антовска, Елизабета Младеновска, Душан Боцевски, Јелена Красиќ, Биљана Клисарова, Николче Ристевски, Нуредин Исејновски, Горан Настески, Снежана Ѓорѓиева, Милица Патраклиева-Митревска Јагода Поповска, Соња Зашовска, Беса Догани, Васко Лапевски, Марија Апостолова, Јасмина Белчовска Тасевска, Ардијан Муча, Живомир Цветкоски, Анкица Ивановска, Далибор Симоновски, Викторија Јакимовска, Анкица Витанова, Јадранка Бочварова, Горица Поповска, Гарип Картал**)....................39-41

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**Љуан Имери, Гордана Милошевска Јуруковска, Лилјана Полепаковиќ, Мухамед Цека, Нина Шуловиќ-Цветковска, Елизабета Макревска, Михаела Коцева, Вања Ашкапова, Јелена Пејановиќ, Лазар Секуловски**)....................42-43
2. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**м-р Јулијана Стојанова**)..44

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**Борче Размоски, Марина Тодоровска, Ема Димитриеска, Горан Цаневски, Ивана Ѓоргиевска, Филип Петковски, Елена Данилова, Мери Чукалеска, Никола Главинче, Марија Гроздановска, Ивана Пешиќ, Сузана Рунчева, Голуба Велковска, Кристина Ѓорѓиева, Благица Мурговска, Ивона Шушак, Мила Петрушевска, Билјана Ивановска, Александар Блажевски, Александра Тасеска, Блаже Крчински, Никола Димитровски, Марија Илиевска, Јасмина Величкова, Емилија Матевска, Дарко Бајалски, Менче Емшова, Искра Дамчевска**)....45-47

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје (**Александра Депиновска, Емилија Тошиќ**)....48
2. Преглед на прифатени теми за изработка на специјалистички труд на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје (**Моника Ѓурческа, Олгица Ќурчиева, Сузана Георгиевска, Александра Бајдеска**)....49

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација, **Анализа на финансиските извештаи со осврт на финансиската стабилност на корпоративниот сектор во Република Македонија** изработена од **м-р Оливера Трајковска**, пријавена на Економскиот институт во Скопје....50-55

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за подобност на темата за изработка на докторска дисертација под наслов **Оксидативен стрес и de novo синтеза на глутатион при микотоксикоза предизвикана од Т-2 токсин кај живина хранета со и без администрација на пробиотик во храната** и оспособеноста на кандидатот **м-р Катерина Благоевска** за научна работа, пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје....56-61

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Евалуација на хемиски супстанции за фармацевтска употреба според европска фармакопеја,** пријавен на Фармацевтскиот факултет во Скопје.62-66

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден асистент од областа на органска хемија и биохемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**м-р Олгица Тренчевска**)....67-70

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**Марјан Георгиев, Александар Ласков, Дарко Митровски, Зоран Јаќимовски, Борче Чифлиганец, Ѓорѓи Ќосев, Марјан Ризински**)....71

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебното помагало под наслов **Практикум за вежби по инструментални фармацевтски анализи,** подготвен од наставен кадар на Катедрата за инструментални фармацевтски анализи на Фармацевтскиот факултет во Скопје, наменет за студентите по фармација....72-74
2. Рецензија на учебното помагало под наслов **Практикум за вежби по физичка хемија,** подготвено од наставен кадар на Катедрата за физичка хемија на Фармацевтскиот факултет во Скопје, наменет за студентите по фармација....75-77

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Национална безбедност** од **проф. д-р Митко Котовчевски**, пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје....78-82
2. Рецензија на докторската дисертација **Македонската емигрантска федеративна организација меѓу двете светски војни**, поднесена од кандидатката **м-р Мирјана Нинчовска**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....83-87

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Историскиот развој на урбаниот пејзаж на јавните простори во функција на современото обликување и планирање на просторот**, изработена од **м-р Александар Андовски**, пријавена на Институтот за национална историја во Скопје....88-94

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на пријавени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Зоран Качески, Александар Дроздовски, Мирјана Ристеска)**....95

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Аземина Машовиќ, Костадинка Стефанова, Стефан Куковски, Дејан Блажевски, Тони Мирчески, Стефан Волкановски, Славчо Терзиоски, Андреа Станковиќ, Сања Тевдовска, Размена Чекиќ-Дуровиќ, Соња Дишлијевска)**....96-97

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор на вонреден професор по предметите граматика на италијанскиот јазик и историја на италијанскиот јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Александра Саржоска)**....98-115

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. **Исправка** на Рецензијата на учебникот **Периферен нервен систем-клиничка анатомија**, од **проф. д-р Марија Папазова и соработниците**, пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје, каде што **треба да стои**: Рецензија на учебникот **Васкуларизација на мозокот** од **проф. д-р Марија Папазова и соработниците**....116-117

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Остварување на граѓанско-сервисниот карактер на општинската администрација во Република Македонија**, изработена од **м-р Александра Србиновска-Дончевска**, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје....118-122

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Архитектонскиот факултет во Скопје **(Анастасија Трајковска, Ана Ивановска, Доминика Бошкова, Армир Ферати, Димитар Папастеревски, Емилија Софеска, Џанер Асимов)**....123

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Отстранување на никел со атсорпција на природни и синтетизирани зеолити од води со различно потекло**, изработена од **м-р Дејан Димитровски**, пријавена на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје....124-128

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Морфометриски карактеристики, масов состав и исхрана на охридската белвица (Acantholingua ohridana, Steindachner)** изработена од **м-р Катерина Беличовска**, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје....129-135

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Реферат за избор во соработничко звање за наставно-научната дисциплина од стручно-уметнички карактер - основи на ликовното образование со методика и кукларство и сценографија на групите за одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик, на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(м-р Бурхан Ахмети)**..................136-140

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Стратешката интеграција на компаниите како фактор за успешноста на спојувањата и преземањата**, изработена од **м-р Душица Стевчевска-Србиноска**, пријавена на Економскиот институт во Скопје..............141-149

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. **Исправка** на објавениот реферат за избор на 15 асистенти по предметот општа хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 985 од 30.4.2010 година..................150

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Протоколен инжeнеринг и оптимизација на безжичните широкопојасни системи** , изработена од **м-р Перо Латкоски**, пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје ..........151-156

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор во звањето научен советник во Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Вера Гошева)**..................157-168
2. Реферат за избор во звањето научен советник во Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Билјана Ристовска-Јосифовска)**..................169-183
3. Реферат за избор во звањето виш научен соработник во Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Силвана Сидоровска-Чуповска)**..................184-192
4. Реферат за избор во звањето асистент-истражувач во Институтот за национална историја во Скопје **(м-р Драган Зајковски)**..................193-194

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Реферат за избор на наставник на научната област меѓународно приватно право на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Тони Дескоски)**..................195-209

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Ренална колор дуплекс доплер ултрасонографска евалуација на болни со дијабетична нефропатија**, изработена од **д-р Маја Милованчева-Поповска**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје..................210-215

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистенти по орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(ас. д-р Андрејчо Грнчаровски, ас. д-р Владимир Филиповски)**..................216-220

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Определување на јакосни и термофизички карактеристики на FRP сендвоч-плочи,** изработена од **м-р Ана Тромбева-Гавриловска,** пријавена на Градежниот факултет во Скопје..................221-226

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистенти на Катедрата за стоматолошка протетика при Стоматолошкиот факултет во Скопје (**ас. д-р Сашко Богдановски, ас. д-р Игор Стоев, ас. д-р Соња Петкова, ас. д-р Надица Јанева, ас. д-р Светлана Ганчева Цветкова, ас. д-р Андреја Јовановски, ас. д-р Драган Петровски, ас. д-р Анета Ангеловска, ас. д-р Атанас Шуков, д-р Ана Спировска**)........227-242

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. **Приговор** на рефератот за избор на два научни соработника по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, поднесен од **ас. д-р Весна Ристовска**, објавен во Билтенот на Универзитетот бр. 985 од 30.4.2010 година........243-244
6. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот за избор на два научни соработника по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот бр. 985 од 30.4.2010 година........245

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците во основното образование**, изработена од **м-р Флорина Шеху**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........246-251

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на политичката култура врз функционирањето на институциите на политичкиот систем**, изработена од **м-р Славица Ковачевиќ**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје........252-259
2. Рецензија на докторската дисертација **Развојот на информациското општество и импликациите врз трансатлантските односи**, изработена од **м-р Ана Мукоска**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје........260-264
3. Рецензија на докторската дисертација **Правото на договорен залог како граѓанско субјективно право** , изработена од **м-р Тина Пржеска**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје........265-275

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор во наставно-научно звање вонреден професор по наставните предмети морфологија и синтакса на турскиот јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**д-р Октај Ахмед**)........276-284
2. Рецензија на докторската дисертација **Карактерот на женскиот лик во делото на Миќеви и Флобер**, изработена од **м-р Зејнепе А. Реџепи**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје........285-289

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по предметот ортодонција на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Јасна Петровска**)........290-295
2. Реферат за избор на асистент по предметот фиксна стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Марјан Петков**)........296-300

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот за избор во звање објавен на 21.12.2009 година во весникот Време" и одлуката на Советот на Институтот за национална историја во Скопје, број 02-22/23 од 26. 3. 2010 година, формирана е Рецензентска комисија за предвремен избор во звањето научен советник на д-р Драги Ѓоргиев, виш научен соработник во Османо - турското одделение при Институтот за национална историја, во состав: д-р Ахмед Шериф, д-р Јован Јанев и д-р Марија Пандевска.

По разгледувањето на доставениот материјал, Комисијата, до Советот на Институтот за национална историја во Скопје го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци за д-р Драги Ѓоргиев**

Д-р Драги Ѓоргиев е роден во Струмица на 28 април 1963 г. Основно и средно образование завршил во родниот град. Во 1982 г. се запишал на Катедрата за историја на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", каде што дипломирал во декември 1986 г., како најдобар студент во генерацијата. Во јануари 1988 г., се вработил во Институтот за национална историја во Скопје. Истата година вонредно се запишал на Катедрата за ориентални јазици: турски, персиски и арапски, на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Сараево, каде што дипломирал во декември 1991 г. По враќањето во Скопје се запишал на постдипломските студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на Катедрата за историја, од областа од османлискиот период. По завршувањето на испитите, во 1995 г. успешно ја одбранил магистерската теза: *Скопје од турското*

*освојување до крајот на XVII век.*, објавена како монографија во 1997 г. Истата година е избран за асистент во Одделението за османотурски период во Институтот за национална историја. Во 2004 г. на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" ја одбранил докторската теза *Населението во македонско-албанскиот граничен појас во XV и XVI век*, со што се стекнал со академскиот степен доктор на историски науки. Тезата е објавена како монографски труд во 2009 г. Во 2007 г. е избран за виш научен соработник во Институтот за национална историја.

Во текот на своето научно усовршување, д-р Драги Ѓоргиев, како стопендист на владата на Р. Турција, неколку пати престојувал на специјализација во Истанбул и во Анкара, во областа на историјата и османо турскиот јазик. Исто така, во периодот од 1995 до денес тој редовно престојува во Османлискиот архив во Истанбул каде што ја истражува османлиската архивска граѓа која се однесува на Македонија, од каде што има донесено неколку илјади документи. Во моментот тој е виш научен соработник во Османотурското одделение во Институтот за национална историја, професор на постдипломските студии за периодот 1371 - 1913 г. и хонорарен професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на групата турски јазик и книжевност.

## 2. Научна дејност

Во периодот од последниот избор (2007 г.) во звањето вонреден професор, д-р Драги Ѓоргиев продолжи со својата работа како веќе афирмиран научник во областа на балканската историја во време на османлиското владеење. Спојот на историјата со ориенталните јазици му овозможуваат својата научна продукција да ја продолжи со несмалено темпо.

Веднаш по изборот, во 2007 г. тој го објави зборникот *Турски документи за оружената борба во Македонија (1903 - 1908)*. Во него се содржани османлиски документи за оружените судири на четите во Македонија со османлиската војска во наведениот период. Во овој труд, всушност, се опфатени сите судири што се случиле на територијата на Македонија, со точен број на жртвите, ранетите,

заробените и со многу други релевантни и досега необјавени податоци од османлиска провениенција. Со тоа на македонската научна јавност за прв пат ѝ се дава можност да се анализира оружената борба во Македонија видена со очите на османлиската држава. Тој зборник, всушност, претставува неизбежен прирачник за сите оние што се занимаваат со револуционерната борба во Македонија во првата деценија од XX век.

Во 2008 г. најпрвин д-р Ѓоргиев ја објави статијата *Населението во македонско - албанскиот граничен појас во XV - XVI век*, на германски јазик во познатото германско списание за проучување на Југоисточна Европа (Südost - Forschungen, 2008). Оваа статија, всушност, претставува синтеза на неговата докторска дисертација. На македонски јазик таа беше објавена истата година во Прилози на МАНУ.

Потоа следеше текстот за историјата на македонскиот народ во време на османлиското владеење во изданието на Институтот за национална историја *Кратка историја на македонскиот народ*, објавено на македонски и англиски јазик.

Истата година, д-р Драги Ѓоргиев, на македонски и на турски јазик, го објави трудот *Скопската османлиска монетарница*. Покрај историјата на оваа османлиска институција во Скопје, во трудот е вклучен и каталог на монети ковани во оваа ковница, кои досега не биле објавувани.

Во најзначајните трудови на д-р Ѓоргиев од овој период треба да се спомене и статијата *Идентитетот на словенското население во Македонија во првата половина на XIX век*, во зборникот: Tozsamosc narodowa w spoleczenstwie multietnicizm Macedonii. Wydawnictwo Uniwersytetu Jagiellonskiego, Krakow, 2008.

Годината 2008 д-р Драги Ѓоргиев ја заокружи со објавувањето на зборникот *Турски документи за аферата Мис Стон*. Во него за првпат се објавуваат документи од османлиска провениенција за оваа афера, со што се добива претстава за османлиската перцепција и замешаност во аферата, што досега недостасуваше во македонската историографија.

И во 2009 г. плодната дејност на д-р Драги Ѓоргиев продолжи со исто темпо. На прво место овде ќе ја спомeнеме монографијата *Населението во македонско - албанскиот граничен појас во XV - XVI век*. Преку неколкугодишно истражување на необјавени историски извори од османлиска провениенција тој прави сериозна анализа на демографските случувања во соодветниот граничен појас, доведувајќи ги под прашање веќе утврдените тези во балканските историографии за драматични и радикални демографски промени на таа територија во наведениот период. Тој критички се осврнува на досегашнио приод во проучувањето на периодот и територијата што се предмет на истражување, полемизирајќи со авторите кои досега се занимавале со проблемот на демографските промени и процесот на исламизација во западна Македонија. Овој труд, кој е прво такво истражување базирано на релевантни историски извори, претставува извонреден придонес во македонската историографија и, несомнено, ќе предизвика внимание во целокупната балканска историографска јавност.

Истата година во зборникот *Балканите меѓу традицијата и модерноста*, објавен во Софија, ја публикуваше статијата *Административната структура на Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает во втората половина на XIX век*, што претставува досега најцелосен и најисцрпен преглед на историјата на формирањето и организирањето на овие три вилаети во кои била опфатена целата територија на Македонија.

Преку Државниот архив на Р Македонија, во 2009 г. тој го објави трудот *Македонското прашање во османлискиот парламент (стенографски белешки 1909)*. Ова дело, кое се базира на документи донесени од последното истражување на д-р Ѓоргиев во Ориенталниот оддел на Народната библиотека во Софија, нуди извонредни податоци за третманот и перцепцијата на македонското прашање од страна на османлиските пратеници, на седницата одржана во Истанбул во јануари/февруари 1909 година и посветена исклучиво на македонскиот проблем.

Во 2009 г, д-р Драги Ѓоргиев го објави и трудот *Охрид и Охридско низ османлиските документи (XIX - XX век)*, каде што за прв пат се публикувани османлиски документи за историјата на Охрид и неговата околина од наведениот период.

Во истата година, како коавтор, д-р Ѓоргиев се појавува и како преведувач на книгата *Најдолгиот век на империјата,* од познатиот турски историчар Илбер Ортајли. Во наведениот период, д-р Драги Ѓоргиев е автор уште на неколку статии објавени во и надвор од Р Македонијаи, кои само ја потврдуваат неговата богата и континуирана научна активност.

Од содржината на објавените трудови на д-р Драги Ѓоргиев во Македонија и во странство може да се заклучи дека во фокусот на научниот интерес на д-р Ѓоргиев се социјално-демографската сфера во Македонија за време на османлиската доминација и административното уредување. Врз база на оригиналните османлиски извори тој ги следи демографските поместувања што се случувале на територијата на Македонија, како и промените во административно - територијалното уредување. Сериозниот научен пристап во анализаата на верската и етничката структура на населенето, на причините за настанатите промени и ставањето на тие состојби во еден поширок контекст, ги прават неговите трудови референтни и меѓу научниците надвор од Македонија, кои се занимаваат со демографски проучувања. Научните трудови на д-р Драги Ѓоргиев се одликуваат со оригинален научен пристап што, всушност, му го овозможува работењето со оригинална и необјавена османлиска граѓа. Покрај тоа, тој успева во своите трудови да ги вклопи најновите сознанија од научните истражувања за османлиската историја, кои редовно ги следи, а посебен белег претставува и неговиот приод кој секогаш содржи извесна доза на критичност, се разбира, секогаш втемелена на релевантни аргументи со кои, ги поткрепува своите ставови.

Покрај плодната научна дејност, посебно внимание заслужува и учеството на д-р Драги Ѓоргиев на научни симпозиуми и конференции. Во изминатиот период од три години тој учествувал на повеќе од 10 меѓународни и домашни научни симпозиуми на кои, пред еминентни

познавачи на историјата на Југоисточна Европа и Османлиската Империја од целиот свет, имал свои свои излагања и учествувал во дискусии.

Исто така, треба да се напомне дека д-р Ѓоргиев во периодот 2007 - 2009 г. од македонска страна беше главен носител на меѓународниот проект *Административните, социјалните и културните институции во балканските османлиски провинции во XVIII и XIX век*, поддржан од министерствата за образование и наука на Р Македонија и на Р. Бугарија, а во соработка со Институтот за национална историја и Институтот за балкански студии при Бугарската академија на науките. Важно е да се напомене дека тоа е прв историографски проект на такво ниво меѓу овие две држави. Во моментот, тој е учесник во проектот "Македонско - турски врски", кој се реализира преку Центарот за стратешки истражувања при МАНУ, како и во Проектот за превод на турска историографска литература, исто така поддржан од МАНУ.

Посебно и впечатливо место во научната активност на д-р Ѓоргиев зазема неговата истражувачка дејност. Имено, во овој момент тој е единствениот македонски историчар кој редовно истражува во Османлискиот архив во Истанбул и во Ориенталниот оддел на Народната библиотека во Софија. Од неговите истражувања во Истанбул и во Анкара од 1993 година наваму, тој донел преку 10.000 фотокопии од османлиски документи кои се однесуваат на историјата на Македонија од XV до XX век и кои се чуваат во Државниот архив на Република Македонија. Оваа изворна граѓа претставува извонредна база за проучување на целиот османлиски период преку оригинална документација од османлиска провениенција. Со нив, Државниот архив на Република Македонија уште повеќе ја зацврсти својата позиција како еден од најбогатите центри на Балканот со османлиска документација.

Д-р Драги Ѓоргиев, како ментор или како член на комисии, исто така учествува во изработка и одбрана на докторски дисертации и магистерски тези на институтите за историја и историја на уметноста,

како и во Институтот за национална историја, при Универзитетот Св. Кирил и Методиј".

**Заклучок**

Д-р Драги Ѓоргиев претставува водечки македонски историчар во проучувањето на османлискиот период од историјата на Македонија и во истражувањето и преведувањето на османлиската граѓа. Неговите трудови со сериозниот научен пристап, јасниот стил на пишување и заснованоста врз цврсти аргументи, ги задоволуваат сите стандарди и научни методи. Исто така, неговите проучувања на одредени проблеми од македонската историја во поширок балкански контекст и неговата досегашна продукција во областа на османистиката, со својот квалитет, важност и обем, веќе претставуваат значаен сегмент од целокупната македонска историографија. Таа продукција осветлува дел од македонската историја што е најмалку проучуван и за кој има најмлаку истражувачи, поради што дејноста на д-р Ѓоргиев уште повеќе добива на значење и во афирмацијата на македонската историографија надвор од Р. Македонија. Во исто време, д-р Драги Ѓоргиев е професор и педагог, со што придонесува во подигнувањето и формирањето на млад научен кадар при Универзитетот„Св. Кирил и Методиј".

Имајќи го предвид сето погоре изложено, сметаме дека д-р Драги Ѓоргиев ги поседува сите потребни атрибути на еден сериозен, квалитетен и веќе потврден научник. Од тие причини, имаме особена чест и задоволство на Советот на Институтот за национална историја во Скопје да му препорачаме д-р Драги Ѓоргиев да биде избран во звањето научен советник.

Скопје, 12. 4. 2010

проф. д-р Ахмет Шериф с.р.

проф. д-р Јован Јанев с.р.

проф. д-р Марија Пандевска с.р.

# ТАБЕЛА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ЦЕЛОКУПНАТА АКТИВНОСТ ВО ПОЕНИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ НАУЧЕН СОВЕТНИК НА Д-Р ДРАГИ ЃОРГИЕВ

| **Научноистражувачка дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|
| | **во земјата** | **во странство** |
| Монографија или научна книга | 8 | |
| Дел од монографија или научна книга | 8 | |
| Зборник на документи | 40 | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен на еден од светските јазици во научно списание со меѓународно значење | | 6 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание | 18 | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир | 6 | 2 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир | | 6 |
| Учество на научен собир со реферат | 3 | 10 |
| Раководител на меѓународен научен проект | 8 | |
| Учесник во научен проект | 4 | |
| Уредник на научно списание | 5 | |
| Член на уредувачки одбор на научно списание | 2 | |
| Член на организационен одбор на научен собир | 5 | |
| **Стручно - апликативна дејност** | | |
| Член на комисија за одбрана на 6 (шест) докторски дисертации и две магистерски тези на Филозофскиот факултет и на Институтот за национална историја | 7,5 | |
| Објавени колумни, ставови и мислења во дневен и неделен печат | 2 | |
| ВКУПНО: | 140,5 ПОЕНИ | |

**Ангажмани надвор од научната дејност:**

-професор на постдипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" при универзитетот „*Кирил и Методиј*" во Скопје по предметот историја на државата и правото (османлиски период);

-професор на постдипломските студии на Институтот за историја на уметноста со археологија при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје, по предметот исламска уметност и култура;

-професор на постдипломските студии при Институтот за национална историја во Скопје;

-професор на Катедрата за турски јазик и книжевност при Универзитетот „*Гоце Делчев*" во Штип, по предметот османотурски јазик.

## РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПОД НАСЛОВ „ПРАКТИКУМ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ ВЕЖБИ ПО ФАРМАКОГНОЗИЈА", ПОДГОТВЕНО ОД НАСТАВЕН КАДАР НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФАРМАКОГНОЗИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ, НАМЕНЕТ ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО ФАРМАЦИЈА

Со решение бр.02/87/7-4 од 2010 година, врз основа на член 30 од Статутот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет, на својата VI седница одржана на 4. 2.2010 година, формира Рецензентска комисија за преглед и оцена на ракописот под наслов „Практикум за изведување вежби по фармакогнозија", напишан од наставен кадар на Институтот за фармакогнозија, и тоа: проф. д-р Светлана Кулеванова, ас. м-р Ѓоше Стефков и ас. Марија Карапанцова.

По прегледот на доставениот материјал, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Рената Славеска Раички и проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Текстот на ракописот е подготвен во стандарден А4-формат, содржи 125 страници, со бројни објаснувања на макроскопските и микроскопските карактеристики на дрогите, слики на дроги и слики на микроскопски пресеци и дроги во прашок, како и задачи за самостојно работење на струдентите, во 7 одбрани практични методски единици кои се предвидени со наставната програма за практична настава за студентите по фармација. Секоја методска единица претставува определена целина која се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за практична настава по предметот фармакогнозија. Практикумот е подготвен во формат на атлас во кој се прикажани макроскопските и микроскопските карактеристики на дроги, а воедно има и формат на работна тетратка, во која директно се изведуваат задачите, што овозможува подобра прегледност во учењето, во изведувањето на задачите и евалуација на релултите што ги постигнува студентот. Секоја дрога е обработена во вид на монографија, со селектирани податоци, неопходни за успешно изведување на практичната настава. Успехот во совладувањето на материјалот, предвиден во рамките на Практикумот, зависи пред сè од ангажираноста на струдентот, од неговата претходна подготовка и од неговиот афинитет кон микроскопските методи на анализа, поради што вежбите не се строго детерминирани туку даваат простор за движење низ материјалот, со различна брзина на совладување, зависно од резултатите што студентот самиот ги остварува. Ракописот е напишан на стандарден литературен македонски јазик, едноставно и концизно, стручно и разбирливо, имајќи ја предвид претходната подготовка на студентите по фармација. Научните имиња на ботаничките поими се напишани на латински јазик, соодветно на усвоената номенклатура.

Во обработката на дрогите авторите примениле современ пристап и концепт во изучувањето на овaa материја, давајќи кратки но доволно информативни текстови, отстапувајќи поголем простор на визуелните информации преку слики и цртежи. Задачите кои се предвидени за студентите се приспособени на современите позитивни трендови на изучување на оваа проблематика во Европа и во светот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот ракопис може да се констатира дека опфатените методски единици се во согласност со практичната и теоретската наставна програма за предметот фармакогнозија за студентите по фармација. За изведување на вежбите се користи актуелна, современа литература и опрема, специфична за ваков вид програма. Предвидено е студентите да работат самостојно. Добиените резултати и изведените заклучоци студентите ги запишуваат во Практикумот, што му дава двојна практична примена: да биде користен како учебно помагало и истовремено да претставува дневник за изработените вежби во кој асистентот ќе ги верифицира резултатите и изведените заклучоци.

Оттука, Рецензентската комисија му препорачува на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, овој ракопис да го одобри како постојан практикум по предметот фармакогнозија.

Р Е Ц Е Н З Е Н Т И

Проф. д-р Рената Славеска Раички с.р.

Проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска с.р.

# РЕФЕРАТ

ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД РАБОТЕН НАСЛОВ **„ЕФЕКТИ ОД ПОТИСНУВАЊЕТО НА ПРЕКУМЕРНО ЕКСПРИМИРАНИТЕ АНТИ-АПОПТОТИЧНИ ГЕНИ NF-kB, СУРВИВИН И bcl-2 ВО КУЛТУРИ НА МАЛИГНИ КЛЕТКИ“** И ОСПОСОБЕНОСТА НА КАНДИДАТОТ М-Р ИГОР ЕСМЕРОВ ЗА НАУЧНА РАБОТА.

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет на седницата одржана на 7.12.2009 година (одлука бр. 0201-4984/2), нé определи за членови на Рецензентска комисија за подобност на кандидатот Игор Есмеров, магистер на биолошки науки, и темата за изработка на докторска дисертација под наслов: „Ефекти од потиснувањето на прекумерно експримираните антиапоптотични гени NF-kB, *сурвивин* и bcl-2 во култури на малигни клетки“. Комисијата во состав: д-р Сашо Панов, доцент на Природно-математичкиот факултет, д-р Велимир Стојковски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и д-р Ромел Велев, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, сите при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатот м-р Игор Есмеров е роден на 4.8.1974 година во Скопје, каде што го завршил основното и средното образование. Во академската 1993/1994 година се запишал на Ветеринарниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје каде што дипломирал во 2000 година. Првото работно искуство го стекнал во Ветеринарната амбуланта "Труст-Вет", во 2001 година се вработил во Владата на Република Македонија, а во 2002 година се вработил во Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор. Во периодот 2004-2006 година работел во Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија при МАНУ како помлад истражувач. Во периодот 2006-2008 се вработил како национален координатор на ФАО за птичји грип, од јануари 2009 година е вработен како помлад асистент на Земјоделскиот факултет во Скопје, а неколку месеци подоцна е вработен во Истражувачкиот тим на Ветеринарниот факултет во Скопје.

Во 2009 година, м-р Есмеров ги завршил постдипломските студии по молекуларна биологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје и магистрирал со одбрана на трудот: „Компаративна варијабилност на микросателитската ДНА кај изворен и изворно селектиран сој на шарпланинецот". Со свои трудови има учествувано на повеќе конгреси во земјата и во странство, а е автор и коавтор е на повеќе стручни и научни трудови од обласа на генетиката и ветерината.

Врз основа на доставениот материјал, Комисијата констатира дека предложената тема ги содржи сите предвидени елементи при предлагање на работна хипотеза за изработка на докторска дисертација.

Во ***воведот и образложението на темата***, м-р Есмеров дава литературен преглед за досегашните сознанија во врска со проблематиката предвидена за работа во овој труд. Најпрво, кандидатот наведува дека по неколкудецениските обемни истражувања на туморите станува јасно дека нивната комплексна основа лежи во динамичките нарушувања на геномот. Бројните студии довеле до откривање на голем број мутации кои ги активираат онкогените со доминантно зголемување на нивната функција, како и генетски абнормалности кои ги инактивираат тумор-супресорните гени со рецесивно губење на нивната функција. Овие две класи на туморски гени се идентификувани во речиси сите хумани и животински малигни клетки и го предизвикуваат карактеристичниот туморски фенотип во експериментални модели. Понатаму, кандидатот ја цитира една од темелните концепции на молекуларната онкологија според која, во текот на патогенезата на неоплазмите, постепено се акумулираат мултипли молекуларни абнормалности кои можат да се класифицираат во следниве шест функционални групи: 1. мутации во прото-онкогените кои предизвикуваат континуирана клеточна пролиферација; 2. мутации во тумор-супресорските гени поради кои клетките се нечувствителни на антипролиферативните сигнали; 3. избегнување на апоптозата поради прекумерна експресија на антиапоптотичните или потисната експресија на проапототичните молекули; 4. активирање на теломеразата кое овозможува неограничен репликативен потенцијал; 5. раст на нови крвни садови (неоангиогенеза); и 6. способност за инвазија на соседните ткива, како и за метастазирање.

По концизниот, но јасен преглед на апоптотичните нарушувања кај човековиот канцер, м-р Есмеров дава кус опис на секој од трите гени кои ќе бидат супримирани во предложената студија.

Имено, транскрипциониот фактор NF-kB игра важна улога во многу физиолошки процеси, како и кај имуниот одговор, клеточната пролиферација, клеточната смрт и инфламацијата. Станува јасно дека абнормалната регулација на NF-kB и сигналните патишта кои ја контролираат оваа активност се вклучени во развојот и прогресијата, како и во отпорноста кон хемотерапијата и терапиите со зрачење. Генот за сурвивин е структурно и функционално член

на фамилијата на гените означени како IAP (Inhibitor of Apooptosis) и има важна улога во инхибирањето на апоптозата. Оттаму и е очекувано, голем број истражувања укажуваат дека пресекувањето на патиштата на сурвивинот можат да го намалат антиапоптотичниот ефект кај малигните клетки и да ја зголемат стапката на спонатна и индуцирана апоптоза. Во натамошниот текст, м-р Игор Есмеров наведува дека bcl-2 е првиот идентифициран онкоген чија улога во туморската патогенеза е инхибиција на програмираната клеточна смрт - апоптоза. Според многу автори, инхибицијата на експресијата на bcl-2 може да го реетаблира клеточниот апоптотичен одговор и со тоа да ја зголеми хемосензитивноста на туморските клетки при лекувањето.

Кандидатот наведува дека, во поново време, во молекуларната генетика интензивно се користи феноменот на пост транскрипциско стивнување на генската експресија кој е наречен RNA-интерференција (RNAi). Овој природен механизам е високо конзервиран меѓу мошне оддалечените таксони какви што се габите, растенијата и животните. Голем број студии укажале дека супресијата на гените со примена на RNAi е многу поефикасна отколку со претходно користените молекуларни техники.

Кандидатот понатаму ги поставува поконкретните цели на истражувањето. Главните цели на предложената студија е да се опишат фенотипските ефекти од поединечната супресија на NF-kB, *сурвивин* и bcl-2 гените, како и нивната истовремена супресија, кај репрезентативни клеточни линии на карциноми. Супресијата на целните гени преку механизмите на RNA-интерференција ќе се изврши во неколку експериментални фази. Најпрво, ќе се дизајнираат, ќе се конструираат и ќе се произведат соодветни рекомбинантни плазмиди кои кодираат shRNA молекули со највисок степен на пречистеност (без ендотоксини). Следната цел е да се евалуира способноста за супресијата на NF-kB, *сурвивин* и bcl-2 гените со примена на RNA-интерференција и предизвикување на спонтана апоптоза и редукција на клеточниот животен век кај различни клеточни линии на белодробен карцоном. Поставувајќи ја како особено важна цел, кандидатот нагласува дека ќе се испитува хемосензитивноста на трансфектираните клетки кон агенси кои индуцираат апоптоза. Се ова поради делумна реставрација на клеточните про-апоптотични патишта како резултат на поединечната супресија на секој од NF-kB, *сурвивин* и bcl-2 гените. Ќе се евалуира и симултаната супресија на трите целни гени со што ќе се утврди дали постои синергистички ефект детектабилен преку зачестена спонтана апоптоза, зголемена сензитивност кон цитотоксични агенси, редуциран клеточен животен век и/или инхибиција на туморскиот клеточен раст.

Во делот **материјал и методи**, кандидатот м-р Есмеров наведува дека експериментите во предложената студија ќе се одвиваат во три фази.

Во првата фаза ќе се конструираат рекомбинантни плазмидни вектори кои кодираат соодветни shRNA молекули за супресија на гените NF-kB,

*сурвивин* и bcl-2. Притоа, ќе се користат техниките на генетски инженеринг и општите молекуларно-биолошки процедури согласно со соодветните лабораториски прирачници како и според етаблираите методи во Лабораторијата за молекуларна биологија при Институтот за биологија.

Во втората фаза ќе се извршат пилот-експерименти за избор на најефикасен конструкт за супресија на соодветниот ген, оптимизација и селекција на најефикасен трансфекциски агенс и соодветна процедура, избор на репрезентативни малигни клеточни линии трансфектабилни со достапните агенси и протоколи, детерминирање на минимална летална концентрација на селективниот антибиотик за секоја поединечна клеточна линија со конструкција на т.н. „крива на убивање“.

Во третата фаза ќе се изврши евалуација на ефектите кај клеточните култури од хумани карциноми при РНАи-индуцирана поединечна генска супресија на секој од NF-kB, *сурвивин* и bcl-2 гените, истовремената супресија на трите гени во однос на чувствителноста кон агенси кои индуцираат апоптоза, во комбинација со други агенси, како и промените на клеточната морфологија и други ефекти. Кандидатот нагласува дека процедурите за клеточни култури ќе бидат спроведувани во согласност со општоприфатените мерки и според лабораториски прирачници. Ќе се користат репрезентативни, т.е во литературата често цитирани континуирани клеточни линии од неколку хумани карциноми. Клетките ќе бидат супкултивирани во соодветен медиум дополнет со адитиви, телешки фетален серум и смеса на антибиотици и антимикотици во инкубатор на 37°C со атмосфера заситена со влага и со 5% $CO_2$. Сите процедури ќе се вршат аспетично во ламинарен кабинет со стерилен воздух. Тестовите на цитотоксичност ќе се вршат според етаблирани методи кај кои се мери активноста на митоходријалните дехидрогенази во живите клетки, при што се пресекува тетразолиумскиот прстен на сурстратот при и што се добива обоен формазански продукт кој се фотометрира. Кандидатот наведува дека за детекција на апоптозата во третираните и во контролните клетки ќе се врши со два начина: со електрофоретски тест за детекција на апоптозата (DNA laddering), базиран на интернуклеосомалната DNA-фрагментација која настанува во текот на апоптозата како резултат на ендогените ендонуклеази и со флуоресцентна микроскопија, преку боење со акридин оранж и етидиум бромид.

Кандидатот наведува дека ќе користаат соодветни статистички методи за анализа на добиените нумерички и категорички вредности од испитувањата.

Со изработката на оваа работа, во поглавјето очекувани резултати, кандидатот очекува дека ќе бидат конструирани и произведени ефикасни shRNA -кодирачки плазмиди. Во текот на прелиминарните фази, реалистично е да се очекува дека ќе се избере по еден shRNA -кодирачки плазмид и за потиснување на експресијата за секој поединечен ген: NF-kB, *сурвивин* и bcl-2, а ќе биде оптимизирана и трансфекциската постапка. Согласно со досега

## РЕФЕРАТ

ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД РАБОТЕН НАСЛОВ **„ЕФЕКТИ ОД ПОТИСНУВАЊЕТО НА ПРЕКУМЕРНО ЕКСПРИМИРАНИТЕ АНТИ-АПОПТОТИЧНИ ГЕНИ NF-kB, СУРВИВИН И bcl-2 ВО КУЛТУРИ НА МАЛИГНИ КЛЕТКИ“** И ОСПОСОБЕНОСТА НА КАНДИДАТОТ М-Р ИГОР ЕСМЕРОВ ЗА НАУЧНА РАБОТА.

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет на седницата одржана на 7.12.2009 година (одлука бр. 0201-4984/2), нè определи за членови на Рецензентска комисија за подобност на кандидатот Игор Есмеров, магистер на биолошки науки, и темата за изработка на докторска дисертација под наслов: „Ефекти од потиснувањето на прекумерно експримираните антиапоптотични гени NF-kB, *сурвивин* и bcl-2 во култури на малигни клетки“. Комисијата во состав: д-р Сашо Панов, доцент на Природно-математичкиот факултет, д-р Велимир Стојковски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и д-р Ромел Велев, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, сите при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатот м-р Игор Есмеров е роден на 4.8.1974 година во Скопје, каде што го завршил основното и средното образование. Во академската 1993/1994 година се запишал на Ветеринарниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје каде што дипломирал во 2000 година. Првото работно искуство го стекнал во Ветеринарната амбуланта "Труст-Вет", во 2001 година се вработил во Владата на Република Македонија, а во 2002 година се вработил во Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор. Во периодот 2004-2006 година работел во Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија при МАНУ како помлад истражувач. Во периодот 2006-2008 се вработил како национален координатор на ФАО за птичји грип, од јануари 2009 година е вработен како помлад асистент на Земјоделскиот факултет во Скопје, а неколку месеци подоцна е вработен во Истражувачкиот тим на Ветеринарниот факултет во Скопје.

# РЕФЕРАТ

ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД РАБОТЕН НАСЛОВ **„ЕФЕКТИ ОД ПОТИСНУВАЊЕТО НА ПРЕКУМЕРНО ЕКСПРИМИРАНИТЕ АНТИ-АПОПТОТИЧНИ ГЕНИ NF-kB, СУРВИВИН И bcl-2 ВО КУЛТУРИ НА МАЛИГНИ КЛЕТКИ“** И ОСПОСОБЕНОСТА НА КАНДИДАТОТ М-Р ИГОР ЕСМЕРОВ ЗА НАУЧНА РАБОТА.

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет на седницата одржана на 7.12.2009 година (одлука бр. 0201-4984/2), нé определи за членови на Рецензентска комисија за подобност на кандидатот Игор Есмеров, магистер на биолошки науки, и темата за изработка на докторска дисертација под наслов: „Ефекти од потиснувањето на прекумерно експримираните антиапоптотични гени NF-kB, *сурвивин* и bcl-2 во култури на малигни клетки“. Комисијата во состав: д-р Сашо Панов, доцент на Природно-математичкиот факултет, д-р Велимир Стојковски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и д-р Ромел Велев, вопреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, сите при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатот м-р Игор Есмеров е роден на 4.8.1974 година во Скопје, каде што го завршил основното и средното образование. Во академската 1993/1994 година се запишал на Ветеринарниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје каде што дипломирал во 2000 година. Првото работно искуство го стекнал во Ветеринарната амбуланта "Труст-Вет", во 2001 година се вработил во Владата на Република Македонија, а во 2002 година се вработил во Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор. Во периодот 2004-2006 година работел во Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија при МАНУ како помлад истражувач. Во периодот 2006-2008 се вработил како национален координатор на ФАО за птичји грип, од јануари 2009 година е вработен како помлад асистент на Земјоделскиот факултет во Скопје, а неколку месеци подоцна е вработен во Истражувачкиот тим на Ветеринарниот факултет во Скопје.

Во 2009 година, м-р Есмеров ги завршил постдипломските студии по молекуларна биологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје и магистрирал со одбрана на трудот: „Компаративна варијабилност на микросателитската ДНА кај изворен и изворно селектиран сој на шарпланинецот". Со свои трудови има учествувано на повеќе конгреси во земјата и во странство, а е автор и коавтор е на повеќе стручни и научни трудови од областа на генетиката и ветерината.

Врз основа на доставениот материјал, Комисијата констатира дека предложената тема ги содржи сите предвидени елементи при предлагање на работна хипотеза за изработка на докторска дисертација.

Во ***воведот и образложението на темата***, м-р Есмеров дава литературен преглед за досегашните сознанија во врска со проблематиката предвидена за работа во овој труд. Најпрво, кандидатот наведува дека по неколкудецениските обемни истражувања на туморите станува јасно дека нивната комплексна основа лежи во динамичките нарушувања на геномот. Бројните студии довеле до откривање на голем број мутации кои ги активираат онкогените со доминантно зголемување на нивната функција, како и генетски абнормалности кои ги инактивираат тумор-супресорните гени со рецесивно губење на нивната функција. Овие две класи на туморски гени се идентификувани во речиси сите хумани и животински малигни клетки и го предизвикуваат карактеристичниот туморски фенотип во експериментални модели. Понатаму, кандидатот ја цитира една од темелните концепции на молекуларната онкологија според која, во текот на патогенезата на неоплазмите, постепено се акумулираат мултипли молекуларни абнормалности кои можат да се класифицираат во следниве шест функционални групи: 1. мутации во прото-онкогените кои предизвикуваат континуирана клеточна пролиферација; 2. мутации во тумор-супресорските гени поради кои клетките се нечувствителни на антипролиферативните сигнали; 3. избегнување на апоптозата поради прекумерна експресија на антиапоптотичните или потисната експресија на проапототичните молекули; 4. активирање на теломеразата кое овозможува неограничен репликативен потенцијал; 5. раст на нови крвни садови (неоангиогенеза); и 6. способност за инвазија на соседните ткива, како и за метастазирање.

По концизниот, но јасен преглед на апоптотичните нарушувања кај човековиот канцер, м-р Есмеров дава кус опис на секој од трите гени кои ќе бидат супримирани во предложената студија.

Имено, транскрипциониот фактор NF-kB игра важна улога во многу физиолошки процеси, како и кај имуниот одговор, клеточната пролиферација, клеточната смрт и инфламацијата. Станува јасно дека абнормалната регулација на NF-kB и сигналните патишта кои ја контролираат оваа активност се вклучени во развојот и прогресијата, како и во отпорноста кон хемотерапијата и терапиите со зрачење. Генот за сурвивин е структурно и функционално член

на фамилијата на гените означени како IAP (Inhibitor of Apooptosis) и има важна улога во инхибирањето на апоптозата. Оттаму и е очекувано, голем број истражувања укажуваат дека пресекувањето на патиштата на сурвивинот можат да го намалат антиапоптотичниот ефект кај малигните клетки и да ја зголемат стапката на спонатна и индуцирана апоптоза. Во натамошниот текст, м-р Игор Есмеров наведува дека bcl-2 е првиот идентифициран онкоген чија улога во туморската патогенеза е инхибиција на програмираната клеточна смрт - апоптоза. Според многу автори, инхибицијата на експресијата на bcl-2 може да го реетаблира клеточниот апоптотичен одговор и со тоа да ја зголеми хемосензитивноста на туморските клетки при лекувањето.

Кандидатот наведува дека, во поново време, во молекуларната генетика интензивно се користи феноменот на пост транскрипциско стивнување на генската експресија кој е наречен RNA-интерференција (RNAi). Овој природен механизам е високо конзервиран меѓу мошне оддалечените таксони какви што се габите, растенијата и животните. Голем број студии укажале дека супресијата на гените со примена на RNAi е многу поефикасна отколку со претходно користените молекуларни техники.

Кандидатот понатаму ги поставува поконкретните цели на истражувањето. Главните цели на предложената студија е да се опишат фенотипските ефекти од поединечната супресија на NF-kB, *сурвивин* и bcl-2 гените, како и нивната истовремена супресија, кај репрезентативни клеточни линии на карциноми. Супресијата на целните гени преку механизмите на RNA-интерференција ќе се изврши во неколку експериментални фази. Најпрво, ќе се дизајнираат, ќе се конструираат и ќе се произведат соодветни рекомбинантни плазмиди кои кодираат shRNA молекули со највисок степен на прочистеност (без ендотоксини). Следната цел е да се евалуира способноста за супресијата на NF-kB, *сурвивин* и bcl-2 гените со примена на RNA-интерференција и предизвикување на спонтана апоптоза и редукција на клеточниот животен век кај различни клеточни линии на белодробен карцоном. Поставувајќи ја како особено важна цел, кандидатот нагласува дека ќе се испитува хемосензитивноста на трансфектираните клетки кон агенси кои индуцираат апоптоза. Се ова поради делумна реставрација на клеточните про-апоптотични патишта како резултат на поединечната супресија на секој од NF-kB, *сурвивин* и bcl-2 гените. Ќе се евалуира и симултаната супресија на трите целни гени со што ќе се утврди дали постои синергистички ефект детектабилен преку зачестена спонтана апоптоза, зголемена сензитивност кон цитотоксични агенси, редуциран клеточен животен век и/или инхибиција на туморскиот клеточен раст.

Во делот **материјал и методи**, кандидатот м-р Есмеров наведува дека експериментите во предложената студија ќе се одвиваат во три фази.

Во првата фаза ќе се конструираат рекомбинантни плазмидни вектори кои кодираат соодветни shRNA молекули за супресија на гените NF-kB,

*сурвивин* и bcl-2. Притоа, ќе се користат техниките на генетски инженеринг и општите молекуларно-биолошки процедури согласно со соодветните лабораториски прирачници како и според етаблираите методи во Лабораторијата за молекуларна биологија при Институтот за биологија.

Во втората фаза ќе се извршат пилот-експерименти за избор на најефикасен конструкт за супресија на соодветниот ген, оптимизација и селекција на најефикасен трансфекциски агенс и соодветна процедура, избор на репрезентативни малигни клеточни линии трансфектабилни со достапните агенси и протоколи, детерминирање на минимална летална концентрација на селективниот антибиотик за секоја поединечна клеточна линија со конструкција на т.н. „крива на убивање".

Во третата фаза ќе се изврши евалуација на ефектите кај клеточните култури од хумани карциноми при РНАи-индуцирана поединечна генска супресија на секој од NF-kB, *сурвивин* и bcl-2 гените, истовремената супресија на трите гени во однос на чувствителноста кон агенси кои индуцираат апоптоза, во комбинација со други агенси, како и промените на клеточната морфологија и други ефекти. Кандидатот нагласува дека процедурите за клеточни култури ќе бидат спроведувани во согласност со општоприфатените мерки и според лабораториски прирачници. Ќе се користат репрезентативни, т.е во литературата често цитирани континуирани клеточни линии од неколку хумани карциноми. Клетките ќе бидат супкултивирани во соодветен медиум дополнет со адитиви, телешки фетален серум и смеса на антибиотици и антимикотици во инкубатор на 37°C со атмосфера заситена со влага и со 5% $CO_2$. Сите процедури ќе се вршат аспетично во ламинарен кабинет со стерилен воздух. Тестовите на цитотоксичност ќе се вршат според етаблирани методи кај кои се мери активноста на митоходријалните дехидрогенази во живите клетки, при што се пресекува тетразолиумскиот прстен на сурстратот при и што се добива обоен формазански продукт кој се фотометрира. Кандидатот наведува дека за детекција на апоптозата во третираните и во контролните клетки ќе се врши со два начина: со електрофоретски тест за детекција на апоптозата (DNA laddering), базиран на интернуклеосомалната DNA-фрагментација која настанува во текот на апоптозата како резултат на ендогените ендонуклеази и со флуоресцентна микроскопија, преку боење со акридин оранж и етидиум бромид.

Кандидатот наведува дека ќе користаат соодветни статистички методи за анализа на добиените нумерички и категорички вредности од испитувањата.

Со изработката на оваа работа, во поглавјето очекувани резултати, кандидатот очекува дека ќе бидат конструирани и произведени ефикасни shRNA -кодирачки плазмиди. Во текот на прелиминарните фази, реалистично е да се очекува дека ќе се избере по еден shRNA -кодирачки плазмид и за потиснување на експресијата за секој поединечен ген: NF-kB, *сурвивин* и bcl-2, а ќе биде оптимизирана и трансфекциската постапка. Согласно со досега

објавените студии со слична проблематика, очекувано е дека трансфекцијата на повеќе репрезентативни канцерни клеточни линии со shRNA -кодирачките плазмиди специфични за трите целни гени, како и симултаната трансфекција со трите плазмиди, ќе предизвикаат мерлив пораст на апоптозата и ќе се инхибира растот на келтките ин витро, што ќе може да се определи со DNA "laddering" електрофоретски тест за апоптоза и со броење на клетките со витална боја, соодвстно. Зголемената сензитивност кон цисплатин ќе може да се определи со тестови на цитотоксичност. Според кандидатот, резултатите од оваа ин витро студија можат да помогнат во евалуацијата на употребливоста на RNA-интерференцијата за потиснување на експресијата на гените NF-kB, *сурвивин* и bcl-2.

На крајот од поднесокот, во литературата, наведени се 43 референци кои се цитирани во текстот или кои кандидатот ги користел за извлекување на податоците и за развивање на хипотезите на предложената тема.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставениот материјал од кандидатот, литературниот преглед, образложувањето на методологијата, оформувањето на предвидените цели, како и на очекуваните резултати, Комисијата едногласно заклучи дека предложената тема за изработка на докторската дисертација под наслов: **„Ефекти од потиснувањето на прекумерно експримираните антиапоптотични гени NF-kB, *сурвивин* и bcl-2 во култури на малигни клетки“** од кандидатот **м-р Игор Есмеров**, претставува самостоен научен труд од кој се очекуваат оригинални податоци за проапоптотичните и хемосензитирачки ефекти од супримирањето на експресијата на гените NF-kB, *сурвивин* и bcl-2 кај малигните клеточни линии.

Според сето погоре изнесено, на Комисијата ѝ претставува задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, да ја прифати подобноста на кандидатот и предложената тема за изработка на докторската дисертација и да се одобри натамошната постапка.

Рецензентска комисија,

Д-р Сашо Панов, доцент на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

Д-р Велимир Стојковски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, с.р.

Д-р Ромел Велев, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ЗА ОБЛАСТИТЕ: ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА И УМЕТНОСТА И ЗАШТИТА НА ГРАДИТЕЛСКОТО НАСЛЕДСТВО, НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЗАТШИТА НА ГРАДИТЕЛСКОТО НАСЛЕДСТВО И ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на деветтата седница одржана на 10.3.2010 год. донесе одлука во која се именува Рецензентската комисија за избор на еден асистент за областите: историја на архитектурата и уметноста и заштита на градителското наследство, на Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав:
- д-р Јасмина Хаџиева Алексиевска, редовен професор, претседател;
- м-р Митко Хаџи Пуља, вонреден професор, член;
- д-р Мартин Гулески, редовен професор, член.

На распишаниот конкурс од Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, објавен во весниците „Дневник" и „Коха" од 3.3.2010 год. , во законски определениот рок се пријави кандидатката м-р Ана Ивановска, д.и.а, досегашен помлад асистент по предметите историја на архитектурата I, II, III, IV (по ЕКТС, односно архитектура и уметност на стариот, средниот, новиот век и современа архитектура и уметност по стар наставен план), архитектурата и уметност а во Македонија и група предмети од областа заштита на градителското наследство во продлабочената настава (стар наставен план).

Врз основа на поднесената документација и увидот во досегашната работа на кандидатката, Комисијата до Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

1.1. Додипломско образование
- 1992-1996 год. - средно образование во природно-математичката гимназија „Никола Карев" во Скопје, завршено со континуиран одличен успех;
- 1996-2002 год. - Архитектонски факултет - Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Р. Македонија, со просечен успех 9.2;
- 2002 год. - дипломирала на тема „Реставрација и ревитализација на манастирскиот комплекс Св. Никита - с. Бањани", со оценка 10
- 2003 год. - добитник на „Инженерски прстен" за најдобро дипломиран студент.

1.2. Постдипломско образование
- 2004-2010 год. - постдипломски студии - магистерски, по архитектура на Архитектонскиот факултет во Скопје;
- 2007-2008 год. - специјалистички курс од областа на заштитата и управувањето со градителското наследство (Advanced international Training Program in Conservation and Management of Historic Buildings)
- *Организатор*: Универзитетот во Лунд, Шведска, HDM (Housing Development and Management), оддел при истиот Универзитет и Техничкиот универзитет „Федери-

ко Санта Марија", Валпараисо, Чиле (Universidad Tecnico Federico Santa Maria – Valparaiso)

- *Раководители*: проф. Kerstin Barup и проф. Mates Edstorm
- *Времетраење:* септември 2007 - март 2008 год.

Наставата на специјалистичкиот курс е реализирана во три фази:

**Прва фаза** - теоретски, истражувачки и практичен дел

- Локација: Архитектонски факултет во Лунд, Шведска (3 седмици)

**Втора фаза** - научноистражувачка

- Локација - Скопје

- изработка на самостојниот специјалистички труд: Updating a modern building – renovation of the elementary school J. H. Pestalozzi

- времетраење: од средината на октомври 2007 до средината на февруари 2008 год.

**Трета фаза** - теоретска настава, практики, јавна одбрана на самостојниот специјалистички труд

- Локација Сантијаго де Чиле и Валпараисо, Чиле (3 седмици)

- 2008 год. - јавна одбрана на специјалистичкиот труд: Updating a modern building – renovation of the elementary school J. H. Pestalozzi, на Техничкиот универзитет „Федерико Санта Марија".

Кандидатката се стекнала со сертификат за завршен специјалистички курс во областа на заштитата и управувањето со градителското наследство (Conservation and Management of Historic Buildings), издаден од Универзитетот во Лунд.

- 2010 год. - одбранет магистерски труд на Архитектонскиот факултет во Скопје, со што се стекнала со научното звање магистер по архитектура и урбанизам.

Тема: *Утврдување на методи и постапки за заштита на објекти од периодот на Модерната во Р. Македонија преку примерот на ОУ „Јохан Хајнрих Песталоци" во Скопје.*

1.3. Општо образование

- Кандидатката ги владее англискиот и италијанскиот јазик

1.4. Работно искуство

- 2003 год. - избрана е за помлад асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје, при Институтот за историја на архитектурата и уметноста - Билтен бр. 820.
- 2006 год. - реизбор во звањето помлад асистент, на Архитектонскиот факултет во Скопје, при Институтот за историја на архитектурата и уметноста -Билтен бр. 916.

**2. Наставна дејност**

- 2006-2010 год. - учествува во процесот на настава - подготовка и одржување на вежби, консултации и друг вид работа со студентите почнувајќи од третиот семестар во континуитет до деветтиот семестар на студиската програма, и тоа по предметите од:

- *Историја на архитектурата и уметноста*

Архитектура и уметност - стар век (I по ЕКТС)

Архитектура и уметност - среден век (II по ЕКТС)

Архитектура и уметност - нов век (III по ЕКТС)

Современа архитектура и уметност (IV по ЕКТС)

Архитектурата и уметноста во Македонија

- Заштита на градителското наследство

Типологија и морфологија

Конзервација и реставрација

Ревитализација

Вежбите опфаќаат кабинетска и теренска работа која се одвива во фази, и тоа: претходни истражувања, инвентаризација, архитектонско-техничко снимање на објекти и урбани целини, снимање на декоративна камена пластика, изработка на архитектонско-техничка документација, типолошко-морфолошки, хронолошки и др. анализи, цртачки реконструкции итн.

2008-2009 год. - учество во продлабочената настава од областа на заштитата на градителското наследство на тема: Археолошки музеј на скопската тврдина

2006-2008 год. - учество во вежбите по предметот внатрешна архитектура

2010 год. - учество во Архитектонско студио 4 (според ЕКТС)

2010-2011 год. - учество во продлабочената настава на тема: Постиндустриско реобликување на градската територија на примерот на Скопје (стар наставен план)

## 3. Научноистражувачка дејност

3.1. Со специјалистичките и магистерските студии кандидатката го прави научниот дискурс во областа на заштитата и менаџментот со градителското (архитектонско и урбанистичко) наследство.

Специјалистичките студии завршени во реномирани институции во Шведска и Чиле опфатиле:

а. Теоретска настава и вежби од областа на:
- реставрација во теорија и практика;
- дефинирање на архитектонски вредности;
- теорија и историја на европската реставрација;
- меѓународни препораки и конвенции;
- планирање и менаџмент на културното наследство (заштита на објектите, одржлив развој и регионален развој);
- технологија на реставрација во Скандинавија и Чиле (камен, ѕидарија, дрво, боја, керамика итн.).

б. Практична настава и вежби:
- учење ин ситу во неколку области на заштита на недвижното (архитектонско и урбанистичко) наследство (Island of Ven,Eslov Civic Hall (Hans Asplund), Ostra Stallet – Stocholm);
- заштита на сакралната архитектура (Katarina Church, Lund Cathedral);
- музејска заштита (Vasa Museum – Stocholm);
- архитектонско наследство на модерната – CEPAL – Economic Comission for Latin America andthe Carrebean;
- индустриско наследство – Sewell Copper Mine, Sewell Mining Town-рудници за бакар и напуштена рударска населба, 2006 год., ставени под заштита на УНЕСКО;
- агрикултурно / индустриско наследство – Viña Santa Rita (една од најстарите винарии во Чиле);
- Валпараисо - град на листата на културно наследство на УНЕСКО;
- Isla Negra - една од куќите во кои живеел нобеловецот Пабло Неруда;
- Ritoque - експериментален, утописки град на 60-тите;
- посета и настава во центри и институции за заштита – Centro Nacional de Conservacion y Restayuracion.

в. Самостојна (индивидуална) научноистражувачка работа реализирана со куси тематски вежби и изработка на специјалистички труд.

3.2. Специјалистички труд: Updating a modern building – renovation of the elementary school J. H. Pestalozzi.

Трудот е работен врз основа на однапред зададен методолошки образец (дефиниран од организаторот и раководителот на курсот), а базиран на наставната програма. Целта на таквиот научен концепт е стекнатите теориски искуства од првиот дел на курсот, како и практиките воспоставени во сопствената земја на кандидатот да се аплицираат врз специфичен пример / case study (избран во сопствената земја).

Во таа насока, специјалистичкиот труд на кандидатката Ана Ивановска ги истражува ги елаборира аспектите на:

- контекстот на настанување на објектот;
- неговиот моментален степен на автентична сочуваност, физичка загрозеност, причини и сл.;
- архитектонска анализа на објектот (функции, градежни материјали, конструкција и сл.);
- валоризација (одредување на различните аспекти на значење на објектот);
- аспекти на правна заштита;
- предлог-заштитни интервенции.

Специјалистичкиот курс и изработениот труд се вовед во изборот и изработката на магистерската теза на кандидатката.

3.3. Магистерски труд: *„Утврдување на методи и постапки за заштита на објекти од периодот на Модерната во Р. Македонија преку примерот на ОУ „Јохан Хајнрих Песталоци" во Скопје".*

Магистерскиот труд има посебен научен придонес, бидејќи третира проблематика која е нова не само во Р. Македонија, туку е малку третирана и на меѓународно ниво.

Магистерскиот труд има посебен придонес за *правната и непосредна заштита* на објектите од Модерната во Р. Македонија во услови кога заштитата на градителското наследство покажува недостатоци, свеста за вредностите на наследството од 20 век речиси не постои, а правните и законски рамки и механизми се недоволно прецизни и нејасни.

Во таа насока придонесот на тезата лежи во фактот што:

- ги идентификува културно-историските вредности, контекстот во кој опстојуваат објектите на Модерната и причините за нивното пропаѓање;
- ги прикажува рецентните меѓународни поставки и методи за заштита на Модерната;
- презентира европски практики на непосредна заштита кои се релевантни за предметот на истражување;
- генерира методолошки модел за заштита на објектите од Модерната во Р. Македонија преку студија на случај;
- предложениот модел го презентира и ги тестира низ соодветен конзерваторско-реставраторски проект.

Кандидатката преку поставената структура на тезата демонстрира нагласена методолошка оспособеност за научно истражување што се рефлектира низ јасно дефинирање на проблемот, поставување на целите, искористување на меѓународните теориско - практични искуства и на крајот - креирање на модел за разрешување на проблемот со заштитата на Модерната во Р. Македонија.

## 4. Стручно - уметничка и стручно - апликативна дејност

4.1. Проекти од областа на конзервација, реставрација и ревитализација на културно наследство

- 2007-2010 год. - **Проект за инвентаризација на објекти од споменичката целина Стара чаршија - Скопје**, член на тимот формиран од страна на Националната установа - Конзерваторски центар – Скопје.

Проектот се работи во соработка со стручен тим од градот Бајон - Франција, град Скопје и НУ Конзерваторски центар - Скопје, а е поддржан од Министерството за култура на Р. Македонија (во неколку фази во текот на 2007, 2008, 2009 и 2010 год.).

Целта на проектот е изработка на инвентаризација на сите дуќани во чаршијата, која подразбира анализа на објектите од повеќе аспекти: историска (датум на градење и хронологија на промени), анализа на градежен материјал и конструкција (на објектот во целина и на поединечните делови), состојба на физичката структура, вреднување на постојното, предлог за иден третман на објектот (на поединечните делови и на објектот во целост).

Ваквата систематска анализа понудува предлози за развој/иднина на поединечни градби, во насока на реставрација, модификација, замена, нова градба и сл. Картоните за инвентаризација (инвентарни фиши) се изработени по примерот на инвентарните картони од Бајон, Франција.

- 2007 год. - проект - **Студија на постојна состојба, валоризација и режим на заштита на Арабати-баба теке**, коавтор со проф. д-р Ј. Х. Алексиевска (раководител и главен проектант на проектот) и виш конзерватор Митко Пренцов, д.и.а.

Проектот е меѓународен, инициран и финансиран од IBSN, Р. Турција.

Проектот (25.000 m²) опфаќа библиографски, хронолошки, уметнички, типо-морфолошки анализи, цртачки реконструкции, анализи на степенот и причини за оштетувања, ревалоризација на комплексот и предлог-режим за заштита на целиот комплекс и на поединечните објекти.

- 2007 год. - Основен и изведбен проект **за ревитализација на комплексот Арабати-баба теке во Тетово во верско-културен и едукативно-научен мултимедијален комплекс**, коавтор со проф. д-р Ј. Х. Алексиевска (раководител и главен проектант на проектот) и виш конзерватор Митко Пренцов, д.и.а.

Проектот за ревитализација подразбира трансформација на денес напуштениот комплекс Арабати-баба теке (по 2001 год.) во верско-културен повеќенаменски центар со повеќе програмски сегменти, како што се: Музеј за презентација на бектешиството, Едукативен мултимедијален центар за летни школи, семинари, уметнички колонии и сл., конференциски капацитети, капацитети за мали времени културно-уметнички настани, хотелски сместувачки капацитети, верски капацитети, домување на бекташите итн.

Проектот опфаќа основни и изведбени проекти за санација, конзервација, реставрација и ревитализација на 23 поединечни објекти (сакрални, јавни, за домување, економско-стопански, одбрамбени итн.) со површина од околу 25.000 м2 (отворени и покриени површини), во рамките на ѕидините на овој споменик на културата.

Секој проект од поединечните 23 објекти опфаќа и проекти за сите фази (статика, електрика, греење итн.).

4.2. Конкурсни проекти и награди во областа на архитектурата

- 2008 год. - **Прва награда на Меѓународен конкурс за изработка на идејно решение за надградба - доформување на трети кат на Градскиот**

**трговски центар во Скопје** /коавторство со Јован Ивановски, Владимир Десков, Дејан Ивановски и Елена Пазарџиевска/

Проектот е предлог за надградба на Градскиот трговски центар кој во својата основа ја има чувствителноста кон постојното. Предлогот е замислен како вградување на нов програмски сегмент во ткивото на постојниот објект. Новата предложена програма е резултат на опсежна анализа на постојните содржини, недостатоците на целината во однос на програмски понуди и идниот потенцијал кој произлегува од непосредното опкружје кое вдомува голем број разнородни корисници, активни во различни периоди од денот.

Едната линија на проектот е вметнување на нов елемент во ткивото, опремен со разновидна, хетерогена програма која би претставувала нова стимулација за целиот објект. Другата е обединување на разнородната програма во физичка структура која ќе го препознае карактерот на постојниот објект и ќе биде продолжение на постојниот обликовен, естетски и структурален систем кој доминира со својата јасност и целовитост. Новата надградба е замислена како реинтерпретација на постојната логика. Преземена е централната пасарела, на која се надградени нови програмски пакети ориентирани кон различни услуги кои центарот претходно не ги нудел или ги нудел во мал обем.

4.3. Учество со проекти на биенални манифестации и меѓународни и домашни изложби

- 2008, **МЕТА МАК – CutOuts – 11. Биенале на архитектура во Венеција,** учесник како дел од тимот кој ја претставуваше Р. Македонија

Комесар: Фросина Зафировска

Куратори на изложбата: Минас Бакалчев, Митко Хаџи Пуља

Главна тема на Биеналето: „Out there – Architecture beyond building", куратор Aaron Betsky

Презентиран е дел од најновата архитектонска продукција во Р. Македонија (повеќето прикажани објекти беа конкурсни проекти распишани од страна на различни институции во Р. Македонија во текот на 2007/2008 год.). Таа претставуваше своевиден одраз на општествената, економската и културната практика во Р. Македонија и на начинот на кој таа се одразува во изградениот простор.

Поставката имаше за цел да укаже на одредени современи феномени:

- прашањето на постојана променливост и непостојаност, преносно укажувајќи на објектите кои се градат, се празнат од нивната првобитна/примарна функција, одново се наполнуваат со друга содржина и постојано се менуваат и пренаменуваат (делумно како резултат на економската и политичка трансформација и трансферот на сопственост);
- секундарната употреба/реупотреба на материјали; кога рециклираниот материјал (картонска кутија) испразнет од својата содржина добива втора и трета намена;
- кога цврстата градба како носач на различни слики и пораки (билборди, реклами) станува површински феномен.

- 2008-2009 год. - меѓународна изложба „Балканологија, нова архитектура и урбани феномени во Југоисточна Европа" **Balkanology, New Architecture and Urban Phenomena in South Eastern Europe, curator Kai Vöckler**

Учество на конкурсниот проект за надградба - доформување на трети кат на Градскиот трговски центар во Скопје / City Trade Centre Update, категорија Contemporary architecture.

Во 2008 год. изложбата е поставена во Архитектонскиот центар во Базел, Швајцарија /SA M Basel /, а во 2009 год. во Архитектонскиот центар во Виена, Австрија / Arhitekturzentrum, Wien /

- 2009 год. - **100.000 m² за Скопје** - изложба на архитектонски проекти, Музеј на град Скопје – **SCArS + АРХИТЕКТРИ**

/Јован Ивановски, Горан Мицковски, Владимир Десков, Ана Ивановска, Елена Пазарџиевска, Ивана Топаловска + Дејан Ивановски, Ана Бораниева, Ристо Аврамовски/

Изложбата „100.000 m² за Скопје" од една страна претставуваше своевиден критички глас кон случувањата во архитектурата и урбанизмот и налетот на нови форми на дејствување во просторот, а од друга страна, одговор на серијата јавни архитектонски конкурси како легитимна и во моментов веројатно единствена форма на професионален натпревар.

Во неа се претставени три конкурсни трудови изработени за град Скопје (од гореспоменатите автори) во текот на 2008 год. (надградба на Градски трговски центар - првонаграден труд, Универзитет за информатички технологии – првонаграден труд, Драмски театар - откуп), со вкупна развиена површина од преку 100.000 m². Поставката е развиена врз една градежна скела во прв план, која преносно треба да укаже на неможноста авторите да се допрат до процесот на градба и реализација на објектите. Во вториот план, разните предмети укажуваат на комплексноста на социјалниот простор кој се создава кога се работи во поголем тим.

4.4. Учество на семинари и летни школи

- 2007 год. - тутор на работилницата „Оживување на левиот брег на реката Вардар", МКЦ, Скопје, во организација на град Скопје и Архитектонскиот факултет во Скопје
- 2007 год. - тутор на Летна школа за архитектура, манастир Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка

  Тема: Град за сите / City for alll
  Раководител: Ценгиз Бекташ
  Организатор: Архитектонски факултет - Скопје
- 2008 год. - тутор на Летна школа за архитектура, манастир Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка

  Тема: Нов простор од најдени материјали/ New space from found materials
  Раководител: Дејвид Биги / David Buege, Rural Studio
  Организатор: Архитектонски факултет - Скопје

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на досегашните потврдени способности во наставната дејност и референтните трудови од областа на научноистражувачката, стручно-апликативната и стручно-уметничката дејност во кои кандидатката паралелно и подеднакво работи (особено во три значајни области - архитектура и архитектонско проектирање, историја на архитектурата и заштита на градителското наследство), добиените награди и признанија, како и нејзиниот континуиран ангажман во унапредување на наставата во групата предмети по кои досега е бирана, Комисијата го изразува своето длабоко уверување дека м-р Ана Ивановска се потврдува како личност со високи педагошки, научно-истражувачки и творечки способности.

Комисијата особено ја нагласува успешната и креативна работа на кандидатката во наведените различни области кои се иманентни за оформување на потребен профил на современиот универзитетски кадар, а кои претставуваат извонредна основа за нејзиното натамошно академско и професионално напредување.

Од наведените причини, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет врз основа на член 130 од Законот за високото образование (Службен весник бр. 35/2008) и член 24 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да ја избере кандидатката м-р Ана Ивановска, д.и.а, за асистент за областите: историја на архитектурата и уметноста и заштита на градителското наследство, на Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија
Д-р Јасмина Хаџиева Алексиевска, редовен професор, претседател, с.р.
М-р Митко Хаџи Пуља, вонреден професор, член, с.р.
Д-р Мартин Гулески, редовен професор, член, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НАЦРТНА ГЕОМЕТРИЈА, ПЕРСПЕКТИВА, ТЕХНИЧКО ЦРТАЊЕ, КОМПЈУТЕРСКИ ПОМОГНАТО ПРОЕКТИРАЊЕ И 3Д-МОДЕЛИРАЊЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ГРАФИЧКИ КОМУНИКАЦИИ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на 9. седница одржана на 10.3.2010 година, донесе одлука со која сме избрани за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент во областа на група предмети по нацртна геометрија, перспектива, техничко цртање, компјутерски помогнато проектирање и 3Д-моделирање во Институтот за графички комуникации при Архитектонскиот факултет во Скопје.

На распишаниот конкурс објавен во „Дневник" и „Коха" на 3.3.2010 година, се пријави м-р Добре Николовски, асистент во Институтот за графички комуникации на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Комисијата констатира дека кандидатот ја доставил бараната документација согласно со конкурсот и врз основа на увидот во документацијата, на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје му го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

М-р Добре Николовски, дипл.инж.арх., е роден на 16.6.1966 година во Битола, каде што завршил основно и средно образование со континуирано одличен успех.

На Архитектонскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1985/86 година, а дипломирал во март 1992 година. Како одличен ученик и студент бил континуирано стипендист на фондот за талентирани ученици и студенти до крајот на студирањето.

Во 1993 година се вработил на Архитектонскиот факултет во Скопје како помлад асистент по предметите нацртна геометрија, перспектива и нацртна геометрија со техничко цртање.

Постдипломските студии ги запишал на Архитектонскиот факултет во Скопје во учебната 1993/94 година. Семинарските трудови од постдипломските студии се оценети со оценките 9 и 10.

Магистерскиот труд под наслов *Конструктивниот цртеж како средство за комуникација и графичка визуелизација на просторот – видови, својства и правци*, успешно го одбрани на 14.3.2007 година на Архитектонскиот факултет во Скопје.

### НАСТАВНА И ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

По вработувањето како помлад асистент при Институтот за графички комуникации и математика на Архитектонскиот факултет во Скопје, м-р Добре Николовски држел вежби по предметите нацртна геометрија, перспектива, нацртна геометрија со техничко цртање, основи на компјутерската техника и 3Д-моделирање.

Покрај на Архитектонскиот факултет, кандидатот бил ангажиран за одржување настава и на други факултети во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј": на Градежниот факултет во Скопје на сите насоки по градежништво, во Одделот за геодезија и Одделот за геотехника, на Шумарскиот факултет во Скопје и на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

М-р Добре Николовски постојано беше ангажиран со енормно висок број на часови вежби по различни предмети на повеќе факултети. И покрај тоа, тој имаше време за работа со студентите надвор од редовните вежби, пренесувајќи го несебично сопственото искуство, поради што и важи за извонреден педагог.

Кандидатот бил ангажиран како консултант и изработува прилози за изработка на дел од визуелизација и анимација во делот за AutoCAD на учебното помагало на проф. Томе Јолески од Машинскиот факултет во Скопје, како и при изработка на докторскиот труд на д-р Никола Баџаков.

М-р Добре Николовски одлично ја познава информатичката технологија од повеќе аспекти. Покрај користењето на голем број софтверски пакети, потребни за проектирањето и дизајнирањето како во архитектурата, така и во други области, тој добро ја познава и хардверската опрема во компјутерските системи.

Кандидатот ги користи во говор и пишување, српскиот и бугарскиот јазик, а пасивно се користи со англискиот јазик.

## НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Магистерскиот труд под наслов: *Конструктивниот цртеж како средство за комуникација и графичка визуелизација на просторот – видови, својства и правци*, успешно е одбранет на 14.3.2007 година на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Трудот е со тематика целосно содржана во подрачјето на истражување на Институтот за графички комуникации.

М-р Добре Николовски е во фаза на дефинирање и пријавување на докторска дисертација на Архитектонскиот факултет во Скопје од областа на влијанија на различни видови сенки во архитектонското проектирање и урбанистичкото планирање, во соработка со проф. д-р Бранко Трпковски и проф. д-р Владимир Арсовски.

## СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

М-р Добре Николовски активно учествува во повеќе сфери на стручно-апликативната дејност, и тоа на проекти во Републиката и во странство.

За време на студирањето, а и потоа, активен учесник е на неколку конкурсни трудови како соработник, а посебно на специјалниот дел за нивна графичка обработка и визуелизација, и тоа:

1. 1991 година: Конкурсен труд за решение на Плоштадот во центарот на град Скопје, графичка презентација и тродимензионален модел, како соработник на тимот на проф. Андреј Токарев и ас. Владимир Поповиќ (освоена трета награда);
2. 1993 година: Конкурсен труд за Бизнис-центар на град Скопје, графичка презентација и визуелизација, како соработник во тимот на д-р Владимир Арсовски, ас. Владимир Поповиќ, и дипл.инж.арх. Драги Зафировски (второnаграден труд) ;
3. 1993 година: Конкурсен труд за дом на културата и административен центар на град Велес, графичка презентација и визуелизација, како соработник во тимот на проф. м-р Георги Константиновски и проф. д-р Зорица Блажевска (откуп) ;
4. 2000 година: Конкурсен труд за хотел од висока категорија за Македонски телекомуникации за град Охрид, како коавтор со дипл.инж.арх. Јорго Шундовски (освоена втора награда).

М-р Добре Николовски е автор на следниве проекти кои се изведени:

1. Индустриски комплекс за мини-фабрика за обработка на дрво и производство на мебел – фирма „Корзика", Битола;

2. Фискултурно игралиште со атлетска патека за фискултурна сала за КФОР во Призрен – Република Косово;
3. Адаптација на потпокровен простор на повеќесемеен станбен објект во Скопје;
4. Ноќен бар во Драч – Република Албанија;
5. Кафе-бар со партерно решение во Драч – Република Албанија;
6. Преадаптација на ресторан и казино во склоп на хотел во Драч – Р. Албанија;
7. Повеќе станбени објекти од индивидуален и повеќесемеен карактер.

Автор е на дизајни и изведби со графички дизајн на плакати, каталози, книги и брошури за различна намена, меѓу кои покарактеристични се:

1. плакати за изложба на архитектонски дела во Истанбул на проф. Георги Константиновски;
2. плакати и каталози за фестивалите „Охридско лето" и „Војдан Чернодрински" во Прилеп;
3. графичка реализација на книгата за народни обичаи на авторот Пенка Матоска;
4. Монографија за град Битола;
5. дизајн на повеќе календари и каталози за убавините на Националниот парк „Пелистер";
6. дизајн и изработка на книгата *Археолошки пронајдоци од бронзено време во Битола и Битолско* од дипломиран историчар Маре Василевска.

Во периодот од последниот избор до денес има изработени повеќе проекти, од кои некои се изведени. Ги издвојуваме следниве:

1. 2007 година: Главен проект за адаптација и реконструкција на продажен простор на фирмата „Шате Керамика" - Битола;
2. 2007 година: Идеен проект за деловен објект во Тетово за меѓународна фирма „Ecolog", со главно седиште во Дизелдорф – Р. Германија;
3. 2007 година: Идеен и главен проект за рекреативен базен во станбен дел на Драч – Република Албанија;
4. 2008 година: Идеен проект за деловен објект и станбен комплекс во Тетово за меѓународна фирма „Ecolog";
5. 2009 година: Идеен и главен проект за индивидуален објект за семејството Имеровски, Битола;
6. 2009 година: Идеен и главен проект за индивидуален објект за семејството Стаменковиќ, Битола;
7. 2009 година: Идеен проект за индивидуален објект за Нерим Клења, Битола;
8. 2009 година: Ревизија и надзор на индустриски објект печатница и картонажа на фирмата „Вали" - Битола;
9. 2009 година: Обработка на главен проект и надзор на магацински и продажен простор на фирмата „Вивит"- Битола;
10. 2010 година: Идеен проект за индивидуален објект за семејството Дојчиновски, Битола;
11. 2010 година: Ревизија и доработка на главен проект за хидролошка и метеоролошка станица во склоп на проектот за регулација на Голема Река – Ресен.

# ЗАКЛУЧОК

Врз основа на приложените референци, како и од личното познавање на кандидатот, Комисијата го истакнува следново:

М-р Добре Николовски низ континуирано наставно-научно, педагошко и стручно усовршување, активно ги следи и ги аплицира случувањата во архитектурата. Одговорноста, темелноста и етичноста во односот со колегите и со студентите се негови забележителни карактерни особини што го чинат ценет и посакуван соработник.

Врз основа на изнесеното, како и во согласност со Законот за високото образование, актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, да го избере м-р Добре Николовски во звањето асистент во областа на група предмети по нацртна геометрија, перспектива, техничко цртање, компјутерски помогнато проектирање и 3Д-моделирање во Институтот за графички комуникации при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комсија:

1. Проф. д-р Бранко Трпковски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Косто Мангароски, член, с.р.
3. Проф. д-р Владимир Арсовски, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ИНФОРМАТИКАТА – ТЕОРИСКИ ОСНОВИ НА ИНФОРМАТИКАТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 4.2.2010 година, донесе одлука, број 07-345213, со која не именува за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент од областа на информатиката – теориски основи на информатиката на Институтот за информатика при ПМФ.

Врз основа на доставените конкурсни материјали, чест ни е на Наставно-научниот совет на Природно - математичкиот факултет во Скопје, да му го доставиме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот, објавен во весниците „Дневник" и „Коха" од 21.12.2009 година, за избор на еден асистент од областа на информатиката – теориски основи на информатиката на Институтот за информатика при ПМФ, се пријави м-р Весна Димитриевска-Ристовска, асистент на Институтот за информатика при Факултетот.

### 1. Биографски податоци

Весна Димитриевска-Ристовска е родена на 20.8.1968 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје, со континуиран одличен успех. Во текот на школувањето учествувала на повеќе натпревари од областа на математиката, македонски и руски јазик, при што освоила повеќе високи награди на градските, републичките и сојузните натпревари.

По завршувањето на средното образование во УСО „Раде Јовчевски Корчагин" во Скопје, се запишала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на студиите по информатика. Дипломирала во март 1996 година со просечна оценка на студиите 9,45, со одбрана на дипломската работа со наслов „Паралелизација на секвенцијална програма", со што се стекнала со звањето дипломиран инженер по математика-информатика.

Во 1996 година била избрана за стручен соработник при Институтот за информатика, а во 1999 година за помлад асистент при Институтот. Во 1997 година се запишала на постдипломските студии на Институтот за информатика, на насоката нумеричка анализа. Во јануари 2007 година го одбранила својот магистерски труд под наслов „Квантитативни мерки за рамномерна распределба на низи", со што се здобила со звањето магистер на информатички науки.

## 2. Наставна и педагошка дејност

М-р Весна Димитриевска-Ристовска досега изведувала аудиториумски и лабораториски вежби од повеќе предмети: аналитичка геометрија, нумеричко сметање, нумерички методи, вектори и матрици, диференцијално сметање калкулус 1, калкулус 2, математичка анализа, теорија на информации, бази на податоци, основи на оперативни системи, вовед во информатика 1, функции од повеќе променливи (на студиите по информатика), програмирање на сметачки машини (на студиите по математика), информатика (на студиите по биологија), информатика (на студиите по физика), информатика и математика (на ФЗНХ), како и програмирање (на Машинскиот факултет).

Од претходното може да се заклучи дека м-р Весна Димитриевска-Ристовска била ангажирана со вежби по голем број различни предмети. Кандидатката се одликува со голема педантност и јасност во изведувањето на вежбите.

## 3. Научна дејност

Поле на научен интерес на кандидатката се областите нумеричка анализа и теорија за рамномерно распределени бројни низи. До изборот во звањето асистент, кандидатката објавила, како автор или коавтор, 2 научни труда, кои се рецензирани при претходните избори. Од изборот за асистент, досега, кандидатката го објавила трудот:

[3] Vesna Dimitrievska- Ristovska, Vassil Grozdanov: "*A numerical test about the Generalized b-adic diaphony of the sequence of Halton*", the 6$^{th}$ International Conference for Informatics and Information Tehnology CIIT, Bitola, (2008) p.2-6.

Во трудот [3] се презентирани нумерички резултати за распределба на специјални видови на низи, наречени Халтонови (Halton) низи. Тие експериментални резултати се споредуваат со теориските оцени добиени во претходните трудови. Како мерка за рамномерноста на низите се користи таканаречената „обопштена дијафонија од ред *b*" која се базира на Волшовиот (Walsh) функционален систем над конечни групи. Добиените резултати покажуваат дека теориските меѓи за обопштена дијафонија од ред *b* на низата на Халтон даваат рамка во која се наоѓаат и добиените експериментални резултати.

Во последните три години има учествувано на 5 конференции со презентација на свои трудови:

1. конференцијата CIIT 2008, Битола, февруари 2008 (со презентација на трудот бр. 3);
2. Vesna Dimitrievska- Ristovska, Vassil Grozdanov: "*Construction of LPτ sequences in number system with base $b \geq 2$*", конференција посветена на академик Благој Попов, Охрид, септември 2008;

3. Vassil Grozdanov, Vesna Dimitrievska- Ristovska: "*Multidimensional Quasi Monte Carlo integration in weighted Sobolev spaces of functions with smooth mixed derivatives of order four*", MASSEE International Congress on Mathematics MICOM 2009, Ohrid , септември 2009;
4. Vassil Grozdanov, Vesna Dimitrievska- Ristovska: "*Computer simulation of the generalized b-adic diaphony of the net of Zaremba-Halton over finite groups*", ICT Innovations 09, International Conference, Ohrid, септември 2009;
5. Vesna Dimitrievska- Ristovska, Vassil Grozdanov: "*Visualization of theoretical results obtained for a weighted diaphony over certain sequences*", the 7th International Conference for Informatics and Information Tehnology CIIT, Bitola, (2010)

**4. Други активности**

М-р Весна Ристовска е член на Здружението на информатичарите на Р. Македонија.

Од странски јазици, пишува и зборува англиски, руски и српски јазик.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката м-р Весна Димитриевска-Ристовска во текот на извештајниот период продолжува со своето успешно изведување на наставната дејност на Институтот за информатика, а покажува и солидни резултати во својата научно-истражувачка дејност. Таа има дадено свој научен придонес во областа на рамномерно распределените низи, преку учество со свои трудови на неколку работилници, школи и научни собири. Се надеваме дека во следниот период, кандидатката уште повеќе ќе ја продлабочи својата работа во таа насока и успешно ќе ја заврши својата докторска дисертација. Кон ова, секако, треба да се додаде и висок степен на темелност, одговорност и педантност со кој што се одликува кандидатката.

Врз основа на погоре изложеното, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, повторно да ја избере м-р Весна Димитриевска-Ристовска во звањето асистент од областа на информатиката – теориски основи на информатиката на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Смиле Марковски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Виничо Кусакатов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Верица Бакева, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ ***ЛЕКЦИИ ОД ИСТОРИЈАТА НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА*** ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ВИОЛЕТА АЧКОСКА

На седницата на Наставно-научнит совет од 14.4.2010 година бев избрана за еден од рецензентите на ракописот за учебник *Лекции од историјата на современата македонска држава*, чиј автор е д-р Виолета Ачкоска, редовен професор на Институтот за историја. Во тоа својство го доставувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ракописот на учебникот содржи 350 страници компјутерска обработка и содржински е конципиран во два дела: првиот, *ПОЛИТИЧКИ ПРОМЕНИ И ПРОЦЕСИ*, а вториот, *ПРОМЕНИТЕ ВО ИМОТНО-СОПСТВЕНИЧКИТЕ ОДНОСИ И РАЗВОЈОТ НА СТОПАНСТВОТО*. Во секој од наведените делови проблемски се обработени по десет тематски целини кои се однесуваат на клучните појави, процеси и настани од историјата на современата македонска држава, пред се во политичката и економската сфера, со нужните излегувања од рамките на овие области заради дообјаснување или аргументирање на обработуваните содржини. Покрај 20-те лекции - проблемски содржини, учебникот содржи предговор, вовед, список на кратенки, прилози и селективен избор на извори и литература.

Во целина, ракописот на учебникот е насочен кон објаснување на комунистичката транзиција на македонското општество која започна набрзо по формирањето на Демократска Федерална Македонија и која заврши со пропаѓањето на социјализмот како општествен систем во Југославија и пошироко.

Во воведниот дел од трудот направен е кус, но целосен преглед на развојот на современата македонска држава, односно се објаснуваат етапите и фазите низ кои течел нејзиниот општествено-економски и политички развој.

Првиот дел од лекциите, д-р Ачкоска го започнува со елаборација на целите на антифашистичката борба на македонскиот народ и завршува со чинот на фомирањето на современата македонска држава, Демократска Федерална Македонија во рамките на авнојска Југославија. Втората лекција е посветена на одлуките на првото заседание на АСНОМ и процесите кои започнале на стартот на градењето на македонската држава. Во натамошните лекции авторката ги следи противречностите на времето на „доаѓањето на слободата", односно времето во кое од едната страна се градат национални институции и се афирмира македонската нација, но од другата се создаваат низа ограничувања од идеолошки и политички карактер (внатрепартиска и вонпартиска опозиција) кои резултирале во примена на прекумерна репресија. Оваа репресија била особено нагласена за времето на судирот на КПЈ со Информбирото. Притоа, со право, на овој период од најновата историја

на Македонија, д-р Ачкоска посветила посебно внимание. Тука е дадена поширока елаборација и објаснување на драматичните случувања и долгорочни последици во развојот на македонското општество, настанати токму во периодот 1948-1956 година.

Едно од клучните историски прашања во рамките на првиот дел од ракописот е прашањето за регулирањето на меѓуетничките односи во РМ, во период од неколку децнии по формирањето на државата. Тука, меѓу другото е зафатен коплексот на положбата на албанската етничка заедница, иселувањето на Туците и други аспекти на меѓуетничките односи.

Во посебен дел се обработуваат тековите кои создавањето на интегрално југословенство и афирмацијата на македонскиот национален идентитет изразен низ богатиот творечки производ на современата македонска интелигенција, притеснета помеѓу колективизмот и слободата на творештвото.

Последната содржина - лекција од првиот дел на ракописот е посветена на распадот на југословенската федерација и конституирањето на суверена Република Македонија.

Вториот дел на учебникот е посветен на промената на имотно-сопственичките односи и развојот на стопанството. Ваквиот редослед на деловите е логичен и тоа може да се прочита низ целиот ракопис, односно да се согледа доминацијата на полтичките одлуки над економските законитости и логика. Дури и односот кон сопственоста бил во функција на реализација на идеолошко-политичката стратегија на КПЈ која не водела сметка за економската исплатливост, прогласувајќи го профитот за капиталистичка категорија неспоива со социјализмот и воведувајќи го критериумот за општествена корисност.

Помеѓу другото, во овој дел од ракописот се обработуваат прашањата за подржавување и поопштествување на сопственоста, како во сферата на аграрот, така и во индустријата рударството и другите стопански дејности.

Во посебен дел од ракописот е даден список на употребени кратенки, како и неколку прилози: Периодизација, Објаснување на поими, Преглед на уставите на Југославија и Македонија, Фазите на стопанскиот развој на државата итн. Овие прилози се од особена важност за студентите кои на еден сублимиран начин ќе добијат значајни информации кои се однесуваат на политичкиот и економскиот развој на современата македонска држава.

На крајот е поместен селективен избор на извори и литература кои ќе им овозможат на студентите самостоен истражувачки потход на одделни прашања кои се покусо обработени низ лекциите.

### Заклучок и предлог

Понудениот ракопис на учебникот со наслов *Лекции од историјата на современата македонска држава* е приспособен според предметната програма на наставниот предмет *историја на современата македонска држава* во наставните програми за историја и историја со архивистика. Во најголем обем овој учебник произлегува од резултати и сознанијата до кои дошла проф. д-р Виолета Ачкоска во нејзиното неколкудецениско истражување на обработуваните содржини. Јазикот и

стилот се едноставни, јасни, неоптоварени со иделошки или политички конструкции, на нивото на една солидна научна акрибија, која особено дошла до израз во методолошкиот пристап и во употребениот категоријален систем кој е воедначен од почеток до крај и корспондира со современата историографија. Во целокупниот ракопис, провејува настојувањето на авторката да ги следи процесите, да ги објасни појавите и противречностите, со минимум хронологија и одбегнување на прекубројна фактографија.

Учебникот ќе биде од особена важност за студентите од историја и архивистика, за студентите од општествените и хуманитарните науки, но и за поширок круг консументи кои се интересираат за појавите, процесите и настаните од современата македонска историја. Во овој контекст, со особено задоволство, **учебникот го препорачувам за печат**.

Скопје, 23.4.2010 Рецензент

Проф. д-р Даринка Петреска, с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „ЛЕКЦИИ ОД ИСТОРИЈАТА НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ВИОЛЕТА АЧКОСКА

На седницата на Наставно-научниот совет од 14.4.2010 година бев избран за еден од рецензентите на ракописот за учебник *Лекции од историјата на современата македонска држава,* чиј автор е д-р Виолета Ачкоска, редовен професор на Институтот за историја. Во тоа својство го доставувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Проф. д-р Виолета Ачкоска е долгогодишен истражувач на најновата историја на македонскиот народ. Посебен сегмент од нејзиниот научен опус опфаќаат објавените трудови кои се резултат на оригинални историографски истражувања на процесите, појавите, настаните и личностите од историјата на современата македонска држава, односно на времето по 1944 година. Во овој контекст, во ракописот што имам чест да го рецензирам, таа направила обид на еден сублимиран, достапен начин да ги преточи своите научни сознанија во форма во која ќе можат да бидат користени за изучување на историјата на современата македонска држава.

Ракописот *Лекции од историјата на современата македонска држава* претставува универзитетски учебник наменет, пред сè, за студентите на Филозофскиот факултет кои го слушаат предметот *историја на современата македонска држава* (историчари и архивисти), но и како поширока литература за студентите кои како изборен предмет го имаат предметот *историја на Македонија* (Институт за социологија), *историја* (Институт за филозофија) и други студенти кои студираат од областа на општествените и хуманистичките науки и кои треба да стекнат знаења за основните процеси и појави од историскиот развојот на РМ во втората половина на XX век. Истовремено, учебникот ќе биде од интерес за дипломираните професори по историја, архивисти, политиколози, правници и економисти, како и за поширок круг на читатели кои се интересираат за најновата историја на Македонија.

Ракописот на учебникот содржи 350 страници текст, компјутерска обработка. Тој е поделен на два дела во кои проблемски се распределени 20 лекции, по десет во секој дел. Првиот дел носи наслов *Политичките појави и процеси,* и во него се опфатени бројни прашања почнувајќи од реализацијата на целите на антифашистичката НОБ на македонскиот народ, конституирањето на ДФМ, првите чекори, но и противречности на „новото“ време, појавите на автономизмот и сепаратизмот, вонпартиската опозиција, времето на судирот со Информбирото и последиците за Македонија (внатрешно-политички и во балкански контекст), комплексот на меѓуетничките односи, процесите на децентрализација и барањата за либерализација на системот, југословенството и македонскиот национален идентитет, распадот на

југословенската федерација и осамостојувањето на Република Македонија.

Во вториот дел, *Промените во сопственичките односи и стопанскиот развој*, д-р Ачкоска тргнува од обновата на разрушената инфраструктура непосредно по Втората светска војна и понатаму ги опфаќа сегментите на промена на аграрно-сопственичките односи (ревизија на поранешните колонисти, аграрна реформа и колонизација, колективизацијата на македонското село), мерките на конфискација и национализација, планското стопанисување, стопанската реформа и процесите на деаграризација, урбанизација и индустријализација.

На крајот од ракописот се поместени: список на кратенки, различни прилози во кои се даваат хронолошки рамки за одделни процеси, објаснувања на поими, селективен избор на извори и литература итн.

**Заклучок и предлог**

Во ракописот на учебникот *Лекции од историјата на современата македонска држава* чиј автор е проф. д-р Виолета Ачкоска, опфатени се најзначајните настани, појави и процеси кои го обележале развојот на современата македонска држава од АСНОМ до нејзиното осамостојување во 1991 година, односно се проследува комунистичката транзиција на македонското општество. Според содржините, концепциската поставеност, начинот на презентација, методско-методолошкиот пристап, употребениот категоријален систем итн., ракописот ги задоволува сите стандарди на еден универзитетски учебник и во краен сегмент ги покажува долгогодишните истражувачки резултати на авторот околу наведената проблематика.

Тргнувајќи од сето погоре кажано, имам чест да му препорачам на Наставно-научниот совет да ја прифати оваа рецензија со која ќе се овозможи печатење на овој универзитетски учебник.

Скопје, 23.4.2010

Рецензент

Доц. д-р Никола Жежов, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски теми на Филозофскиот факултет во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Анкица Антовска | Наставниците, учениците и слободните активности во основното образование | проф. д-р Анета Баракоска |
| Елизабета Младеновска | Менаџирање на развојни проекти во средните стручни училишта | проф. д-р Зоран Велковски |
| Душан Боцески | Жртвувањето како книжевен елемент во хеленските трагедии | проф. д-р Весна Томовска |
| Јелена Красиќ | Ефектите на програмата за социо-економската стабилизација врз посебно ранливите категории на потенцијални жртви на трговија со луѓе | проф. д-р Нелко Стојаноски |
| Билјана Клисарова | Примената на принципот на поделбата на власта во Европската Унија и нејзиното влијание врз демократскиот дефицит | проф. д-р Билјана Ванковска |
| Николче Ристевски | Специфичности во процесот на пишување кај ученици со оштетен слух | проф. д-р Зора Јачова |
| Нуредин Исејновски | Процесот на иселување на Турците од НР Македонија во педесеттите години на XX век | доц. д-р Борче Илиевски |
| Горан Настески | Инкорпорираност на стратегиските определби на Република Македонија во однос на еколошката безбедност и нивото на усогласеност на регулативата со Европската унија | доц. д-р Тони Милески |
| Снежана Ѓорѓиева | Училишна политика во функција на подобрување на оценувањето на учениците | проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова |
| Милица Патраклиева Митревска | Менаџирање на професионалниот развој на наставниот кадар за подобар квалитет на образованието за 21 век | проф. д-р Трајан Гоцевски |

| | | |
|---|---|---|
| Јагода Поповска | Модели и процедури во менторската поддршка на наставниците почетници | проф. д-р Снежана Адамческа |
| Соња Зашовска | Менаџирањето на директорот во училишта со мултиетнички состав | проф. д-р Марија Костова |
| Беса Догани | Партиципацијата на субјектите во училиштето за поуспешна адаптација на учениците | проф. д-р Јасмина Делчева Дизгаревиќ |
| Васко Лапевски | Стратегиски определби и подготвеноста на воената логистика за поддршка на мисиите на АРМ | проф. д-р Зоран Нацев |
| Марија Апостолова | Оценувањето на студентите според Европскиот кредит трансфер систем | проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова |
| Јасмина Белчовска Тасевска | Систем на социјални услуги за поддршка на децата во Република Македонија, состојби и предизвици | доц. д-р Иван Трајков |
| Ардијан Муча | Евалуација на активностите на Центарот за социјална работа во намалување на семејното насилство | проф. д-р Сунчица Димитријоска |
| Живомир Цветкоски | Социо-економски статус на семејството и асоцијалното однесување на зависниците од дрога | проф. д-р Сунчица Димитријоска |
| Анкица Ивановска | Дневно згрижување на лица со интелектуална попреченост, предизвик и можности на локалната власт | проф. д-р Сунчица Димитријоска |
| Далибор Симоновски | Социјализаторската функција на локалните младински клубови | проф. д-р Мариа Доневска |
| Викторија Јакимовска | Потреби од социјални услуги на лица со инвалидитет во локалната заедница | проф. д-р Мариа Доневска |
| Анкица Витанова | Улогата на наставникот-ментор во деветгодишното основно образование | проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова |
| Јадранка Бочварова | Организација на наставата на наставничките факултети во Република Македонија | проф. д-р Сузана Миовска Спасева |
| Горица Поповска | Соработка со семејството - модел на педагошка комуникација | проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова |

| | | |
|---|---|---|
| Гарип Картал | Компетенциите на наставниците за имплементација на интеракциско-комуникациски концепт на наставата | проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова |

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| **Љуан Имери** | Менаџирање со разновидноста на вработените од државната администрација (Етничка припадност и политичко убедување на државните службеници во Република Македонија како основа за дискриминација) | **Проф.д-р Мирјана Најчевска** |
| **Гордана Милошевска Јуруковска** | **Влијание на оценувањето перформансите на државните службеници во Република Македонија** | **Проф.д-р Васил Поповски** |
| **Лилјана Поленаковиќ** | **Специфичните компетенции на директорите во средните училишта** | **Проф.д-р Мирјана Борота Поповска** |
| **Мухамед Цека** | **Модел на обезбедување квалите фармацевтската услуга преку До Фармацевтска Пракса и Total ( Management** | **Проф.д-р Ви Чепујновска** |
| **Нина Шуловиќ-Цветковска** | **Стратешки развој на јавните библи во Република Македонија.** | **Проф.д-р Мирјана Борота Поповска** |
| **Елизабета Макревска** | **Политика за рурален развој на Република Македонија и Европска Унија** | **проф.д-р Јорде Јакимовски** |
| **Михаела Коцева** | **Комуникациската подготвеност на компаниите во Република Македонија за кризен менаџмент** | **проф.д-р Томе Груевски** |
| **Вања Ашкапова** | **Политичката сатира како фактор во изборот на гласачите во Република Македонија** | **проф. д-р Емилија Симоска** |

| | | |
|---|---|---|
| Јелена Пејановиќ | Користењето на рекламните алатки од страна на гласачите како комуникациско сретство за време на изборната кампања | проф. д-р Петар Атанасов |
| Лазар Секуловски | Филмското творештво како практичен когнитивизам | проф. д-р Ивица Џепаровски |

# П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје**

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| **м-р Јулијана Стојанова** | **Перманентна обука на човечките ресурси за време на циклусот на распоредување и реинтеграција по враќањето од мировни мисии** | ***Проф.д-р Радмил Поленаковиќ<br>Проф.д-р Јорде Јакимовски<br>Проф.д-р Аница Драговиќ*** |

Република Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 09-15/а
28-04-2010 год.
СКОПЈЕ

# ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Борче Размоски | Системот на казни во римското право со посебен осврт на институтот parricidium | Д-р В.Бучковски |
| Марина Тодоровска | Меѓународен тероризам | Д-р В.Камбовски |
| Ема Димитриеска | Жртвата и криминалот | Д-р М.Каневчев |
| Горан Цаневски | Казнено поправни установи од отворен вид | Д-р М.Каневчев |
| Ивана Ѓоргиевска | Децата како жртви на семејното насилство | Д-р М.Каневчев |
| Филип Петковски | Криминал на „белите јаки„ | Д-р М.Каневчев |
| Елена Данилова | Феноменолошки и етиолошки карактеристики на проституцијата во Република Македонија и во светот | Д-р М.Каневчев |
| Мери Чукалеска | Малолетничка деликвенција | Д-р М.Каневчев |
| Никола Главинче | Нужна одбрана | Д-р М.Каневчев |
| Марија Гроздановска | Заштита на сведоци-меѓународните аспекти и законодавството на Република Македонија | Д-р Н.Тупанчески |
| Ивана Пешиќ | Спречување на организираниот криминал | Д-р Н.Тупанчески |
| Сузана Рунчева | Казнените дела на семејното насилство во | Д-р Н.Тупанчески |

| | | |
|---|---|---|
| | Кривичниот законик на Република Македонија | |
| Голуба Велковска | Спречување на перење пари-компаративни аспекти | Д-р Н.Тупанчески |
| Кристина Ѓорѓиева | Семејно насилство-казнено правни аспекти | Д-р Н.Тупанчески |
| Благица Мурговска | Сообраќајна деликвенција | Д-р Г.Бужаровска |
| Ивона Шушак | Феноменологијата на трговијата со луѓе | Д-р Г.Бужаровска |
| Мила Петрушевска | Вонсудско разрешување спорови во казненото право | Д-р Г.Бужаровска |
| Биљана Ивановска | Вештачењето во кривичната постапка | Д-р Г.Калајџиев |
| Александар Блажевски | Јазични права на националните малцинства | Д-р Г.Силјановска Давкова |
| Александра Тасеска | Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права | Д-р Г.Силјановска Давкова |
| Блаже Крчински | Уставна жалба | Д-р Р.Дескоска |
| Никола Димитровски | Идентитети и глобализација | Д-р Р.Дескоска |
| Марија Илиевска | Уставно-правни инструменти на Собранието на Република Македонија за вршење на политичка контрола на Владата на Република Македонија | Д-р М.Ристовска |
| Јасмина Величкова | Избор и разрешување на судии како предуслов за независност на судството | Д-р М.Ристовска |
| Емилија Матевска | Овластувања на нотарот во вонпарничната постапка во Република Македонија и во споредбеното право | Д-р Т.Зороска Камиловска |
| Дарко Бајалски | Повреда на права од индустриска сопственост и | Д-р Т.Беличанец |

| | | |
|---|---|---|
| | неовластена употреба на туѓа фирма | |
| Менче Емшова | Правни аспекти на потрошувачките кредити и кредитирањето на малото стопанство | Д-р В.Пендовска |
| Искра Дамчевска | Спречување на перење пари | Д-р Н.Тупанчески |

**ПРЕГЛЕД**
**на одобрени теми за изработка на магистерски тези на Технолошко-металуршки факултет во Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Александра Депиновска, дипл.инж. | „Обезбедување квалитет по моделот шест сигма во производството на овошни сокови„ | Проф.д-р Виолета Чепујноска |
| Емилија Тошиќ, дипл.инж. | „Оптимизација на процесот доработка на плетенини од памук„ | Проф.д-р Ацо Димитровски |

**ПРЕГЛЕД**
**на одобрени теми за изработка на специјалистички труд на Технолошко-металуршки факултет во Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Моника Ѓорческа, дипл.инж. | ,,Придонес кон ширење на идејата за бавна храна во Република Македонија,, | Проф.д-р Слободанка Кузманова |
| Олгица Ќурчиева дипл.инж. | ,,Развој на традиционален производ во индустриска постројка,, | Проф.д-р Слободанка Кузманова |
| Сузана Георгиевска, дипл.инж. | ,,Неправилната исхрана кај децата во основното образование во Република Македонија и потребата од промени во нутритивните навики,, | Проф.д-р Елеонора Винкелхаузен |
| Александра Бајдеска, дипл.инж, | ,,Воведување на систем за квалитет и за безбедност на храната во фабриката за месни производи ,,МЕГА,, Дооел Скопје,, | Проф.д-р Елеонора Винкелхаузен |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

На докторската дисертација "АНАЛИЗА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ СО ОСВРТ НА ФИНАНСИСКАТА СТАБИЛНОСТ НА КОРПОРАТИВНИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" изработена од м-р ОЛИВЕРА ТРАЈКОВСКА, поднесена до ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ -СКОПЈЕ

Врз основа на членот 241 од Правилникот за организирање постдипломски студии и стекнување на докторат на науки, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р Оливера Трајковска со наслов"Анализа на финансиските извештаи со осврт на финансиската стабилност на корпоративниот сектор во Република Македонија ", Советот на Економскиот институт - Скопје, на седницата одржана на 18 јануари 2010 година, донесе одлука (бр. 09-77/1 од 21.01.2008) за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација во состав:

1. д-р Билјана Ангелова
2. д-р Неда Петроска Ангеловска
3. д-р Снежана Костадиноска Милошеска
4. д-р Татјана Петковска
5. д-р Климентина Попоска.

Членовите на Комисијата со потребното внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата, на Советот на Економскиот институт го доставуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Општи согледувања

Докторската дисертација на кандидатката м-р Оливера Трајковска е од областа на сметководството и финансискиот менаџмент. Иако оваа проблематика е доста обработувана, во овој труд се дава акцент на корпоративното управување, поточно се настојува преку ефикасна анализа на финансиските извештаи на компаниите да се подобри квалитетот и да се зголеми ефикасноста на деловното одлучување, и предвидување на идното идно работење. Анализата на финансиските извештаи не претставува цел сама за себе, туку моќно средство за согледување на реалната состојба на компанијата и основа за предлагање мерки за унапредување на работењето.

Финансиската анализа на деловните ентитети отсекогаш предизвикувала интерес и внимание како кај компаниите, така и кај инвеститорите, финансиските институции, монетарните власти и сите други засегнати страни. Таа битно се разликува од финансиското известување, опфакајќи селекција, евалуација и интерпретација на финансиски податоци и други релевантни информации кои ќе овозможат проценка на оперативните перформанси и финансиската состојба на компаниите и консеквентно, инпут за креирање на оптимални деловни одлуки.

Анализата на финансиските извештаи претставува специфична „вештина" која се користи во многу области, вклучувајќи ги инвестициониот менаџмент, корпоративното финансирање и комерцијалното кредитирање. Професионалните аналитичари кои прават анализи, како и интерпретација на извештаите врз основа на кои се донесуваат одлуките и се креираат стратегиите и деловните политики на повисоките менаџерски нивоа во компаниите се соочени со два основни пристапа во работењето и одлучувањето. Првиот пристап се базира на следење на пропишани рутини, механичко пресметување и комплетно и точно извршување на сите чекори на анализата по пат на стандардните финансиски показатели, кои не секогаш обезбедуваат корисни резултати, ниту можат во целост да одговорат на професионалниот предизвик. Многу поголема креативност, професионалност и искуство бара вториот пристап кон анализата на финансиските извештаи, кој се состои во разоткривање и оформување на една реална слика т.е. финансиски профил на деловниот ентитет кој се анализира. Овде доаѓа до израз стручноста, професионалноста и непристрасноста на аналитичарот, од причина што финансиските извештаи не ретко прикриваат отколку што откриваат. За аналитичарот, продуцирањето на стандарден извештај со показатели за извршената анализа на финансиските извештаи на ентитетот претставува повеќе средство, отколку крај на работата. За разлика од просечниот инвеститор, кој ќе извлече многу малку од бројчаните низи на извршената анализа, за искусен аналитичар најмакотрпната работа започнува откако сите вообичаени прашања се отворени.

Евидентно е дека анализата на финансиските извештаи е доста стереотипна и многу обработувана како кај нас, така и во меѓународната теорија и практика. Меѓутоа, во контекст на овој труд, оригиналниот пристап се состои во продлабочената анализа на она што се крие во финансиските извештаи и поголема креативност во толкувањето како основ за деловно одлучување. Посебен придонес е даден во вториот дел на трудот кој содржи конкретна анализа на финансиските извештаи на репрезентативен примерок на компании во Република Македонија, врз основа на кој кандидатката извлекла општ заклучок за деловниот амбиент, легислативната рамка и низа останати интерни и екстерни фактори кои ја детерминираат успешноста на компаниите на долг рок. Примерокот опфаќа компании од групата на големи, средни и мали претпријатија, од производен и услужен карактер. Преку анализа на финансиските извештаи на овие претпријатија за период од последните пет години, согледана е финансиската стабилност на корпоративниот сектор во Република Македонија, следен преку финансиските показатели за ликвидност и профитабилност и факторите кои дејствувале врз добиениот тренд. Добиените резултати од оваа анализа претставуваат појдовна основа за идентификација и толкување на пропустите во работењето на македонските компании, но и на опкружувањето во кое се генерирани ваквите резултати, како и препораки за

ниво насочување кон поефикасен систем на работење кој евентуално отвора можности за поголема ликвидност и профитабилност на долг рок.

## 2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација: "Управување со ризикот при порамнувањето на финансиските трансакции - осврт на меѓународната и домашната пратика", поднесена од кандидатката м-р Оливера Трајковски, има вкупно 242 страници. Основниот текст се состои од 207 страници, кои структурно се поделени на два дела. Првиот дел се однесува на теоретските аспекти на финансиската анализа и известувањето и содржи три поглавја, а вториот дел претставува практичен осврт на финансиската анализа на големите компании кои котираат на македонската берза, како и случаи на мали претпријатија. На заклучните согледувања отпаѓаат 7 страници, 22 страници се прилози и користената литература е цитирана на 6 страници.

Воведниот дел содржи поставување на основните хипотези на истражувањето, целите на истражувањето, користената методологија и појаснување на користената терминологија.

Првата глава го опфаќа дефинирањето на основните цели и задачи на финансиското известување, како важен процес на пласирање на информации во јавноста кои се однесуваат на минатото работење на компанијата. Овде се обработуваат изворите на податоци од каде што се црпат информациите за финансиското известување, како и дефинирање на корисниците на самите финансиски извештаи: менаџери, инвеститори, кредитори и друго. Во овој дел се дефинираат и квалитативните карактеристики на сметководствените информации, кои мора да се имаат предвид кога се донесуваат конкретните деловни одлуки.

Втората глава е посветена на освртот на основните финансиски извештаи, што се јавува како неизбежен дел и основа за понатамошните проучувања. Во овој дел кандидатката ги обработила формата, содржината и вреднувањето на позициите во: билансот на состојба, билансот на успех, извештајот за готовински текови и извештајот за акумулираната добивка. Посебно се дава акцент на анализата на позициите во сите овие извештаи од аспект на ефикасното корпоративно управување (управување со ликвидноста на компанијата, градење на ефикасна финансиска и дивидендна политика). Се обработува и интерната ревизија на финансиските извештаи, како предуслов за подобрување на корпоративното управување.

Третата глава ја опфаќа финансиската анализа како методолошки инструмент за оцена на финансиската стабилност и успешност на компаниите. Гледано од теоретски и практичен аспект, оваа анализа се занимава со истражување и квантифицирање на функционалните односи кои постојат помеѓу билансните позиции, состојбата и успехот, со цел да се создаде

вредносна оцена на финансиската положба, активноста и успешноста на работењето на компанијата. Преку целите и задачите на финансиската анализа и методите кои ги користи таа анализа, се доаѓа до целта – утврдување на финансискиот резултат и анализа на неговата условеност. Во продолжение на оваа глава се обработуваат поодделните анализи на одредените сегменти од работењето на компанијата: користењето на средствата, профитабилноста, ликвидноста, солвентноста и пазарната вредност на акциите.

Вториот дел од трудот претставува конкретна студија на случаи. Со користење на теоретските поставки од првиот дел на трудот, направен е обид за анализа на остварувањата на избрани компании од македонското стопанство, во последните пет години, со користење на финансиските показатели за ликвидност и профитабилност. Основа за оваа анализа се ревидираните и објавени финансиски—извештаи на избраните компании во Република Македонија (со исклучок на претпријатието од секторот на мали претпријатија). Изборот на репрезентативен примерок на компании е извршен врз основа на достапноста на податоци за анализа и притоа е настојувано тој да опфати компании од типот на големи, средни и мали компании, од производен и услужен карактер. Добиените резултати од извршените пресметки на показателите за ликвидноста, задолженоста, профитабилноста и приносот на капиталот на компаниите се искористени за донесување на заклучок за општата финансиска состојба на корпоративниот сектор во Република Македонија. Истовремено, тие служат и како основа за давање препораки за подобрувања на перформансите на корпоративниот сектор во иднина.

Во заклучните согледувања, кандидатката м-р Оливера Трајковска нагласува дека општиот заклучок кој може да се извлече од анализата е оцената за нивната ниска профитабилност и ликвидност, проследени со релативно висока задолженост во периодот 2004 – 2006 година, со благо подобрување на вкупните перформанси во 2007 и 2008 година.

Во тој контекст нагласува дека пресметката на финансиските показатели за работењето на компаниите сама за себе и изолирана од други пошироки анализи на односи и влијанија, не може да даде целосна и реална слика за состојбата на корпоративниот сектор во земјата. Тука треба да се имаат предвид бројни економски и други фактори, како вкупното економско окружување, состојбата кај конкуренцијата, пазарните услови и слично, чии влијанија мораат да се вклучат при давање оцена за конкретното работење на компанијата.

Во контекст на реалното известување како основ за анализа кандидатката ги истакнала и бројните фактори кои можат да ги нарушат бројките кои сметководството ги презентира, каде што спаѓаат инфлацијата и дефлацијата, понатаму моментот на признавање на продажбата како приход, третманот на отписот кај залихите, присуството на вонредни добивки или загуби и други имперфектности на системот на сметководствено евидентирање.

Комплексното третирање на оваа проблематика во трудот се очекува да биде придобивка не само од теоретски аспект, туку и посредно од практичен аспект, на кој начин би се придонело за промовирање на ефикасна анализа на финансиските извештаи на компаниите, која покрај примената на стандардните методи и техники, ги учи аналитичарите „да читаат меѓу редови“. Се надеваме дека ќе им послужи на менаџерите, акционерите, инвеститорите како и на други заинтересирани лица да се здобијат со поголемо знаење и разбирање за овој

важен процес на правилна интерпретација на билансот на состојба, билансот на успех и извештајот за паричниот тек, во насока на нивно користење за што поефикасно деловно одлучување.

## 3. Оцена и предлог

Врз основа на внимателното проучување на изнесената содржина на докторската дисертација на кандидатката м-р Оливера Трајковска, под наслов: "Анализа на финансиските извештаи со осврт на финансиската стабилност на корпоративниот сектор во Република Македонија", Комисијата оцени дека докторската дисертација е поставена на современ и оригинален приод. Докторската дисертација обработува традиционална проблематика од областа на деловните финансии, но на оригинален начин имајќи го предвид фактот што финансиските извештаи не претставуваат цел сама за себе, туку моќно средство за согледување на реалната состојба на компанијата и основа за предлагање мерки за унапредување на работењето.

Дисертацијата се одликува со оригинален пристап кон дефинираниот проблем на истражување и мошне успешно ги инкорпорира научниот и стручниот третман на финансиската анализа во контекст на обелоденување на вистинската финансиска состојба на компанијата, со што се создава основа за донесување на ефикасни инвестициони одлуки од страна на инвеститорите, кредиторите и другите заинтересирани субјекти. Овој многу важен процес станува сè покомплетен со оглед на фактот што финансиските извештаи во услови на развиен пазар и непредвидливи економии стануваат се потешки за дешифрирање. Трудот заслужува посебно внимание, пред сè, и поради оригиналниот методолошки–пристап во истражувањето кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според обемноста на обработениот материјал и истражувањето. Концепциски, дисертацијата претставува заокружен систематски приказ на теоретските и практичните искуства од областа на деловните финансии.

Имајќи ги предвид изнесените ставови, Комисијата беше едногласна во заклучокот дека кандидатката м-р Оливера Трајковска, во својата докторската дисертација под наслов: "Анализа на финансиските извештаи со осврт на финансиската стабилност на корпоративниот сектор во Република Македонија", целосно успеала да одговори на предизвикот што го поставила при дефинирањето на предметот на истражување. Појдовните тези успева мошне успешно да ги развие со аргументирани заклучоци, со свои оригинални ставови.

Врз основа на претходното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт- Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација: "Анализа на финансиските извештаи со осврт на финансиската стабилност на корпоративниот сектор во Република Македонија" ;

2. на кандидатката м-р Оливера Трајковска да ѝ се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Скопје, 13 март 2010 година

Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација

1.________________________________
/Д-р Билјана Ангелова/

2.________________________________
/Д-р Неда Петроска Ангеловска /

3.________________________________
/Д-р Снежана Костадиноска Милошеска/

4.________________________________
/ Д-р Татјана Петковска /

5.________________________________
/Д-р Климентина Попоска/

# РЕФЕРАТ

## ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ОКСИДАТИВЕН СТРЕС И DE NOVO СИНТЕЗА НА ГЛУТАТИОН ПРИ МИКОТОКСИКОЗА ПРЕДИЗВИКАНА ОД Т-2 ТОКСИН КАЈ ЖИВИНА ХРАНЕТА СО И БЕЗ АДМИНИСТРАЦИЈА НА ПРОБИОТИК ВО ХРАНАТА“, И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТКАТА М-Р КАТЕРИНА БЛАГОЕВСКА ЗА НАУЧНА РАБОТА

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата седница одржана на 7.12.2009 година, со одлука бр. 0201-4984/6, определи Рецензентска комисија за подобност на темата и оспособеност на кандидатот за изработка на докторска дисертација по доставената пријава на м-р Катерина Благоевска.

Комисијата во состав: д-р Велимир Стојковски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Ристо Проданов, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и д-р Божидарка Гошиќ-Марковска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, по извршениот преглед и анализа на доставениот материјал, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Податоци за кандидатката

Кандидатката м-р Катерина Благоевска е родена на 8.07.1971 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. Во 1989/90 се запишала на Прородно-математичкикот факултет во Скопје, на Институтот за биологија, биохемиско-физиолошка насока, кадешто дипломирала во 1995 година, со среден успех 8,96. Како волонтер престојувала во Микробиолошката лабораторија за безбедност на добиточната храна на Ветеринарниот инстиртут во Скопје од 1994 до 1995 година, при што ја изработила својата дипломска работа. Од 1996 до 2004 година е вработена на Ветеринарниот институт во Скопје, во Хемиската лабораторија за контрола на квалитетот на добиточната храна. Од март 2004 до јануари 2006 е вработена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на Катедрата за исхрана на домашните животни во Институтот за храна. Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во 2006 година, ја избра м-р Катерина Благоевска во соработничко звање *помлад асистент* по предметот биохемија.

Постдипломски студии од научната област клиничка биохемија, на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, запишала во учебната година 1998/99 и во 2007 година успешно го одбранила својот магистерски труд под наслов „*Влијание на гладување и жеднеење врз серумската активност на некои ензими кај пилиња во првата недела по ведењето*“, со што се стекнала со звање магистер по ветеринарни науки. Кандидатката учествувала на повеќе семинари,научни собири,

конгреси и тренинг-курсеви. Во досегашната своја научмна и апликативна работа, таа е автор и коавтор на седуманесет научно-стручни трудови објавени во домашни и старнски списанија или презентирани на научни собири и конгреси. Кандидатката се служи со англискиот и францускиот јазик, и пасивно со шпанскиот јазик.

## Мислење за предложената докторска дисертација

За изработка на докторската дисератцаија, кандидатката м-р Катерина Благоевска ја предложи темата: „**Оскидативен стрес и de novo синтеза на глутатион при микотоксикоза предизвикана од т-2 токсин кај живина хранета со и без администрација на пробиотик во храната**". Во доставениот материјал за изработка на докторската дисертација се содржани: преглед на најнови литаратурни податоци и досегашни сознанија поврзани со предметот на истражување, цели и мотив на истаржувањето, материјал и методи, очекувани резултати и листа на цитирана литература.

Кандидатката темата ја предлага врз основа на бројните литературни податоци, како и врз основа на претходните свои истражувања во таа област. Во воведниот дел, кандидатката укажува на значењето на микотоксините како неизбежни контаминенти на храната за луѓето и животните (Wood, 1992). Кандидатката наведува дека меѓу најзначајните микотоксини коиприродно се присутни во хранат и добиточната храна за луѓето и животните се афлатоксини, охратоксини, зеараленон, Т-2, вомитоксин и фумонисини, било самостојно или во комбинација (Devegowda и сор., 1998). Но, секундарните метаболити на видовите на родот Fusarium се сметаат за најважни контаминенти во исхраната на живоната. Од нив, во светски рамки најприсутни во зрната житарки и добиточната храна се трихотецените, зеараленонот, фумонисините, монилиформинот и фузаричната киселина (D'Mello и сор., 1999). Генерално, сите микотоксини пројавуваат цитотоксичен, генотоксичен, хепатотоксичен, неуротоксичен ефект, делуваат тератогено, мутагено и канцерогено, а имаат и имуносупресивно дејство.

Ефектите кои Т-2 ги предизвикува на клеточно ниво се инхибицијата на синтезата на протеинте, на синтезата на ДНК и РНК, на митохондријалната функција, на клеточната делба и мембранскиот транспорт, како и индукција на апоптоза (Rocha и сор., 2009). Меѓу биохемиските промени кои настануваат при микотоксикозите, липидната пероксидација се смета за една од најважните последици (Mezes и сор., 1999). Преку индукција на липидната пероксидација, трихотецените влијаат на интегритетот на клеточната мембрана предизвикувајќи различни клинички манифестации кај животните (Villa и сор., 2002). Во контекст на претходното, кандидатката нагласува дека во најголем број случаи липидната пероксидација во ткивата предизвикана од микотоксините се поврзува со намалена концентрација на природните антиоксиданси. Така, на пример, во експериментите (Dvorska и Surai, 2001) кај препелици, нивото на примарни хепарни антиоксиданси (α- токоферол, γ-токоферол, каротеноиди и аскорбинска киселина) сигнификантно се намалува како резултат на внес на храна контаминирана со Т-2 токсин. И во експериментите (Coffin и Combs,

1981; Hoehler и Maruardt, 1996) е забележана намалена концентрација на α- токоферол, кај пилиња хранети со храна контаминирана со Т-2 токсин. Во поднесокот, кандидатката посебно се осврнува на улогата на глутатионот како антиоксиданс. Прооксидативниот ефект на микотоксините во повеќето случаи е условен од промените во концентрацијата на редуцираниот глутатион. Како антиоксиданс игра улога во критичните функции на одржување на клеточниот редокс баланс, преку обезбедување на заштита од реактивните кислородни радикали и азотни соединенија.

Кандидатката наведува дека ефектите од дејството на микотоксините се најизразени врз антиоксидантните ензими. Во зависност од експерименталните услови (вид, доза, начин и должина на експозиција на токсинот, концентрација на други антиоксиданси и др.), активноста на антиоксидантните ензими може да се зголеми како одговор на оксидативниот стрес или да се намали под директно или индиректно влијание на микотоксините. Литературните податоци за ефектот на Т-2 врз активноста на гореспоменатите ензими се доста неусогласени, како резултат на разликите во концентрацијата, временската изложеност и начинот на администрација, како и од присуството на антиоксиданси во храната (Kang и Alexander, 1996; Ahmed и Ram, 1986; Rizzo и сор., 1994; Choi и сор., 1995; Rastogi и сор., 2001a; Barraud и сор., 2001). Кандидатката во поднесокот го истакнува и влијанието на Т-2 врз гастроинтестиналниот тракт со последица на ослабена апсорпцијата на нутриенти во цревата. Молекуларните механизми на дејството на микотоксините врз малапсорпцијата во цревата се смета дека се базираат на стимулација на липидната пероксидација во ентероцитите.

Со оглед на фактот дека трихотецените се екстремно стабилни на инактивација со топлина и ултравиолетово зрачење, во последнава деценија истражувањата се насочени кон пронаоѓање на решенија за инактивирање на нивното дејство. Користени се различни стратегии и апликации, со цел да се изврши детоксификација на микотоксините во добиточната храна, како употребата на ензими, хемикалии или полимери, но тие не дале резултат.

Во последните години истражувањата земаат поинаква насока, односно се тежнее кон изнаоѓање на решенија за намалување на ефектите од оксидативниот стрес предизвикан од дејството на микотоксините, со додавање на антиоксиданси и други соединенија во храната. Меѓу останатите фактори кои би имале влијание врз намалување на ефектите од оксидативниот стрес предизвикан од микотоксините се и пробиотиците. Најчесто се нарекуваат и како „пријателски бактерии" или, пак, „добри бактерии". Нивниот ефект во организмот се манифестира преку подобрување на имуниот одговор и заштита од инфективните агенси и подобрување на сварливоста и апсорпцијата на нутриентите од храната. Молекуларниот механизам на дејство на пробиотиците се состои во нивно атхерирање на интестиналната мукоза и формирање на протективен биофилм. На овој начин по пат на компетитивна ексклузија, тие го штитат организмот од дејството на различни инфективни агенси. Истражувањата за нивното дејство врз оксидативниот стрес во последно време се актуализираат

(Uskova и Kravchenko, 2009; Esposito и сор., 2009; Lutgendorff и сор., 2009; Lutgendorff и сор., 2008; Kodali и сор., 2008).

За дејството на пробиотиците кај разни видови домашни животни и живина, во Република Македонија податоците се малубројни, затоа интересот и **мотивот** на докторската дисертација за испитување на оваа проблематика кај нас е актуелен и неопходен. Оттаму и истражувањето има за **цел** да го испита ефектот од администрација на реномиран и ЕУ регистриран едносоен пробиотик - Enterococcus faecium DSM 7134, врз токсиколошкото дејство на различни концентрации на Т-2 во храната, кој е меѓу природно најзастапените трихотецени во храната за живината. Од истражувањата ќе се добијат сознанија за интензитетот на оксидативниот стрес предизвикан од различните концентрации на Т-2, меѓу кои и минималната доза на Т-2 која би манифестирала цитотоксичен ефект.

Во поглавјето **материјал и методи**, кандидатката изнесува дека како анимален модел во истражувањето ќе се користи комерцијален хибрид на бројлерски пилиња, кои ќе се одгледуваат од прв ден на ведење се до колење (40. ден на експериментот). Како иницијален чекор кон одредување на концентрацијата на Т-2 која би предизвикала оксидативен инсулт, во истражувањето пилињата ќе бидат хранети со храна контаминирана со различни концентрации на Т-2 токсин. Кандидатката напоменува дека максималната доза на Т-2 токсинот која ќе се употреби во истражувањето нема да ја надмине LD50 за токсинот, која изнесува 5 mg/kg телесна маса (Danicke и сор., 2002). За да се испита улогата на пробиотиците во намалување на последиците од оксидативниот стрес предизвикан од различните концентрации на Т-2 токсин, во храната на животните ќе се администрира пробиотик, во количина пропишана согласно со производителот. Во ова истражување како пробиотик ќе се користи бактерискиот сој Enterococcus faecium DSM 7134, регистриран во ЕУ, кој е познат под комерцијалното име Бонвитал. Целиот експериментален протокол би бил во согласност со соодветните постојни регулативи за работа со експериментални животни.

Пилињата ќе бидат поделени во три главни групи, и тоа: *група 1*, која ќе биде хранета со стандардна храна согласно со потребите на хибридот; *група 2*, која ќе биде хранета со стандардна храна во која има администриран пробиотик; *група 3* - на која во храната ќе се додаде Т-2 во концентрација од 8 mg/kg храна; *група 4*- на која во храната ќе се додаде Т-2 во концентрација од 12 mg/kg храна; *група 5*- на која во храната ќе се додаде Т-2 во концентрација од 15 mg/kg храна и *група 6-контролна група*, која ќе биде хранета со стандардна храна во која има администрирано пробиотик и Т-2 во концентрација од 15 mg/kg. На петнаесеттиот ден од експериментот, на дел од животните од групите 3, 4, 5 и 6 ќе се администрира пробиотик во количина пропишана од производителот.

Кај предвидените експериментални групи ќе се вршат следниве истражувања:

1. липидна пероксидација преку одредување на TBARs;
2. протеинска пероксидација преку одредување на карбонилните соединенија;
3. одредување на антиоксидантниот одбранбен потенцијал (глутатион, глутатион редуктаза, супероксид дисмутаза, каталаза) во серум и ткива;

3. хистопатолошка анализа на издвоените органи (црн дроб, тенко црево, дебело црево, бубрези, мозок, абдоминално масно ткиво, панкреас);
4. определување на генотоксичниот ефект на Т-2, преку одредување на ДНК фрагментација во леукоцити;
5. определување на фреквенција на апоптоза во леукоцити;
6. определување на производните перформанси на животните.

Во поглавјето **очекувани резултати**, кандидатката истакнува дека добиените резултати од ова истражување ќе помогнат во утврдување на ефектот на пробиотиците врз намалувањето на последиците предизвикани од Т-2 микотоксикозата. Се очекува резултатите да покажат зависност на дејството на пробиотиците не само од концентрацијата на токсинот, туку и од времето на негова експозиција, староста на пилињата, полот, начинот на исхрана, амбиенталните услови и др. Истовремено, кандидатката истакнува дека и резултатите од испитувањата на биохемискиот статус во крв и ткиво би покажале дозно зависна и временска зависност од Т-2 токсинот во храната. Овис резултати би отвориле широко поле на продлабочени истражување со цел точно да се определи минималната концентрација на Т-2 во храната која би предизвикала оксидативен стрес. Тоа би значело и проверка на протективните својства на пробиотикот Бонвитал врз дигестивниот тракт во компетитивен соднос со администриран микотоксин во храната за бројлери, како и евалуација на антиоксидантното дејство на пробиотикот независно од присуството на токсинот во храната.

Во поглавјето **литература**, кандидатката наведува голем број на референци кои се однесуваат на оваа проблематика, со што се потенцира нејзината актуелност, како и потребата од дополнителни истражувања.

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

Имајќи го предвид фактот дека ниедна храна не може да се смета за апсолутно безбедна од микотоксиколошка контаминација, токму поради нивното присуство во сите фази на производство, превенцијата, елиминацијата, детоксификацијата, како и нивната детерминација и определување, се основните приоди во борбата против микотоксините и нивното влегување во веригата на исхрана. Стратегиите на Светската здравствена организација, FAO, FDA и Европската комисија преку своите форуми и донесени директиви за максимално дозволените концентрации, се насочени кон превенција и детоксификација на микотоксините на секое ниво. Во последниве години, светската научна литература дава сè повеќе податоци за улогата на пробиотиците во исхраната на животните и луѓето.

Врз основа на поднесокот на темата за докторска дисертација, како и на податоците за кандидатката и нејзината досегашна работа, Комисијата заклучува дека кандидатката м-р Катерина Благоевска ги има потребните предуслови за изработка на предложената докторска дисертација.

Предлогот на докторската дисертација е јасно презентиран и поткрепен со најсовремени литартурни податоци, што зборува за

компетентноста на кандидатката да го реализира предложеното истражување и критички да ги анализира добиените резултати. Целите се прецизно поставени и добро објаснети. Наведените методи се современи, актуелни и соодветно селектирани. Со истражувањата на оваа докторска дисертација, би се прошириле и продлабочиле досегашните скромни сознанија во областа на нутритивната биохемија, т.е. за ефектот на пробиотиците врз комплетниот здравствен статус на живината, почнувајќи од првиот ден по ведењето. На тој начин, преку контрола на здравјето на животните, индиректно се контролира и здравјето на луѓето преку безбедноста на храната, во непрекинатата верига на исхраната.

Врз основа на наведениот материјал и неговата елаборација, Комисијата позитивно ја оценува предложената тема за изработка на докторската дисертација и сугерира работниот наслов **„ОКСИДАТИВЕН СТРЕС И DE NOVO СИНТЕЗА НА ГЛУТАТИОН ПРИ МИКОТОКСИКОЗА ПРЕДИЗВИКАНА ОД Т-2 ТОКСИН КАЈ ЖИВИНА ХРАНЕТА СО И БЕЗ АДМИНИСТРАЦИЈА НА ПРОБИОТИК ВО ХРАНАТА"**, да се промени во работен наслов **„ЕФЕКТОТ НА ПРОБИОТИКОТ ENTEROCOCCUS FAECIUM DSM 7134 - БОНВИТАЛ ВРЗ БИОХЕМИСКИОТ СТАТУС ПРИ Т-2 МИКОТОКСИКОЗА КАЈ БРОЈЛЕРИ"** и му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје да ја прифати и да и одобри понатамошна постапка за нејзина изработка.

Членови на Комисијата

Д-р Велимир Стојковски, с.р.

Д-р Ристо Проданов, с.р.

Д-р Божидарка Гошиќ-Марковска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „ЕВАЛУАЦИЈА НА ХЕМИСКИ СУПСТАНЦИИ ЗА ФАРМАЦЕВТСКА УПОТРЕБА СПОРЕД ЕВРОПСКА ФАРМАКОПЕЈА", ПРИЈАВЕН НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 280 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на својата VII седница одржана на 8.3.2010 година, донесе одлука бр. 02-163/9 од 8.3.2010 година за избор на членови на Рецензентската комисија во состав:

- проф. д-р Љубица Шутуркова
- проф. д-р Катерина Горачинова
- проф. д-р Светлана Кулеванова.

Комисијата има задача да изврши рецензија на ракописот ЕВАЛУАЦИЈА НА ХЕМИСКИ СУПСТАНЦИИ ЗА ФАРМАЦЕВТСКА УПОТРЕБА СПОРЕД ЕВРОПСКА ФАРМАКОПЕЈА од авторите проф. д-р Анета Димитровска, проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска, ас. м-р Катерина Брезовска и ас. дипл. фарм. Јелена Ацевска. Рецензентската комисија, по внимателното проучување на ракописот, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот со наслов „Евалуација на хемиски супстанции за фармацевтска употреба според Европска фармакопеја" е прв труд во Република Македонија во кој се обработува проблематиката на евалуација на хемиски супстанции за фармацевтска употреба според Европската фармакопеја. Трудот се состои од вкупно 170 страници текст (А4-формат, напишан во фонт 11). Првите 5 страници од текстот претставуваат предговор и содржина на трудот. Последните 20 страници се прилози, листа на кратенки и листа на користена литература за подготовка на ракописот. Останатиот дел (145 страници) претставува обработка на темата, поделена во три поглавја:

1. Вовед
2. Општ концепт на Европската фармакопеја
3. Изработка на монографија за хемиска супстанција

Првото поглавје, **Вовед**, е напишано на 25 страници и содржи дефиниции, историја на иницијативата за создавање на Европската фармакопеја, начин на работа на Комисијата за Европска фармакопеја, цели на Европската фармакопеја, улога на Европската фармакопеја во процесот на глобализацијата на пазарот на лекови: постапка на сертификација и интернационална хармонизација.

Второто поглавје, **Општ концепт на Европската фармакопеја**, е напишано на 36 страници. Во овој дел се опфатени повеќе сегменти што се однесуваат на самата Европска фармакопеја како официјален стандард за квалитет на лековите, заеднички за земјите-членки на Европската унија, како и за земјите-потписнички на Конвенцијата за Европска фармакопеја. Обработени се сите значајни сегменти, како на пример: применливост на спецификации, законски статус на монографии, усогласеност на спецификацијата за квалитет со монографијата на Европската фармакопеја, изоставување на тестовите, алтернативни методи, валидација на аналитички методи, супстанции за хумана и ветеринарна употреба, квалитет на супстанција, систем за квалитет, конвенционални термини, методи што можат меѓусебно да се заменуваат, употреба на животни, хирални супстанции, полиморфизам, специфичност на определувања, онечистувања, медицински помагала, хомеопатски препарати, монографии за фармацевтски препарати, патенти и друго. Во деловите „Други одредби што се однесуваат на општите поглавја и монографии“ и „Општи поглавја“, обработени се другите сегменти значајни за разбирањето и познавањето на методите за анализа, материјалите за контејнери и контејнерите, реагенсите, општите тестови и референтните стандарди. Во делот „Општи и индивидуални монографии“, обработени се општите монографии и индивидуалните монографии, со акцент на индивидуална монографија на хемиска супстанција.

Третото поглавје, **Изработка на монографија за хемиска супстанција**, е по обем најголемо, напишано на 84 страници и 20 старници прилози. Во овој дел се обработени сегменти што се однесуваат на сите делови на монографијата на хемиска супстанција, а што се изработуваат врз основа на спецификациите за квалитет на супстанциите што се користат за производство на лекови, одобрени од земјите-членки потписници на Конвенцијата за Европската фармакопеја. Обработени се деловите: Дефиниција (комбинации, содржина), Особини (изглед, вкус, мирис, растворливост, фактори на стабилност, хигроскопност, својства на цврста фаза, други карактеристики, стабилност на раствор) и Идентификација (општи податоци, инфрацрвена апсорпциона спектрофотометрија, ултравиолетова и видлива спектофотометрија, точка на топење, точка на мрзнење и точка на вриење, специфична оптичка ротација, тенкослојна хроматографија, гасна и течна хроматографија, хемиски реакции). Тестовите (општи податоци, наслови, раствор *S*, изглед на раствор, pH, оптичка

ротација, апсорпциона спектроскопија, сродни супстанции, туѓи катјони или анјони, тешки метали, губиток со сушење, термогравиметрија, семи-микро определување на вода, микроопределување на вода, определување на вода со гасна хроматографија, азеотропна дестилација, сулфатен пепел, остаток по испарување, резидуални растворувачи) се обработени како параметри за утврдување на чистотата на испитуваниот препарат. Даден е и преглед на постапките за определување на содржината (ултравиолетова и видлива спектрофотометрија, волуметриски анализи, хроматографија, определување на азот преку дигестија со сулфурна киселина), како и поглавјата за чување и означување на препаратите. Во Прилог 1 се дадени податоци за Европскиот директорат за контрола на лекови и здравствена грижа (EDQM), во Прилог 2 - шематски приказ за изготвување, односно ревизија на монографија со различни постапки, а во Пролог 3 - табеларен приказ на основни и изведени мерни единици. Следува делот од прилозите во кој се дадени избрани монографии на хемиски супстанции за фармацевтска употреба со комплетна анализа на монографиите, а потоа и табеларен приказ на сите користени кратенки со објаснувања за нивното значење.

Трудот според содржината и особено според стилот, длабината на анализата и начинот на презентацијата на материјата одговара на содржината и целите на предметот евалуација на фармакопејски супстанции, но и многу повеќе од тоа, претставува извонредно добро подготвен материјал за изучување на други предмети од додипломската и од постдипломската едукација на фармацевтите. Почнувајќи од воведот преку поглавјето за општиот концепт на Европската фармакопеја, авторите на ова учебно помагало на еден многу прифатлив, интересен и истовремено многу концептуален начин го опишуваат значењето на официјалните стандарди за квалитетот и безбедноста на лековите, како и важноста на транспарентноста и ефикасноста на процесот на создавање, развој, подобрување, одобрување на монографиите и останатиот текст во Фармакопејата. Во делот за историскиот развој на Европската фармакопеја како интегриран дел од воведот, авторите го опишуваат долгиот и макотрпен пат кон глобализацијата и хармонизацијата на стандардите помеѓу различни фармакопеи, како и влијанието на развојот на формулацијата и производството на лековите врз содржините и стандардите пропишани во фармакопеите. Посебно внимание е посветено на важноста на квалитетот на влезните суровини, како активните супстанции така и ексципиенсите, за квалитетот и безбедноста на готовите фармацевтски дозирани форми. Ажурирањето на монографиите на активните супстанции во однос на испитувањата на присутните онечистувања, ревизијата на методите што се користеле за нивно испитување, како и збогатувањето на монографиите за фармацевтските ексципиенси со општи методи за проценка на критичните физички и физичко-хемиски својства поврзани со нивната функционалност се од помош и за производителите на овие супстанции, како и за фармацевтската

индустрија, и се од непроценливо значење за безбедноста и ефикасноста на дозираните форми. Со експанзијата на биотехнолошките производи и дозираните форми што ги содржат овие активни супстанции, сé поголемо внимание се посветува на деталното регулирање на нивниот квалитет и безбедност. Авторите нагласуваат дека во последниот додаток на 5-тото издание на Европската фармакопеја додадено е поглавје за безбедност од вируси при производство на антигени, антитела, вакцини и други продукти добиени со рекомбинантна ДНК-технологија. Од претходно кажаното, авторите со право заклучуваат дека Европската фармакопеја низ својот развој и постоење никогаш не отстапува од двата суштински столба, а тоа се: дефинирање на квалитетот на појдовните суровини во составот на лековите, како и духот на солидарност во смисла на поделба на работата и достапност на сите добиени резултати за земјите-членки и потписници на Конвенцијата за Европската фармакопеја. Понатаму во текстот се опишани начинот на работа на Комисијата за Европска фармакопеја, изработката, имплементацијата и ревизијата на монографиите, целите како и улогата на Европската фармакопеја во глобализацијата на пазарот на лековите.

Во целост, авторите, благодарение на своето извонредно познавање на регулативата за квалитетот на лековите како и секојдневната примена на овие стандарди во практиката, на едноставен и прифатлив начин успеале да ги опишат и потенцираат сите сегменти на Фармакопејата и да овозможат секој корисник на ова учебно помагало да се здобие со извонредното познавање на историскиот развој, концептот, важноста, подготовката, улогата, задачите и нејзината примена. Со оглед на тоа што кај нас до сега не се напишани трудови од оваа област, веруваме дека овој труд ќе биде соодветно учебно помагало за совладувањето на програмската содржина на предметот евалуација на фармакопејски супстанции, на додипломските студии на Фармацевтскиот факултет, но и дека ќе биде многу полезен материјал за совладување на други програмски содржини во додипломската и постдипломската едукација, како и дека ќе побуди интерес и кај пошироката јавност, особено кај сите оние што во своите професионални и стручни активности ја користат Европската фармакопеја.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија го дава следниов

## ЗАКЛУЧОК

Трудот „Евалуација на хемиски супстанции за фармацевтска употреба според Европска фармакопеја", од авторите проф. д-р Анета Димитровска, проф. д-р Сузана Трајковиќ-Јолевска, ас. м-р Катерина Брезовска и ас. дипл. фарм. Јелена Ацевска, претставува соодветна стручна разработка на материјата од

областа евалуација на фармакопејски супстанции и Европската фармакопеја, генерално. Имајќи ги предвид карактерот, опфатот и намената на ракописот, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје да го усвои како учебник по предметот евалуација на фармакопејски супстанции.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Љубица Шутуркова с.р.

Проф. д-р Катерина Горачинова с.р.

Проф. д-р Светлана Кулеванова с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ОРГАНСКА ХЕМИЈА И БИОХЕМИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ХЕМИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 07-3470/3 од 4.2.2010 од година, донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент од областа органска хемија и биохемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Конкурсот за овој избор-реизбор беше објавен во весниците„Дневник" и „Факти" и во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Олгица Тренчевска, помлад асистент на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Кандидатката м-р Олгица Тренчевска е родена на 18.10.1982 година во Скопје каде што, со континуиран одличен успех, завршила основно и средно образование. Студиите по хемија на новоформираната насока аналитичка хемија на Природно-математичкиот факултет во Скопје ги завршила во учебната година 2005/2006, кога дипломирала како прв студент на насоката со среден успех 9,59 и се здобила со звањето дипломиран инженер по хемија, насока аналитичка хемија. За време на студиите учествувала на Балканската приматијада во Будва со презентација на труд од областа на биохемијата.

Во 2006 година се вработила како демонстратор на Заводот за органска хемија и биохемија на Институтот за хемија при ПМФ. Истата година е избрана во звањето помлад асистент, во Заводот за органска хемија и биохемија.

Во учебната 2006/2007 година се запишала на постдипломски студии по хемија на ПМФ. Сите предвидени испити ги положила со просечен успех 10,00 и магистерската работа работена под менторство на проф. д-р Киро Стојаноски со наслов: „**Примена на микрочип електрофореза и масена спектрометрија за испитување на протеини во серум и ликвор**" ја одбранила во 2009 година.

*Наставно-педагошка и научноистражувачка дејност*

М-р Олгица Тренчевска, во учебната 1992/93 година, беше вклучена во наставата на Институтот преку изведување на вежбите по предметите биохемија I и биохемија II, биохемија на макромолекули, како и на некои дисциплини по предметите по органска хемија од II циклус студии на Институтот за хемија на Природно-математичкиот факултет.

За одбележување е дека кадидатката м-р Олгица Тренчевска со голем успех ги извршувала наставните обврски, воспоставувајќи притоа коректен

однос со студентите. Во текот на работата дополнително се ангажирала и вовела нови вежби за кои подготвила и упатства за работа. Коавтор е на два интерни практикума, како и кратки упатства за вежби по предметите биохемија I и биохемија II.

По магистрирањето таа интензивно продолжи да работи на проблематиката поврзана со протеомиката. Непосредно пред распишувањето на конкурсот за избор на еден асистент на Институтот по биохемија ја пријави својата докторска дисертација.

Член е во Здружението на медицински биохемичари на Македонија и на Здружението на биохемичари на Македонија. Во периодот помеѓу нејзиниот избор за помлад асистент била член на Институтската комисија за изработка на наставни планови и програми, а беше вклучена и во организационите одбори на Конгресот на хемичарите и технолозите на Македонија, како и на Конгресот на студентите по хемија и хемиска технологија коишто ги организира Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија.

Од својата научноистражувачка работа, м-р Олгица Тренчевска има објавено три научни труда од областа на протеомиката и протеинската хемија. Презентирала 9 соопштенија на научни собири, од кои 7 на научни собири во странство. Била вклучена и во реализацијата на еден научноистражувачки проект. Главниот научен интерес на м-р Олгица Тренчевска е поврзан со истражувања од областа на биохемијата што опфаќа испитување со примена на инструментални техники како што е електрофорезата на различни биолошки флуиди - цереброспинален ликвор, серум или плазма.

Во периодот од нејзиниот избор за помлад асистент активно беше вклучена при изработката на голем број дипломски работи. Исто така беше вклучена во изведувањето на вежби по неколку предмети од II циклус студии на Институтот за хемија на Природно-математичкиот факултет.

Речиси сите трудови објавени или презентирани во овој период се однесуваат на примената на различни типови електрофореза, како што се гел - електрофореза, изолектрично фокусирање и диск-електрофореза, како современата метода микрочип електрофореза и масена спектрометрија на протеини труд - бр. 3.

## СПИСОК НА ОБЈАВЕНИ И ПРЕЗЕНТИРАНИ ТРУДОВИ

### ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ

1 **Olgica Trenčevska**, Vasko Aleksovski, Kiro Stojanoski, Advanced techniques in clinical practice: use of lab-on-a-chip electrophoresis and other methods in protein profiling., *JMB*, **28**, 2009, 274-279.

2 **Olgica Trenčevska**, Vasko Aleksovski, Kiro Stojanoski, Temperature and denaturing substances influence on lab-on-a-chip electrophoresis, *JMB*, **28**, 2009, 36 – 40.

3 Dobrin Nedelkov, Shainag Shaik, **Olgica Trenčevska**, Vasko Aleksovski, Angel Mitrevski, Kiro Stojanoski, Targeted Mass Spectrometric Immunoassay for Detection of Cystatin C Isoforms in Cerebrospinal Fluid, *The Open Proteomics Journal*, **1**, 2008, 54-58.

## Презентирани трудови

### Усни презентации

1 **Olgica Trenčevska**, Advanced techniques in clinical practice: use of lab-on-a-chip electrophoresis and other methods in protein profiling, 5th IFCC Symposium for Balkan Region "Proteins: From Electrophoresis to Proteomics" – Belgrade, Serbia, 2009.

2 **Olgica Trenčevska,** *Protein profiling in patients with neurological diseases using an optimized lab-on-a-chip electrophoresis method,* IUBMB Advanced Course Mechanisms and Consequences of Free Radical-Mediated Oxidative Protein Modifications, 15-20. 04.2009, Kemer.

### Постерски презентации

1 **Olgica Trenčevska**, Kiro Stojanoski, *Fluorescence as a tool for monitoring induced changes in protein structure,* Workshop "From Molecules to Functionalized Materials" – Cluj-Napoca, 2009.

2 **O.Trenčevska**, V.Aleksovski, K.Stojanoski, T.Gruev, *Protein profiling – comparison between conventional and advanced techniques in analyzing proteins in biological fluids*, EUROMEDLAB, Insbruck, 2009.

3 N.Mitrevska, V.Kocevski, **O.Trenčevska**, V.Aleksovski, A.Mitrevski, K.Stojanoski, T.Gruev, *Raman microscopy study of biomolecules in water solution, FEBS Advanced Lecture Course Mechanisms, Consequences and Detection of Free Radical-Mediated Oxidative Protein Modifications,* Kemer, 2009.

4 **Olgica Trenčevska**, Kiro Stojanoski, Bohuslav Gaš, Vasko Aleksovski, Angel Mitrevski, *The study of proteins in serum samples using an optimized lab-on-a-chip electrophoresis method,* SOSC-13-E, 20th Congres of Chemists and Technologysts of Macedonia, Ohrid, 2008.

5 Spasovska E., Veljanovska M., Damjanova M., **Trenčevska O.**, Aleksovski V., Stojanoski K., *Analysis of electrophoretic patterns in hemoglobin specimen from individuals with different genetic disorders,* OC - 17, Sofia School of Protein Science, Sofia, 2008.

6 **Olgica Trenčevska,** Voislava Janevska, Emil Popovski, Kiro Stojanoski, *UV spectroscopy as a tool for purity determination: Isolation and spectroscopy determination of the proteins in DNA samples,* OC-7, Sofia School of Protein Science, Sofia, 2007.

7 D. Iloska, **O. Trenčevska**, S. Cekovska, K. Stojanoski, *Quantitative analysis of electrophoresis data: The potential utility of derivative and other numerical methods of proteinuria sample electrophoresis data,* OC-8, Sofia School of Protein Science, Sofia, 2007.

8 **Olgica Trenčevska**, Rubin Gulaboski, Kiro Stojanoski, Valentin Mirčeski, *Probing Electrochemical properties of erythrocyte membranes*, BCH-47, ICOSECS 5, Ohrid, 2006.

9 **Olgica Trenčevska**, Marija Krakutovska, Vasko Aleksovski, Angel Mitrevski, Kiro Stojanoski, Quantitative analysis of electrophoresis data: The potential utility of derivative and other numerical methods of cerebrospinal liquor electrophoresis data, BCH-48, ICOSECS 5, Ohrid, 2006.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ја предвид целокупната досегашна активност на кандидатката м-р Олгица Тренчевска, како и активноста од последниот нејзин избор за помлад асистент, Рецензентската комисија смета дека таа во текот на својата досегашна работа посебно се истакнала како со својата педагошка така и со својата научно-истражувачка работа. Освен сето ова, треба да се се има предвид дека се работи за млад и перспективен научен работник со педагошки квалитети и соработник - омилен и ценет од страна на студентите. Заради тоа, Рецензентската комисија смета дека има особена чест на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да му предложи м-р Олгица Тренчевска да ја избере за асистент од областа на органската хемија и биохемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Киро Стојаноски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Богдан Богданов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Фроса Анастасова, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

# Преглед

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на седницата на Наставно-научниот совет одржана на 28.4.2010

1. Студиска програма **Електроенергетика**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Марјан Георгиев** | Подобрување на енергетска-таефикасност кај автономни потрошувачки системи со мала моќност | Improvement of Energy Efficiency for Autonomy Consumers with Small Power | Вон. проф. д-р Антон Чаушевски |

2. Студиска програма **Електроенергетски системи**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Александар Ласков** | Анализа на доверливоста на високонапонски постројки од атмосферски пренапони со помош на Matlab/Simulink | Analysis of reliability indexes of high voltage power stations from lightning overvoltages using Matlab/Simulink | Проф. д-р Ристо Ачковски |
| 2 | **Дарко Митровски** | Моделирање и анализа на импулсните карактеристики на заземјувачите во ЕЕС | Modeling and Analysis of the Impulse Characteristics of Grounding in Power Systems | Проф. д-р Ристо Ачковски |

3. Студиска програма **Софтверско инженерство**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Зоран Јакимовски** | Научни работни текови | Scientific Workflows | Вон. проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ |

4. Студиска програма **Компјутерски мрежи и е-технологии**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Борче Чифлиганец** | Бизнис модели кај семантички веб | Semantic web business models | Доц. д-р Димитар Трајанов |

5. Студиска програма **Интелигентни информациони системи**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ѓорѓи Косев** | Интелигентен систем за класифицирање и оценување на текстуални содржини | Intelligent classification and rating system for text content | вон. проф. д-р Владимир Трајковиќ |

6. Студиска програма **Интелигентни информациони системи**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Марјан Ризински** | Ергодични рати и веројатност на испад на фединг канал со реле за различни кооперативни стратегии | Ergodic rates and outage probability of the fading relay channel with different cooperative strategies. | вон. проф. д-р Венцеслав Кафеџиски |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПОД НАСЛОВ „ПРАКТИКУМ ЗА ВЕЖБИ ПО ИНСТРУМЕНТАЛНИ ФАРМАЦЕВТСКИ АНАЛИЗИ", ПОДГОТВЕН ОД НАСТАВЕН КАДАР НА КАТЕДРАТА ЗА ИНСТРУМЕНТАЛНИ ФАРМАЦЕВТСКИ АНАЛИЗИ НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, НАМЕНЕТ ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО ФАРМАЦИЈА

Со решение бр. 02/87/7-7 од 2010 година, врз основа на член 30 од Статутот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет, на својата ВИ седница одржана на 4.2. 2010, формира Рецензентска комисија за преглед и оцена на ракописот под наслов „Практикум за вежби по инструментални фармацевтски анализи", напишан од наставен кадар на Катедрата за инструментални фармацевтски анализи, и тоа проф. д-р Зоран Кавраковски, проф. д-р Анета Димитровска, ас. м-р Катерина Брезовска, ас. м-р фарм. Јелена Ацевска и ас. Зоран Китановски.

По прегледот на доставениот материјал, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска и проф. д-р Лидија Петрушевска-Този го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Текстот на ракописот е подготвен на компјутер, содржи 65 страници А4-формат, со бројни слики (цртежи и графици), табели, формули и задачи во 10 одбрани практични методски единици – вежби кои се предвидени со наставната програма за практична настава за студентите по фармација. Методските единици се напишани на кирилица, секоја методска единица претставува посебна целина која се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за практична настава по предметот инструментални фармацевтски анализи. Авторите ја изнесуваат материјата едноставно и концизно, стручно и разбирливо, имајќи ја предвид претходната подготовка на студентите по фармација.

На почетокот на секоја тематска единица е даден кус вовед кој го нагласува теоретското и практичното значење на секој параметар кој се определува и анализира во текот на практичната работа. За таа цел се користат бројни слики (графици), табели и математички формули. Постапките за определување на одделни физичко-хемиски параметри се детално опишани, разбирливи и прегледни за работа. На крајот на секоја вежба, квантитативниот резултат што студентот со самостојно работење го добива се внесува на предвиденото место во Практикумот. На одредени и за тоа предвидени места во Практикумот е оставен простор за внесување на основните параметри кои помагаат во донесувањето на неопходните заклучоци и толкувањето на квантитативните податоци добиени со практичната работа. На крајот од секоја вежба, стекнатите сознанија на студентот се проверуваат преку одговорите на неколку прашања и задачи кои главно вклучуваат определување на физичко-хемиски параметри карактеристични за секоја тематска единица. Квантитативниот резултат од практичната работа,

задачите и донесените заклучоци, на крајот на секоја вежба, студентите ги внесуваат во дневникот за работа што се верифицира од страната на одговорниот асистент. Според авторите, Практикумот има двојна намена, истовремено се користи како учебно помагало и како дневник за работа што го олеснува совладувањето на методските единици.

Практикумот за вежби по инструментални фармацевтски анализи опфаќа 10 методски единици, во кои пропорционално се застапени сите делови предвидени со теоретската и практичната наставна програма.

Во првата вежба студентот се запознава со основните поими карактеристични за спектроскопските методи, како што се хромофори, апсорпционен спектар, апсорпционен максимум, влијание на pH и типот на растворувач врз апсорпциониот максимум, неопходни за објаснување на практичните вежби и експерименталната работа со UV/VIS спектрофотометар.

Во втората вежба студентот се запознава со квантитативната UV/VIS спектроскопија, Ламберт-Бееровиот закон и неговите ограничувања во квантитативното определување на многу фармацевтски активни супстанции.

Следната вежба е продолжение на претходната во која студентот се запознава со основните поими и дефиниции неопходни за статистичката обработка на добиените резултати во научноистражувачката работа или при разработка и воведување на метода во лабораториската практика. Се конструира крива со метод на најмали квадрати и се определува равенката на регресионата права.

Во четвртата вежба студентот се запознава со UV/VIS спектрофотометарот и врши определување на непозната концентрација со методот на стандардни додатоци.

Во следната вежба студентот се запознава со инфрацрвената спектроскопија како еден од најмоќните методи за идентификација на чисти органски и неоргански супстанции со проучување на IR-спектарот на непозната супстанција.

Во шестата вежба се обработува потенциометриската метода и нејзината практична примена во потенциометриското определување на pH-вредноста на определени раствори. Се изведуваат потенциометриски титрации во кои завршната точка на титрацијата се определува потенциометриски.

Седмата вежба е вовед во хроматографијата, во која студентот се запознава со основните поими на хроматографските техники и хроматографија на колона.

Во следната вежба студентот се запознава со тенкослојната хроматографија, како една од класичните аналитички техники во фармацевтските анализи, која се применува за разделување, идентификација и квантитативно определување на хемиски соединенија во сложени смеси.

Во деветтата вежба студентот се запознава со течната хроматографија (HPLC) и нејзината примена како најчесто употребувана аналитичка техника за квантификација на лековитите супстанции во фармацевтските препарати.

Во последната вежба се обработува гасната хроматографија и студентот се запознава со квантитативното определување на активната супстанција со методот на внатрешен стандард.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот текст може да се констатира дека опфатените методски единици се во согласност со практичната и теоретската наставна програма за предметот инструментални фармацевтски анализи за студентите по фармација.

Во Практикумот за практичната настава се приложени 10 обемни вежби кои по потреба можат да се дотеруваат и осовременуваат. За изведување на вежбите се користи актуелна, современа опрема и апаратура. Во изведувањето на вежбите е предвидено студентите да работат самостојно. Добиените резултати и изведените заклучоци студентите ги запишуваат во Практикумот, што му дава двојна практична примена: да биде користен како учебно помагало и истовремено да претставува дневник за изработените вежби во кој асистентот ќе ги верифицира резултатите и изведените заклучоци.

Рецензентите се задоволни од предложениот текст и од начинот на презентација на содржините. Со овој Практикум студентите по фармација добиваат мошне корисно учебно помагало кое ќе им го олесни следењето и изведувањето на практичните вежби по инструментални фармацевтски анализи.

На Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет му препорачуваме овој ракопис да го одобри како постојан практикум по предметот инструментални фармацевтски анализи за студентите по фармација.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска с.р.

Проф. д-р Лидија Петрушевска-Този с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПОД НАСЛОВ „ПРАКТИКУМ ЗА ВЕЖБИ ПО ФИЗИЧКА ХЕМИЈА" ПОДГОТВЕНО ОД НАСТАВЕН КАДАР НА КАТЕДРАТА ЗА ФИЗИЧКА ХЕМИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, НАМЕНЕТ ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО ФАРМАЦИЈА

Со решение бр. 02/87/7-7 од 2010 година, врз основа на член 30 од Статутот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет, на својата ВИ седница одржана на 4.2. 2010, формира Рецензентска комисија за преглед и оцена на ракописот под наслов „Практикум за вежби по физичка хемија за фармацевти", напишан од наставен кадар на Катедрата за физичка хемија и тоа проф. д-р Зоран Кавраковски, доц. д-р Руменка Петковска, и м-р фарм. Александар Ефтимов.

По прегледот на доставениот материјал, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Лидија Петрушевска-Този и проф. д-р Емил Поповски, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Текстот на ракописот е подготвен на компјутер, содржи 102 страници А4-формат, со бројни слики (цртежи и графици), табели, формули и задачи во 12 одбрани практични методски единици – вежби кои се предвидени со наставната програма за практична настава за студентите по фармација. Методските единици се напишани на кирилица, секоја методска единица претставува посебна целина која се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за практична настава по предметот физичка хемија. Авторите ја изнесуваат материјата едноставно и концизно, стручно и разбирливо, имајќи ја предвид претходната подготовка на студентите по фармација.

На почетокот на секоја тематска единица е даден кус вовед кој го нагласува теоретското и практичното значење на секој параметар кој се определува и анализира во текот на практичната работа. За таа цел се користат бројни слики (графици), табели и математички формули. Постапките за определување на физичко-хемиските параметри се детално опишани, разбирливи и прегледни за работа. На крајот на секоја вежба, квантитативниот резултат што студентот со самостојно работење го добива се внесува на предвиденото место во Практикумот. На одредени, предвидени места во Практикумот е оставен простор за внесување на основните параметри кои помагаат во донесувањето на неопходните заклучоци и толкувањето на квантитативните податоци добиени со практичната работа. На крајот од секоја вежба, стекнатите сознанија на студентот се проверуваат преку одговорите на неколку прашања и задачи кои главно вклучуваат определување на физичко-хемиски параметри карактеристични за секоја тематска единица. Квантитативниот резултат од практичната работа, задачите и донесените заклучоци на крајот на секоја вежба, студентите ги внесуваат во дневникот за работа што се верифицира од страна на одговорниот асистент.

Според авторите, Практикумот има двојна намена - истовремено се користи како учебно помагало и како дневник за работа што го олеснува совладувањето на методските единици.

Практикумот за вежби по физичка хемија опфаќа 12 методски единици, во кои пропорционално се застапени сите делови предвидени со теоретската и практичната наставна програма.

Во првата вежба се наведени основните системи на тежини и мерки (метрички и неметрички) поврзани со мрежата на интернационални договори кои го поддржуваат интернационалниот систем (IS) на единици. Во вежбата студентите се запознаваат со интернационалниот систем на единици како модерна форма на метричкиот систем, прифатен низ светот во науката и трговијата. Во пет табели се прикажани сите основни, изведени и дополнителни единици, како и останати единици кои се времено во употреба и единици со посебни имиња и ознаки. На крајот на вежбата се прикажани факторите на конверзија од различни единици во СИ единици и задачи.

Во втората вежба студентот се запознава со техниката на определување на парцијалниот моларен волумен на бинарна смеса вода/метанол со мерење на густините на различи составни смеси, како и начинот на пресметување прикажан со конкретни примери и задачи.

Во третата вежба се проучува брзината на хемиската реакција преку разложување на водород пероксид, како и ефектот на катализаторот и инхибиторот на реакцијата со метод на гас-волуметриско мерење.

Следната вежба ги обработува процесите на дифузија и осмоза, значајни за трансферот на растворливите материи низ клеточната мембрана. Студентот се запознава со влијанието на физичките и хемиските фактори на пропустливост на клеточната мембрана.

Во петтата вежба се обработува областа на термодинамиката во која студентот се запознава со експерименталната метода за определување на специфичната топлина на согорување на непознатиот примерок со примена на калориметар.

Во следната вежба студентот се запознава со основите на кондуктометриската техника и можноста за определување на константата на дисоцијација на слаби киселини.

Во седмата вежба студентот ја проучува брзината на реакцијата, определување на редот на реакцијата и активационата енергија во реакција со примена на т.н. Лендолтов метод, како класичен хемиски експеримент со кој се прикажува хемиската кинетика на реакцијата.

Во осмата вежба студентот ја следи брзината на хемиската реакција преку промената на концентрацијата на супстанциите во текот на времето на протекување на реакцијата. Се следи и се проучува кинетиката на реакција од прв ред преку разградување на сахарозата со кисела катализа, определување на константата на брзина и полуживотот на реакцијата.

Деветтата вежба е продолжение на претходната, во која студентот се запознава со кинетиката на реакции од втор ред преку следење на кинетиката на алкална хидролиза на естрите. Определување на текот на реакцијата се врши со титрација, а резултатите од определувањето на константата на брзина на реакции од втор ред се прикажуваат графички.

Во десеттата вежба студентот ја следи и ја определува константата на рамнотежата (K) во хемиската реакција. Дистрибуцијата на јодот помеѓу органската и водената фаза (во рамнотежа) и концентрацијата на јодот во органската фаза се определуваат спектрофотометриски.

Следната вежба ја обработува областа на електрохемијата и електрохемискиот потенцијал кој е значаен за биолошките процеси преку теоретско определување на средниот коефициент на јонскиот активитет со мерење на електромоторната сила на галванската ќелија.

Во последната вежба се дадени прашања и задачи за повторување како дополнение на целокупната теориска и практична содржина предвидена со наставниот план и програмата за предметот физичка хемија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот текст може да се констатира дека опфатените методски единици се во согласност со практичната и теоретската наставна програма за предметот физичка хемија за студентите по фармација. Во практикумот за практичната настава се приложени 12 обемни вежби кои по потреба можат да се дотеруваат и осовременуваат. Во изведувањето на вежбите е предвидено студентите да работат самостојно. Добиените резултати и изведените заклучоци студентите ги запишуваат во Практикумот, што му дава двојна практична примена: да биде користен како учебно помагало и истовремено да претставува дневник за изработените вежби во кој асистентот ќе ги верифицира резултатите и изведените заклучоци.

Рецензентите се задоволни од предложениот текст и од начинот на презентација на содржините. Со овој Практикум студентите по фармација добиваат мошне корисно учебно помагало кое ќе им го олесни следењето и изведувањето на практичните вежби по физичка хемија.

На Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет му препорачуваме овој ракопис да го одобри како постојан практикум по предметот физичка хемија за студентите по фармација.

Р Е Ц Е Н З Е Н Т И

Проф. д-р Лидија Петрушевска-Този с.р.

Проф. д-р Емил Поповски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНИКОТ „НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ" ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р МИТКО КОТОВЧЕВСКИ

Врз основа на различните сознанија од историските, антрополошките и другите научни истражувања за развојот на човековото општество можеме да констатираме дека човековите потреби за воспоставување, зачувување, развој и осмислување на своето постоење претставуваат темел на секоја смислена човекова активност во општеството.

Во овој контекст, безбедноста претставува една од суштинските појавни облици на човековото постоење, попрецизно, значајна функција која е насочена кон неговото зачувување - опстанок.

Безбедноста претставува активност која е од пресудно значење и важност за зачувувањето, одржувањето, олеснувањето и осмислувањето на човековото постоење како општествено битие.

Иако безбедноста на државите, односно националната безбедност во различни облици постои откако постојат и државите, поимот национална безбедност е од понов датум. За прв пат, националната безбедност како поим се појавува во САД и во употреба е од почетокот на четириесеттите години на дваесеттиот век. Поимот национална безбедност во современите истражувања претставува рамка за безбедноста на државата и општеството - отсуство на каков било страв од напад, загрозување на националните интереси или закани од друга држава или други држави.

Потрагата по одговор на големиот број комплексни прашања поврзани со сложениот цивилизациски феномен - безбедноста претставуваше сериозен предизвик на проф. д-р. Митко Котовчевски во неговиот учебник „Национална безбедност". Неговото огромно искуство во областа национална безбедност и научните сознанија презентирани во неговите претходни монографии - „Извори на загрозување на мирот и националната безбедност" и „ Национална безбедност на Р. Македонија" I, II и III дел претставуваат солидна основа и гаранција за концепирање на амбициозен и мултидисциплинарен научен труд - прв од оваа сфера во нашата држава.

Авторот на нашата научна, стручна и поширока јавност, посебно на академската заедница, ќе ѝ го подари учебникот „Национална безбедност", кој е концепиран во три основни дела (глави) во кои се презентирани поголем број на содржини во посебни поднаслови презентирани на 600 страници. Во секој поднаслов се разработени посебни содржини кои секоја за себе претставуваат посебни заокружени научни и дидактички целини.

Самиот наслов на трудот асоцира дека станува збор за истражување на една мошне актуелна и специфична проблематика која е од суштествено значење за опстанокот на секоја држава, а во тој контекст и на Р. Македонија. Амбициозноста на трудот преферирана во насловот,

во основа се поклопува со очекуваната содржина, што не е чест случај во научната литература од оваа област.

Без сомневање станува збор за оригинален научен труд базиран врз проучување на најнова научна литература од странство и од кај нас. Во многу нешта трудот со својот содржински квалитет, адекватната застапеност на презентираните ставови за фундаменталните прашања за националната безбедност на Републиката, претставува длабок пробив на научната мисла по однос на оваа проблематика кај нас и пошироко. Трудот нуди издржани образложенија, факти и решенија кои можат да послужат како фундаменти за натамошниот развој на научната мисла во оваа област. Оригиналноста на овој научен труд се огледа и во тоа што од осамостојувањето на Република Македонија не е понуден ниту еден научен труд од овој вид.

Научниот пристап во мултидисциплинарната проблематика, карактеристична за националната безбедност, на трудот му дава пионерски простор од кој ќе се надградуваат доктринарните и стратегиските определби по однос на македонското безбедносно организирање.

Композицијата на првата глава, насловена „Националната безбедност на Република Македонија", изложена е на 179 страници текст, поделен на три дела со повеќе поглавја и библиографски единици од најнов датум.

Во првиот дел „Безбедноста како функција на државата", авторот дава основни теориски образложенија за заштитната функција на државата и за безбедноста како атрибут и функција на државата. Презентирајќи ги најновите сфаќања на поимот безбедност и неговата повеќезначност, авторот поимовно и терминолошки ја определува безбедноста. Врз основа на ова поимовно определување понатаму авторот гѝ дефинира поимите национална безбедност, меѓународна безбедност, заедничка, трансдржавна и глобална безбедност и нивните содржини.

Во вториот дел, насловен „Теорија на системите за безбедност", авторот најнапред ги посочува основните значења на поимот теорија на безбедност. Врз основа на тоа го дефинира поимот теорија на безбедноста како систем на организирано знаење за појавите на безбедноста до кои се доаѓа по научно-методолошки заснован пат и во таа смисла се идентификува со науката за безбедност.

Во делот „Загрозување и заштита на виталните општествени вредности", авторот ги посочува основите на Уставот на Р. Македонија врз кои е воспоставен новиот облик на политички систем - систем на парламентарна демократија. Неговата суштина се состои во тоа што парламентот станува најзначајна инстанца пред која владата одговара за својата политика, ограничувајќи го на тој начин политичкиот монополизам на одделни тесни слоеви од општеството. Понатаму, авторот ги елаборира темелните вредности на уставниот поредок, изложени во 11 основни уставни начела, кои претставуваат значајна афирмација на новиот Устав и континуитет на најзначајните витални општествени вредности како и нивните можни загрозувања на истите.

Во следниот поднаслов, покрај дефинирањето на поимите систем на безбедност и систем на национална безбедност, авторот на многу експлицитен начин шематски ни ја дава структурата на системот на националната безбедност, неговите компоненти и карактеристики. Врз основа на тоа посочува дека нашата држава во иднина ќе мора целосно да ги дефинира елементите на својот современ систем на национална безбедност со цел да се гарантира безбедноста на граѓаните, државата и општеството. Следствено на тоа, текстуално и шематски ни ја презентира сегашната состојба на системот за национална безбедност на Р. Македонија, основните елементи кои го сочинуваат - национална одбрана и внатрешна безбедност и нивната организациска структура. Покрај тоа, авторот нуди одредени системски решенија за доградување на потсистемите (елементите) за национална безбедност и на системот за националната безбедност.

Во третиот дел насловен „Извори на загрозување на националната безбедност", авторот го дефинира поимот загрозување како секаков вид на општествена, природна и техничка опасност од поголем обем со која се загрозува интегритетот, слободата, имотот и здравјето на луѓето, како и територијалниот интегритет и суверенитет и уставниот поредок и правото на државата, нацијата или општествените групи и поединци. Покрај дефинирањето на поимот загрозувања, авторот ја дава класификацијата на изворите на загрозување, според постојните критериуми, како општествени, природни и техничко-технолошки и нивното влијание на системот за безбедност. Понатаму, врз основа на тоа се дефинирани и облиците на загрозување на националната безбедност како надворешни, внатрешни и глобални и нивната меѓусебна условеност и зависност.

Содржината на втората глава со наслов „Внатрешни извори на загрозување на националната безбедност", изложена е на 240 страници текст и е поделена на три дела со повеќе поглавја, табели и библиографски единици.

Најнапред авторот поимовно ги дефинира загрозувањата и нивната суштина, изворите на загрозување и облиците на загрозувањето на интегралната безбедност на Р. Македонија и шематски ја прикажува нивната поделба.

Како што укажува поднасловот, авторот ги анализира внатрешните извори на загрозување на националната безбедност, елаборирајќи ги сите појавни облици на внатрешните извори на загрозување на националната безбедност, и тоа како внатрешни вооружени, внатрешни комбинирани и внатрешни невооружени облици на загрозување на националната безбедност.

Содржината на третата глава со поднаслов „Внатрешни и глобални извори на загрозување на националната безбедност", изложена е на 187 страници текст, поделен на три дела со повеќе поглавја, прилози (табели и шеми) и библиографски единици. Во оваа глава авторот во целост ги елаборира надворешните извори на загрозување на националната безбедност на Р. Македонија.

Паралелна и суштинска цел на презентираниот труд е да ги елаборира и најзначајните загрозувања на националната безбедност

(внатрешни, надворешни-вооружени, невооружени и комбинирани) на државите со посебен акцент на загрозувањата насочени против виталните интереси на Република Македонија.

За таа цел, тежишните правци на оваа комплексна студија, особено во втората глава, се насочени кон поопширната елаборација на феномените современ тероризам, вооружен бунт, шпионажа, екстремизам, уфрлување на вооружени и криминални групи, криминалитетот (со посебен осврт на организираниот криминал и нуклеарниот криминал), како и наркоманијата како едно од најголемите современи зла насочени против младата популација.

Со нивно навремено откривање и правилно „дијагностицирање" во голема мера ќе зависи ефикасноста на системот за национална безбедност на современите држави. Ова претставува суштинско прашање од кое зависи судбината и иднината на сите држави, а посебно на Р. Македонија која во актуелниов миг се соочува со деструктивно влијание на голем број извори на загрозувања на нејзините витални општествени вредности.

Авторот, преку една комплексна анализа на изворите на загрозување на националната безбедност на Р. Македонија, прави и сериозни прогнози за можноста (веројатноста) на нивното манифестирање, како и за последиците од жестокоста на нивното деструктивно дејствување насочено кон рушење на виталните општествени вредности на Р. Македонија.

Тргнувајќи од комплексноста на проблематиката која е предмет на истражувањето, како што се актуелните прашања по однос на облиците на загрозување на националната безбедност, од планетарен но и од национален аспект, потребно е извонредно познавање на сите современи пулсирања во тие области. Со оглед на нивната мултидисциплинарност и барање на нивна научна експликација, авторот не само што покажа извонредно познавање на проблематиката туку неговата големина се огледа во научната интерпретација на актуелното и на проспективното во однос на проблематиката која е предмет на неговото истражување.

Во овој труд е применет оригинален методолошки инструментариум. Тој е прифатлив за овој вид на научно истражување кој на авторот му овозможува не само успешна научна елаборација на предметот на трудот, туку, врз основа на резултатите на истражувањата, да даде и проспективно видување на процесите и промените во оваа област, а во тој контекст - местото и значењето на Република Македонија.

Со оглед на актуелноста на проблематиката која е предмет на истражувањето, како и на научната заснованост на експликацијата на содржините во трудот, кај креаторите на политиката на безбедносно-одбраибената политика ќе предизвика особен интерес, што е и негова основна цел, потоа кај македонската научна и стручна јавност, образовните институции, а и кај пошироката јавност бидејќи во областа на националната безбедност сè уште се бараат најпогодни решенија.

Специфичноста и комплексноста на содржините на трудот претставуваат фундаментална претпоставка и предизвик за натамошни проучувања и научна истражувачка работа во оваа област, како и

основна литература за проширување на знаењата кај студентите на додипломските и постдипломските студии од областа на безбедноста, одбраната и мирот.

За таа цел имаме посебна чест и задоволство да го препорачаме за печатење учебникот „Национална безбедност" на авторот д-р Митко Котовчевски, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје и да го поздравиме неговото објавување.

Рецензенти

**Проф. д-р Димитар Мирчев, с.р.**
**Проф. д-р Синиша Даскаловски, с.р.**

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МАКЕДОНСКАТА ЕМИГРАНТСКА ФЕДЕРАТИВНА ОРГАНИЗАЦИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ", ПОДНЕСЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р МИРЈАНА НИНЧОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на чл. 56,57 и 58 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата VII редовна седница одржана на 14.IV 2010 година, нè избра за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација на тема *Македонскаԇа емиɉранԇска федераԇивна орɉанизација меɉу двеԇе свеԇски војни*, изработена од докторантката м-р Мирјана Нинчовска. Во тоа својство, имаме чест на Наставно-научниот совет да му го доставиме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов *Македонскаԇа емиɉранԇска федераԇивна орɉанизација меɉу двеԇе свеԇски војни* е од областа на најновата македонска историја, поконкретно од историјата на македонското револуционерно и националноослободително движење.

Текстот на трудот изнесува вкупно 350 страници, а композициски е распределен во шест тематски целини – глави со повеќе наслови и поднаслови, со предговор, заклучок и список на користени референци: архивски необјавени и објавени извори, монографски трудови и периодика. Трудот е резултат на неколкугодишни примарни истражувања на м-р Мирјана Нинчовска извршени во: Државниот архив на Република Македонија, Скопје (прегледани и консултирани 26 фонда), Архивот при Институтот за национална историја во Скопје (4 фонда), Архивот при Македонската академија на науките и уметностите во Скопје (2 фонда); Централниот државен архив во Софија, Р. Бугарија (13 фонда), Дражавниот архив во Благоевград, Р. Бугарија (2 фонда), Државниот архив во Ќустендил, Р. Бугарија (1 фонд); Архивот на Србија и Црна Гора, Белград. Р. Србија (4 фонда) и Архивот на Србија, Белград, Р. Србија (1 фонд), како и користени 36 референци на објавени извори. Исто така, докторантката вложила голем труд при консултирањето на наведените 115 објавени историографски трудови и 16 периодични весници и списанија, кои се однесуваат на темата, односно на историското време, на процесите и личностите, кои се поврзани со нејзината тема.

Во **првата воведна глава,** *Федералисԇиԇе во македонскоԇо револуционерно и националноослободиԇелно движење во ɉрвиԇе ɉодини ɉо Прваԇа свеԇска војна* (стр. 4-42), докторантката ги елаборира во соодветна форма и содржина состојбите во македонското револуционерно и националноослободително движење веднаш по војната. Со компаративен пристап ги објаснува идејните и политичките разлики на раководните

личности во македонските асоцијации во Бугарија, кои се појавија како резултат на внатрешните и надворешните влијанија, задржувајќи се на улогата на оние сили кои во своите убедувања и програми ја прифатија федеративната идеја и концепција за решавање на македонското прашање, ставајќи акцент на идеите и програмата на Серската револуционерна група и на Привременото претставништво на поранешната обединета ВМРО.

**Втората глава** (стр. 43 – 157) е најобемна и ги содржи сите најзначајни етапи во процесот на идејното и организационото оформување на легалната Македонската емигрантска федеративна организација (МЕФО) во периодот 1920 – 1923 година. Во повеќе поднаслови и тематски целини, докторантката направила многу исцрпни анализи на настаните, на гледиштата и улогата на одделни личности и нивното место во развојните етапи на организацијата. М-р М. Нинчовска ги објаснува причините кои доведоа до поларизирање на силите во легалните македонски емигрантски раководни тела и меѓу членството на самите организации: Извршниот комитет на македонските добротворни братства во Бугарија и Привремената комисија на македонската емиграција како претходна фаза во процесот на создавањето на МЕФО. Следејќи ја главната тема на нејзиниот труд, докторантката во оваа глава посветува посебно внимание на појавата на една поголема група македонски легални дејци од редовите на Извршниот комитет на македонските добротворни братства во Бугарија, која поминува во опозиција на дотогашното раководство и која сообразувајќи се со новите услови и новото време сè повеќе се спротивставувала на обидите во македонското легално движење да се наложи како опција за присоединување на Македонија кон Бугарија. Наспроти тоа, опозицијата ја прифаќа идејата и концепцијата за решавање на македонското прашање преку обединување на поделена Македонија во единствена држава на сите Македонци без разлика на нивната етничка, верска, идејна и друг вид посебност, со можност за влегување во една балканска федерација, заедно со сите други балкански народи и држави, а тоа ќе доведе до одвојување на оваа легална опозиција и до одржување на Основачкиот конгрес на Македонската емигрантска федеративна организација во 1921 година. Во овој дел од докторскиот труд се опфатени и односите меѓу МЕФО и земјоделската влада на Александар Стамболиски, на односите меѓу МЕФО и ВМРО и МЕФО и Илинденската организација.

Прашањата и дилемите кои се појавиле уште во текот на профилирањето на федеративната струја и нејзиното организационо оформување во МЕФО, останале до извесен степен присутни и во нејзиното раководство и доведувале до повторни внатрешни полемики и струења, до прифаќање на извесна соработка со владата на А. Стамболиски и со илегалните револуционерни сили од македонското револуционерно движење, прифаќање на четничкиот метод на борба кои докторантката опстојно ги разработува во **третата глава** под наслов *Македонската федеративна револуционерна организација* (стр. 158-186). Во оваа глава се опфатени внатрешните превирања во МЕФО и ВМРО-автономистичка и постигнувањето на договор на дел од револуционерните сили на овие две организации за формирање на една илегална револуционерна федеративна

организација – Македонска федеративна револуционерна организација (МФРО), чии чети наидоа на силен отпор од четите на ВМРО-автономистичка, а тоа предизвика меѓусебна пресметка на федералистичките и автономистичките чети, што, пак, им одеше во интерес на бугарските политички сили од позицијата и опозицијата, за искористување на оваа ситуација за остварување на своите цели во борбата за власт во Бугарија.

**Четвртата глава,** *Преговорите за обединување помеѓу Македонската емигрантска федеративна организација и Извршниот комитет на македонските емигрантски братства во Бугарија во 1923 година* (187-209), докторантката ја посветува на најосетливите аспекти од темата, а тоа се заостренитe односи помеѓу ВМРО-автономистичка и МЕФО. Тие кулминирале со меѓусебните обвинувања за состојбите во македонското револуционерно ослободително движење како резултат на мешањето на одделни бугарски и српски политички фактори и известителни служби во него. Тоа се поврзува со сè позачестените закани од страна на Тодор Александров со физичко ликвидирање на членови на земјоделската влада на чело со премиерот Александар Стамболиски и на членови на МЕФО и др., поради нивните контакти и соработка, како и за нивните односи со Кралството на СХС. Сите овие состојби и односи м-р Мирјана Нинчовска ги анализира во контекст на силно изразените идејни и политички спротивности во бугарското општетство и во време кога се одвиваа засилени преговори меѓу Бугарија и Кралството на СХС за постигнување меѓудржавен договор за решавање на пограничните прашања и проблеми, за кои како причини беа посочувани и четничките дејства на ВМРО од двете страни на бугарско-југословенската граница.

Во фокусот на оваа глава сепак се наоѓаат прашањата поврзани со притисокот од страна на ВМРО-автономистичка на чело со Тодор Александров врз раководствата на легалната МЕФО и нелегалната МФРО. Тој притисок довел до попуштање на последните и прифаќање од нивна страна на преговори за обединување на двете спротивставени легални македонски раководства-Извршниот комитет на македонските добротворни братства, кој во целост ги прифаќал ставовите на ВМРО од една страна и спротивставениот на нив Федеративен комитет од друга страна, кои требало да доведат до идејно и организационо единство на македонската емиграција. Докторантката преку анализата на поголем број документи од различна провениенција успешно ја завршила поставената цел и со компаративниот пристап и со критиката на изворите им ја оценила и на двете спротивставени страни улогата во обидите да се постигне согласност и обединување преку создавањето на Сојузот на македонските добротворни братства во Бугарија на чело со единствено раководно тело-Национален комитет, реализирано на Обединувачкиот конгрес во јануари 1923 година. При тоа, докторантката опстојно ги анализира гледиштата на двете страни околу изработувањето и усвојувањето на програмските документи на овој конгрес, кои во исто време требало да ја содржат и главната цел на легалната борба на македонската емиграција во Бугарија, обединување на

Македонија, нејзино конституирање во посебна држава на Балканот и согласност за создавање на една балканска федерација.

**Петтата глава,** *Улогата на Федеративната организација во преговорите за обединување на македонското револуционерно и ослободително движење 1923-1924 година* (стр. 210-276), е посветена на настаните поврзани со контактите и преговорите на претставници на македонските федералисти со Советска Русија-односно СССР околу поддршката на оваа голема држава на македонското револуционерно движење. М-р Мирјана Нинчовска со право го разработува ова прашање мошне детално со оглед на бројните фактори (СССР, Коминтерна, Балканската комунистичка федерација, балканските комунистички партии), кои биле инволвирани во преговорите за усвојување на една лева ориентација на целокупното македонско револуционерно движење како услов за соработка со сите други револуционерни и националноослободителни организации на Балканот за создавње на единствен балкански револуционерен фронт.

Македонските федералисти се третирани како дел од оние сили кои би требало да ги извршат револуционерните промени на Балканот и да го реализираат националното ослободување на македонскиот народ и реализирањето на неговата државност, но откако ќе се исполнат условите за помирување со ВМРО и усвојување на заедничка националоослободителна програма која ќе кореспондира со идејните, политичките и државните интереси на СССР на Балканот. Токму затоа докторантката посветува посебно внимание на улогата на федералистите при поттпишувањето на Мајскиот манифест во 1924 година, кој ги содржел принципите, задачите и целта на таа нова ориентација, како и на откажувањето на Т. Александров и А. Протогеров од своите потписи под Мајскиот манифест на 1 август 1924 година, кое пак претставувало вовед во еден период на систематско прогонување на федералистите, не само во границите на Бугарија туку и во други земји.

Во последната **шеста глава** *со наслов Федералиастите во Внатрешната македонска револуционерна организација (обединета) (стр. 292-324,)* докторантката направила еден пократок осврт на процесите и настаните во периодот по неуспешниот обид за реализирање на идеите и проекциите за идејно, организационо и програмско обединување на македонското националноослободително движење, согласно со Мајскиот манифест во 1924 година. Притоа таа се задржува повеќе на улогата на оние македонски феддералисти кои учествуваа во формирањето на левоориентираната организација ВМРО (обединета) во октомври 1925 година. На крајот се поместени сознанијата кои се однесуваат на внтрешните идејни и политички поларизации во раководството на ВМРО (обединета) и причините за профилирањето на националнофедеративната струја во споменатата организација и нејзиниот однос и контакти со претставници на ВМРО-протогеровистичка.

Сметаме за потребно да го истакнеме пристапот на докторантката кон опстојната анализа на улогата на раководните личности на македонското федеративно движење меѓу двете светски војни. Во овој контекст,

докторантката ги акцентирала клучните идеи, гледишта и ставови на македонските интелектуалци-федералисти: Славчо Ковачев, доктор на правни науки, Павел Шатев - доктор на правни науки, Никола Јуруков - доктор по архитектура, Христо Татарчев - доктор на медицина, Филип Атанасов - доктор на медицина, Христо Далкалчев - доктор на медицина Тодор Паница, Климент Размов и други кои настојувале своите европски сфаќања за правата и слободите на народите во конституирање на нивните држави да ги инкорпорираат и во програмата за решавање на државноста на македонскиот народ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на м-р Мирјана Нинчовска е изработена според теоретско-методолошките постапки во историската наука, со научно-критичен пристап во анализата и оцените на изворите и литературата, со синтези и заклучоци, кои кореспондираат со соодветната научната област. Со успешно применетите методи докторантката успешно ја следела хронолошко-тематската последователност и направила тематски целини кои му даваат на трудот јасност и целовитост. За научната верификација на трудот сведочат големиот број користени изворни архивски документи кои, како примарни сведоштва за процесите, настаните и личностите од историското време за кое станува збор, имаат исклучително значење за еден докторски труд од областа на историската наука.

Изработената докторската дисератација претставува сериозен придонес за македонската историографија и научно сведоштво за исклучително комплицираните внатрешни и меѓународни односи во периодот меѓу двете светски војни, во кои дел од македонските револуционерни и националноослободителни сили настојувале да го дадат својот придонес во профилирањето на македонските државотворни барања и реализирањето на идеалите и стремежите на Македонците за опстојување на Македонија во испреплетените балкански противречности.

Поаѓајќи од исполнетите цели и задачи поставени на стартот на научноистражувачкиот потход и од констатираната научна теоретско-методолошка издржаност на ракописот на трудот, цениме дека тој ги задоволува сите квалитети на една солидно изработена докторска дисертација и со особено задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет да ја прифати нашата рецензија и да ѝ овозможи усна одбрана.

26. 4. 2010 ,

Скопје

Членови на Комисијата

Проф. д-р Даринка Петреска, с.р.
Проф. д-р Методија Манојловски, с.р.
Проф. д-р Зоран Тодоровски, с.р.
Проф. д-р Виолета Ачкоска, с.р.
Доц. д-р Никола Жежов, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје**

на 363 седница на Наставно – научниот совет одржана на 29.04.2010 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | **Ментор** |
|---|---|---|---|
| 1 | Зоран Качески, дипл. град. инж. | Постапка за дефинирање бази на податоци за подземните води во Република Македонија | Проф. д-р Милорад Јовановски, Градежен факултет во Скопје |
| 2 | Александар Дроздовски, дипл. град. инж. | Предлог за реорганизација и подобрување на управувањето со патиштата во Република Македонија | Проф. д-р Валентина Панчовска Жилеска, Градежен факултет во Скопје. |
| 3 | Мирјана Ристеска, дипл. геод. инж | Анализа на вредноста на недвижните имоти при реализацијата на инвестициони проекти | Проф. д-р Јован Јованов, Градежен факултет во Скопје |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА„ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА УРБАНИОТ ПЕЈЗАЖ НА ЈАВНИТЕ ПРОСТОРИ ВО ФУНКЦИЈА НА СОВРЕМЕНОТО ОБЛИКУВАЊЕ И ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АЛЕКСАНДАР АНДОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 17 од Статутот на Институтот за национална историја, член 56 од Правилникот за единствените основи за постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и одлуката бр. 10-16/18 од 12.2.2010 година, формирана е комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Историскиот развој на урбаниот пејзаж на јавните простори во функција на современото обликување и планирање на просторот" од м-р Александар Андовски. Комисијата во состав: проф. д-р Јован Стефановски-Жан, проф. д-р Драги Ѓоргиев, проф. д-р Милан Бошкоски, проф. д-р Пада Јурукова и проф. д-р Надежда Цветковска, има чест на Советот на Институтот за национална историја да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација содржи 172 страници основен текст, вклучувајќи во нив црно бели и колор илустрации, урбанистички шеми, цртежи, таблици и фотографии (вкупно 111 броја), содржи глосар - толковник на одредени поими - зборови за кои авторот смета дека има потреба сам да ги појасни на 4 страници пишан текст и на крајот содржи библиографија со користена литература во најразличен обем, од многубројни познати домашни и странски автори (вкупно 42, напишани на 4 страници).

Вградувањето на културно - историскиот потенцијал разгледуван од просторно-временските аспекти, во архитектонското творештво, претставува неисцрпна област за дискусии, научни истражувања, дисертации и други форми на научни интерпретации.

Од таа причина и значајноста на избраната тема како и значајноста на наведените изводи во темата, не ја губат актуелноста, особено кога се базирани врз методологично точно изградени тези, врз основа на призмата на естетските принципи и врз основа на респект спрема силата на културните традиции во архитектонско - историскиот контекст.

Во горенаведената смисла, може да се разгледува и оценува актуелноста на истражувањето и на претставените тези во дисертациониот труд на м-р архитект Александар Андовски. Тема на неговите истражувања се јавните површини и јавните собиралишта на луѓето, евидентирани во поголемите урбани структури на територијата на денешна Република Македонија. Трудот, се чини, добива повеќе во значење затоа што со истите тие истражувања се опфаќаат повеќе сегменти од просторната слика на овие површини анализирајќи ги од:

социолошко - политички аспект, културен развој и идентичност,техничко - технолошки аспект, инфраструктурен, регионално - географски, профано - религиозен аспект, како и од аспект на традициите, обичаите и градителството на територијата на Р. Македонија.

Дисертацијата е напишана во еден збиен и конспиративен дух, со што се зголемува нејзината вредност и ја прави понасочена, почитлива и пошироко разбирлива.

Во зависност од специфичноста на проучуваната проблематика, изградена е и структурата на докторската дисертација.

Главно, дисертацијата е поделена во 5 дела или (глави) именувани како А, Б, В, Г и Д, строго според дефинираниот метод на едно високо научно истражување. Самата поделба, однапред дава гаранција за успешност во понатамошната ескалација на темата.

Во првата глава„ А" од темата насловена како„ Вовед", авторот во општи црти ја претставува целта на сопственото истражување, неговата лична мотивација и карактерниот културно - историски контекст, поставени во основата на понатамошните теоретски и приложени анализи. Веднаш, на самиот почеток на дисертацијата, станува јасно дека авторот своето истражување на јавните простори ќе го гради врз основа на одредени анализи со историско временски димензии за да стигне до одредени, позитивни и корисни достигнувања кои би помогнале овие простори да имаат свој историски континиум, препознатливост и издржан квалитет.

Како што и самиот автор наведува, истражувањата на јавните површини ќе ги постави врз основа на тези поврзани за денешната урбана слика и недоволната искористеност на постојните простори во контекст со менувањето на навиките на луѓето.

Исто така, во оваа глава, авторот го дефинира јавниот простор и ги објаснува основните поими врз кои ќе го темели понатамошното истражување.

Во втората глава „Б" од дисертацијата насловена како „ Јавниот простор низ историјата" низ VII поднаслови, авторот по сопствен избор, со добро одбран методолошки пристап, ја презентира состојбата на јавните простори низ историјата со што е нагласен еден историски континиум во развојот на урбаниот пејзаж на јавните простори. Во поднасловот „ I" насловен како „Заедничкиот простор разгледуван во светската историја на градовите", во приложени точки „10", презентирани се карактеристични примери од градови и јавни простори низ светската историја на цивилизацијата. Авторот, во точка „ 1", започнува со појавата на првите градови кои ги лоцира пред околу 10.000 години пред нашата ера, па преку сумерските градови во долината на реките Тигар и Еуфрат, преку Агората на Атина и Спарта од VI век пред нашата ера, преку Форумот на Римската Империја, преку јавните простори од средниот век, ренесансните плоштади, преку просторите во класичните градови, преку јавните простори од 19 и 20 век, па се до јавниот простор како виртуелен простор во точка „10", ни претставува внимателно одбрани примери со анализи и осврти применливи за понатамошното истражување.

Иако на места се прават одредени прескокнувања по периоди, историскиот континуитет е задржан, а се чини и појасен и поконкретен.

Јавниот простор во Македонија од праисторијата до 19 век е претставен во поднасловот „II“ од главата „Б“. Во овој дел од дисертацијата, авторот за првпат прави разлика помеѓу опсервирањето на јавниот простор во денешна Република Македонија и еволуирањето на јавните простори на другите западноевропски градови. Истражувањето е насочено од доцна бронзеното време, односно од почетоците на железното време (1200 - 700 година пред нашата ера), со наколните живеалишта во Охрид, продолжува со Хераклеа и Македонското Царство на Филип Втори од IV век пр. н. е, со античките градови, Стоби, Скупи, Лихнидос и нивната развиена инфраструктура, со Византија и развојот на градови-тврдини за кои, за жал, се уште немаме точен евидентиран број (се уште се откриваат), со локалитетот „Давина“ на Скопска Црна Гора, кој авторот посебно го нагласува, па се до Отоманската империја до 19 век. Очигледно е дека бараниот континуитет на градителска традиција на просторите кои се тема на истражувањето, низ целиот овој нагласен период е евидентен. Јавните простори се надоврзуваат, трансформираат и менуваат со секоја измината фаза од историјата. Покомплетно ќе беше доколку авторот навлезеше и подлабоко во историјата, па почетоците ги побараше дури и во неолитот 5000 - 7000 год. пр. н. е, за што има извори од материјалната култура за градителството на овие наши простори (Породинската куќа, Говрлево итн.).

Авторот, со посебен осврт во точка 1, го анализира градот Лихнидос, Охрид, во еден континиум од античкиот период па се до 19 век, хронолошки наведувајќи примери од повеќе периоди. Направена е целосна слика на континуираниот развој на урбаниот пејзаж на јавните простори не само во Охрид туку и пошироко во целиот регион.

Во поднасловот „III“ од глава „Б“, насловена „Јавниот простор во Македонија од 19 век и почетокот на 20 век“, направен е пресек на општествено - политичката положба како и на историските настани директно поврзани со начинот и условите за развој на овие јавни простори, кои, пак, од друга страна влијаеле на крајниот изглед на урбаниот пејзаж. Токму тука, во овој период, крајот на 18 век и почетокот на 19 век, авторот ја детерминира суштинската промена на урбаната слика во градовите на денешна Македонија, со што му дава силен предзнак на идентитетот преку националното созревање и националната преродба. Разгледувајќи ги и анализирајќи ги многубројните наведени реализирани јавни, профани и религиозни објекти во овој период на овие простори, авторот не е далеку од вистината кога вели дека “ ... се појавуваат нови цркви со високи естетски вредности, нови училишни згради, унапредување на урбаната слика во чаршиите ... станбената архитектура доживува ренесанса“. Се чини дека тезата е веќе поставена? Следува ескалацијата ...

Многу е важно да се напомене дека во овој дел, во точка „1“ се анализирани и социолошките особености на македонските градови во 19 век, каде што авторот ја потврдува со свои зборови познатата фраза дека „архитектурата најавтентично го симболизира духот на епохата, тогаш и денешната слика на градовите совршено го оцртуваат духот на нашава епоха“.

Во точка „2" се наведени пишани материјали од странски патеписци, систематски водени по настани, со цел да се овозможи директно осознавање за градовите и селата, за навиките на обичните граѓани, за општествено-политичките прилики отсликани преку обични секојдневни настани и друго.

Со тоа, темата добива поголемо значење, поткрепена со објективна презентација на состојбите од тој период.

Понатаму, во „IV" поднаслов од глава „Б" следува, анализа на јавниот простор во Македонија меѓу двете светски војни. Не навлегувајќи подлабоко во новонастанатите општествено - политички и економски односи, авторот прикажува повеќе примери на реализирани јавни објекти од тој период во Скопје, и потенцира дека ... покрај акцентот врз другите градови во градителската дејност, сепак со овој новоизграден архитектонско-урбанистички опус се менува радикално ликот на Скопје. Преку кино-салите, театрите, Офицерскиот дом, градските плажи, јавните бањи и амами, чаршијата, хотелите и корзото, како јавни простори во Скопје во периодот меѓу двете светски војни, во потточките „а - ж", од точката 1, го опишува на еден едноставен и оригинален начин, јавниот простор во Македонија, со акцент на формирањето на новиот современ пејзаж на јавниот простор. Посебно, пак, во точка „2" од поднасловот„IV", анализиран е урбано - историскиот развој на Скопје во 20 век, каде што авторот ги пронаоѓа првите обиди за урбанизација на градските простори (1890 година).

Историскиот континуитет, во развојот на урбаниот пејзаж на јавните простори, продолжува во поднасловите "V, VI и VII", насловени како„Јавниот простор во Македонија по Втората светска војна",„Јавниот простор во Македонија од 1965 - 1992 година" и „Јавниот простор во Македонија од 1992 до денес". По ист принцип и методолошки пристап, авторот и за овие три одредени периоди прави пресек на општествено - политичките и делумно економско - социолошките односи, поткрепени со многубројни реализирани јавни објекти во Скопје и другите градови низ Републиката. Значајно во овој дел од темата е тоа што авторот веќе слободно се впушта во критични анализи на одделни објекти и урбанистички планови, во кој ги одредува добрите и лошите страни во јавните простори, со предлози и препораки за надминување на пројавените слабости.

Од сето горе образложено во глава„Б" од дисертацијата, може да се забележи еден неспорен историски континуитет во развојот на урбаниот пејзаж на јавните простори на тлото на денешна Република Македонија, историски континуитет многу битен во дефинирањето на традиционалното градителство и културниот идентитет за еден народ.

Железничките станици во Лил, Франција и централниот градски простор низ историјата (под наслов I), јавниот отворен простор во Стразбур (под наслов II) и Примери за интервенција во јавниот простор покрај речните корита во поголемите европски градови (под наслов III) со точките 1 - проектот „Париз -плажи", Париз, Франција и точката 2 - Квартот„Донаустити" во Виена, се делови од главата„В" насловена како Компаративни анализи на светски искуства во планирањето на јавните површини со аналогни домашни содржини во одреден историски интервал". Анализирајќи ги овие неколку карактеристични примери од

европскиот развој на јавните простори, авторот на дисертацијата се обидува со споредбени анализи да направи паралела помеѓу наведените простори со адекватни слични јавни простори во нашето опкружување. Тоа се одредени простори за кои самиот автор вели дека по многу нешта имаат заеднички појдовни основи, слични историски и судбински, а сепак крајниот ефект е сосем различен.

Од овие споредбени или компаративни анализи во развојот на темата, произлегуваат повеќе извадоци, многу експлицитни, многу конкретни и многу значајни не само за потврдување на тезата, туку и во општо за развојот, за третманот и за одржливиот развој на овие јавни простори како и за причините во неадекватниот пристап на решавањето на овие простори кај нас. Би издвоиле само неколку : - интегрирање на новите урбанистички планови во постојната градска структура; - делумното реализирање на урбанистичките планови; - нецелосни пешачки поврзувања во градското ткиво; - начин на имплементација на новите сообраќајни оски; - изнаоѓање нови содржини кои кореспондираат на новите потреби на населението; - подготвеноста на општеството да се жртвува во одредени моменти  и да помогне  во опстојот на градовите, со цел  да се добијат долгорочни резултати во урбаниот развој; - доследност во реализацијата на плановите; - забавуваат на движењето на автомобилите во строгиот центар; - пешаците добиваат позначајно место во градот; - автомобилот да се чувствува непријатно во строгите центри, а не пешакот; - зголемување на општата безбедност во сообраќајот; - добивање нови, поголеми просторни услови за јавна употреба на градскиот простор; - поврзаност на капиталните објекти преку јавни простори, отворени или затворени; - почист воздух и здрава еколошка средина во центарот на градот; - бришење на централните паркинг-места во градот и нивното преадаптирање  во нови атрактивни јавни простори; - користење на сообраќајната структура за велосипедски сообраќај; - озеленување на старите автомобилски линии и поставување нови трамвајски линии за опслужување на целиот град;-  поставување нови пешачки зони на териториите на централното јадро на градовите; - пренасочување на автомобилскиот сообраќај надвор од центрите; - изградба на големи паркинг-центри на крајните трамвајски станици; - зафатите со краткорочен карактер не ги решаваат наметнатите проблеми во целост; - проширувањето улици кои водат до центарот и изградбата на нови катни гаражи не го решаваат сообраќајниот проблем, туку напротив го зголемуваат; - центрите треба да овозможат повеќе простор за јавни содржини, пешачки зони, чисти еколошки простори; - долгорочно решавање на проблемите; - односот кон реката во градовите е од круцијално значење за дефинирањето на една урбана целина; - интегрирање на јавниот простор на речните корита со останатите јавни простори во градот; - проширување на јавните простори околу реката со нови содржини; - интервенирање во делови од градските квартови каде што се губи човечката димензија; - мостот добива значење во симболична и инфраструктурна смисла, зближување на населението од двете страни на градот; - за да завршиме со: - креативно развивање на градот во согласност со потребите и желбите на граѓаните.

Сите погоре наведени извадоци од неколкуте извршени компаративни анализи слободно можат да бидат дел од учебник

применет за урбанизација на градските простори и да претставуваат насоки за понатамошен развој во планирањето на урбаниот пејзаж на јавните простори.

Во главата „Г“ од дисертацијата, насловена како „Услови за непречен развој на јавниот простор и можни решенија“, се прикажани во три подналслови: I - Општите параметри за континуиран развој на јавниот простор, II - Параметри за континуиран развој на јавниот отворен простор во Република Македонија и III - Можни решенија за зголемување на квалитативните вредности на јавниот отворен урбан простор. Тука, авторот конкретно ги систематизира и ги дефинира потребните параметри како предуслови и услови за правилно фукционирање на јавниот простор, параметри неопходни за непречен континуиран развој на заедничките површини во градовите. Се чини дека овој дел од темата во кој се понудени и конкретни можни решенија за зголемување на квалитетот на јавниот урбан простор е и најголемиот придонес на оваа дисертација.

Предложените решенија добиваат повеќе во важност заради тоа што се објективни, реални, функционално - естетски издржливи, а најмногу изводливи.

Во делот насловен „Заклучок“, глава „Д“, од дисертацијата, авторот прави целосна анализа по сите поглавја на сопствениот труд, ги издвојува сите важни сегменти, ги објаснува поставените тези, размисли и идеи за да на крајот произлезе придонесот на темата во контекст на развојот на урбаниот пејзаж на јавните простори. Исто така, дадени се и нови насоки: управувањето на просторот, проектирањето на јавниот простор, континуитетот во временска смисла на користење на јавните површини, квалитетот на јавниот простор итн.

Разбирајќи ја многу комплексната и сложена темата на сопствената дисертација, авторот на крајот барајќи одговор сам си ги поставува прашањата: Дали постојат рецепти за правилно интервенирање во секој урбан простор? Дали е можно со една листа обработени параметри да се имплементира на каква било локација од некој отворен заеднички простор? Авторот интимно верува во еден општ систем на вредности, безвремен, безпросторен и универзално применлив, во сето она што како наследство го носиме уште од нашите најдалечни предци, во логичниот историски развој, во материјалниот развој, техничко - технолошките усовршувања на човековата еволуција и потребите на човекот кои со текот на времето се множат, се развиваат и оставаат одреден архитектонско - урбанистички печат како сведок за одредена историска епоха.

Цитат: „Нашата должност и обврска е да го овозможиме **континуитетот** на јавните простори, затоа што тој континиутет на историски обележја од минатото се нашето културно наследство“.

Тоа е порака за сите творци и учесници во планирањето и реализацијата на ваквите простори, тоа е порака за почит и доследна примена на нашата градителска традиција.

**Заклучок:**

Дисертациониот труд на кандидатот м-р. арх. Александар Андовски, насловена како Историски развој на урбаниот пејзаж на јавните простори во функција на современото обликување и планирање

на просторот", во целосниот негов приказ на: приложена методологија, споредбени анализи, основниот илустративен материјал, примерите од архитектонско - урбанистичката практика, несомнено е лично авторско дело на докторандот. Тоа е и убедителен доказ за еден исклучителен творечки потенцијал на авторот и за неговата широка едуцираност во професионалната област.

Погоре разгледаните и анализирани основни истражувања во дисертационата разработка имаат реални теоретски и научно приложени придонеси и резултати. Дисертациониот труд одговара на современите барања и квалитети на еден научен труд во приложената област, труд за добивање научно звање доктор на науки. Тоа ни дава основа, без колебање, да му предложиме на Советот на Институтот да му овозможи одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Јован Стефановски-Жан с.р.

Проф. д-р Милан Бошкоски с.р.

Проф. д-р Драги Ѓоргиев с.р.

Проф. д-р Нада Јурукова с.р.

Проф. д-р Надежда Цветковска с.р.

# ПРЕГЛЕД
## на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје

на 363 седница на Наставно – научниот совет одржана на 29.04.2010 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | **Ментор** |
|---|---|---|---|
| 1 | Зоран Качески, дипл. град. инж. | Постапка за дефинирање бази на податоци за подземните води во Република Македонија | Проф. д-р Милорад Јовановски, Градежен факултет во Скопје |
| 2 | Александар Дроздовски, дипл. град. инж. | Предлог за реорганизација и подобрување на управувањето со патиштата во Република Македонија | Проф. д-р Валентина Панчовска Жилеска, Градежен факултет во Скопје. |
| 3 | Мирјана Ристеска, дипл. геод. инж | Анализа на вредноста на недвижните имоти при реализацијата на инвестициони проекти | Проф. д-р Јован Јованов, Градежен факултет во Скопје |

# П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на магистерски труд на **Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Аземина Машовиќ | "Специфичности на контролата во спроведувањето на стратегијата на мултинационалните компании" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Костадинка Стефанова | "Неопходност од внатрешно (корпорациско) претприемништво – случајот на ДПТУ Бучим" | акад.проф.д-р Таки Фити |
| Стефан Куковски | "Процесно базиран модел на електронска влада во Република Македонија" | проф.д-р Сашо Јосимовски |
| Дејан Блажевски | "Развиеноста на финансискиот систем и ефикасноста на монетарната политика со посебен осврт на Република Македонија" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Тони Мирчески | "Надгледување на платните системи и дефинирање на стратегиски пристап за развој на националниот платен систем" | проф.д-р Живко Атанасовски |
| Стефан Волкановски | "Влијание на перцепцијата врз однесувањето на потрошувачите при купување на луксузни производи" | проф.д-р Снежана Р. Јовановска |
| Славчо Терзиоски | "Маркетинг стратегии за промоција на електронското банкарство" | проф. д-р Снежана Р. Јовановска |
| Андреа Станковиќ | "Задоволството на потрошувачите и нивната лојалност на пазарот за мобилна телефонија во Република Македонија" | проф. д-р Анита Ц. Шулеска |
| Сања Тевдовска | "Стратегии за унапредување на продажбата во индустријата за млеко и млечни производи" | проф. д-р Нада Секуловска |

| | | |
|---|---|---|
| Размена Чекиќ Дуровиќ | "Соработката на Република Македонија со финансиските институции на Европската Унија со посебен осврт на енергетскиот сектор" | проф. д-р Љубе Трпески |
| Соња Дишлијевска | "Формализирање на процесот на бизнис интелегенција (разузнавање)" | проф. д-р Љубомир Дракулевски |

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ *ГРАМАТИКА НА ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК* И *ИСТОРИЈА НА ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК* НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата редовна седница избра Рецензентска комисија во врска со пријавата од д-р АЛЕКСАНДРА САРЖОСКА на конкурсот објавен во *Утрински весник* од 6.4.2010 година, за избор на еден наставник (во сите звања) по предметите *граматика на италијанскиот јазик* и *историја на италијанскиот јазик*. Рецензентската комисија, во состав: д-р Патриција Мацота, редовен професор на Универзитетот во Бари, Италија, д-р Јулијана Вучо, вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот во Белград, Србија, и д-р Звонко Никодиновски, редовен професор, по увидот во доставениот материјал на Наставно-научниот совет му го предлага следниов

## ИЗВЕШТАЈ

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Александра Саржоска е родена на 18.5.1963 година во Скопје. Основно образование учела во Милано, Скопје и Истанбул. Средното образование го започнала во Берлин, а го завршила во Скопје. Во учебната 1981/82 година се запишала на Филолошкиот факултет во Скопје, на групата романски јазици и книжевности – француски јазик и книжевност со италијански јазик и книжевност како втор главен предмет. Студиите ги завршила во 1985 година со просечна оценка 9,58 и била избрана за еден од десетте најдобри студенти на генерацијата.

Во периодот од 15.2.1987 до 15.2.1988 година работела како стажант на Катедрата за романски јазици и книжевности. Во текот на стажирањето изработила стажантски труд под наслов: *Италијанизмите во македонскиот јазик.*

Од 15.2.1989 е вработена како помлад асистент по предметот италијанска граматика и италијанска книжевност.

Своето постдипломско научно усовршување го започнала најпрвин на Филолошкиот факултет во Белград, на одделот *Наука за јазикот*, кадешто ги положила следниве испити: техника на научната работа, методологија на научната работа, општа лингвистика и странски јазик.

Натамошното усовршување го продолжила на Филолошкиот факултет во Скопје, на постдипломските студии по романски јазици. Откако ги положила диференцијалните испити (романска лингвистика, просек на положени испити на постдипломски студии 9,25) во 1994 година ја пријавила магистерската теза под наслов: *Италијанизмите во македонскиот јазик* што ја работела под менторство на проф. д-р Петар Атанасов и ја одбранила во 1996.

По одбраната на магистерската тема, во мај 1997 била избрана за асистент по предметот италијанска граматика и италијанска книжевност.

Во 2003 г., на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, пријавила тема за изработка на докторска дисертација под наслов: *Италијанскиот јазик во средствата за масовна комуникација,* што ја работела под менторство на проф. д-р Петар Атанасов. Докторската дисертација ја одбранила во јуни 2005.

Во октомври 2005 е избрана за доцент по предметот граматика на современиот италијански јазик.

За постигнувањата во доменот на ширење на италијанскиот јазик и култура, на д-р Александра Саржоска ѝ е доделено на 13.1.2010 година одликувањето Орден за посебни

заслуги за развојот на италијанската култура *Cavaliere dell'Ordine della Stella della solidarietà italiana*, што го доделува претседателот на Република, Италија.

2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

**1. Одржување настава:** Во рамките на првиот циклус студии, од изборот во звањето доцент, д-р Александра Саржоска држела настава по следниве предмети: *морфологија на италијанскиот јазик со основи на фонетика* (зимски), *морфологија на италијанскиот јазик 2* (летен), *морфологија на италијанскиот јазик 3* (зимски), *морфологија на италијанскиот јазик 4* (летен), *синтакса на италијанскиот јазик 1,2* (зимски, летен), *лексикологија на италијанскиот јазик* (зимски), *социолингвистика на италијанскиот јазик* (летен), *историја на италијанскиот јазик 1,2* (зимски-летен).

Во рамките на вториот циклус студии, на постдипломските студии *Наука за јазикот* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје во учебната 2008-2009, д-р Саржоска учествувала во изведувањето на наставата во рамките на специјалниот курс по романска лингвистика, со 15 часа на тема: Стратификација на современиот италијански јазик.

**2. Консултации со студенти:** Во последните 10 години, вкупниот број на запишани студенти на групата за италијански јазик и книжевност се движи во просек околу 100 студенти. Во текот на еден семестар бројот на студенти со кои д-р Саржоска имала консултации се движи во просек околу 250-300 студенти.

**3. Ментор на дипломска работа:** Според новите наставни планови и програми кои се актуелни на нашиот Факултет, за студентите се предвидува изработка и одбрана на дипломска работа. Досега д-р Саржоска била ментор на 8 дипломски работи што ги изработуваат студентите по италијанистика на нашиот Факултет, како и член во 10 комисии за нивна одбрана.

**4. Член на комисија за оцена или одбрана на докторат:** Во периодот 2006-2010, д-р Саржоска била член на 2 комисии за оцена и одбрана на докторат, и тоа на: м-р Радица Никодиновска и м-р Лучана Гуидо-Шремпф.

**5. Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура:** Во периодот од 2006-2010 била член на 2 комисии за оцена и одбрана на магистратура, и тоа на: Руска Иванова Наскова и Кристина Ангеловска.

**6. Позитивно рецензиран универзитетски учебник:** Во периодот 2006-2010, позтивно е оценет и отпечатен учебникот *La sintassi dell'italiano*, од авторите Нели Раданова и Александра Саржоска, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески", 2007, стр.193, за потребите на студентите по италијанистика.

**7. Рецензент на универзитетски учебници и прирачници:** Д-р Александра Саржоска во 2008 ги рецензирала следниве монографски трудови: *Дидактика и евалуација на преведувањето од италијански јазик на македонски јазик и обратно* на д-р Радица Никодиновска (издавач: Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје, 2009) и *Романизмите во македонскиот јазик* на д-р Мирјана Алексоска Чкатроска (издавач: Филолошки Факултет „Блаже Конески" – Скопје, во печат).

3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

**1. Ментор на докторска дисертација:** Во моментов д-р Саржоска е ментор на докторската дисертација под наслов *Вредносни системи на пословиците во италијанскиот и во македонскиот* јазик, што ја изработува м-р Дијана Никодиновска.

**2. Ментор на магистерска работа:** Таа е ментор на следниве две магистерски работи: 1. магистерската што ја изработува Наташа Воиновска и 2. *Лексичко-семантичка анализа на жаргонскиот израз на младите* во *Италија*, што ја изработува Весна Петрова.

**3. Учесник во меѓународен научен проект:** Во наведениот период од изборот во звањето, доцент д-р Саржоска учествувала во следниве проекти: 1. Tempus project: JEP 18101-2003. *New Curriculum Model for Italian Studies* и 2. *Dizionario degli italianismi*, a cura di Luca Serianni, UTET, Italia (меѓународен проект, во изработка, под наслов „Речник на италијанизмите"). Работа на проектот предложен од италијанската издавачка куќа УТЕТ под раководство на проф. Лука Серијани под наслов: Gli italianismi nel mondo (Италијанизмите во светот).

**4. Монографија:** Во 2009 година излезе од печат монографијата на д-р Александра саржоска под наслов *Италијанизмите во македонскиот јазик*, Универзитет „Св.Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2009, 124 стр.

**5. Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Во наведениот период таа ги објавила следниве трудови: „Судбината на италијанскиот јазик во образовниот систем на Република Македонија", *Литературен збор*, 4-5, Скопје, 2005; "L'italiano scelto dai giovani come investimento per il futuro", *Il mondo in italiano Società Dante Alighieri*, Annuario 2006, a cura di P. Peluffo e L. Serianni, Roma 2006 pp. 271-276; „Le scuole macedoni prime nell'insegnamento dell'italiano„ intervista in DA Pagine della Dante, *Società Dante Alighieri, Il mondo in italiano,* Anno LXXX-Serie 3-n.4, Roma, 2008.

**6. Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Во наведениот период таа ги објавила следниве трудови: „Италијанскиот јазик на телевизијата", *Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"*, Скопје, бр.30, 2004-2005, стр.43-53.; Експозе на докторскиот труд „Италијанскиот јазик во средствата за масовна комуникација", *ANNUAL, 60 години Филолошки факултет, Јубилеен годишен зборник*, Скопје, 2006, Книга 32, I, стр. 477-481.; Библиографија на научно-стручни трудови, 1996-2006, *ANNUAL, 60 години Филолошки факултет, Јубилеен годишен зборник*, Скопје, 2006, Книга 32, II, стр. 199-201.; "Nuove tendenze e nuovi curricula nell'insegnamento della lingua e della grammatica italiana presso la Facoltà di Filologia "Blaze Koneski" di Skopje. Sistema europeo ECTS", 2006, 22 giugno, Facoltà di Filologia "Blaze Koneski", Skopje, Macedonia in *Atti dei seminari* Tempus Jep 18101-2003, Tempo d'Incontro a cura di A. Gjurcinova e V. Zaccaro, Skopje, 2007 pp.19-22.; "La traduzione nell'ambito dei nuovi curricula all'Università di Skopje", *Seminario internazionale sulla traduzione*, Progetto Europeo Tempus New Curriculum Model For Italian Studies, Bari –Taranto 30 maggio-1 giugno 2006, *Atti dei seminari* Tempus Jep 18101-2003, Tempo d'Incontro a cura di A. Gjurcinova e V. Zaccaro, Skopje, 2007, pp. 282-294. ; "I nuovi curricula proposte per un nuovo modello di Studi Italiani", *Studi italiani e il sistema universitario europeo, Presentazione del Progetto Tempus, Atti dei seminari* Tempus Jep 18101-2003, Tempo d'Incontro a cura di A. Gjurcinova e V. Zaccaro, Skopje, 2007, pp. 332-338.; „Политичката терминологија во италијанските дневни весници", *Симпозиум по повод 60 години постоење на Филолошкиот факултет„"Блаже Конески" во Скопје*, 18-19.12.2006, во печат.; „За некои кратенки во италијанскиот и во францускиот јазик и нивната примена во наставата по странски", заедно со Мира Трајкова, *Меѓународен научен собир по повод 50 години италијански студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"*, Скопје, 29-30.10.2009 (во печат).

**7. Пленарно предавање на научен/стручен собир:** "Italinicità e media nei paesi dell'Europa Sud-Orientale", *Convegno di studi promossi della Comunità Radiotelevisiva*

*Italofona ospite della Radiotelevisione Albanese RTSH,* Tirana 16-18 ottobre 2008 (partecipazione al panel di confronto: Prospettive della lingua e della cultura italiana nei Paesi dell' Europa sud–orientale: come operare e come migliorare?) *L'italiano di fronte, Atti del seminario della Comunità radiotelevisiva italofona, VIII Settimana della lingua italiana nel mondo*, a cura di Loredana Cornero, Rai ERI, pp.109-110.; „Италијанските студии од почетоците до денес", *50 години италијански студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"* , Скопје, 29-30.10.2009 (во печат).

4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

**Дејности од поширок интерес**

1. **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание:** 2007, член на Редакциски одбор *Време на средби*, Зборник на трудови од семинарите на проектот „Темпус", Јер 18101-2003.

2. **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир:** 2007 - член на организационен одбор по повод организирањето на научниот собир *10 години италијанистика* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

3. **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир:** 2009 - член на организационен одбор по повод организирањето на научниот собир *50 години лекторат по италијански јазик на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.*

4. **Студиски престој во странство:** Во наведениот период, д-р Александра Саржоска ги реализирала следниве студиски престои во странство: 2006, Универзитет Аристотелес, Солун-Грција, Катедра за италијански јазик, учество на семинарот одржан во рамките на проектот „Темпус": *New Curriculum model for italian studies,* под наслов „Новите технологии во наставата по странски јазици"; 2006, Универзитет Бари –Италија (март-арил), стипендија (едномесечна) во рамките на проектот *New Curriculum model for italian studies*; 2006, мај, Универзитет Лече-Италија, VI Convegno Internazionale sui diritti umani, Deboli e Indifesi nella società multiculturale europea, Lecce 29-30 maggio 2006, Circeos, Università degli Studi di Bari, Università degli studi di Lecce; 2006, мај-јуни Универзитет Бари-Таранто, Италија, Seminario internazionale sulla traduzione, Progetto Europeo Tempus, *New Curriculum model for italian studies,* Bari-Taranto: 30 maggio-1 giugno 2006; 2006, Католички универзитет Ајштад-Германија престој на Католичкиот универзитет во Ајштад – Германија, во рамките на Темпус – проектот, Новите курикулуми и наставата по италијански јазик (една недела).

5. **Продекан:** Д-р Саржоска е актуелен продекан за финансии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје во вториот нејзин мандат, а првпат на таа функција била избрана на 1.10.2007.

6. **Член на факултетски комисии:** Во рамките на Факултетот била член на повеќе стручни и технички комисии на ниво на Филолошки факултет, меѓу кои и член на Централната комисија за прием на студенти (2008-2009), Член на комисијата за приговори за упис (2009-2010), претседател и член на Комисијата за јавни набавки на ФЛФ.

7. **Член на комисија за избор во звање:** Во периодот 2006-2010 била повеќепати член и рецензент во комисии за избор и реизбор во звања, и тоа: на д-р Радица Никодиновска, за избор за виш лектор и за избор во звањето доцент; на д-р Лучана Гуидо-Шремпф, за избор за виш лектор и за избор во звањето доцент; на м-р Руска Иванова Наскова, за избор за помлад асистент и за избор во звањето асистент; на Лилјана

Узуновиќ, за избор во звањето лектор; на Валентина Милошевиќ, за избор во звањето лектор; на м-р Дијана Никодиновска, за избор во звањето помлад асистент на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип; на м-р Кристина Ангеловска, за избор во звањето лектор на ФОН; на м-р Катерина Сековска, за избор во звањето лектор на ФОН; на Наташа Воиновска, за избор во звањето лектор на ФОН.

8. **Координатор на студиска програма:** Во периодот 2006-2008, д-р Саржоска била ЕКТС - координатор на студиската програма за групата по италијански јазик и книжевност.

9. **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.):** Д-р Александра Саржоска учествувала во подготовка на наставните планови и програми за изучување на италијанскиот јазик како странски во средното и основното образование во Р. Македонија и досега има учествувано (заедно со д-р Никодиновска) во изработката на следниве програми: за прва и втора година средно образование, како трет странски јазик и за сите 4 години гимназиско образование како странски јазик) и за 6,7,8 одделение основно образование, се со цел активно воведување на италијанскиот јазик во основните и средните училишта низ Р.Македонија (во 13 средни училишта и 3 основни училишта се изучува италијанскиот јазик).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Александра Саржоска е наставник кој целото свое универзитетско образование го стекнала на Филолошкиот факултет, на Катедрата за романски јазици и книжевности. И таа, напоредно со развивањето на студиите по италијански јазик и книжевност, созреваше во своето усовршување.

Од наведените активности во извештајот се гледа дека д-р Александра Саржоска се профилира во истакнат професор по италијански јазик, кој развива повеќестрана активност: наставна, научна и стручна дејност во организирање и промовирање на италијанистиката во Р. Македонија. За сите наведени активности, салдото на освоени поени на д-р Саржоска изнесува 156,63 поени, речиси четирипати повеќе од неопходниот број поени.

Својата успешна додипломска наставна дејност, д-р Саржоска ја продолжува на постдипломските, а наскоро и на докторските студии по италијански јазик. Освен тоа, д-р Александра Саржоска пројавува високи организациски способности во организирање на групните работи на Филолошкиот факултет.

Земајќи ги предвид наведените стручни, научни, дидактички и организациски квалитети, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, да ја избере д-р Александра Саржоска во звањето вонреден професор по предметите *граматика на италијанскиот јазик* и *историја на италијанскиот јазик.*

Рецензентска комисија

1. Д-р Патриција Мацота, редовен професор, с.р.
2. Д-р Јулијана Вучо, вонреден професор, с.р.
3. Д-р Звонко Никодиновски, редовен професор, с.р.

ПРИЛОГ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО- НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Саржоска Александра

**Институција:** Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје

**Научна област:** италијанска лингвистика, граматика на современиот италијански јазик и историја на италијанскиот јазик.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување настава (од прв циклус студии), 2006-2007<br>Морфологија на современиот италијански јазик со основи на фонетика 1, зимски, 2+0<br>Морфологија на современиот италијански јазик 2, летен, 2+0<br>Морфологија на современиот италијански јазик 3, зимски, 2+0<br>Морфологија на современиот италијански јазик 4, летен, 2+0<br>Синтакса на современиот италијански јазик 1, зимски, 0+2<br>Синтакса на современиот италијански јазик 2, летен, 0+2<br>Лексикологија на современиот италијански јазик 1, зимски, 2+2<br>Социолингвистика на современиот италијански јазик 2, летен, 2+2 | 1,2<br>1,2<br>1,2<br>1,2<br>0,9<br>0,9<br>2,1<br>2,1 |
| | Одржување настава (од прв циклус студии), 2007-2008<br>Морфологија на современиот италијански јазик со основи на фонетика 1, зимски, 2+0<br>Морфологија на современиот италијански јазик 2, летен, 2+0<br>Морфологија на современиот италијански јазик 3, зимски, 2+0<br>Морфологија на современиот италијански јазик 4, летен, 2+0<br>Синтакса на современиот италијански јазик 1, зимски, 0+2<br>Синтакса на современиот италијански јазик 2, летен, 0+2<br>Лексикологија на современиот италијански јази 1, зимски, 2+2<br>Социолингвистика на современиот италијански јазик 2, летен, 2+2 | 1,2<br>1,2<br>1,2<br>1,2<br>0,9<br>0,9<br>2,1<br>2,1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Одржување настава (од прв циклус студии), 2008-2009<br>Морфологија на современиот италијански јазик со основи на фонетика 1, зимски, 2+0<br>Морфологија на современиот италијански јазик 2, летен, 2+0<br>Морфологија на современиот италијански јазик 3, зимски, 2+0<br>Морфологија на современиот италијански јазик 4, летен, 2+0<br>Лексикологија на современиот италијански јази 1 зимски 2+2<br>Социолингвистика на современиот италијански јазик 2, летен, 2+2 | 1,2<br>1,2<br>1,2<br>1,2<br>2,1<br>2,1 |
| | Одржување настава (од прв циклус студии), 2009-2010<br>Морфологија на современиот италијански јазик со основи на фонетика 1, зимски, 2+0<br>Морфологија на современиот италијански јазик 2, летен, 2+0<br>Морфологија на современиот италијански јазик 3, зимски, 2+0<br>Морфологија на современиот италијански јазик 4, летен, 2+0<br>Синтакса на современиот италијански јазик 1, зимски, 0+2<br>Синтакса на современиот италијански јазик 2, летен, 0+2<br>Лексикологија на современиот италијански јазик 1, зимски, 2+0<br>Социолингвистика на современиот италијански јазик 2, летен, 2+0<br>Историја на италијанскиот јазик 1, зимски, 2+0<br>Историја на италијанскиот јазик 2, летен, 2+0 | 1,2<br>1,2<br>1,2<br>1,2<br>0,9<br>0,9<br>2,1<br>2,1<br>1,2<br>1,2 |
| 2. | Одржување настава ( од втор циклус студии) 1 х 15 часа во еден семестар х0,05 | 0,75 |
| 3. | Настава во летни школи и работилници: учесник на 6 семинари во земјата х 1 | 6 |
| 4. | Консултации со студенти:<br>2006-2007, просечно 100<br>2007-2008, просечно 70<br>2008-2009, просечно 100<br>2009-2010, просечно 70 | 0,2<br>0,14<br>0,2<br>0,14 |
| 5. | Ментор на дипломска работа: 8 дипломски работи х 0,2 | 1,6 |
| 6. | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа: 10 х 0,1 | 1 |
| 7. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат: 2 х 0,5 | 1 |
| 8. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура: 2 х 0,3 | 0,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник (коавтор): *La sintassi dell'italiano*, Нели Раданова, Александра Саржоска, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески", 2007, стр.193. | 8 |
| 10. | Рецензент на универзитетски учебник: 2 x 1 | 2 |
| | Вкупно: | 65,83 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерска работа: 2 x 1 | 2 |
| 2. | Ментор на докторска дисертација: 1 x 3 | 3 |
| 3. | Учесник во национален научен проект: 2 проекта x 3 | 6 |
| 4. | Учесник во меѓународен научен проект 2 проекта x 5 | 10 |
| 5. | Монографија: *Италијанизмите во македонскиот јазик*, А. Саржоска, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје, 2009-124 стр.; 24 см. | 8 |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: 1 труд во списанието *Литературен збор*, 1 труд x 4 поени | 4 |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во меѓународно научно/стручно списание: 2 труда x 6 поени | 12 |
| 8. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник од научен/стручен собир: 4 труда објавени во зборниците на Филолошкиот факултет, 3 труда објавени во зборникот Atti dei seminari Tempus Jep 18101, 7x 2 | 14 |
| 9. | Пленарно предавање на научен/стручен собир: 1 предавање x 1 | 1 |
| 10. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | меѓународно учество: 1 предавање x 3 | |
| 11. | Учество на научен/стручен собир со реферат 1 | 1 |
| | Вкупно: | 64 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание 1x 0,5 | 0,5 |
| 2. | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание: 1 x1 | 1 |
| 3. | Член на организационен или програмски одбор за научен-стручен собир: 2 x 0,5 | 1 |
| 4. | Член на организационен или програмски одбор за меѓународен научен-стручен собир: 1 x 1 | 1 |
| 5. | Студиски престој во странство: 4 x 0,5 ( стипендии и семинари) | 2 |
| 6. | Продекан ( избрана во 2007-2009, а во 2009- реизбрана ) | 4 |
| 7. | Член на факултетска комисија: член на 5 комисии x 0,5 | 2,5 |
| 8. | Член на комисии за избор во звања: член на 9 комисии x0,2 | 1,8 |
| 9. | Координатор на студиска програма: во еден мандатен период, координатор на студиска програма - 1 x 4 = 4 и еден мандат, интитуционален ЕКТС-координатор - 1 x 1 = 1 | 4<br>1 |
| 10. | Подготовка на национални документи (подготовка на наставни планови и програми за основно и средно образование за изучување на италијанскиот јазик како странски). | 2 |
| 11. | Член на Комисијата за проверка на знаењето за странски | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | јазик на кандидатите за судски преведувачи ( за италијански јазик) при Министерството за правда на Р. Македонија. | |
| 12. | Државна награда за научни постигнувања ( високо одликување од претседателот на Р. Италија). | 5 |
| | Вкупно: | 26,8 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ - **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 65,83 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 64 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 26,8 |
| Вкупно: | 156,63 |

Членови на Комисијата

1. Д-р Патриција Мацота, редовен професор, претседател, с.р.
2. Д-р Јулијана Вучо, вонреден професор, член, с.р.
3. Д-р Звонко Никодиновски, редовен професор, член, с.р.

# REVIEW

FOR THE ELECTION OF ASSOCIATE PROFFESOR FOR THE SUBJECTS

*ITALIAN LANGUAGE GRAMMAR AND ITALIAN LANGUAGE HISTORY*

AT THE BLAZE KONESKI FACULTY OF PHILOLOGY - SKOPJE

At its regular session, the Teaching-Scientific Council of the Blaze Koneski Faculty of Philology - Skopje established a review commission with regard to the application of ALEKSANDRA SARZOSKA, PhD, for the competition published in the *Utrinski vesnik* daily on April 6, 2010, for the election of a single professor (joint title) for the subjects *Italian Language Grammar* and *Italian Language History*. The review commission, comprising Patrizia Mazota, PhD, full professor at the University of Bari, Italy, Julijana Vuco, PhD, associate professor at the Faculty of Philology of the University of Belgrade, Serbia and Zvonko Nikodinovski, PhD, full professor, upon the appraisal of the submitted material the Teaching-Scientific Council shall propose the following

# REPORT

## 1. BIOGRAFICAL INFORMATION

Aleksandra Sarzoska, PhD, was born on Novembre 1, 1963 in Skopje. She received her primary educaiton in Milan, Skopje and Istanbul. She started her secondary education in Berlin, and she completed it in Skopje. In the school year 1981/82, she enrolled in the Skopje Faculty of Philology, at the Romance Languages and Literatures Department, and her major was French Language and Literature, while her minor was Italian Language and Literature. She graduated in 1985 with an average of 9.58, and she was proclaimed one of the top ten students in the class.

Between February 15, 1987 and February 15, 1988, she worked as a teaching assistant at the Department of Romance Languages and Literatures. During her term as a teaching assistant, she completed a research paper entitled *Italianisms in Macedonian*.

On February 15, 1989, she was employed as a junior assistant professor in Italian Grammar and Italian Literature.

She began her postgraduate academic career at the Faculty of Philology in Belgrade, at the *Department of Linguistic Science,* where she passed the following exams: Scientific Work Techniques, Scientific Work Methodology, General Linguistics and Foreign Language.

She continued her academic career at the Skopje Faculty of Philology, at the postgraduate program in Romance Languages. After passing the differential exams (Romance Linguistics, with an exam average of 9.25 in the postgraduate program), in 1994, under the guidance of professor Petar Atanasov, PhD, she submitted an MA thesis entitled *Italianisms in Macedonian* which she defended in 1996.

In 1997, after defending her MA thesis, she was elected as an assistant professor in Italian Language Grammar and Italian Literature.

In 2003, at the Blaze Koneski Faculty of Philology, Skopje, she submitted a doctoral dissertation entitled *Italian in the Means of Mass Communication*, under the guidance of professor Petar Atanasov, PhD. She defended her doctoral thesis in June 2005.

In October 2005 she was appointed docent in Modern Italian Grammar.

On January 13, 2010, the President of the Republic of Italy awarded Aleksandra Sarzoska, PhD, *the Order of the Star of Italian Solidarity* for her achievements in the area of spreading the Italian language and culture.

## 2. TEACHING AND EDUCATIONAL ACTIVITY

**1. Teaching:** In the undergraduate program, since she was appointed docent, Aleksandra Sarzoska, PhD, has taught the following courses: *Morphology of Italian and Basics of Phonetics* (winter semester), *Morphology of Italian 2* (summer semester), *Morphology of Italian 3* (winter semester), *Morphology of Italian 4* (summer semester), *Italian Syntax 1, 2* (winter and summer semesters), *Italian Lexicology* (winter semester), *Italian Sociolinguistics* (summer semester), *History of the Italian Language 1, 2* (winter and summer semesters).

In the school year 2008/2009, within the second study cycle, at the *Science of Language* postgraduate program offered at the Blaze Koneski Faculty of Philology in Skopje, Sarzoska PhD held a special, 15-class course in Romance linguistics on *Stratification of the Modern Italian Language.*

**2. Office hours with students:** In the last 10 years, the average number of students at the Italian Language and Literature Department totals approximately 100. During the course of a single semester, an average of 250-300 students consult with Sarzoska PhD.

**3. Undergraduate theses advisor:** According to the latest curricula and programs at our faculty, the students will also be required to prepare and defend an undergraduate thesis. So far, Sarzoska PhD has acted as thesis advisor for 8 undergraduate theses and has been a member of 10 examining committees for the defense of undergraduate theses written by Italian Department students at our faculty.

**4. Member of doctorate dissertation examining committees:** Between 2006 and 2010, Sarzoska PhD has been a member of 2 doctorate dissertation examining committees, that of Radica Nikodinovska, MA and Luciana Guido-Srempf, MA.

**5. Member of MA thesis examining committees:** Between 2006 and 2010, professor Sarzoska, PhD has been a member of 2 MA thesis examining committees, that of Ruska Ivanova Naskova and Kristina Angelovska.

**6. A favorably reviewed university textbook:** Between 2006 and 2010, the textbook *La sintassi dell'italiano* received favorable reviews and was consequently published. The textbook was written by Neli Radanova and Aleksandra Sarzoska and was published by the Ss. Cyril and Methodius University - Skopje, Blaze Koneski Faculty of Philology in 2007, it has 193 pages and it is designed to meet the needs of the Italian Department students.

**7. Reviews of university textbooks and guidebooks:** In 2008, Aleksandra Sarzoska, PhD, reviewed the following monographs: *Didactics and Evaluation of Italian to Macedonian and Macedonian to Italian Translation* by Radica Nikodinovska, PhD (publisher: Blaze Koneski Faculty of Philology, Skopje, 2009) and *Terms from Romance Languages in Macedonian* by Mirjana Aleksoska Ckatroska, PhD (publisher: Blaze Koneski Faculty of Philology, Skopje - currently in print).

3. SCIENTIFIC AND RESEARCH ACTIVITY

**1. Doctoral dissertation advisor:** At the moment, Sarzoska PhD is a doctoral dissertation advisor for the dissertation entitled *The Value Systems of Italian and Macedonian Proverbs* by Dijana Nikodinovska, MA.

**2. MA thesis advisor:** She is an advisor for the following two MA theses: 1. The MA thesis which is being written by Natasa Voinovska and 2. *Lexical-Semantic Analysis of the Colloquial Expression of the Young People in Italy*, which is being written by Vesna Petrova.

**3. International scientific project participation:** In the period since she was appointed docent, Sarzoska PhD has participated in the following projects: 1. Tempus project: JEP 18101-2003. *New Curriculum Model for Italian Studies* и 2. *Dizionario degli italianismi*, a cura di Luca Serianni, UTET, Italia (an ongoing international project entitled *Dictionary of Italianisms*). Work on the project proposed by the UTET publishing company from Italy, headed by professor Luca Seriani, entitled Gli italianismi nel mondo *(Italianisms in the World)*.

**4. Monograph:** In 2009, the monograph entitled *Italianisms in Macedonian* by Aleksandra Sarzoska, PhD was published by Sts. Cyril and Methodius University, Blaze Koneski Faculty of Philology, Skopje 2009, and it has 124 pages.

**5. A paper which has produced unique scientific results published in a scientific/professional journal:** In the aforementioned period, she has published the following papers: The Fate of Italian in the Educational System in the Republic of Macedonia, *Literaturen Zbor, 4-5,* Skopje, 2005; "L'italiano scelto dai giovani come investimento per il futuro", *Il mondo in italiano Società Dante Alighieri*, Annuario 2006, a cura di P. Peluffo e L. Serianni, Roma 2006 pp. 271-276; „Le scuole macedoni prime nell'insegnamento dell'italiano,, intervista in DA Pagine della Dante, *Società Dante Alighieri, Il mondo in italiano,* Anno LXXX-Serie 3-n.4, Roma, 2008.

**6. A paper which has produced unique scientific/professional results, published in proceedings of scientific/professional conferences:** In the aforementioned period, she has published the following papers: Italian Language on TV, *Annual Anthology of the Blaze Koneski Faculty of Philology, 30, 43-53,* Skopje, 2004/2005; Presentation of the doctoral dissertation Italian the Means of Mass Communication, *ANNUAL, 60$^{th}$ Anniversary Edition of the Annual*

*Anthology of the Faculty of Philology*, Book 32, I, 477-481, Skopje 2006; Bibliography of Scientific-Professional Papers 1996-2006, *ANNUAL, 60^th^ Anniversary Edition of the Annual Anthology of the Faculty of Philology*, Book 32, II, 199-201, Skopje 2006; "Nuove tendenze e nuovi curricula nell'insegnamento della lingua e della grammatica italiana presso la Facoltà di Filologia "Blaze Koneski" di Skopje. Sistema europeo ECTS", 2006, 22 giugno, Facoltà di Filologia "Blaze Koneski", Skopje, Macedonia in *Atti dei seminari* Tempus Jep 18101-2003, Tempo d'Incontro a cura di A. Gjurcinova e V. Zaccaro, Skopje, 2007 pp.19-22.; "La traduzione nell'ambito dei nuovi curricula all'Università di Skopje", *Seminario internazionale sulla traduzione*, Progetto Europeo Tempus New Curriculum Model For Italian Studies, Bari – Taranto 30 maggio-1 giugno 2006, *Atti dei seminari* Tempus Jep 18101-2003, Tempo d'Incontro a cura di A. Gjurcinova e V. Zaccaro, Skopje, 2007, pp. 282-294. ; "I nuovi curricula proposte per un nuovo modello di Studi Italiani", *Studi italiani e il sistema universitario europeo, Presentazione del Progetto Tempus, Atti dei seminari* Tempus Jep 18101-2003, Tempo d'Incontro a cura di A. Gjurcinova e V. Zaccaro, Skopje, 2007, pp. 332-338.; Political Terminology in Italian Dailies, *Symposium on the Occasion of the 60^th^ Anniversary of the Blaze Koneski Faculty of Philology*, 18-19 December, 2006, Skopje, in print; On Some Italian and French Abbreviations and their Application in Teaching Foreign Languages, together with Mira Trajkova, *International Scientific Conference on the Occasion of the 50^th^ Anniversary of the Italian Studies at the Blaze Koneski Faculty of Philology*, 29-30 October, 2009, Skopje (in print)

**7. Plenary lecture at a scientific/professional conference:** "Italinicità e media nei paesi dell'Europa Sud-Orientale", *Convegno di studi promossi della Comunità Radiotelevisiva Italofona ospite della Radiotelevisione Albanese RTSH*, Tirana 16-18 ottobre 2008 (partecipazione al panel di confronto: Prospettive della lingua e della cultura italiana nei Paesi dell' Europa sud–orientale: come operare e come migliorare?) *L'italiano di fronte, Atti del seminario della Comunità radiotelevisiva italofona, VIII Settimana della lingua italiana nel mondo*, a cura di Loredana Cornero, Rai ERI, pp.109-110.; Italian Studies: From the Beginnings until Today, *50 years of Italian Studies at the Blaze Koneski Faculty of Philology*, 29-30 October, 2009, Skopje (in print).

4. PROFESSIONAL-APLICATIVE ACTIVITIES

Activities of broader interest

**1. Member of the editorial board of an scientific/professional journal:** In 2007, Sarzoska PhD was a member of the editorial board of *Time of Encounters (Vreme na sredbi),* an anthology of papers from the Tempus project conferences, Jep 18101-2003.

**2. Member of an organizational or program board at a scientific/professional conference:** In 2007, Sarzoska PhD was a member of the organizational board of the scientific conference entitled *Ten Years of the Italian Department*, held at the Blaze Koneski Faculty of Philology, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje.

**3. Member of an organizational or program board at a scientific/professional conference:** In 2009, Sarzoska PhD was a member of the organizational board of the scientific conference entitled *50th Anniversary of Italian Language at the Ss. Cyril and Methodius University, Skopje.*

**4. Study visit abroad:** In the aforementioned period, Aleksandra Sarzoska went on the following study visits abroad: in 2006, at the Aristotle University of Thessaloniki, Greece, she visited the Italian Language Department and participated at the conference organized within the Tempus project, entitled *New Curriculum Model for Italian Studies,* by presenting the paper *New Technologies in Foreign Language Teaching;* 2006, University of Bari, Italy (March - April), a one-month scholarship as part of the *New Curriculum Model for Italian Studies* project; May 2006 - University of Lecce, Italy, VI Convegno Internazionale sui diritti umani, Deboli e Indifesi nella società multiculturale europea, Lecce 29-30 maggio 2006, Circeos, Università degli Studi di Bari, Università degli studi di Lecce; 2006, May - June, University of Bari - Taranto, Italy, Seminario internazionale sulla traduzione, Progetto Europeo Tempus, *New Curriculum model for Italian studies,* Bari-Taranto: 30 maggio-1 giugno 2006; 2006, a study visit of Catholic University Eichstätt-Ingolstadt, Germany, within the Tempus New Curriculum Model for Italian Studies project (one week).

**5. Vice-dean:** Sarzoska PhD currently holds the position of finance vice-dean at the Blaze Koneski Faculty of Philology, Skopje, and this is her second term. She was appointed to that position for the first time on October 1, 2007.

**6. Member of faculty commissions:** Sarzoska PhD has been a member of many expert and technical commissions at the Faculty of Philology, including member of the central committee for student admission (2008-2009), member of the admission complaint commission (2009-2010) and president and member of the public procurement commission at the Faculty of Philology.

**7. Member of the title election commission:** On several occasions in the period between 2006 and 2010, Sarzoska PhD has been member and reviewer in election and reelection commissions of titles, including: Radica Nikodinovska, PhD, when she was elected as senior lector and docent; Luciana Guido-Srempf, when she was elected as senior lector and docent; Ruska Ivanova-Naskova, MA, when she was elected as junior assistant professor and assistant professor; Liljana Uzunovic, when she was elected as lector; Valentina Milosevic, when she was elected as lector; Dijana Nikodinovska, MA, when she was elected junior assistant professor at the Goce Delcev University, Stip; Kristina Angelovska, MA, when she was elected as lector at FON University; Katerina Sekovska, MA, when she was elected as lector at FON University; Natasa Voinovska, when she was elected as lector at FON University.

**8. Study program coordinator:** Between 2006 and 2008, Sarzoska PhD was the ECTS coordinator for the Italian Language and Literature study program.

**9. Drafting of national documents (strategies, laws etc.)**: Aleksandra Sarzoska, PhD, participated in the drafting of curricula and programs for teaching Italian as a foreign language in secondary and primary education in the Republic of Macedonia, and so far (together with Nikodinovska, PhD), she has drafted the following programs: Italian as third foreign language in the first and second year of secondary education, and Italian as foreign language in all four years of secondary education and for $6^{th}$, $7^{th}$ and $8^{th}$ grades in primary education, in order to introduce the Italian language in the primary and secondary schools throughout the Republic of Macedonia (Italian is being taught in 13 secondary schools and in 3 primary schools).

# CONCLUSION AND PROPOSAL

Aleksandra Sarzoska, PhD, is a faculty member who has gained her entire university education at the Department of Romance Languages and Literatures of the Faculty of Philology. While developing the studies in Italian language and literature, she has also developed as a professional.

The activities outlined in the review demonstrate that Aleksandra Sarzoska, PhD, has become a distinguished professor of Italian, whose activities include teaching, scientific and professional endeavors in order to organize and promote the Italian culture in the Republic of Macedonia. The total number of points that Sarzoska, PhD, has won for all the aforementioned activities is 156.63, which is nearly four times the required number of points.

Sarzoska PhD has extended her successful undergraduate practices to the postgraduate program, and she will soon continue to do so at the doctoral studies in Italian. Additionally, Aleksandra Sarzoska, PhD, has displayed remarkable skill in organizing group activities at the Faculty of Philology.

Taking into consideration the abovementioned professional, scientific, didactical and organizational qualities, we are honored and pleased to propose to the Teaching-Scientific Council of the Blaze Koneski Faculty of Philology, Skopje, that they elect Aleksandra Sarzoska, PhD, as associate professor in the subjects *Italian Language Grammar* and *History of the Italian Language.*

Review commission:

Patriczia MAZZOTTA, PhD, full professor

______________________________

Julijana VUCO, PhD, associate professor

______________________________

Zvonko NIKODINOVSKI, PhD, full professor

______________________________

До
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
С к о п ј е

Предмет: Исправка

Во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, број 985 од 30.04.2010 година, направена е грешка во насловот на Рецензијата стр. 151.

Наместо насловот на учебникот "ПЕРИФЕРЕН НЕРВЕН СИСТЕМ-КЛИНИЧКА АНАТОМИЈА"ОД ПРОФ.Д-Р МАРИЈА ПАПАЗОВА И СОРАБОТНИЦИТЕ.

Треба да стои: РЕЦЕНЗИЈА НА УЧЕБНИКОТ "ВАСКУЛАРИЗАЦИЈА НА МОЗОКОТ" ОД ПРОФ.Д-Р МАРИЈА ПАПАЗОВА И СОРАБОТНИЦИТЕ.

Раководител на правна служба
Дипл.прав. Горан Нелоски

До
Деканатот на
Медицински факултет Скопје

05.05.2010

| | | | |
|---|---|---|---|
| 02 | 2632/1 | | 1 |

Во рецензијата за учебникот "Васкуларизација на мозокот" објавена во билтенот бр. 985 од 30. 04. 2010, стр. 151 постои печатна грешка. Во насловот наместо "Периферен нервен систем - клиничка анатомија" треба да стои "Васкуларизација на мозокот". Целиот наслов треба да гласи: РЕЦЕНЗИЈА НА УЧЕБНИКОТ "ВАСКУЛАРИЗАЦИЈА НА МОЗОКОТ"ОД ПРОФ. Д-Р. МАРИЈА ПАПАЗОВА И СОРАБОТНИЦИТЕ.

Останатиот дел од текстот на рецензијата останува непроменет.

Проф. д-р. Вера Петрова

**РЕЦЕНЗИЈА**

НА

ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

**ОСТВАРУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКО-СЕРВИСНИОТ КАРАКТЕР НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,**

ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА

**М-Р АЛЕКСАНДРА СРБИНОВСКА- ДОНЧЕВСКИ,**

**ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

Врз основа на решението на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација, донесено на седницата одржана на 10.03.2010 година, избрани сме: проф. д-р Мирјана Слапника-Динева, проф. д-р Илија Тодоровски, проф. д-р Анета Јовевска, проф. д-р Љубица Чонева и проф. д-р Ружица Цацаноска, за членови на Рецензентската комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација „Остварување на граѓанско-сервисниот карактер на општинската администрација во Република Македонија", изработена од кандидатката м-р Александра Србиновска-Дончевски. Во тоа својство го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Содржина на трудот

Докторската дисертација „Остварување на граѓанско-сервисниот карактер на општинската администрација во Република Македонија", изработена од м-р Александра Србиновска- Дончевски, претставува исклучително актуелен труд, кој опфаќа неколку аспекти коишто имаат посебно значење за развојот на современата политичка наука од областа на јавната администрација. Трудот е напишан на 230 страници, со литература од 150 библиографски единици ( 231- 242 стр.).

Трудот започнува со вовед, во кој кандидатката ги прецизира мотивите коишто влијаеле врз изборот на поставената тема за докторска дисертација.

Авторката смета дека во трудот се анализирани најважните карактеристики на општинската администрација во Република Македонија како нормативна конструкција, во која има сплет на идеи, но и збир на реални

социјални и политички односи кои се воспоставени помеѓу нејзините органи и помеѓу членовите на локалната заедница.

Трудот е поделен во пет тематски целини, по коишто следуваат Генерални заклучоци и Библиографија.

Првиот дел на трудот е насловен како „Општ теоретски приод и хипотетско-методолошка рамка на истражувањето". Тој дел се состои од 7 наслови (со 4 поднаслови) во коишто се вградени сите стандардни елементи на методолошката рамка која е погодна за научните испитувања.

Притоа, предметот на истражувањето се дефинира како: организационата структура на општинската администрација, нејзината поставеност во политичкиот систем, нејзините врски со државната администрација, начинот на нејзината комуникација со граѓаните, технолошката опременост и финансискиот капацитет на општинската администрација насочена кон задоволување на потребите на граѓаните.

Во поглед на целите, постои една општа цел (но и теоретски и специфични цели). Под општа цел се подразбира доаѓање до сознанија во која мера сегашната администрација е ефикасна, ефективна и транспарентна во остварување на нејзините граѓанско-сервисни услуги и што треба да се промени за нејзино поефикасно и поефективно функционирање во вршењето на граѓанско-сервисните услуги.

Докторската дисертација се темели на употреба на определен појмовно-категоријален апарат (администрација, јавна администрација, државна администрација, општинска администрација, локална самоуправа, општина, работи од јавен интерес, децентрализација, сервисно-граѓански ориентирана општинска администрација, квалитет на услуги, ефикасност, ефективност и транспарентност).

Од хипотетската рамка се гледа дека ова истражување се темели врз следнава основна (или генерална) хипотеза: Трансформацијата на општинската администрација во насока на нејзината граѓанско-сервисна функција може да се постигне со промени во нејзината организациона структура, менаџментот, техничката опременост, промени во начинот на комуникација со граѓаните и промени во нејзиниот однос со државната администрација.

Во вториот дел од докторскиот труд подетално се дефинираат сите поими употребени при неговата изработка. Притоа, попрецизно се дефинираат граѓанско-сервисната ориентираност на општинската администрација, како и принципите за добра општинска администрација.
Особено е значајно што се подразбира под поимот граѓанин. Тука нема дилеми, бидејќи тој има класично значење и употреба (според мотото на Француската буржоаска револуција од 1789 година, според кое, нема повеќе поданици). Добрата општинска администрација се темели на Кодексот за добра локална управа, односно на неговите принципи (правна сигурност, граѓанска партиципација, ефикасност, транспарентност, ориентираност кон корисниците - корисничката ориентација).

Од исклучително значење за надминување на пребукираноста, неефикасноста и бирократизмот кај општинската администрација е

воведување, промоција и примена на новитетот- новата метода outsourcing **(оутсоурцинг).** Таа може да се дефинира како договарање или препуштање на дел од работата или на цела работа на приватниот сектор со преземање одговорност и работа на државната или локалната управа во одреден делокруг, за што администрацијата и понатаму останува одговорна.
Во овој дел се проблематизираат кадровскиот развој, општинскиот менаџмент и управување со човечките ресурси во општинската администрација.

Третиот и четвртиот дел се посветени на развојот на локалната самоуправа и локалната администрација во периодот од 1990 година до денес. Посебно значајно е што општинската администрација како дел од државната администрација мора да се модернизира во смисла на примена на ИКТ, Е-управа и едношалтерскиот систем (сè на едно место).

Петтиот дел е исклучиво емпириски дел, во којшто се презентираат резултати од Проектот бр.1 (самостојно изведен проект од страна на докторантката) и од Проектот бр. 2 (проект реализиран од страна на ИСППИ-Скопје, на тема: "Граѓаните во одлучувањето за работите од локално ниво и значење").

На крајот од тој дел, кандидатката ги презентира следниве истражувачки констатации:

- најголем проблем во секоја општина е проблемот со невработеноста;
- граѓаните делумно ги познаваат надлежностите на општинската администрација;
- тие се релативно задоволни од работата на општинската администрација;
- од анкетираните граѓани само 4% редовно имаат информации за работа на општинската администрација, а 51% се заинтересирани да добиваат редовни информации. Најмногу информации се добиваат преку ТВ (формални извори) и преку пријатели (неформални извори);
- со оглед на тоа што општинската администрација како дел од државната администрација има право и должност да ги следи состојбите во ЕЛС, тие се должни да ги инволвираат и граѓаните во водењето на локалната политика и во разрешувањето на проблемите на општината. Од истражувањето се гледа дека граѓаните се спремни да волонтираат за работите од локално ниво и значење, па затоа и општинската администрација треба тоа да го искористи при креирањето на своите политики за развој на општината.

Во рамките на генералните заклучоци се презентираат соодветни научноистражувачки сознанија во врска со промовирањето и развивањето на граѓанско-сервисниот карактер на општинската администрација во Република Македонија. Се смета дека промовирањето на овој концепт

подразбира развивање на една филозофија, која може да се дефинира како потреба од успешен спој и комбинација на владеење на правото, принципи на учество, транспарентност, ефикасност и ефективност во општинската администрација. Инаку, начелото на сервисната ориентација на органите претставува еден од 15-те законски принципи за водењето на општата управна постапка (според ЗОУП). Тој принцип (или начело) претставува новина која допрва треба да се операционализира, но и различно да се аспектира, во однос на значењето, на субјектите (органите и странките, или клиентите-корисници), но и во однос на соодветната законодавна примена.
Според генералните заклучоци, концептот на граѓанско-сервисна ориентираност на општинската администрација опфаќа нејзина ориентираност кон граѓаните, почитување на законските норми, модел кој подразбира континуирано следење на квалитетот на работењето и управувањето и барање отчет за резултатите и сите димензии на работењето (економичност, ефикасност, ефективност, квалитет на услугите, финансово работење). За реализирање на концептот на граѓанско-сервисна ориентираност на општинската администрација потребно е воведување и воспоставување на нови работи. Главно, тоа е следново:

- нова организациона структура на општинската администрација (т.е. флексибилна организациона структура) со карактеристики како што се: економичност, ефикасност, квалитет на услугите и финансово работење;
- воведување на современо менаџерство во дејствувањето на општинската администрација (современо управување);
- воведување на ИКТ (информациони комуникациони технологии);
- воведување на едношалтерскиот систем.

Генералната хипотеза: "Трансформацијата на општинската администрација во насока на нејзината граѓанско-сервисна функција може да се постигне со промени во нејзината организациона структура, менаџментот, техничката опременост, промени во начинот на комуникација со граѓаните и промени во нејзиниот однос со државната администрација" се потврдува, бидејќи добар модел на општинска администрација би бил оној кој ужива консензус помеѓу актерите во процесот и кој настанал како плод на транспарентна постапка во кој е користен метод на консултација како и генералната ориентација на општинската администрација со целосно фокусирање врз квалитетот на услугите. Финалниот заклучок се состои во следново: „Еволуцијата на општинската администрација е отворен процес кој бара постојани-континуирани унапредувања и приспособувања со политичките, економските и социјалните реалности, долгорочно и јасно артикулирано определување, високо ниво на знаење како и постојана и значајна поддршка од граѓаните," (според докторската дисертација).

**Оцена на докторската дисертација**

Докторската дисертација под наслов „Остварување на граѓанско-сервисниот карактер на општинската администрација во Република Македонија" од кандидатката м-р Александра Србиновска - Дончевски претставува самостојно изработен труд којшто има мошне актуелна содржина. Од теоретска и методолошка гледна точка, дисертацијата претставува компактна целина од која се гледа дека таа е во согласност со научните стандарди и критериуми определени за докторска теза. Граѓанско-сервисниот карактер на општинската администрација е новина, која од страна на докторантката се третира истовремено како теориско, но и како емпириско прашање. Всушност, сервисниот карактер на општинската администрација најексплицитно е изразен во Законот за општа управна постапка (како ново начело или принцип), којшто е во содејство со другите принципи предвидени со овој пропис. Методите и техниките на научната работа, коректно се применети со опстојна користена и цитирана библиографија. Теоретските сознанија, како и емпириските резултати се многубројни и имаат апликативна вредност, особено при поинакво законско конципирање на општинската администрација. Може да се истакне дека оваа дисертација претставува особен научен придонес за научното третирање на една исклучиво дефицитарно третирана материја (односно, проблематика).

Не навлегувајќи во излагањето на одредени забелешки и сугестии што можат да ѝ се упатат на кандидатката, бидејќи за тоа ќе стане збор при одбраната на докторската дисертација, го даваме следниов

**Предлог-заклучок**

Со оглед на важноста на испитуваната тематика, нејзината актуелност, но и дефицитарност (посебно кај нас), како и начинот на обработка и применетите методолошки стандарди, Комисијата му препорачува на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, да ја прифати оваа позитивна оцена и да ја закаже јавната одбрана на докторската дисертација.

**Рецензентска комисија**

Проф. д-р Мирјана Сланинка-Динева, с.р.

Проф. д-р Илија Тодоровски, с.р.

Проф. д-р Анета Јовевска, с.р.

Проф. д-р Љубица Чонева, с.р.

Проф. д-р Ружица Цацаноска, с.р.

Одобрени теми за изработка на магистерски труд на Архитектонскиот факултет

| р. бр | кандидат | наслов на тема | ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Анастасија Трајковска, дипл.инж.арх. | „Адаптација, доградба и надградба на постоечки градби кои се дел од културното наследство во Р. Македонија" | Д-р Јасмина Алексиевска, редовен професор |
| 2 | Ана Ивановска, дипл.инж.арх. | „Утврдување на методи и постапки за заштита на објектите од периодот на Модерната во Р. Македонија преку примерот на ОУ „Јохан Хајнрих Песталоци" | Д-р Јасмина Алексиевска, редовен професор |
| 3 | Домника Бошкова, дипл.инж.арх. | „Производната градина како тактика за одржување на празното во градот, на примерот на Скопје " | Д-р Минас Бакалчев, вонреден професор |
| 4 | Армир Ферати, дипл.инж.арх. | „Декодирање на шемата на јазли во матрицата на јавните простори: Просторни и конфигурациски особености на јазлите во Тетово" | Д-р Влатко Коробар, редовен професор |
| 5 | Димитар Папастеревски дипл.инж.арх. | „Метод на консеквентно генерирање на архитектонски цртеж од архитектонски детал до основен проект" | Д-р Тихомир Стојков, редовен професор |
| 6 | Софеска Емилија, дипл.инж.арх. | „Фактори релевантни за одржлив развој на урбаната средина во методологијата на урбанистичкото планирање на примерот на планската документација за ГУП-СКОПЈЕ 2002 година" | Д-р Владимир Арсовски, вонреден професор |
| 7 | Џанер Асимов дипл.инж.арх. | „Архитектурата во научно фантастичниот филм од предигиталната ера преку примерот на делото на Андреј Тарковски" | Д-р Минас Бакалчев, вонреден професор |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

## *Отстранување на никел со атсорпција на природни и синтетизирани зеолити од води со различно потекло,*

## ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р ДИПЛ.ИНЖ. ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ ПРИЈАВЕНА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со решение бр. 07-999. донесено на седницата на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје на 29.4.2010 година, избрани сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација ***Отстранување на никел со атсорпција на природни и синтетизирани зеолити од води со различно потекло***, од кандидатот м-р дипл. инж. Дејан Димитровски. По прегледот на доставениот ракопис, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација под наслов ***Отстранување на никел со атсорпција на природни и синтетизирани зеолити од води со различно потекло***, од кандидатот м-р дипл. инж. Дејан Димитровски, е презентирана на 178 страници со вкупно 146 слики (од кои 12 се илустрации и зависности од литературата), 46 табели и 108 цитирани литературни референци. Покрај воведот, во докторската дисертација резултатите од истражувањето се претставени во осум поглавја и два прилога.

Во **Воведот** (1 страница), кандидатот концизно и аргументирано ги образложува целите на истражувањето и важноста на проблемот, како од теоретски така и од практичен аспект. Имено, во согласност со брзиот развој на индустриското производство, порастот на светското население и сé поизразените барања на современиот човек за што поудобен и подобар живот од ден на ден сé повеќе го соочуваат човештвото со потребите за големи количества на вода за различни намени: за индустријата, за земјоделството, за домашната употреба итн., така што од посебен интерес е добивањето на пивка вода која ќе ги задоволува сé построгите барања за квалитетот на производите. На отстранување на никелот од подземните, површинските и отпадните води досега не е посветено скоро никакво внимание во истражувачката работа, и покрај докажаните негови штетни влијанија врз човековиот организам поради што никелот е ставен во групата на канцерогени соединенија, како резултат на што до денес во светот не постои акредитирана постапка за неговото отстранување од водите. Земајќи ги предвид својствата на никелот во водените раствори во кои се јавува најчесто во форма на $Ni^{2+}$ , неговото отстранување со помош на конвенционалните постапки за подготовка на водата, како оксидација, аерирање, коагулација/преципитација и седиментација е исклучено или многу ограничено, а од друга страна, отсуството на бројни литературни податоци за соодветни постапки и методи за негово отстранување од водите беа главна причина за поставување на проблемот во ова истражување. Од можната примена на јонски разменувачи, филтрационо-сепарациони методи, како ултрафилтрација, нанофилтрација или реверзна осмоза, кандидатот испитувањата ги насочил кон примена на некоја од

неконвенционалните методи, односно се определия за примена на атсорпциони постапки за отстранување на никелот, поаѓајќи од докажаниот висок капацитет и висока селективност на поодделни атсорбенти кои металните јони, вклучувајќи го и никелот, без при тоа да дојде до значајни промени на составот на водата по однос на во неа присутните макроелементи.

Во **поглавјата 1** (15 страници, 4 табели, 4 слики), **2** (9 страници, 1 табела, 3 слики) и **3** (21 страница, 1 табела, 5 слики, 40 равенки), соодветно, кандидатот ги претставува литературните сознанија за водата, зеолитите и атсорпцијата. Во **поглавјето 1**, согласно со консултираната литература, обработен е хемискиот состав на водата и нејзиното групирање во пет главни групи, како и карактеристиките и појавата на никелот во неа и неговото влијание врз човекот и животната средина. Карактеристиките и распространетоста на зеолитите, кои се предмет на истражување во оваа докторска дисертација, како и можностите за нивна употреба како атсорбенти, се претставени во **поглавјето 2**. **Поглавјето 3** дава преглед на литературните сознанија за атсорпцијата како сепарациона постапка (метода), за различните фактори кои влијаат врз неа, како и емпириските и теоретските приоди за нејзино дефинирање и математичко опишување за да настане разделување на компонентите врз основа на нивната различна способност за атсорпција врз цврсти атсорбенти.

**Поглавјето** 4 (8 страници, 1 слика, 5 табели) се однесува на методологијата на испитување, материјалот за испитување, како и на методите за анализа. Во методологијата на испитувањето се претставени различните методи со кои е изведено отстранувањето на никелот со негова атсорпција од водите со различно потекло во дисконтинуирани-шаржни и континуирани-динамички услови, при што е следена рамнотежата и кинетиката на процесот на атсорпција. Испитувањата во дисконтинуирани услови се изведувани во лабораториски садови, со зафатнина на водениот раствор од 100 ml, големина на честиците на атсорбентот - природен немодификуван зеолит од < 0,4 mm, при почетна концентрација во водениот раствор од 0,05 до 0,40 mgNi/lit, и маса на атсорбентот од 0,5 до 4,0 g. Примероците се мешани со електрична мешалка (500 $^o$/min), на собна температура, во интервал на време од 15 до 360 min. По тоа време на контакт, системот цврсто-течно, т.е. зеолит-воден раствор се раздвојува со филтрирање, и во течната фаза се определува промената на концентрацијата на никел. Од атсорбираната количина на никел, по единица маса на зеолит во однос на рамнотежната вредност, се добиваат рамнотежните атсорпциони криви, додека од промената на концентрацијата на никелот во течната фаза, по единица маса на атсорбент со тек на време, се добиваат кинетичките криви. Испитувањата на процесот на атсорпција на никелот се изведувани и во континуирани (динамички) услови, со протекување на течната фаза низ колоната, и тоа во лабораториска и полуиндустриска, т.е. пилот - постројка. Лабораториската апаратура се состои од атсорпциона колона која претставува стаклена цевка со дијаметар од 16 до 54 mm, со перфорирана плоча на дното, исполнета со различни атсорбенти во количина од 30 до 840 g со одредена гранулација, и е поврзана од горната страна со сад исполнет со течна фаза со концентрација на никел од 0,025 до 0,12 mgNi/l. Долната страна е поврзана со систем за вакуумирање со кој се извлекува третираната течна фаза и постои можност за мерење и регулација на протекот во системот. Овие експерименти се изведувани со мерење на промената на концентрацијата на никелот во течната фаза на излезот од колоната, сè додека излезната концентрација на никелот не се израмни со почетната концентрација.

т.е. до заситување на атсорбентот. Полуиндустриската, т.е. пилот - постројка се состои од три атсорпциони колони кои претставуваат пластични цевки со дијаметар од 100 mm и висина од 1800 mm, исполнети со атсорбент. Колоните се поврзани со центрифугална пумпа преку систем од цевки и вентили со кој водата, која треба да се третира, циркулира. На горниот и долниот дел од колоните е поставена перфорирана плоча со која се врши рамномерна дистрибуција на течната фаза низ колоните. Експериментите се изведувани со мерење на промената на концентрацијата на никелот во течната фаза на излезот од поодделните колони. Овие испитувања се изведувани при различни услови на проток во граници од 0,09 $m^3/h$ до 0,13 $m^3/h$ и концентрација од 0,045 до 0,07 mgNi/l во суровата вода. Материјалот за испитување е претставен преку природни и синтетски води и зеолити - атсорбенти, при што е направена физичко - хемиска анализа на водите од различно потекло, како и физичка, хемиска и минеролошка анализа на зеолитите. Примерокот вода кој во себе содржи растворен никел е со потекло од Кожувскиот масив и всушност претставува сурова вода од извор во Пелагониското поле кој се наоѓа во близината на селото Меџитлија, со концентрација од 0,045 до 0,07 mgNi/l, додека водениот раствор се подготвува со водата од Скопскиот водовод, со додавање стандард од никел, добиен од никелов сулфат, со концентрација од 0,025 до 0,12 mgNi/l. Природните зеолити потекнуваат од Кумановско-паланечкиот регион, источна Македонија, во три различни гранулации: 0,4 – 1 mm, 1 – 1,25 mm и 1,25 – 1,6 mm, примероците на модификуван зеолит се од увоз, добиени со различни постапки на модификација, со две различни гранулации: 0,5 – 1 mm и 1 – 2 mm. Синтетскиот зеолит (активиран алуминиум оксид-AA) претставува комерцијален производ под име *Compalox*, со гранулација 1 - 2 mm. Како методи за анализа на концентрацијата на никел во добиените примероци се користени: колориметриска метода **AQUAQUANT 1.14420**, развиена од фирмата MERCK, Германија, за брзо определување по методот на аналитички стрип - тест и атомско апсорпционо спектрофотометриска метода според стандардот **ASTM D 1886 – 03** на *AAC Model Varian* 55 за попрецизно определување на присуството на никел во водите.

Добиените експериментални вредности за рамнотежата и кинетиката на процесот на атсорпција при дисконтинуирани услови се дадени во **поглавјето 5** (22 страници, 2 табели, 4 слики), Прилог I (3 табели) и Прилог II (37 слики). Со обработка на експерименталните податоци за содржината на никел, $C_t$ - mgNi/l, процентот на отстранување на никелот, % Removal и капацитетот на атсорбентот, $q_{ats}$ – mgNi/$g_{ats}$ при различни почетни концентрации на никел, Co и различни содржини на атсорбентот, Cats во водениот раствор добиени се резултати во вид на математички модели: аналитички изрази, константи и средни квадратни отстапувања (фактори на корелација, $R^2$ ) Покажано е дека времето при кое се постигнува рамнотежната состојба во избраниот систем изнесува 360 минути, и дека Langmuir-овата изотерма не го опишува задоволително испитуваниот систем, додека Freundlich-овата изотерма по однос на средните квадратни отстапувања, $R^2$, дава задоволително високи вредности (0,9558 до 0,9924), што значи дека добиениот модел дава добро слогување за експерименталните и пресметаните вредности. Резултатите добиени со обработка на кинетичките криви покажаа дека збирните експериментални испитувања најдобро се опишани со логаритамската зависност која соодветствува на модел на реакција од прв ред.

Влијанието на големината и геометријата на колоната, содржината и гранулацијата на атсорбентот, протекот на водата и концентрацијата на никел во почетниот раствор, врз процесот на атсорпција на никел при континуирани услови, претставено е во **поглавјето 6** (24 страници, 22 слики), Прилог I (22 табели) и Прилог II (54 слики). Од резултатите за карактеристиките на атсорберот (маса на атсорбент, $M_{at}$ - g и висина на слојот атсорбент, $H_{at}$ - mm) и за проточните карактеристики (проток на третирана вода, V - $m^3$/h, проточна брзина, $V_k$ - m/h и време на задржување, $\tau_{z.v.}$ - min), добиени се зависности на количеството атсорбиран никел, atsNi - mg од поминатата зафатнина на третирана вода, V – ml при различни почетни концентрации на никел, $C_o$ - mgNi/l за различни $M_{at}$, и при различни содржини на атсорбент, $M_{at}$ – g за различни $C_o$. Добиени се најдобри зависности со логаритамската и реципрочната функција бидејќи даваат високи средни квадратни отстапувања (фактори на корелација, $R^2$ од 0,9951 до 0,9999), односно постои одлично сложување помеѓу експерименталните и пресметаните вредности на кинетичките криви. Покажано е дека употребените зеолити имаат висок степен на отстранување на никелот од третираната вода кој може да изнесува и до 100 % во зависност од почетната концентрација, времето на задржување на атсорбансот, и од количината и големината на зрната на атсорбентот и дека нивниот капацитет се менува во зависност од типот на зеолитот и тоа расте од природен немодификуван (од 1,5 до 29,4 mgNi/$g_{at}$), преку природен модификуван (од 12,4 до 62,4 mgNi/$g_{at}$), кон синтетизиран зеолит (од 17,4 до 383,3 mgNi/$g_{at}$).

**Поглавјето 7** (11 страници, 16 слики) и Прилог I (8 табели) ја обработуваат можноста за регенерација на заситениот атсорбент и негово повторно користење во процесот на атсорпција. Испитувањата на рамнотежата и кинетиката на процесот на атсорпција кои се вршени до заситување на атсорбентот се повторени по неговата регенерација и се претставени како повеќе серии. Регенерацијата на заситената маса на атсорбентот е изведувана со употреба на 2 % раствор на сулфурна киселина, по што следува неутрализацијата со 1 % раствор на натриум хидроксид и на крајот се врши промивање со вода од Скопскиот водовод.

Експерименталните податоци за атсорбираното количество никел, како и пресметаните податоци за капацитетот на атсорбентот покажуваат дека процесот на регенерација со употребените реагенси е успешен бидејќи е возможно повторно користење на заситениот атсорбент во третманот на водата, при што капацитетот се менува кај сите три типа на атсорбенти со изведување на процесот на регенерација. Кај природните немодификувани зеолити доаѓа до зголемување на капацитетот по секоја регенерација, т.е. серија, соодветно (од 11,4 до 69,1 mgNi/$g_{at}$), но при тоа доаѓа до намалување на содржината на атсорбентот по секоја регенерација за 10 %, што покажува дека со употребените реагенси настанува промена на структурата на атсорбентот, но исто така и негова разградба по повеќекратна употреба на реагенсите. Природните модификувани зеолити покажуваат дека нивниот капацитет по првата регенерација незначително се менува (од 10,6 до 12,2 mgNi/$g_{at}$), за по втората регенерација да настане негово зголемување (18,8 mgNi/$g_{at}$), и на крај по третата и четвртата регенерација има тренд на намалување (од 14,8 до 9,8 mgNi/$g_{at}$), но при изведувањето на процесот на регенерација, сите четири пати, не е забележана промена на масата на атсорбентот, што доведува до заклучок дека реагенсите предизвикуваат промена во структурата на зеолитот, но не и негова разградба. Кај третиот тип на

атсорбент - синтетизиран зеолит АА настанува намалување на капацитетот (од 160,8 до 69,4 mgNi/g$_{ad}$), и на масата на атсорбентот (од 65 до 62 g$_{ad}$), по секоја регенерација, што покажува дека со употребените реагенси настанува трошење на атсорбентот.

Во поглавјето 8 (3 страници) се дискутирани и компарирани сознанијата и дадени се општите заклучоци на ова истражување.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на м-р дипл. инж. Дејан Димитровски со наслов ***Отстранување на никел со атсорпција на природни и синтетизирани зеолити од води со различно потекло***, е самостоен научен труд и прилог кон теоретските сознанија од областа на атсорпцијата на компонентите од водите.

Трудот претставува научна и апликативна целина за успешно поврзување на начините на отстранување на никеловите јони од водите со примена на процесот на атсорпција, изборот на атсорбент и процесните параметри, како и ефикасната регенерација на употребените зеолити и практичност на атсорпцијата во полуиндустриски услови за добивање чиста, исправна вода, согласно со законските и еколошките ограничувања, која веднаш по третманот може да биде применета во индустријата, т.е. конзумирана.

Врз основа на испитувањата и добиените резултати во дисертацијата, изведени се и утврдени сознанија и заклучоци со кои е даден придонес кон разјаснувањето на корелациите и функционалната поврзаност помеѓу техничките решенија за атсорпција на никелот од водите со различно потекло.

Со задоволство, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје да ја прифати рецензијата за докторската дисертација ***Отстранување на никел со атсорпција на природни и синтетизирани зеолити од води со различно потекло*** и да закаже јавна одбрана согласно со постапката предвидена со Законот и Правилникот за докторирање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Рецензентска комисија**

Д-р Костадин Николовски, ред. проф. во пензија, с.р.
Технолошко-металуршки факултет -Скопје.

Д-р Александар Димитров, ред. проф., с.р.
Технолошко-металуршки факултет -Скопје.

Д-р Тодор Аповски, ред. проф. во пензија, с.р.
Технолошко-металуршки факултет -Скопје.

Д-р Милосав Милошевски, ред. проф., с.р.
Технолошко-металуршки факултет -Скопје.

Д-р Кирил Лисичков, вонр. проф., с.р.
Технолошко-металуршки факултет -Скопје.

**РЕЦЕНЗИЈА**

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **МОРФОМЕТРИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ, МАСОВ СОСТАВ И ИСХРАНА НА ОХРИДСКАТА БЕЛВИЦА (*ACANTHOLINGUA OHRIDANA*, STEINDACHNER)**, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р КАТЕРИНА БЕЛИЧОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 02-456/10 на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, донесена на XIV седница одржана на 17.3.2010 година, формирана е Комисија за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов *Морфометриски карактеристики, масов состав и исхрана на охридската белвица (Acantholingua ohridana, Steindachner)*, пријавена и изработена од м-р Катерина Беличовска, асистент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Комисијата во состав: проф. д-р Мирче Наумовски, ментор, д-р Здравко Крстановски, член, д-р Сашо Кутлешовски, член, проф. д-р Срецко Ѓорѓиевски, член и проф. д-р Елизабета Ангелова, член, ја прегледа докторската дисертација и го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Содржина на дисертацијата**

Докторската дисертација со наслов **Морфометриски карактеристики, масов состав и исхрана на охридската белвица (*Acantholingua ohridana*, Steindachner)** е напишана на 175 страници, содржи 18 табели, 19 графикони, 18 слики во боја и 1 мапа. Трудот е презентиран во 8 поглавја: 1. Вовед; 2. Преглед на литературата; 3. Цел на истражувањето; 4. Материјал и методи; 5. Резултати; 6. Дискусија; 7. Заклучоци; 8. Литература.

На почетокот на докторската дисертација дадена е кратка содржина на македонски и на англиски јазик.

Во **Воведот** се наведува дека охридската белвица, како еден од претставниците на „живи фосили“, претставува терциерен реликтен и ендемичен вид пастрмка, која припаѓа кон макростомните салмониди и живее единствено во Охридското Езеро. Покрај тоа што претставува значаен зоолошки и еколошки вид, охридската белвица има и економско значење, бидејќи во вкупниот улов од Охридското Езеро учествува со околу 16%.

Како ендемичен претставник на фауната на Охридското Езеро, а во исто време и поради големата економска важност, како и поради чувствителноста кон сите промени што се случуваат во нејзиниот природен екосистем, охридската белвица претставува значаен објект на истражување.

Се истакнува дека поради високата биолошка и хранлива вредност на месото од риби и препораките од нутриционистите да се консумира што повеќе риба, одошто друго месо, производството на риби станува сè поактуелно, особено кога се работи за охридската пастрмка и белвицата кои се многу барани на пазарот и постигнуваат високи цени.

Постоењето на многу мал број податоци за оваа ендемична риба наведува на неопходност за комплексни истражувања на нејзината популација. Токму тоа е повод за да се извршат поцелосни испитувања на одредени карактеристики на белвицата.

**Целите на трудот** се: 1. испитување на биометриските и морфолошките карактеристики на охридската белвица; 2. исхрана и храна на охридската белвица: должина, маса и исполнетост на дигестивниот тракт со храна; одредување на масата на желудочно-цревната содржина на рибата од повеќе нејзини станишта во Езерото; детерминација на компонентите (организмите) во содржината на дигестивниот тракт; 3. утврдување на масовиот и ткивниот состав на рибата; 4. основниот хемиски состав на месото; 5. добивање нови сознанија за одликите на популацијата на охридската белвица, која припаѓа во категоријата на загрозени видови според IUCN-листата на биодиверзитет; 6. можности за нејзино конзервирање и идно одгледување во вештачки услови.

Во поглавјето **Преглед на литературата** систематизирано се изнесени податоци од 346 извори на користената литература. Дадени се: историјат и основни карактеристики на Охридското Езеро; историјат на проучувањата на охридската белвица; систематска припадност на белвицата; основни карактеристики на белвицата. Со оглед на тоа што за белвицата постојат многу мал број литературни податоци, компаративно се наведени и податоци за биометриските и морфолошките карактеристики, масовиот и ткивниот состав, односно односот на одделните делови и органи на телото, учеството на одделните ткива во трупот, квалитетните особини на месото и за исхраната и на други салмонидни видови риби.

**Материјал** за испитување се риби од охридската белвица (*Acantholingua ohridana*, Steindachner, 1892). Единките се ловени во периодите на вегетативната, односно на репродуктивната фаза на развиток на белвицата, на три различни локалитети на Охридското Езеро: Калишта, Канео и Елешец. Материјалот е колекциониран со риболовен алат (рибарски мрежи т.н. „мрејци", со димензии на окца од 22 до 28 mm од јазол до јазол, со висина од 1,5 до 3 m и должина од 45 до 50 m). Испитувањата се извршени во лабораториите на Хидробиолошкиот завод во Охрид и на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Тие опфатија:

– морфометриски карактеристики на рибите: тотална должина на телото, стандардна должина на телото, должина на трупот, должина на главата, должина на опашното стебло, должина на опашната перка, најголема височина на телото, најмала височина на телото, најголема широчина на телото, предорзално растојание, постдорзално растојание, преанално растојание, превентрално растојание, растојание меѓу градната и стомачната перка, растојание меѓу стомачната и аналната перка, растојание меѓу задниот крај на основата на аналната перка и опашната перка, растојание меѓу задниот крај на основата на масната перка и опашната перка, должина на горниот дел на опашната перка, должина на долниот дел на опашната перка, должина на средишните зраци на опашната перка,

должина на градната перка, должина на стомачната перка, должина на основата на грбната перка, должина на основата на аналната перка, висина на предниот дел на грбната перка, висина на предниот дел на аналната перка, висина на главата во тилниот регион, висина на главата во орбиталниот регион, должина на средишниот дел на главата, преорбитално растојание, посторбитално растојание, хоризонтален дијаметар на окото, меѓуочно растојание;

– меристички показатели на рибите: број на лушпи во страничната линија, број на редови лушпи над страничната линија, број на редови лушпи под страничната линија, број на 'рбетни пршлени, број на зраци во првиот жабрен лак (бранхиоспини), број на тврди (неразгранети) и на меки (разгранети) зраци во грбна перка (Pinna dorsalis), број на тврди и на меки зраци во анална перка (Pinna analis), број на тврди и на меки зраци во стомачна перка (Pinna ventralis), број на тврди и на меки зраци во градна перка (Pinna pectoralis), број на меки зраци во опашна перка (Pinna caudalis) и број на пилорични израстоци (pyloric caecum или appendices intestinales), при што е користена лабораториска лупа на сталак со зголемување од 2 пати;

– маса на рибите, на органите и на ткивата на телото;

– одредување на ткивниот состав на трупот (маса на лушпите, на кожата, на месото и на коските);

– хемиски состав на месото (вода, протеини, масти и минерални материи);

– одредување на должината, масата и исполнетоста на дигестивниот тракт со храна, масата на цревно-желудочната содржина, како и таксономско одредување на одделните хранливи компоненти во цревните содржини.

За наведените испитувања се користени следниве **методи**: должинските мерки се земени со шестар пренесени на милиметарска хартија, висината и ширината на рибите е мерена со шублер, масата на цели риби и на одделните делови на телото на рибите се одредувани гравиметриски на лабораториска вага Mettler P-1200 со точност од 0,01 g. Ткивниот состав е одреден со дисекција на трупот.

Основниот хемиски состав е одредуван во мостри од иситнето и хомогенизирано месо, според стандардните методи. Енергетската вредност на месото е пресметана од утврдените количества на протеини и масти, имајќи предвид дека при оксидација на 1 g протеини се ослободуваат 17,16 kJ, а на 1 g масти 38,93 kJ енергија.

Цревно-желудочната содржина е фиксирана во 4% формалдехид, а потоа е вршена детерминација на компонентите на Стерео–зум микроскоп SMC 4 и дигитална колор видеокамера SONY SSC–DC 54AP, со помош на компјутерски софтвер Metric.

Истражувањето на цревно-желудочната содржина е извршено според методите за квантитативна и квалитативна анализа. Утврден е факторот на кондиција на рибите според формулата на Фултон $Qf = (w \cdot 100)/l^3$ и според формулата на Clark $Qc = (w1 \cdot 100)/l^3$.

Утврдени се релативната маса на гонадите според Chełkowski, $I = i/G \cdot 100$, како и коефициентот на зрелост на гонадите според Никольский, $q = g_1/g \cdot 100$.

Врз основа на **резултатите** од биометриската анализа на испитаните должински мерки и на масата на охридската белвица, констатирано е дека средните вредности на тоталната должина на телото, во зависност од локалитетот, изнесуваат од 217,40 до 221,90 mm, во вегетативната фаза, и од 220,40 до 225,00 mm, во репродуктивната фаза на развитокот на охридската белвица. Аналогно на тоталната должина, според Smitt, должината се движи од 198,00 до 202,90 mm, односно од 202,00 до 206,25 mm. Средните вредности на вкупната маса на белвицата, во зависност од локалитетот, варираат од 95,25 до 99,60 g, во вегетативната фаза, и од 90,50 до 100,00 g, во репродуктивната фаза на развиток на белвицата.

Средните вредности на коефициентот на ухранетост (кондиција) според Fulton, во зависност од локалитетот, се движат од 1,08 до 1,24. Во коефициентот на ухранетост според Fulton постојат сигнификантни разлики ($P<0,05$) меѓу фазите кај трите истражувани локалитети, како и меѓу локалитетите Канео и Елешец кај единките во репродуктивната фаза на развиток.

Вредностите на коефициентот на ухранетост според Clark, во зависност од локалитетот, се движат од 0,93 до 1,05. Разликите во коефициентот на кондиција меѓу фазите не се статистички значајни.

Врз основа на резултатите од испитувањето на меристичките карактеристики на охридската белвица, констатирано е дека средната вредност на бројот на лушпи кај белвицата изнесува: во страничната линија – 107,5, бројот на редови лушпи над страничната линија – 14,3 и под страничната линија – 13,5. Средниот број на тврди неразгранети зраци во грбната перка изнесува 3,4, а бројот на меки разгранети – 8,4. Бројот на тврди зраци во градната перка е константен и изнесува 1, а бројот на меки зраци – 11,3. Бројот на тврди неразгранети зраци во стомачните перки изнесува 1,9, а на меки разгранети – 8,2. Бројот на тврди неразгранети зраци во аналната перка изнесува 3,9, а бројот на меки разгранети – 7,8. Бројот на меки разгранети зраци во опашната перка изнесува 19,2. Средната вредност на бројот на бранхиоспини кај белвицата изнесува 18,8, бројот на 'рбетните прешлени – 48,9 (47 - 53) и на пилоричните израстоци – 40,4.

Морфометриските карактеристики на рибите, кои ги означуваат пропорциите на одделните делови на телото, покажуваат дека стандардната должина на телото учествува со 93,49%, должината на трупот со 72,80%, должината на главата со 20,68% и должината на опашното стебло со 16,98% во должината на телото според Smitt. Најголемата висина на телото изнесува 22,29%, а најмалата висина 7,99%, најголемата ширина на телото – 12,36%, предорзалното растојание – 41,65%, постдорзалното растојание – 37,56%, антеаналното растојание – 66,88%, антевентрално растојание – 50,09%, пектовентралното растојание – 30,96%, вентралното растојание – 19,94%, растојанието меѓу аналната и стомачната перка – 11,33%, растојанието меѓу масната и опашната перка – 18,94% од должината на

телото според Smitt. Должината на горниот дел на опашната перка зазема 18,94%, а на долниот дел 18,25%, должината на средните зраци на опашната перка – 6,57%, должината на основата на грбната перка – 10,01%, а на аналната перка – 9,08%, висината на предниот дел на грбната перка – 15,52%, а на аналната перка – 11,54%, должината на стомачната перка – 11,43%, а на градната перка – 15,69% од должината на телото според Smitt.

Добиените резултати за морфометриските карактеристики на главата на белвицата покажуваат дека висината на главата во тилниот регион изнесува 72,04%, а во орбиталниот регион 50,94% од нејзината должина. Должината на средишниот дел на главата зазема 75,33%, преорбиталното растојание – 26,33%, посторбиталното растојание – 46,42%, хоризонталниот дијаметар на окото – 27,25%, должината на горната вилица – 37,20%, а на долната – 49,76%, ширината на горната вилица – 8,77%, меѓуочното растојание – 39,87% од должината на главата.

По однос на масовиот состав на белвицата, во периодот на вегетативната и на репродуктивната фаза на развиток на рибите, утврдено е дека постојат статистички значајни разлики (P<0,05) меѓу фазите во рандманот на рибата без внатрешни органи. Утврдена е сигнификантна разлика (P<0,01) меѓу фазите во учеството на внатрешните органи и високо значајна (P<0,001) во учеството на гонадите во вкупната маса на рибата. Разликата меѓу фазите во учеството на дигестивниот тракт во вкупната маса на рибата е исто така статистички сигнификантна (P<0,05). Во однос на другите параметри не се утврдени статистички значајни разлики меѓу вегетативната и репродуктивната фаза.

Во однос на ткивниот состав на белвицата, констатирано е дека разликите меѓу вегетативната и репродуктивната фаза на развиток се минимални и статистички безначајни.

Анализата на хемискиот состав на месото од белвицата покажа дека месото на единките во вегетативната фаза содржи значајно (P<0,01) помалку вода, а повеќе масти и протеини, во споредба со месото на единките во репродуктивна фаза. Аналогно на содржината на масти во месото, утврдена е и повисока енергетска вредност на месото (P<0,05) кај единките во вегетативна фаза, во споредба со оние во репродуктивна фаза.

Резултатите од анализата на содржината на дигестивните трактови на рибите покажуваат дека тие содржат компоненти од анимално потекло, и тоа главно елементи од зоопланктонот и од фауната од дното. Овие две серии на елемнти ја чинат основата на исхраната на охридската белвица. Од зоопланктонските ракчиња најдени се: Cladocera (првенствено *Daphnia pulex* и кај два примерока *Leptodora kindtii*), Copepoda (*Eudiaptomus gracilis*, *Cyclops ohridanus* и нивни науплијални и копеподитни стадиуми), потоа јајца од ракови (Crustacea), како и Rotifera (*Trichocerca* sp.) и школки (Bivalvia) (ларви од *Dreissena*). Од бентал на дното во хранливите содржини најдени се ракчиња: Amphipoda (првенствено *Gammarus* sp. и во мал број *Niphargus* sp. и *Synurella* sp.), Isopoda (*Asellus sp.*), Ostracoda, потоа Insecta (ларви од *Chironomidae*, од *Odonata* и од *Trichoptera*). Од фитопланктон најдени се дијатомејски алги (*Navicula* sp.). Во цревната содржина на

охридската белвица утврдени се и паразити, и тоа од групите Cestoda (*Cyathocephalus truncatus*) и Nematoda (*Pseudocapillaria salvelini* и *Salmonema ephemeridarum*).

Од анализите на исхраната на охридската белвица може да се констатира дека и во текот на вегетативната и во текот на репродуктивната фаза од развитокот на рибите доминантно место во исхраната на охридската белвица зазема зоопланктонот, со исклучително строга селекција на видот *Daphnia pulex*, а потоа елементите од фауната на дното, со најголема застапеност на видови од родот Gammarus. Треба да се истакне дека застапеноста на елементите од бентосот, и според бројноста и според честотата на среќавање, е значително поголема во текот на репродуктивната отколку во вегетативната фаза.

Во **дискусијата** правилно се интерпретирани добиените резултати од истражувањата и се дискутирани со податоци од литературата. Добиените резултати даваат добра основа за правилна препорака за евентуално идно вештачко одгледување на охридската белвица во рибнички услови и за нејзината исхрана во контролирани услови.

Врз основа на постигнатите резултати од истражувањето и нивната анализа, донесени се правилни, јасни и концизни **заклучоци** систематизирани според испитуваните параметри.

Во поглавјето **Литература** се наведени 346 извори на користена литература од домашни и странски автори.

**Оцена на дисертацијата**

Од содржината на докторската дисертација произлегува дека овие истражувања претставуваат мошне целосни испитувања на значителен битен дел параметри кај охридската белвица, исклучително интересна и актуелна проблематика. Трудот дава исцрпни податоци за биометриските и морфолошките карактеристики, масовиот состав на телото, ткивниот состав на трупот, хемискиот состав и енергетската вредност на месото, а посебно темелно е истражена исхраната на охридската белвица во природни услови, што би се користело за нејзино евентуално идно одгледување во вештачки услови.

Добиените резултати од своите истражувања кандидатката во дискусијата ги споредува со податоци од литературата до кои дошле други автори. На исцрпен начин одговорила на поставените задачи, ги систематизирала постојните научни сознанија, а врз основа на резултатите од своите испитувања, правилно извела заклучоци и со тоа дала соодветен научен и практичен придонес во областа на рибарството.

Докторската дисертација е уредно обработена со потребни прикази на обработената материја, напишана е на јасен и разбирлив стил. Дисертацијата има квалитет на научен труд, базиран врз самостојни истражувања и соодветна статистичка обработка на податоците.

## Заклучок и предлог

Докторската дисертација **Морфометриски карактеристики, масов состав и исхрана на охридската белвица (*Acantholingua ohridana*, Steindachner),** изработена од м-р Катерина Беличовска, претставува самостоен оригинален научен труд. Според содржината, поставената цел, методолошкиот пристап, добиените резултати и нивната интерпретација, како и правилно изведените заклучоци претставува значаен придонес за науката и практиката, особено што охридската белвица досега е многу малку проучувана. Текстот е напишан со јасен и разбирлив стил. Трудот ги содржи сите елементи предвидени за докторска дисертација.

Комисијата ја прифаќа и позитивно ја оценува докторската дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје да го прифати извештајот од Комисијата и да ја повика кандидатката на јавна одбрана на дисертацијата.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Мирче Наумовски с.р.

Д-р Здравко Крстановски с.р.

Д-р Сашо Кутлешовски с.р.

Проф. д-р Срећко Ѓорѓиевски с.р.

Проф. д-р Елизабета Ангелова с.р.

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ДИСЦИПЛИНА ОД СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ КАРАКТЕР-ОСНОВИ НА ЛИКОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ СО МЕТОДИКА И КУКЛАРСТВО И СЦЕНОГРАФИЈА НА ГРУПИТЕ ЗА ОДДЕЛНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент, во состав: проф. м-р Решат Амети - претседател, проф. Данчо Ордев - член и доц. д-р Маја Рауник – Кирков - член.

Комисијата, по разгледувањето на доставените материјали, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот „Дневник" на 11.2.2010 и весникот „Коха" од 10.2.2010 година за наставната дисциплина основи на ликовното образование со методика и кукларство и сценографија на групите за одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик се пријави кандидатот, м-р Бурхан Ахмети

1. **м-р Бурхан Ахмети**

Рецензентската комисија, врз основа на условите, критериумите, постапката и начинот на избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ја разгледа целокупната документација и трудовите – прилозите на гореспоменатиот кандидат.

**М-р БУРХАН АХМЕТИ** е роден на 18.8.1978, с. Дебреше бб, Гостивар.

**ОБРАЗОВАНИЕ:**

- 1997, Средно училиште „Панче Попоски" – Гостивар;
- 2001, дипломирал на Факултетот за ликовни уметности на Државниот тетовски универзитет, Графички оддел, во класата на ред. проф. Фатмир Крипа;
- 2004, дипломирал на постдипломските студии, во класата на ред. проф. Фатмир Крипа, на Академијата за ликовни уметности во Приштина.

## РАБОТНО ИСКУСТВО:

- 2000/2001, ангажиран е како демонстратор во Одделот за графика на Факултетот за ликовни уметност во Тетово;
- 2003/2004, ангажиран е како асистент во Одделот за графика на Факултетот за ликовни уметности во Тетово;
- 2004, учесник е во работилница за изработување на јапонска рачна хартија за графика, на Факултетот за ликовна уметност во Софија;
- 2005, вработен е како помлад асистент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
- 2006, избран е како член во уметничкиот совет на ЗЛУМ „ДРАУДАЦУМ";
- од 2004 до 2008, претдседател на Здружението на ликовни уметници на Македонија „ДРАУДАЦУМ".

Член е на Здружението на Гостивар и член е на ДЛУМ- Скопје.

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

2010- Галерија, Ну Коза, Дижон, Франција.
2010- Cite des arts, Париз, Франција
2009- Галерија „Sudost" Берлин, Германија.
2009- Галериа на Министерството за култура на Косово, Приштина.
2008- Музеј на град Скопје, Skopje, Македонија.
2007- Музеј на град Скопје - графичко студио, Skopje, Македонија.
2005- Галерија „INCONTRO" - Цирих, Швајцарија.
2005- Галерија „FESTA" Софија, Бугарија.

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

2009- Зимски салон, Гилане, Косово.
2009- „Флака е јанарит" Гилане, Косово.
2009- Изложба од ликовната колонија „АРКА '09", Музеј на град Скопје, Македонија.
2009- Изложба на ликовната колонија „Гостивар 2008", Гостивар, Македонија.
2009- Меѓународна изложба, Центар за култура - Гостивар.
2009- Изложба на ликовната колонија 2008 во Сухарека, Косово.
2009- Меѓународна изложба на уметничка фотографија, Фиер, Албанија.
2009- Зимски салон, Гилане, Косово.
2008- Денови на албанската култура во МКД, Чифте амам, Скопје, Македонија.
2008- Меѓународна изложба на уметничка фотографија, Фиер, Албанија.
2008- Изложба на ликовната колонија 2007 во Сухарека, Косово.
2008- Изложба на ликовната колонија „Гостивар 2007", Македонија.
2008- Пролетен Салон, Центар за култура - Гостивар, Македонија.
2008- Изложба на минијатури ДЛУМ, КИЦ- Скопје, Македонија.

2008- Меѓународна изложба, Галерија Тригоно- Атина ,Грција.
2008- Донаторска изложба, „Мала станица", Македонија.
2007- Меѓународна изложба, Центар за култура, Македонија.
2007- Денови на албанската култура во МКД, Чифте Амам, Македонија.
2007- „Гуд морнинг, Балкан ", Центар за култура, Охрид, Македонија.
2007- Изложба на ликовната колонија во Сухарека, Косово.
2007- Пролетен салон, центар за култура, Гостивар, Македонија.
2007- Про Кредит Банка во Тетово.
2007- Музеј на град Струга, Македонија.
2007- „Бурхан Ахмети со пријателите од Балкан", Галерија „Лесердра", Бугарија.
2007- Меѓународна изложба на фотографии, Фиер, Албанија.
2006- ЈИЕ - универзитетот во Тетово.
2006- Пролетен салон, Центар за култура, Гостивар, Македонија.
2006- Меѓународно ануале за мала графика во Лесердра, Бугарија.
2006- Меѓународно биенале за мала графика, Аиуд, Романија.
2006- Тирана, Експо арт, Албанија.
2005- Културен центар во Струмица, Македонија.
2005- Меѓународна изложба во Галерија „Лесердра" во Софија ,Бугарија.
2005- Дом на културата во Тетово, Македонија.
2005- Галерија на Центарот за култура во Гостивар, Македонија.
2005- Пролетен салон, Центар за култура во Гостивар, Македонија.
2005- Центар за култура во Струмица, Македонија.
2005- Млада албанска графика во Македонија, Приштина, Косово.
2005- Меѓународен ануал за мала графика „Лесердра" во Софија, Бугарија.
2005- Културен центар, Гостивар, Македонија.
2005- „Точка" - Скопје, Македонија.
2005- Културен центар во Тетово, Македонија.
2005- Галерија „Киндерберг", Сухарека, Косово.
2004- Меѓународно биенале за мала графика во Велес, Македонија.
2004- Меѓународен ануал за мала графика „Лесердра" во Софија, Бугарија.
2004- Музеј на Косово во Приштина, Косово.
2004- Центар за култура во Гостивар, Македонија.
2004- Галерија во Прилеп, Македонија.
2004- Дом на културата во Раховец, Косово.
2004- Центар за култура во Охрид.
2004- Галерија на културниот центар во Гостивар, Македонија.
2004 - Театар на националностите во Скопје, Македонија.
2003- Галерија на современа уметност во Пловдив, Бугарија.
2003- Арт-Галерија во Гилане, Косово.
2003- Музеј на Косово во Приштина, Косово.
2003- „International Triennial of Grafiks in Bitola" Македонија.
2003- Центар за култура во Гостивар, Македонија.
2003- Зимски салон, Музеј на Косово во Приштина, Косово.
2003- Меѓународно биенале за мала графика во Тетово, Македонија.
2002- Гелерија на Младинскиот културен центар во Приштина, Македонија.

2002- Галерија „Роман Петрович" во Сараево, Босна и Херцеговина.
2002- Театар на националностите во Скопје, Македонија.
2002- Центар за култура во Гостивар, Македонија.
2002- Ла Клас во Луксембург.
2001- „Блу центер" - Гостивар, Македонија.
2001- Центар за култура во Гостивар, Македонија.
2001- „АЗ" - галерија во Струга, Македонија.
2001- Арт - клуб „Алтернативе" во Скопје, Македонија.
2000- Центар за култура во Тетово, Македонија.
2000- „Еуроп галерија" - Гостивар, Македонија.
1999- Уметничка галерија во Тетово, Македонија.

**ЛИКОВНИ КОЛОНИИ**:
2000- Маврово, Македонија.
2001- „Летна школа " во Бунец, Македонија.
2002- Центар за култура, Тетово.
2004- Центар за култура, Ораховец, Косово.
2004- „Киндер берг", Сухарека, Косово.
2005- Гостивар 2005 , „ДРАУДАЦУМ", Македонија.
2006- „Киндер берг", Сухарека, Косово.
2006- Гостивар 2006 , „ДРАУДАЦУМ", Македонија.
2007- Гостивар 2007 , „ДРАУДАЦУМ", Македонија.
2007- „Киндер берг", Сухарека, Косово.
2007- Сребреник, Босна и Херцеговина.
2008- „Киндер берг", Сухарека, Косово.
2008- Гостивар 2008 , „ДРАУДАЦУМ", Македонија.

**НАГРАДИ И ПОФАЛБИ:**

- 2008, награда за графика „Димче Николов",
Годишна изложба на ДЛУМ, Скопје;

- 2006, втора награда,
Меѓународна изложба за мала графика – Лесидра, Софија, Бугарија;

- 2003, втора награда,
Меѓународно биенале за мала графика Тетово,Тетово;

- 2003, награда од областа на ликовната уметност, општина Гостивар;

- 1999, награда за најдобар студент на Факултетот за ликовни уметности
при Државниот универзитет во Тетово.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на севкупната ликовно-уметничка и педагошка активност на кандидатот м-р Бурхан Ахмети, неговата творечка продукција, наставно – педагошката активност, интелектуалната, културната и едукативната активност на полето на кое дејствува, слободни сме да му предложиме на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, да го избере во соработничкото звање **асистент** по предметите: основи на ликовното образование со методика и кукларство и сценографија на групите одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. м-р Решат Амети с.р.
2. Проф. Данчо Ордев с.р.
3. Доц. д-р Маја Рауник – Кирков с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
„СТРАТЕШКАТА ИНТЕГРАЦИЈА НА КОМПАНИИТЕ КАКО ФАКТОР ЗА УСПЕШНОСТА НА СПОЈУВАЊАТА И ПРЕЗЕМАЊАТА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДУШИЦА СТЕВЧЕВСКА-СРБИНОСКА, ПОДНЕСЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р Душица Стевчевска-Србиноска со наслов „Стратешката интеграција на компаниите како фактор за успешноста на спојувањата и преземањата", Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, со одлука бр. 09-326/1 на ден 16. 2. 2010, донесена на 26 седница одржана на 8. 2. 2010 година, формира Комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација во состав:

1. д-р Васил Поповски
2. д-р Билјана Ангелова
3. д-р Татјана Петковска
4. д-р Дејан Пенџев и
5. д-р Верица Јанеска

Членовите на Комисијата со потребното внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата, до Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, го доставуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. *Општи согледувања*

Докторската дисертација **„Стратешката интеграција на компаниите како фактор за успешноста на спојувањата и преземањата" на кандидатката м-р Душица Стевчевска-Србиноска** обработува исклучително комплексна, интересна и актуелна проблематика од областа на реструктурирањето на претпријатијата и финансиската и кадровската трансформација која го следи секое покрупно трансформирање, односно спојување/преземање.

Добро е познато дека бројни напори за реализација на спојувања и преземања пројавуваат недостиг од критична маса за успех: внимание насочено кон

културолошката интеграција на двата сета на вработени и нивните дневни работни процеси. Ова се клучните аспекти кои се предмет на проучување во докторската дисертација.

Основната цел на истражувањето во докторската дисертација претставува анализата на значењето на посттрансакциската интеграција на спојувања и преземања како одлучувачки фактор за успехот на деловниот потфат. Имено, во сржта на спојувањата и преземањата се наоѓа истиот мотив: *создавање на синергија и реализација на поголема вредност преку комбинирање на фирмите-учеснички во потфатот*. Во зависност од успехот во реализација на посакуваната организациска синергија и пристапувањето кон организирана интеграција на капацитетите на двете друштва е и развојот на висок степен на комуникација и тимска работа на сите нивоа, како и ефикасната интеграција на човечките ресурси и нивното унапредување.

Предмет на обработка на докторската дисертација се меѓународните и домашните претпријатија кои се тековно или биле предмет на спојувања и преземања. Во теориската разработка на докторската дисертација се користени бројни дела на автори и литература со најнови сознанија за достигнувања и тенденциите во оваа област.

## 2. *Содржина на докторската дисертација*

Докторската дисертација „Стратешката интеграција на компаниите како фактор за успешноста на спојувањата и преземањата", поднесена од кандидатката м-р Душица Стевчевска-Србиноска, содржи вкупно 389 страници. Основниот текст се состои од 336 страници, распоредени во содржина, вовед, единаесет глави и заклучок. Докторската дисертација завршува со прилози, како и со библиографија составена од 224 библиографски единици и посочени извори. За изработка на докторската дисертација користени се дескриптивниот метод, индуктивно-дедуктивниот метод, компаративната анализа, методот на синтеза, статистичкиот метод, методот студија на случај и методот на анкета. Самиот емпириски-истражувачки осврт, пак, а со цел подобро анализирање и отсликување на

приликите во реалноста, се состои од следниве потпоглавја: проблеми при истражувањето, примерок на испитаниците, хипотетска рамка и анализа на резултатите од испитувањето.

Начелно, корисно е да се објасни заднината на овој интересен домен на истражување што го обработува кандидатката. За таа цел, во *првата глава* иницијалната дискусија на областа на спојувања и преземања започнува со основната терминологија и стратешкиот менаџмент како клучен организациски процес, по што се продолжува со краток преглед на најчестите облици на спојувања и преземања и некои други видови на компаниски реструктурирања. По комплетирање на прегледот на спојувањата и преземањата, станува збор за некои од основните економски постулати кои се преваленти при одлучувањето дали да се спроведе планираното спојување/преземање, при што се задржува на базичните причини поради кои компаниите се спојуваат или пак преземаат други претпријатија.

*Второто поглавје* го третира прашањето на организациска структура и реструктурирање кое може да се јави како резултат на регулаторни ограничувања, мотивираноста на менаџментот за подобри резултати, брендирање и можност за влез во конкретниот пазар. Поефикасниот пристап што се применува од фирми кои биле ангажирани во повеќекратни успешни спојувања и преземања укажува на примена на интеграциониот процес во порана фаза и на негово спроведување на мошне дисциплиниран начин. Структурниот облик на новоспоените претпријатија зависи од два фактора: 1) леснотијата со која можат да се експлоатираат оперативните ефикасности и економијата на размер и обем, што во голема мера зависи од производите и технологијата, и 2) компаративната организациска ефективност во оптималното задоволување на барањата на клиентите.

*Третото поглавје*, пак, започнува со кусо дефинирање на поимот на организациска структура по што се анализираат три пристапи за интеграција при спојување: апсорпциски, симбиотички и пристап на презервација со сите нивни одлики и специфики. Контекстот, одликите и предизвиците карактеристични за секој вид на пристап кон интеграција се образложени со апликација на студија на

неколку случаи. Deutsche Bank и Bankers Trust се третираат во контекст на апсорпцискиот пристап, а Citibank и Travelers се разгледуваат од аспект на пристапот на симбиоза каде што културолошките разлики можат да бидат забележително големи поради што може да биде потребно подолго време за тие да се премостат. Воедно, се опфаќа и примерот на Banc One, која го применуваше презервацискиот пристап за олеснување на процесот на преговарање при преземање на повеќе фирми поради неговата незакапувачка природа, односно фирмата-цел се остава помалку или повеќе недопрена по реализацијата на спојувањето.

Во *четвртото поглавје* се претставени проблемите во интеграција на раководните системи во контекст на интеграција на организациските структури, одредувањето на просторот на одвивање на дејноста на новонастапатото друштво, целите кои тоа ќе ги постави и услугите кои ќе им ги понуди на своите потрошувачи. Во оваа глава станува збор и за спроведувањето на интеграција на процесите за дизајн на производ, производство и претставување на понудата на пазарот. Паралелно со тоа се обработуваат начините за интеграција на внатрешните финансиски контроли. Меѓународните трансакции и нивното влијание врз интеграцијата на менаџмент - системите го заокружуваат ова поглавје и покажуваат на кој начин трендот трансакции на спојување и преземање на интернационален план влијае врз воспоставувањето на соодветни раководни структури и пост-трансакциска стабилизација на новата организација.

*Петтото поглавје* го третира менаџментот на човечките ресурси како најбитен ресурс за успехот на новото друштво при интеграцијата. Од посебен интерес во докторската дисертација е справувањето со културолошките проблеми на вработените кои настануваат при секоја покрупна промена во редовите на друштвата кои се спојуваат. Се истакнува улогата на раководството и потребата од воспоставување на организациско партнерство со што се олеснува адаптацијата на вработените. Имено, организациската култура во високо конкурентните индустриски гранки треба да се смета за битно конкурентно оружје од страна на раководството и одборите кои се фокусираат на стекнување и зачувување на квалитетите кои водат кон успех. Ова подразбира здраво стратешко водство од страна на сениор менаџерите кои знаат што е најдобро и тоа го реализираат

навремено, обезбедувајќи доволно ресурси. Но, се налага и посветеност на тимска работа, како и ограничување на ароганцијата. Едновремено, интегрираното претпријатие се подложува на унапредување и размена на знаење кое се кодифицира со цел подобра апсорпција на придобивките од организациските искуства.

Во рамките на *шестата глава* се опфаќа значењето на изработка на соодветни правилници за исплата на плати. Со спроведување на трансакцијата на спојување или преземање се наложува и промена на правилниците кои дотогаш биле во примена во рамките на претходно одделните друштва, па се формира поинаква, адаптирана посттрансакциска основа за исплата на плати и парични надомести на работниците. За таа цел посебно се истакнува потребата од стратешко планирање на интеграцијата на надоместот како едно од најчувствителните прашања во доменот на планирањето на човечките ресурси на новиот ентитет.

*Седмото поглавје* става фокус врз темата на вреднување и интеграција на материјалните средства. Постројките, опремата и залихите можат да се комбинираат во целост или делумно при интегрирање на дејностите на две претпријатија. Земјиштето, секако, не може да се комбинира физички, но сопственоста и правата на користење можат да се консолидираат. Истовремено, се разгледува и контекстот на меѓународните претпријатија каде што постојат два примарни предизвика: усогласување со меѓународните и домашните сметководствени стандарди и неутрализирање на флуктуациите во валутните курсеви. Притоа, се анализираат три главни книговодствени проблеми кои произлегуваат од меѓународните спојувања: промени во вреднувањето, промени во цените на трансфер и намалување на вредноста.

Вреднувањето и интеграцијата на нематеријалните средства се во центарот на истражувањата на *осмата глава* од оваа докторска дисертација. Се анализираат четири основни алтернативи кои можат да се применат кога едно претпријатие купува друго: задржување на сопственото име, преземање на името на купената компанија, комбинирање на двете имиња во целост, како и формирање на сосема ново име. Во продолжение се третира и проблемот на управување со идентитетот на

брендот и избор на мисија на друштвото кој настанува по секоја трансакција на спојување и има драстично влијание врз идните парични текови и препознатливоста на вредноста на друштвото во очите на потрошувачите. Вреднувањето и интеграцијата на нематеријалните средства се разгледува од аспект на три пошироки групи: оперативни нематеријални средства, производствени нематеријални средства и маркетиншки нематеријални средства.

*Деветтото поглавје* изложува осврт кон важноста од исполнување на законските и моралните обврски кон сопствениците и инвеститорите на друштвото. Имено, кога друштвото прифаќа финансирање од даден извор, за возврат дава „хартии од вредност" и ветувања. На акционерите им издава сертификати кои укажуваат на парцијална сопственост заедно со ветување дека ќе се зголеми вредноста на таа сопственост. На сопствениците на обврзници им издава обврзници ветувања за враќање на номиналната вредност на обврзницата до одреден датум, заедно со придружна камата. На доверителите им дава договори за заем со ветување дека ќе го врати полниот износ на позајмена готовина со камата. Ова поглавје истражува дел од посттрансакциските импликации на овие ветувања, со нагласување на имплицитните ветувања упатени кон акционерите. Сепак, челните управители на друштвото ја должат својата функција на довербата на акционерите. Иако често интересите на акционерите се во конфликт со интересите на останатите инволвирани страни на краток рок, долгорочно тие се мошне компатибилни.

Во рамките на *десеттата глава* се прави паралелно истражување за искуствата во спојувања и преземања, законските рамки и придружната интеграција во Република Македонија, Република Хрватска, Република Словенија и Република Словачка како земји - претставнички на стопанствата на Централна и Источна Европа. Истражувањето се темели врз квантитативните и квалитативните податоци добиени преку анализа на повеќе претпријатија во регионот. Како дел од ова истражување опфатени се законските рамки за интеграција, како и состојбата и потребите при овој процес во земјите во развој, со посебен акцент на Република Македонија. Едновремено, се прави разработка на преземањето на друштвото за шпедиција и услуги Траншпед-Комерц ДОО Скопје од страна на словенечката

Скупина Виатор и Вектор д.д., како и на Македонски телеком од страна на Deutsche Telekom.

Во последната *единаесетта глава* во рамките на емпириското истражување, направена е детална разработка на информациите здобиени со спроведување на теренско истражување врз повеќе организации кои подложеле на интеграција по спојување/преземање.

Со анализите во рамките на оваа завршна глава се утврдува постојната состојба на пазарот на капитални структурни промени како и влијанието на странскиот капитал врз подобрување на профитабилноста и ефикасноста на постојните претпријатија преку нивно купување. Истражувањето беше корисно за подобро разбирање на процесот на интеграција на претпријатијата во Република Македонија кои биле или се дел од зделка за спојување/преземање, како и посочување на проблемите од организациски карактер со што би се овозможило нивно полесно разбирање и премостување во иднина. За спроведување на истражувањето се примени емпириски пристап, при што каде најкористен метод беше методот на испитување на субјекти преку анкетен прашалник. При обработката на ова поглавје се прават анализи врз основа на јавно обзнанети и непубликувани сознанија за посттрансакциската состојба и реструктурирање на друштвата, а резултатите од анализите одредуваат соодветни насоки на промена на законската регулатива и практиката во Република Македонија со цел економско унапредување на македонското стопанство.

Заклучокот укажува дека добро обмислените интеграции при спојување и преземање ја постигнуваат крајната цел поради која се иницира самата зделка: *унапредување на работењето на друштвата кои се здружуваат преку создавање синергија и поголема вредност со соодветно комбинирање на учесниците во зделката.* Овие придобивки се пренесуваат и на сопствениците преку зголемување на идната добивка по акција. Воедно, се потврдува и претпоставката дека навлегувањето на странски капитал преку преземање на домашните друштва може да доведе до значителен прилив на нематеријални и материјални вложувања со кои би се поттикнал развојот на македонското стопанство.

### 3. *Оцена и предлог*

Врз основа на внимателното проучување на изнесената содржина на докторската дисертација од кандидатката м-р Душица Стевчевска-Србиноска со наслов „Стратешката интеграција на компаниите како фактор за успешноста на спојувањата и преземањата", Комисијата оцени дека докторската дисертација е обработена на современ и методолошки оригинален начин.

Теорискиот придонес на докторската дисертација се согледува во системската обработка на посттрансакциската интеграција на спојувања и преземања како одлучувачки фактор за успехот на деловниот потфат. Темата на докторската дисертација се одликува со оригинален пристап кон дефинирањето на проблемот на истражувањето кој е недоволно обработен во нашата научна и стручна литература и мошне успешно го инкорпорира методолошкиот и научниот третман во намалувањето на ризиците при стратешката интеграција на компаниите за успешноста на спојувањата и преземањата .

Докторската дисертација заслужува посебен респект поради интегралниот, целисходниот и темелен пристап според обемноста на обработениот стручен материјал. Текстот на дисертацијата е пишуван согласно со современите концепти прифатени при изработка на докторски дисертации.

Комисијата беше едногласна во констатацијата дека кандидатката м-р Душица Стевчевска-Србиноска во својата докторска дисертација целосно успеала да одговори на предизвиците што ги поставила при дефинирањето на предметот на истражување. Тезите што ги поставува мошне успешно ги развива со поткрепени и аргументирани ставови и заклучоци. Постигнатата научна егзактност и вредност на докторската дисертација се целосно прифатени и заслужуваат висока оцена.

Комисијата цени дека оваа докторска дисертација придонесува во афирмација на економската наука - како на полето на научното третирање на проблематиката на стратешкиот менаџмент, така и во практиката во смисла на дефинирање на постојните и потенцијалните практики и предочување на апликативни решенија за нив.

Врз основа на претходното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација „Стратешката интеграција на компаниите како фактор за успешноста на спојувањата и преземањата" и

2. на кандидатката м-р Душица Стевчевска-Србиноска да и се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Скопје, 4. 5. 2010

Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација

1. ______________________________ с.р.
/Д-р Васил Поповски/

2. ______________________________ с.р.
/Д-р Билјана Ангелова/

3. ______________________________ с.р.
/Д-р Татјана Петковска/

4. ______________________________ с.р.
/Д-р Дејан Нешев/

5. ______________________________ с.р.
/Д-р Верица Јанеска/

**До**
**Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"**

**Скопје**

**Предмет:** *Исправка.*

Во врска со објавениот реферат за избор на 15 асистенти по предметот општа хирургија на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, објавена во Билтен бр. 985 од 30 април 2010 година, Ве молиме да направите исправка на заклучокот на оваа рецензија.

***Заклучокот да гласи:***

"Документите на кандидатот Ален Јовчевски не се разгледувани зошто тој не е повеќе во работен однос при ЈЗУ Клиники-Скопје.

Кандидатите: ас.д-р Христијан Костов, ас.д-р Боро Џонов, . помл.ас.д-р Симон Трпевски, помл.ас.д-р Оливер Арсовски, помл.ас.д-р Софија Пејкова, помл.ас.д-р Венко Филипче,пом.ас.д-р Маргарита Пенева, помл.ас.д-р Љуљзим Агаи, д-р Сотир Ставридис, д-р Скендер Саиди, д-р Робер Шумковски, д-р Љупчо Николов, д-р Стојан Ѓошев, д-р Александар Шумковски, д-р Јасмина Ѓеоргиевска ги исполнуваат условите за избор во звање ассистент по предметот општа хирургија и комисијата му предлага на Наставно-научниот совет да ги избере во звањето асистент".

Рецентзентска комисија:
1. Проф.д-р Перо Петровски,
2. Проф.д-р Славчо Стојменски,
3. Доц.д-р Сашко Јовев,

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОТОКОЛЕН ИНЖЕНЕРИНГ И ОПТИМИЗАЦИЈА НА БЕЗЖИЧНИТЕ ШИРОКОПОЈАСНИ СИСТЕМИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ПЕРО ЛАТКОСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, донесена на седницата одржана на 28.IV 2010 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Перо Латкоски, со наслов „Протоколен инженеринг и оптимизација на безжичните широкопојасни системи".

По извршениот преглед на докторската дисертација, до Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, го поднесуваме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

### 1. Општи податоци за докторската дисертација

Докторската дисертација со наслов „Протоколен инженеринг и оптимизација на безжичните широкопојасни системи" од м-р Перо Латкоски е изложена во 7 поглавја. Заедно со библиографијата, дисертацијата се состои од 125 страници. Дисертацијата содржи список на референци кои биле користени при изработката на дисертацијата, како и референци на кои кандидатот се јавува како автор.

### 2. Предмет на докторската дисертација

Широкопојасните безжични системи се јавуваат како решение за сè поголемите потреби за пренос на мултимедиски содржини со висок квалитет. WiMAX-технологијата која е базирана на стандардот IEEE 802.16 е најпознатиот претставник на широкопојасните безжични системи. Овој стандард ги дефинира двете најниски протоколни нивоа: физичкото ниво и нивото за контрола на пристапот кон медиумот за пренос, познато како MAC-ниво.

Предмет на истражувањето во рамките на оваа докторска дисертација е анализата на перформансите на основните MAC-процедури кај IEEE 802.16-базираните мрежи. Дополнително, понудени се постапки за оптимизација на анализираните процедури кои резултираат во подобрување на квалитетот на комуникацискиот систем. Развиените

математички модели се испитувани со нумерички пресметки, а резултатите се валидирани со симулации.

## 3. Анализа на трудот

Текстот на докторската дисертација е организиран во седум глави. По воведната глава, следува втората глава во која е извршена анализа на MAC-процедурата одговорна за прифаќање на новоактивираните корисници кај една WiMAX-мрежа. Во оваа глава е направена анализа со цел да се испитаат доминантните фактори кои го дефинираат доцнењето. Дополнително, од анализата произлегува предлог за ефективна оптимизација на процедурата, која има за цел да го намали иницијалното доцнење.

Во третата глава е дадена анализа на протоколот за управување со сигурносните клучеви кај IEEE 802.16-базираните мрежи, во услови на канал кој внесува грешки и постоење на веројатност за одбивање на клучевите од страна на базната станица. За потребите на анализата, креирани се модели на состојби и премини за процесите на авторизација и енкрипција, кои се дел од протоколот одговорен за сигурност во комуникацијата. Добиените нумерички резултати во однос на веројатноста за прекин на комуникацијата, просечното време за обновување на комуникацијата и просечното време на нормално оперирање на системот се валидирани преку симулациски мерења. Од анализите се согледува дека е возможна оптимизација на протоколот преку избор на соодветни вредности за параметрите на авторизацискиот и енкрипцискиот процес, во согласност со условите на радиоканалот и веројатноста за одбивање на сигурносните клучеви.

Четвртата глава го презентира влијанието на Automatic Repeat Request (ARQ) процедурата и нејзините параметри, врз перформансите на IEEE 802.16 MAC-нивото. Најпрво е испитано доцнењето што го внесува оваа процедура врз ARQ-блоковите од податоци, како и веројатноста за исфрлање на некој ARQ-блок. Дополнително, аналитички е пресметан остварениот проток на MAC-ниво и вредностите се споредени со симулациски добиени резултати. Утврдено е дека ARQ-параметрите треба внимателно да се избираат во согласност со карактеристиките на апликацијата, физичкото ниво и состојбите на радиоканалот.

Петтата глава го презентира влијанието на параметрите дефинирани со хендовер процедурата, како и влијанието на радиоканалот склон кон грешки, врз перформансите на IEEE 802.16e-базирана мрежа. Предложен е аналитички модел со чија помош може да се пресмета латентноста на хендоверот и веројатноста за прекин на комуникацијата при изведувањето на хендоверот. Резултатите добиени од аналитичкиот модел се споредени со мерења направени врз SDL-базирана емулациона средина на WiMAX MAC-нивото.

Во шестата глава е дадена аналитичка и симулациска анализа на протоколот за добивање на опсег базиран на натпревар кај WiMAX-

мрежите. Најпрво со помош на Марков модел се предложени нови и прецизни релации за пресметка на условната веројатност за колизија кај една станица која го испраќа своето барање за опсег и веројатноста да се јави потреба за такво барање кај една станица. Дадени се дополнителни релации за пресметка на ефикасноста за искористување на слотовите за натпревар, како и просечното доцнење предизвикано од натпреварот. Со помош на релациите направена е анализа на влијанието на релевантните параметри, која дополнително е потврдена со симулатор. Врз основа на анализата предложен е нов алгоритам за организирање на корисниците и оптимизирање на параметрите, кој нуди максимална ефикасност во искористувањето на опсегот и минимално просечно доцнење. Алгоритамот се базира на естиматор за бројот на корисниците и нивната активност, и врз основа на тие вредности пресметува оптимален број на мултикаст групи од корисници и оптимални натпреварувачки параметри. Ефикасноста и добивката на алгоритамот се потврдени со помош на емулатор кој содржи SDL-базирана протоколна структура.

Заклучокот и придонесите од докторската дисертација се резимирани во седмата глава од дисертацијата.

## 4. Верификација на докторската дисертација

Резултатите од истражувањата на проблематиката од докторската дисертација, м-р Перо Латкоски успешно ги објавил во една книга публикувана од странска издавачка куќа, во меѓународни списанија и на меѓународни и домашни конференции. Во врска со дисертацијата објавени се следниве трудови:

Книги:

[1] **P. Latkoski**, B. Popovski, "Communication Protocol Engineering of Wireless Networks: Modeling and Optimization", ISBN-13: 978-3639193428, ISBN-10: 3639193423, *VDM Verlag Dr. Müller*, September 2009.

Меѓународни списанија:

[2] **P. Latkoski,** B. Popovski, "Communication Protocol Engineering and Optimization of Network Entry Process in IEEE 802.16 Based Systems", *IJMUE journal - International Journal of Multimedia and Ubiquitous Engineering*, Science & Engineering Research Support Center, Republic of Korea, Vol.4, No.2, April, 2009 (invited paper).

[3] **P. Latkoski,** B. Popovski, "Design and Performance Evaluation of WLAN and WPAN based on Formal Specification Methods", *WSEAS Journal, Transactions on Communications*, Issue 4, Volume 6, April, 2007.

Меѓународни конференции:

[4] **P. Latkoski**, B. Popovski, "Analysis of IEEE 802.16e Contention-based Handover in Erroneous Channel", *The 16th European Wireless Conference - EW 2010*, April 12-15, Lucca, Italy. (Invited Paper), Invited Session on "WiMAX: State of the Art and Future Perspectives".

[5] **P. Latkoski**, B. Popovski, "Evaluation of Mobile WiMAX Handover Procedure", *The 15th IEEE Mediterranean Electrotechnical Conference – MELECON 2010*, April 26-28, Valletta, Malta.

[6] **P. Latkoski**, M. Bogdanoski, A. Risteski, B. Popovski, "Performance Analysis of IEEE 802.16e Security Key Management Protocol", *The 12th International Symposium on Wireless Personal Multimedia Communications (WPMC 2009)*, Sendai, Japan, September 7-10, 2009.

[7] **P. Latkoski**, B. Popovski, "Delay and Throughput Analysis of IEEE 802.16 ARQ Mechanism", *The Sixth IEEE and IFIP International Conference on Wireless and Optical Communications Networks - WOCN2009*, Cairo Egypt, April 28 - 30, 2009.

[8] **P. Latkoski**, B. Popovski, "Analysis and Optimization of Network Entry Delay in WiMAX Networks", *The 2nd International Conference on Future Generation Communication and Networking (FGCN 2008)*, Sanya, Hainan Island, China, December 13 - 15, 2008.

[9] M. Bogdanoski, **P. Latkoski**, A. Risteski, B. Popovski, "IEEE 802.16 Security Issues: A Survey", *16th Telecommunications Forum - TELFOR 2008*, Belgrade, Serbia, November 25-27, 2008.

[10] **P. Latkoski**, B. Popovski, "Impact of Specification and Description Language on Communication Protocol and System Engineering", *14th Telecommunications Forum - TELFOR 2006*, Belgrade, Serbia and Montenegro, November 21-23, 2006.

Домашни конференции:

[11] M. Bogdanoski, **P. Latkoski**, T. Shuminoski, A. Risteski, "Authentication, Authorization and Accounting Provided by Diameter Protocol", *9th National Conference with International Participation - ETAI 2009*, Ohrid, R. Macedonia, September 26-29, 2009.

[12] V. Georgiev, **P. Latkoski**, B. Popovski, "Radio Planning and Propagation Models Analysis of WiMAX - 3.5 GHz", *9th National Conference with International Participation - ETAI 2009*, Ohrid, R. Macedonia, September 26-29, 2009.

[13] K. Oncevski, **P. Latkoski**, B. Popovski, "Wireless Data Transmission using WiMAX Technology", *MAKO-CIGRE National Conference on Electrical Engineering*, Ohrid, Macedonia, October 2007.

## 5. Оригинални придонеси на дисертацијата

Главните придонеси од докторската дисертација можат да се групираат во три целини: придонеси во подрачјето на математичко-аналитичко моделирање на протоколи, оптимизација на комуникациските процедури и креирање на протоколни прототипи со користење на формални методи.

1. Придонеси во однос на аналитичкото моделирање на протоколи:

- развиен е аналитички модел за пресметка на доцнењето кај процедурата за иницијален влез на корисничките станици во WiMAX-мрежата (поглавје 2.1);
- направени се дијаграми на состојби и премини за процесите кои ги контролираат сигурносните клучеви кај WiMAX-мрежите. Тие се

искористени за добивање на аналитички модел за пресметка на перформансите на сигурносниот протокол (поглавје 3.1.);

- развиен е аналитички модел за пресметка на доцнењето, веројатноста за отфрлање и протокот на ARQ-процедурата кај WiMAX-мрежите во услови на неидеален канал и различни оптоварувања од повисоките протоколни нивоа (поглавје 4.1.);
- воведен е математички модел за пресметка на латентноста и веројатноста за прекин на комуникацијата кај хендовер процедурата на мобилните WiMAX-мрежи (поглавје 5.1.);
- развиен е аналитички модел за пресметка на искористеноста на опсегот и доцнењето кај процедурата за барање на опсег со користење на натпревар кај WiMAX-мрежите. Дополнително, предложени се методи за естимација на сите параметри неопходни за успешно функционирање на предложената оптимизација (поглавје 6.1.);

2. Од аспект на оптимизацијата на комуникациските процедури:

- направена е оптимизација на доцнењето кое корисничките станици го трпат за време на иницијализацијата и влезот во WiMAX-мрежата (поглавје 2.2.);
- предложена е оптимизација на параметрите дефинирани кај сигурносните протоколи кај WiMAX, со цел да се максимизира просечното време на нормална комуникација и да се минимизира веројатноста за десинхронизација (поглавје 3.3.);
- направена е оптимизација на влезните параметри на ARQ-процедурата со цел да се минимизира веројатноста за отфрлање на ARQ-блоковите, да се минимизира доцнењето и да се зголеми остварениот проток (поглавје 4.3.);
- остварена е оптимизација на хендовер процедурата кај мобилниот WiMAX, при што е намалена латентноста при преминот на корисничките станици од една базна станица кон друга (поглавје 5.3.);
- предложена е оптимизација на доцнењето и искористеноста на опсегот кај процедурата за барање на опсег, при што се пресметуваат оптималните натпреварувачки параметри и се определува оптималната организираност на станиците во мултикаст групи (поглавје 6.3.).

3. Придонеси со креирање на протоколни прототипи, со користење на формални методи:

- направен е сеопфатен формално-базиран модел на процедурата за управување со сигурносни клучеви кај мобилен WiMAX-систем (поглавје 3.2.);
- изработен е прототип на комуникацискиот протокол за контрола на испраќањето на податочните блокови (поглавје 4.2.);

- изработен е формален SDL-модел на хендовер процедурата кај мобилниот WiMAX (поглавје 5.2.);
- направени се SDL-емулатори на процедурите за барање на опсег кај WiMAX-системите, базирани на натпревар и на кружно опслужување на корисничките станици (поглавје 6.7.).

## Заклучок и предлог

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека во докторската дисертација „Протоколен инженеринг и оптимизација на безжичните широкопојасни системи “, на кандидатот м-р Перо Латкоски, е даден значаен научен придонес во областа на безжичните телекомуникациски системи. Дадени се придонеси во развојот на аналитички модели на MAC-протоколите, оптимизација на комуникациските процедури и креирање на протоколни прототипи со користење на формални методи.

Со постигнатите резултати кандидатот м-р Перо Латкоски покажал длабоко познавање на проблематиката на дисертацијата и истражувачки дух, што резултира со научен придонес во областа на телекомуникациите. Резултатите од работата на докторската дисертација се публикувани во 12 научни трудови, од кои 2 во меѓународни списанија, 7 на меѓународни и 3 на домашни конференции. Задоволство ни е да истакнеме дека во 2009 год. е објавена книгата „Communication Protocol Engineering of Wireless Networks: Modeling and Optimization“, која кандидатот ја подготвил на покана од издавачката куќа *VDM Verlag Dr. Müller*, како резултат на истражувањата во докторската дисертација.

Врз основа на погоре изложеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно - научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го прифати овој извештај и на кандидатот м-р Перо Латкоски да му одобри јавна одбрана на докторската дисертација „Протоколен инженеринг и оптимизација на безжичните широкопојасни системи“.

**Комисија**

1. Проф. д-р Татјана Улчар-Ставрова, претседател с.р.
2. Проф. д-р Борислав Поповски, ментор с.р.
3. Проф. д-р Лилјана Гавриловска, член с.р.
4. Проф. д-р Зоран Хаџи-Велков, член с.р.
5. Проф. д-р Александар Ристески, член с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

На конкурсот објавен во весникот „Време" на 21.12.2009 година, д-р Вера Гошева се пријави за предвремен избор во звањето научен советник при ИНИ. Советот на Институтот за национална историја во Скопје; на својата седница одржана на 17.3.2010 година, избра Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Симо Младеновски, проф. д-р Надежда Цветковска и проф. д-р Тодор Чепреганов, во врска со пријавата на вишиот научен соработник д-р Вера Гошева за избор во звањето научен советник во Одделението за периодот меѓу двете светски војни.

Врз основа на приложените материјали и нивната содржина имаме чест да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Д-р Вера Гошева е родена на 25. 2. 1964 година во Струмица. Основно и средно образование завршила во родниот град. Дипломирала на Филозофскиот факултет во Скопје - група за историја во 1987 година. Магистрирала на тема: „Улогата на Павел Шатев во македонското ослободително движење по Мајскиот манифест 1924 година" на Филозофскиот факултет во Скопје во јануари 1993 година под менторство на академик Иван Катарџиев. На Филозофскиот факултет во Скопје во декември 2000 година ја одбранила докторската дисертација „Илинденската организација меѓу двете светски војни", под менторство на академик Иван Катарџиев.

Д-р Гошева работи во Институтот за национална историја од 1.7.1993 година како асистент, од 2001 година како научен соработник, а од 2006 година како виш научен соработник. Била вклучена во неколку

научноистражувачки проекти, а била раководител на проектот „Економската положба на Вардарска Македонија (1918-1941)".

Во периодот од изборот во последното звање до сега нејзината активност се одвивала во рамките на програмските активности на Институтот за национална историја. Била вклучена во наставата на постипломските студии по предметот *национална историја на македонскиот народ од 1913 до 1945 година* и на постдипломските студии од групата *социо-економска историја на Македонија XIX и XX век*. Била главен истражувач на научноистражувачкиот проект „Индустриските култури во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни, со осврт на тутунот и опиумот". За реализација на проектот остварила повеќе научноистражувачки престои во Република Србија, во Архивот на Југославија, Библиотеката на САНУ, Универзитетската библиотека и Народната библиотека во Белград.

Од 2007 година до денес, кандидатката е член на Претседателството на Сојузот на историчарите на Република Македонија. Од нејзините останати активности се издвојуваат: член на Комисијата за постдипломски и докторски студии, координатор на студиска програма, член на неколку комисии за одбрана на магистерски трудови, и на една комисија за одбрана на докторска дисертација. Во декември 2009 година е избрана и за член на Советот на ИНИ.

По изборот во звањето виш научен соработник, д-р Гошева учествувала на повеќе меѓународни конгреси и симпозиуми одржани во земјата и еден во странство. Има објавено повеќе трудови и прилози во научни списанија и зборници. По своето значење се издвојува зборникот на документи *Југословенско-турско централно опиумско биро (1932-1941)* во кој се претставени досега необјавени материјали од фондовите на Архивот на Југославија и од Државниот архив на Република Македонија. Презентираните документи се однесуваат на активностите кои се преземале за постигнување на југословенско-турски договор за извоз на опиум, за работата на Централното биро, со седиште во Цариград, и за резултатите кои тоа ги постигнало за време на своето постоење. Истовремено трудот дава можност

за согледување на политиката на Кралството Југославија кон опиумското прашање. Во *Сведоштва за македонскиот идентитет во XVIII–XX век* се задржува на пројавите на искажување посебен македонски индивидуалитет во редовите на македонското револуционерно движење во периодот меѓу двете светски војни.

Научниот интерес на кандидатката претежно е насочен кон економската историја на Македонија во периодот меѓу двете светски војни и кон македонското револуционерно движење во истиот временски период. Тоа се потврдува од прилозите кои ги има објавено во научните списанија и зборници. Во статијата *Занаетчиството во Малешевската околија во периодот меѓу двете светски војни* расветлува еден фрагмент од досега недоволно обработена тема во македонската историографија каква што е положбата на стопанството во вардарскиот дел на Македонија во меѓувоениот период. Статијата *Социо-економската положба на населението во Поречката околија (според пописот од 1931)* овозможува согледување на социјалната структура на населението и утврдување на главните стопански гранки во оваа околија.

Големото економско значење кое во периодот меѓу двете светски војни го имало одгледувањето на афионот и тутунот врз животот на народот во вардарскиот дел на Македонија е разгледан во повеќе прилози. Во *Економското значење на опиумот во Струмичко во периодот меѓу двете светски војни* е посветено внимание на големата заинтересираност меѓу населението за одгледување на културата на афион и на проблемите на кои се наидувало при трговијата со опиум во Струмичката околија. Во прилогот детално се изложени причините заради кои не успеала идејата за фабрикување на опиум во Струмица. Во *Меморандум од Земјоделската комора на Вардарска Бановина до претседателот на Министерскиот совет Драгиша Цветковиќ(јануари 1941)* станува збор за обид на тутунопроизводителите од вардарскиот дел на Македонија да се изборат за промена на одделни прописи во начинот на откуп на тутун. Во овој случај незадоволството од откупната политика која ја водела Управата на

државните монополи кои тутунот биле упатева до премиерот на владата. Позврзана со проблемот на одгледување на афионот и откупот на опиум во меѓувоениот период е и статијата *Одразот на меѓународните опиумски конвенции (1912-1931) врз примената на опиумот во медицински цели во Вардарска Македонија*. Во прилогот е посветено внимание на одразот на меѓународните опиумски конвенции врз ограничувањето на процесот на одгледување на културата на афион.

За развојот на банкарството во вардарскиот дел на Македонија, посебно во нејзиниот политички, административен и економски центар, станува збор во *Банките во Скопје (1920-1929)*. Во трудот детално е образложено колку банкарските установи во Скопје успеале во својата улога да го оживеат и финансираат стопанството во градот и околината. Во *Изградба на водоводот во Тетово (средина на 20-тите години од XX век-1931)* е посветено внимание на проблемите на кои се наидувало при изградбата на важните инфраструктурни објекти. Податоци за вклученоста на жените во стопанството во меѓувоениот период се наоѓаат во *Први статистички податоци за бројот на вработени жени во вардарскиот дел на Македонија*. Во прилогот се согледува местото на жената во општеството, и се добива претстава за нејзината социјална структура.

Голем дел објавени прилози се посветени на македонското револуционерно движење, како на неговите припадници ( *Улогата на Христо Узунов во Илинденското востание (според спомените на Смиле Војданов, Дејан Димитров и Никола Митрев); Методија Шаторов-Шарло во македонската историографија*), така и на односот на странските политички фактори кон него (*Политиката на Бугарската работничка партија (комунисти) кон македонските емигрантски организации*).

Не се запоставени важни политички настани кои се случувале во редовите на движењето. Статијата *Серчаните и преговорите за постигнување единствен македонски револуционерен фронт (1924)* го следи процесот на водење преговори за постигнување македонско револуционерно единство, а во *Македонската емиграција во Бугарија и одбележувањето на*

*Илинден во периодот меѓу двете светски војни* е објавен преглед на начинот како се празнувале годишнините од Илинденското востание.

Рецензентската комисија високо ја вреднува научноистражувачката, наставно-образовната и стручно-апликативната дејност на д-р Вера Гошева заради што констатира дека ги исполнува предвидените услови за избор во звањето научен советник.

Имајќи во предвид сето тоа, Рецензентската комисија му предлага на Советот на ИНИ да ја избере д-р Вера Гошева во звањето научен советник.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Симо Младеновски с.р.

______________________________

2. Проф. д-р Надежда Цветковска с.р.

______________________________

3. Проф. д-р Тодор Чепреганов с.р.

______________________________

Образец за одредување на целокупната активност во поени

за избор во одредено звање

| Научноистражувачка работа | Поени | Поени |
|---|---|---|
| | во земјата | во странство |
| Монографија или научна книга | 8 | |
| Дел од монографија или научна книга | 4 | |
| Труд во научно списание | 24 | |
| Труд во зборник | 28 | |
| Труд во зборник | | 3 |
| Носител на научноистражувачки проект | 4 | |
| Учество на научни собири | 13,5 | |
| Учество на научни собири | | 2 |
| Консултации, испити | 1 | |
| Член на комисии за магистерски студии | 1 | |
| Член на комисија за докторски студии | 0,5 | |
| Член на организационен одбор | 3 | |
| Член на редакциски одбор | 1 | |
| Научноистражувачки престој помал од 3 месеци | 3,5 | |
| Изготвување и пријавување на проект | 1 | |
| Учество во работа на комисија за државни натпревари | 1 | |
| Координатор на студиска програма | 1 | |
| Учество во тела на државни и други органи | 2 | |
| Член на Советот на ИНИ | 1 | |

| | | |
|---|---|---|
| Член на комисија за постдипломски студии | 1 | |
| Член на комисија за докторски студии | 1 | |

Вкупно: 104,5

## ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ:

### МОНОГРАФИЈА ИЛИ НАУЧНА КНИГА:

*-Југословенско-турско централно опиумско биро (1931-1941). Документи* (во печат).

*- Сведоштва за македонскиот идентитет во XVIII-XX век.* Скопје, 2010 (коавтор во печат).

### ПРИЛОЗИ ВО НАУЧНО СПИСАНИЕ:

*- Статистички податоци за трговските дуќани во Вардарска Македонија од 1928*, ГИНИ, 49, 1-2, Скопје, 2005, 355-360.

*- Добротворната компонента во русалиските обичаи во Јужна Македонија*, Македонски фолклор, XXXII, 63, Скопје, 2006, 203-208.

*- Меморандум од Земјоделската комора на Вардарска бановина до претседателот на Министерскиот совет Драгиша Цветковиќ (јануари 1941)*, ГИНИ, Скопје, 2006, 50, 1, 207-212.

*- Изградба на водоводот во Тетово (средина на дваесеттите години од XX век-1931)*, Историја (во печат).

### ПРИЛОЗИ ВО ЗБОРНИЦИ:

*- Хемиски оддел при Хигиенскиот институт во Скопје (1941-1944)*, Зборник на трудови. Втор македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, Струмица, 2005, 102-105.

*- Улогата на Христо Узунов во Илинденското востание (според спомените на Смиле Војданов, Дејан Димитров и Никола Митрев)*, „Христо Узунов и неговото време" (Материјали од Научниот собир, одржан во Охрид

на 27 и 28 октомври 2005, по повод 100 години од неговата смрт), Охрид, 2006, 153-159.

- *Серчаните и преговорите за постигнување единствен македонски револуционерен фронт (1924),* „Јане Сандански и македонското ослободително дело" (Зборник од научниот собир по повод 90 години од убиството на Јане Сандански одржан во Скопје на 20 и 21 октомври 2005 година), МАНУ, Скопје, 2007, 231-238.

- *Методија Шаторов-Шарло во македонската историографија,* (со коавтор), Материјали од научниот симпозиум „Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)", Скопје, 2007, 309-314.

- *Занаетчиството во Малешевската околија во периодот меѓу двете светски војни,* Материјали од научниот симпозиум „Малеш 100 години по Димитрија Поп Георгиев Беровски-минато, сегашност и иднина", Берово, 7-8 септември 2007, Берово, 2007, 129-139.

- *Одразот на меѓународните опиумски конвенции (1912-1931) врз примената на опиумот во медицински цели во Вардарска Македонија,* Зборник на трудови, Трет македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, Штип, 5-7 јуни 2008, 123-128.

- *Македонската емиграција во Бугарија и одбележувањето на Илинден во периодот меѓу двете светски војни,* Зборник на трудови. Македонскиот национален идентитет и државнотворноста на македонскиот народ, Скопје, 2008, 215-225.

- *Први статистички податоци за бројот на вработени жени во вардарскиот дел на Македонија,* Транзициите во историјата и културата (Прилози од Меѓународната научна конференција одржана во Скопје на 30-31 октомври 2006 година, во соработка со Етнографскиот институт со музеј при Бугарската академија на науките), Скопје, 2008, 167-170.

- *Економското значење на опиумот во Струмичко во периодот меѓу двете светски војни.* Научен симпозиум „Струмица и Струмичко: историја, култура и традиции", Струмица, 2008, 209-214.

- *Банките во Скопје (1920-1929)*, Зборник од научниот симпозиум Скопје меѓу античкото и модерното време", Скопје, 2009, 145-150.

- *Доселувањето на руските бегалци во Вардарска Македонија (пролет 1919 - почеток на 1921 година)*. Зборник: „Балканот и Русија: општото и специфичното во историскиот и културниот развиток", Скопје, 2010, 113-119.

- *Политиката на Бугарската работничка партија (комунисти) кон македонските емигрантски организации.* Научен собир „Република Македонија, Бугарија и македонската емиграција во Бугарија (1944-1948)" (во печат).

- *Советскиот обид за постигнување единство во македонското револуционерно движење (1923-1924).*). Меѓународен научен симпозиум „Македонија и руската (советска) политика од 1914 до 1944" (во печат).

- *Социо-економска положба на населението во Поречката околија (според пописот од 1931).* Научен собир: „Порече низ историјата" (во печат).

## ПРИЛОЗИ ВО ЗБОРНИЦИ ВО СТРАНСТВО:

- *Construction of Tetovo Water Supply (from XX Cetury Mid-Twenties to 1931).* International Scientific Conference: "The Spatial Planning in Southeastern Europe (until The Second World War)". (во печат)

## НОСИТЕЛ НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ:

-*Индустриските култури во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни, со осврт на тутунот и опиумот* (1.7.2006-30.6.2009).

## УЧЕСТВО НА НАУЧНИ СОБИРИ:

- Научен симпозиум „Малеш 100 години по Димитрија Поп Георгиев Беровски - минато, сегашност и иднина", одржан во Берово на 7 и 8

септември 2007, со реферат под наслов: *Занаетчиството во Малешевската околија во периодот меѓу двете светски војни.*

- Трет македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, одржан во Штип, од 5 до 7 јуни 2008, со реферат: *Одразот на меѓународните опиумски конвенции (1912-1931) врз примената на опиумот во медицински цели во Вардарска Македонија.*

- Меѓународна научна конференција Транзициите во историјата и културата", одржана во Скопје, на 30-31 октомври 2006 година, во соработка со Етнографскиот институт со музеј при Бугарската академија на науките, со реферат под наслов: *Први статистички податоци за бројот на вработени жени во вардарскиот дел на Македонија.*

- Научен симпозиум „Струмица и Струмичко: историја, култура и традиции", одржан во Струмица, од 11 до 13 септември 2008 година, со реферат: *Економското значење на опиумот во Струмичко во периодот меѓу двете светски војни.*

- Научен симпозиум „Скопје меѓу античкото и модерното време", одржан во Скопје, од 11 до 13 мај 2006 година, со реферат: *Банките во Скопје (1920-1929).*

- Научен собир „Република Македонија, Бугарија и македонската емиграција во Бугарија (1944-1948)", одржан во Скопје, ноември 2008 година, со реферат под наслов: *Политиката на Бугарската работничка партија (комунисти) кон македонските емигрантски организации.*

- Меѓународен научен симпозиум „Македонија и руската (советска) политика од 1914 до 1944", одржан во Охрид, од 16 до 18 септември 2008 година, со реферат: *Советскиот обид за постигнување единство во македонското револуционерно движење (1923-1924).*).

- Научен собир: „Порече низ историјата", одржан во Самоков, 5-6 септември 2009 година, со реферат под наслов: *Социо-економска положба на населението во Поречката околија (според пописот од 1931).*

- Меѓународен научен симпозиум „Шеесет години од завршувањето на Граѓанската војна во Грција-причини и последици", одржан во Скопје, на 17

и 18 декември 2009 година, со реферат: *Британски согледувања за положбата на Македонците во егејскиот дел на Македонија во Втората светска војна* (со коавтор).

**УЧЕСТВО НА НАУЧНИ СОБИРИ ВО СТРАНСТВО:**

- International Scientific Conference: "The Spatial Planning in Southeastern Europe (until The Second World War)", Belgrade and Smederevo, 27, 28 Novembar with: *Construction of Tetovo Water Supply (from XX Cetury Mid-Twenties to 1931).*

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

На конкурсот објавен во весникот Време" на 21.12.2009 година, д-р Билјана Ристовска-Јосифовска се пријави за предвремен избор во звањето научен советник.

Врз основа на одлуката на Советот на Институтот за национална историја бр. 02-22/25 од 26.3.2010 година, избрани сме за рецензенти во врска со пријавата на вишиот научен соработник проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска за избор во предвремено звање. Заблагодарувајќи му се на Советот за укажаната доверба, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

*БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ*

Проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска е родена на 27. X 1969 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во родниот град. Дипломирала во 1993 година на Филозофскиот факултет, Институт за историја. Во Институтот за старословенска култура во Прилеп е вработена на 11. IV 1994. Магистерската теза Кралството на Словените од Мавро Орбини како извор за македонската средновековна историја" ја одбранила на 6. III 1998 година, а докторската дисертација на тема Ѓорѓија М. Пулевски - револуционер и културно-национален деец", ја одбранила на 7 јули 2003 година во Институтот за национална историја. Од 2002 година работи во Балканолошкото одделение при ИНИ.

Во рамките на ростдипломските студии на ИНИ професор е на студиската група *историја на културата на Македонија.*

На 26. 12. 2006 година е избрана во повисокото звање *виш научен соработник* и во наставното звање *вонреден професор*, на постдипломските студии при ИНИ.

*НАУЧНА АКТИВНОСТ*

Во досегашната своја научноистражувачка работа се пројавува како автор или коавтор на повеќе одделни научни публикации и проекти како во земјата така и во странство.

Во доменот на нејзиниот интерес пред сé влегува културната историја, миграциите, преродбата и идентитетот и сл.

Од обемниот научен опус посебно би го издвоиле единствениот досега објавен монографски труд за Ѓорѓија М. Пулевски: „Ѓорѓија М. Пулевски–револуционер и културно-национален деец“ (Скопје, 2008). Во него за прв пат пред македонската научна и поширока јавност се дава целосен преглед на животот и делото на овој македонски преродбеник.

Се пројавува и како коавтор на повеќе монографии во Македонија, меѓу кои и во првата „Македонска енциклопедија“, I-II (Скопје, 2009), а во странство е коавтор на монографијата "Women and Minorities: Ways of Archiving. – Book Series: Women and Minorities Archives“, Vol 1, со меѓународна редакција (София-Виена, 2009).

Во периодот помеѓу двата избора во звање особено доаѓа до израз нејзиниот интерес кон миграциските студии. Преку интердисциплинарен пристап и со методите на историската антропологија, кандидатката објавува прилози во списанија и зборници во Македонија и во странство: „*Миграции и промени во Мијачкиот крај во Македонија,* „Транзициите во историјата и културата“ (Прилози од Меѓународната конференција одржана во Скопје во соработка со Етнографскиот институт со музеј при Бугарската академија на науките), Скопје, 2008, 457-466; *Manifestations of Violence in the Western Part of Macedonia (Migrations and Changes).* "Symposia. Journal for Studies in Ethnology and Anthropology", Craiova, 2006, 205-214 итн.

Во низа нејзини статии дава свој научен прилог кон изучувањето на почетоците на македонската историографија и историска наука во релациите меѓу Балканот и Европа (One Concept of Studying the Relation Balkan/Europe,

„Balkanistic Forum", 1-2-3, Blagoevgrad, 2007, 132-138; Русский перевод "Il Regno de gli Slavi" Мавро Орбини (заимствования и паралели у некторых южнославянских авторов), „Мировая литература в културном контексте", Перм, 2007, 127-132; Едно видување на минатото во почетоците на македонската историографија, зб.: „Историја, историографија и настава по историја", Скопје, 2007, 57-69).

Македонскиот преродбенски процес, одразен во изворите и книжевноста, во историски и културолошки контекст, проф. д-р Ристовска-Јосифовска го проследува во низа трудови на разни јазици: *Автобиографические тексты литературных деятелей г. Охрида Григора Прличева и Зафира Белева (в культурологическом контексте)* („Мировая литература в културном контексте", Перм, 2006, 159-164); *Автобиографические тексты как культурологические индикаторы* („Мировая литература в контексте культуры пограничные процессы в литературе и культуре. Сборник статей по материалам международной научной конференции, посвященной 125-летию со дня рождения василия каменского (17–19 апреля 2009 г.)", Пермь, 2009, 167-171) итн.

Свој научен прилог дава и во областа на проучувањата на балканолошките аспекти: на пример, во статијата *Односот на Ѓорѓија М. Пулевски кон Русија во неговото дело* („Македонија и руската политика на Балканот од Берлинскиот конгрес до Првата светска војна (материјали од Македонско-рускиот научен собир одржан во Охрид на 27 и 28 септември 2004)", Скопје, 2008, 211-222), во трудот *Петар Драганов за Мијаците* („Петар Драганов за Македонија и Македонците", МАНУ, Скопје, 2009, 99-110) итн.

Научниот дискурс кон проблематиката на личниот и колективниот идентитет го следиме низ повеќе прилози, меѓу кои ги издвојуваме: *Personal and Collective Identity (One Historical Profile in Modern European Perspective)*, "Dynamics of National Identity and Transnational Identities in the Process of European Integration" (Edited by Elena Marushiakova. This book first published 2008 by Cambridge Scholars Publishing, 305-313) и *Gjurchin Kokale – An Autobiographic Profile* („Balkanistic Forum", 1-2, Благоевград, 2008).

Интересот за медиевалистичката тематика го следиме низ повеќедисциплинарните истражувања на средновековната династија на Мрњавчевиците во Македонија, на пример: *Именувањата на Мрњавчевци во*

*македонската и во српската традиција и историографија (споредбен аспект)*, „Филолошки студии", 5/2007, вол. 2, Скопје-Прем-Љубљана-Загреб, 2007, 71-85.

*ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ*

Особена активност проф. д-р Билјана Р. Јосифовска пројавува во проектните активности како во земјата така и надвор од неа. Во тој контекст би ги споменале меѓународните проекти: координатор од македонската страна на проектот „Women and Minority Documentation and Digital Presentation - from Fragmented Data to Integration in the Information Society" (проект помеѓу Бугарија, Австрија, Србија, Македонија и Романија); „Динамика на движење на работната сила на Балканот" (проект помеѓу Институтот за национална историја и Етнографскиот институт со музеј-БАН) и „Балканот и Русија: општо и специфично во историскиот и културниот развиток" (проект помеѓу Институт за национална историја и Институтот за славистика-РАН).

Била раководител и на проектот „Историја, историографија и настава по историја (од македонски кон европски перспективи)" и на проектот „Миграционите процеси на Мијаците на Балканот".

*УЧЕСТВО НА НАУЧНИ СОБИРИ*

Учествувала на голем број конференции, конгреси, тркалезни маси и други научни собири на различни теми во Македонија и во странство.

Од научните собири во странство би ги истакнае: „Dynamics of National Identity and Transnational Identities in the Process of European Integration" (Бугарија), во рамките на проект поддржан од Европската фондација „Жан Моне"; Representations of the Past: The Writing of National Histories in Nineteenth and Twentieth-Century Europe (Унгарија), во рамките на проект финансиран од Европската научна фондација. Учествува на антрополошките конференции во организација на Меѓународната асоцијација за антропологија на Југоисточна Европа (InASEA), како и на биеналните „AnthropoEast - The Anthropology of South-Eastern Europe" (Крајова) и на „European Social Science History Conference" во Лисабон (2008). Интересот кон истражувањата поврзани со родовите студии го искажува на повеќе научни собири: Women and Minority Documentation and

Digital Presentation - from Fragmented Data to Integration in the Information Society (Белград); Women's Archives – Realities, Desires, Reflections (Women and Politics) (Виена); XVII International Round Table „Memory and Forgetfulness" (Благоевград).

*УРЕДНИК НА СПИСАНИЈА И ЗБОРНИЦИ*

Проф. д-р Ристовска-Јосифовска се јавува и како уредник, редактор и член на повеќе зборници и списанија во земјата и во странство: член е на меѓународното списание „Филолошки студии", кое се објавува на четири јазика (македонски, словеначки, руски и хрватски) и е резултат на повеќегодишната универзитетска соработка меѓу Пермскиот државен универзитет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Универзитетот во Љубљана и Универзитетот во Загреб.

Во периодот меѓу двата избора учествувала во организирањето на повеќе меѓународни научни конференции и била член на организациски одбори. Посебно би ги издвоиле Меѓународните конференци: „Транзициите во историјата и културата"; „Историја, историографија и настава по историја" и „Балканот во цивилизацискиот концепт на Европа".

*ЧЛЕНУВАЊЕ ВО МЕЃУНАРОДНИ АСОЦИЈАЦИИ*

Член е на меѓународната стручна асоцијација International Association for Southeast European Anthropology (од 2006), како и на Сојузот на историчарите на Република Македонија, каде што ја врши функцијата претседател (2007-2009).

*НАСТАВНА АКТИВНОСТ*

Ангажирана е во одбрана на докторски теми, магистерски тези, избор во звања, подобност на теми за докторски и магистерски трудови. Рецензент е на повеќе научни трудови за научни списанија и зборници.

Во работата на Институтот за национална историја е вклучена во повеќе стручни работни тела.

ЗАКЛУЧОК

Имајќи ја предвид горе набележаната активност на проф. д-р Билјана Р. Јосифовска може слободно да се истакне дека се работи за сериозен, плоден и компетентен научен работник кој со резултатите од своите интердисциплинарни истражувања, а кои се однесуваат на историјата на Македонија, Македонија во политиката на балканските држави, миграциите, културната историја и преродбата, ја афирмира македонската национална мисла во земјата и во странство.

Ценејќи ја нејзината научна активност, од последниот избор, Рецензентската комисија му предлага на Научниот совет на ИНИ да ја избере проф. д-р Билјана Р. Јосифовска во ПРЕДВРЕМЕНО звање НАУЧЕН СОВЕТНИК.

Рецензенти

Проф. д-р Тодор Чепреганов с.р.

Проф. д-р Александар Трајановски с.р.

Проф. д-р Марија Пандевска с.р.

## ОБРАЗЕЦ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ЦЕЛОКУПНАТА АКТИВНОСТ ВО ПОЕНИ ЗА ИЗБОР ВО ОДРЕДЕНО ЗВАЊЕ

| Научноистражувачка дејност | Поени | Поени |
|---|---|---|
| | во земјата | во странство |
| Монографија или научна книга | 8 | |
| Дел од монографија | 20 | 6 |
| Прегледен труд (СЦИ/Ца/останати) | 10 | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено со СЦИ/Ца/останати | 30 | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен на еден од светските јазици со меѓународно значење | 18 | |
| Труд во зборник на трудови од научен собир | 5 | 10 |
| Труд во зборник на трудови од стручен собир | 2 | |
| Прегледен напис во научно списание | 12 | |
| Раководител на научен проект | 8 | 18 |
| Учесник во научен проект | 4 | |
| Учество на научен собир со реферат | 15 | 24 |
| Претседател на организационен одбор на научен собир | 4 | |
| Член на организационен одбор на научен собир | 2 | 2 |
| Член на уредувачки одбор на научно списание | 1 | |
| Уредник на зборник на трудови од научен собир | 2 | |
| Член на комисија за избор во звање | 0,4 | |
| Координатор на студиска програма | 1 | |
| Член на државни и други органи | 4 | |
| Член на комисија за оцена на докторат | 0,5 | |
| Член на комисија за оцена на магистерска | 0,3 | |
| Член на комисија за одбрана на докторат | 0,5 | |

| | | |
|---|---|---|
| Член на комисија за одбрана на магистерска | 0.3 | |
| ВКУПНО: | 208 | |

## БИБЛИОГРАФИЈА НА ТРУДОВИ МЕЃУ ДВАТА ИЗБОРА ВО ЗВАЊЕ

**Монографски трудови (автор):**

-*Ѓорѓија М. Пулевски - револуционер и културно-национален деец*, СЕЛЕКТОР, Скопје, 2008, стр. 246.

**Дел од монографии во Македонија (коавтор/во група автори, соработник):**

-*Крсте П. Мисирков, Собрани дела, II. Печатени истражувања и статии (1898-1909)*. Подготовка Блаже Ристовски. Соработник Билјана Ристовска-Јосифовска, МАНУ, Скопје, 2007, стр. 441;

-*Крсте П. Мисирков, Собрани дела, III. Национално-политичка публицистика (1910-1926)*, Подготовка Блаже Ристовски. Соработник Билјана Ристовска-Јосифовска, МАНУ, Скопје, 2008, стр. 403;

-*Македонскиот среден век VI-XVIII*. Редактор Јован Павловски, МИ-АН, Скопје, 2007, стр. 700;

-*Македонскиот деветнаесетти век 1800-1902*. Редактор Јован Павловски, МИ-АН, Скопје, 2007, стр. 439;

-*Македонска енциклопедија*, I-II, МАНУ, Скопје, 2009.

**Дел од монографии во странство (коавтор/група автори):**

-"*Women in Macedonia throughout Documentation*, In: „Women and Minorities: Ways of Archiving. – Book Series: Women and Minorities Archives", Kristina Popova, Marijana Piskova, Margareth Lanzinger, Nikola Langreiter, Petar Vodenicharov (Eds.), Vol 1, Sofia-Vienna, 2009, pp. 247-257.

**Научни прилози во Македонија:**

-*Теророт во Галичник низ нарациите на автори Галичани*, „Историја", Скопје, 2006, 61-72;

-*Даме Груев во културно-националното организирање на Македонците во Софија*, „Дамјам Груев (1871-1906) -100 години од неговата смрт (1906-2006)", Скопје, 2007, 109-120;

-Именувањата на Мрњавчевци во македонската и во српската традиција и историографија (споредбен аспект), „Филолошки студии“, 5/2007, vol. 2, Скопје-Прем-Љубљана-Загреб, 2007, 71-85;

-*Едно видување на минатото во почетоците на македонската историографија*, зб.: „Историја, историографија и настава по историја“, Скопје, 2007, 57-69;

-*Миграциите на Мијациите во нивните дела (преселниците за себе)*, „XXXIV научна конференција, XL меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура. Литература“, Охрид, 2008;

-*Односот на Ѓорѓија М. Пулевски кон Русија во неговото дело*, зб.: „Македонија и руската политика на Балканот од Берлинскиот конгрес до Првата светска војна (материјали од Македонско-рускиот научен собир одржан во Охрид на 27 и 28 септември 2004)“, Скопје, 2008, 211-222;

-*Именувањето на Мрњавчевци во македонската и во српската традиција и историографија (помеѓу историјата и народната меморија)*, „Македонски фолклор“, XXXIII, 64, Скопје, 2007, 89-102;

-*Миграции и промени во тијачкиот крај во Македонија*, „Транзициите во историјата и културата“ (Прилози од Меѓународната конференција одржана во Скопје во соработка со Етнографскиот институт со музеј при Бугарската академија на науките), Скопје, 2008, 457-466;

-*Петар Драганов за Мијаците*, „Петар Драганов за Македонија и Македонците“, МАНУ, Скопје, 2009, 99-110;

-*Рускиот превод на Il Regno de gli Slavi (преземања и паралели кај некои јужнословенски автори*, „Зборник. Историја“, Музеи на Македонија, 3, Скопје, 2009, 89-92;

-*Автобиографските текстови на Петар Прличев и Зафир Белев*, „Спектар“, Институт за македонска литература, Скопје, 2009.

**Научни прилози во странство:**

-*Manifestations of Violence in the Western Part of Macedonia (Migrations and Changes)*, "Symposia. Journal for Studies in Ethnology and Anthropology", Craiova, 2006, 205-214;

-*Автобиографические тексты литературных деятелей г. Охрида Григора Прличева и Зафира Белева (в культурологическом контексте)*, „Мировая литература в културном контексте", Перм, 2006, 159-164;

-*One Concept of Studying the Relation Balkan/Europe*, „Balkanistic Forum", 1-2-3, Blagoevgrad, 2007, 132-138;

-*Русский перевод "Il Regno de gli Slavi" Мавро Орбини (заимствования и параллели у некторых южнославянских авторов)*, „Мировая литература в културном контексте", Перм, 2007, 127-132;

-*Personal and Collective Identity (One Historical Profile in Modern European Perspective)*, "Dynamics of National Identity and Transnational Identities in the Process of European Integration", Edited by Elena Marushiakova. This book first published 2008 by Cambridge Scholars Publishing, 305-313;

-*Лична и колективна идентичност (една историческа фигура в модерна европейска перспектива)*, „Динамика на националната идентичност и транснационалните идентичности в процеса на европейска интеграция". Съставител Мирелла Дечева, „Academica Balkanica", vol. 4, София, 2008;

-*Gjurchin Kokale – An Autobiographic Profile*, „Balkanistic Forum", 1-2, Благоевград, 2008.

-*Автобиографические тексты как культурологические индикаторы*, „Мировая литература в контексте культуры пограничные процессы в литературе и культуре. Сборник статей по материалам международной научной конференции, посвященной 125-летию со дня рождения василия каменского (17–19 апреля 2009 г.)", Пермь, 2009, 167-171.

**Научни прилози во меѓународно интернет-списание:**

„Филолошки студии", 5/2007, vol. 2, Скопје-Прем-Љубљана-Загреб, 2007 – *Именувањата на Мрњавчевци во македонската и во српската традиција и историографија (споредбен аспект)*; http://www.philologicalstudies.org

-„Филолошки студии", 6/2008, vol. 2, Скопје-Перм-Љубљана-Загреб, 2008 – *Името на Скендербег и неговото семејство во првиот историографски труд на македонски јазик (споредбена анализа со изворите)*. http://www.philologicalstudies.org

-„Филолошки студии", 7/2009, vol. 2, Скопје-Перм-Љубљана-Загреб, 2009 – *Размислувања за долготрајниот процес на македонската преродба* (кон

Валентина Миронска-Христовска, *Македонскайа йреродба*, Институт за македонска литература, Скопје, 2007).

**Прилог (интернет):**

-*Women and Minority Documentation and Digital Presentation – from Fragmented Data to Integration in Information Society* ( http://www.history.swu.bg/articles4.htm)

**Меѓународни проекти:**

Координатор од македонска страна:

ASO (Austrian Science and Research Liaison Offices):

„Women and Minority Documentation and Digital Presentation - from Fragmented Data to Integration in the Information Society" (2007-2008): проект помеѓу Бугарија (applicant/coordinator), Австрија (project partner), Србија (project partner), Македонија (project partner) и Романија (project partner) http://www.history.swu.bg/aso.htm

Министерство за образование и наука (Р. Македонија) и Министерство за образование и наука (Р. Бугарија):

„Динамика на движење на работната сила на Балканот" (2008-2010): проект помеѓу Институтот за национална историја (Р. Македонија) и Етнографскиот институт со музеј-БАН (Р. Бугарија).

Институт за национална историја (Р. Македонија) и Институтот за славистина-РАН (Руската Федерација):

„Балканот и Русија: општо и специфично во историскиот и културниот развиток" (од 2009): соработка со Институтот за славистика при РАН (Русија).

**Национални проекти:**

Раководител:

Министерство за финансии:

„Историја, историографија и настава по историја (од македонски кон европски перспективи)".

Институтот за национална историја:

„Миграционите процеси на Мијаците на Балканот".

Соработник:

Институтот за национална историја:

„Положба во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни со посебен осврт на афионот и тутунот".

Македонската академија на науките и уметностите:

„Собрани дела на Крсте П. Мисирков".

**Учество на научни собири во Македонија:**

-XVI меѓународен симпозиум за балкански фолклор (18-19 октомври 2006), Охрид;

-меѓународна конференција Транзициите во историјата и културата (30-31 октомври 2006), Скопје;

-меѓународна конференција „Развиток на македонската литература" (25-26 ноември 2006), Скопје;

-научен собир „100 години од смртта на Даме Груев" (декември 2007), Берово;

-меѓународен симпозиум „Петар Драганов и Македонија" (7-9 јуни 2007), Скопје;

-XXXIV научна конференција, XL меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, 27-28 август 2007, Охрид;

-II меѓународен научен собир Македонско-хрватски книжевни и културни врски (10-11 октомври 2007), Охрид;

-меѓународен научен собир „Македонија и Русија/СССР (историја, политика, култура)", 17-18 октомври 2008, Охрид;

-XVII меѓународен симпозиум за балкански фолклор (6-9 октомври 2008), Охрид;

Македонскиот идентитет низ вековите (10-12 октомври 2008), Скопје.

**Научни собири во странство:**

-International Conference „AnthropoEast - The Anthropology of South-Eastern Europe" (23-26 ноември 2006), Крајова (Романија);

-XVI International Round Table „Autobiographic Trajectories on the Balkans" (25-28 февруари 2007), Благоевград (Бугарија);

-4th Conference of the International Association for Southeast European Anthropology (InASEA) on *Region, Regional Identity and Regionalsim in Southeastern Europe* (25-27 мај 2007), Темишвар (Романија);

-International Conference „Dynamics of National Identity and Transnational Identities in the Process of European Integration" (6-9 јуни 2007), Софија (Бугарија);

-Women and Minority Documentation and Digital Presentation - from Fragmented Data to Integration in the Information Society, 25-27 октомври 2007, Белград (Србија);

-Women's Archives – Realities, Desires, Reflections (Women and Politics), 30 ноември-1 декември 2007, Виена (Австрија);

-European Social Science History Conference (26 февруари - 1 март 2008), Лисабон (Португалија);

-XVII International Round Table „Memory and Forgetfulness" (15-17 February 2008), Благоевград (Бугарија);

-„Миграции на работна сила – типологија, терминологија и методологија на проучувањето" (22 април 2008), Софија (Бугарија);

-Representations of the Past: The Writing of National Histories in Nineteenth and Twentieth-Century Europe (30 јуни - 6 јули), Унгарија.

-International Conference in Ethnology and Anthropology „*AnthropoEast*: The *Europenisation* of Balkans – The *Balkanisation* of Europe" (26-29 ноември), Крајова (Романија);

-5th Conference of the International Association for Southeast European Anthropology (InASEA) on Migration (21-24 мај 2009), Анкара (Турција).

**Уредник и член во зборници и списанија:**

**Во Македонија:**

Уредник:

-„*Историја, историографија и настава по историја*" (Прилози од Меѓународната конференција "Историја, историографија и настава по историја" одржана од 23-24 ноември 2007 год., Скопје), Скопје, 2007, ISBN 978-9989-776-11-3

Секретар на Редакциски одбор:

-„*Транзициите во историјата и културата*" (Прилози од Меѓународната конференција одржана во Скопје на 30 и 31 октомври 2006 година, во соработка со Етнографскиот институт со музеј при Бугарската академија на науките), Институт за национална историја, Скопје, 2008, стр. 818, ISBN 978-9989-159-27-5

**Меѓународни:**

-член на Редакциски колегиум на меѓународна периодична публикација:

„*Филолошки студии*" (Перм-Љубљана-Скопје-Загреб) (2007, 2008, 2009)

-член на Редакциски колегиум на меѓународно интернет списание:

„*Филолошки студии*" (2008, 2009) http://www.philologicalstudies.org

**Раководење и учество во стручни организации и работни тела:**

член на меѓународна организација:

*International Association for Southeast European Anthropology* (од 2006).

претседател:

*Сојуз на историчарите на Република Македонија* (2007-2008).

Претседател на Организациски одбор:

-меѓународна конференција „Историја, историографија и настава по историја", одржана 23-24 ноември 2007 година, Скопје.

Секретар на Организациски одбор:

-меѓународна конференција „Транзициите во историјата и културата", одржана во Скопје на 30 и 31 октомври 2006 година, организирана од Институтот за национална историја во соработка со Етнографскиот институт со музеј при Бугарската академија на науките (Софија).

Член на Организациски одбор:

-меѓународна конференција „Балканот во цивилизацискиот концепт на Европа" (25-28 ноември 2009);

Работни тела на ИНИ:

-член на Иницијативен одбор за одбележување на 60 години од формирањето на ИНИ (2008);

-член на Работно тело за организирање на изложба (2008).

Постдипломски студии во ИНИ:

-координатор на студиската група за магистерски студии „Историја на културата на Македонија";

-член на Комисијата за усогласување на студиските програми за втор циклус на постдипломски студии (2009);

-член на Комисијата за усогласување на студиски програми за докторски студии, група *културна историја на Македонија* (2009);

-член на комисија за оценка на докторат: (Силвана Сидоровска-Чуповска);

-член на комисијата за оцена на магистерска теза: (Загорка Поп-Антеска-Андовска);

-член на комисијата за одбрана на докторат: (Силвана Сидоровска-Чуповска)

-член на комисија за одбрана на магистерска (Загорка Поп-Антеска-Андовска);

-член на комисија за избор во звање: звањето научен соработник на д-р Лидијана Гушевска, звањето научен соработник на д-р Силвана Сидоровска-Чуповска.

Гушевска, звањето научен соработник на д-р Силвана Сидоровска-Чуповска

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ИНИ - СКОПЈЕ

Рецензентската комисија за избор во научното звање виш научен соработник на д-р Силвана Сидоровска-Чуповска, именувана со одлука бр. 02-22/21 на седницата на Советот на ИНИ од 17. 3. 2010 година во состав: проф. д-р Катерина Тодороска, проф. д-р Александар Трајановски и проф. д-р Марија Пандевска, по разгледувањето на материјалите приложени по пријавата на конкурсот објавен во весникот Време", има чест на Советот на Институтот за национална историја да му го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

1. Податоци за кандидатката

Д-р Силвана Сидоровска-Чуповска е родена на 14. XI 1965 година во Скопје. Основно и средно образование има завршено во родниот град, каде што има завршено и Филозофски факултет при Институтот за историја.

Интересот за проучување на националноослободителното и преродбенско движење во XIX век ја насочил нејзината определба за постдипломските студии на Филозофскиот факултет при Институтот за историја.

Во Институтот за национална историја се вработила во април 1994 година како помлад асистент во Одделението за преродбенско-националноослободително движење.

Во 2000 година го одбранила магистерскиот труд на тема „Преродбата во Велес и Велешко од почетокот на XIX век до 1912 година".

Докторската дисертација од д-р Силвана Сидоровска-Чуповска под наслов „Просветно-културните прилики во Македонија во XIX век" ја одбранила на 7. III 2006 година во Институтот за национална историја. Со тоа

се стекнала со звањето доктор на историски науки, како и со правото да добие и наставничко звање и да држи предавања на постдипломските студии при ИНИ. Во таа насока има учествувано и во повеќе комисии за оцена и одбрана на магистерски и докторски студии.

На 7 февруари 2009 година, на Годишното изборно собрание на Сојузот на историчарите на Република Македонија беше избрана за секретар на Сојузот, која задача ја извршува и денес.

2. Оцена на научните и стручните остварувања на кандидатката

Бројните научни трудови објавени од страна на д-р Силвана Сидоровска-Чуповска, сознанијата кои ги читаме во нив, стилот и критицизмот во нив, говорат за извештен самостоен научен работник, во чија работа се практицирани најсовремените методолошки пристапи на научното истражување.

Впечатлива е библиографијата која е доставена од страна на кандидатката, а која се состои од објавени монографи, статии, соопштенија, учебници и др. Нејзините научни трудови и стручни трудови, констатации и ставови се поткрепени со архивска граѓа, а се забележува и широка информираност на кандидатката, уредно цитирање на литературата и изворите, при што кандидатката нема исклучивост во ставовите. Во објавените статии и прилози во неколку списанија во Р. Македонија се објавуваат автентични сознанија од користени документи во Државниот архив на Македонија и од Бугарскиот историски архив во Софија.

Во изминатиов период со забележителни реферати учествувала и на повеќе научни симпозиуми и собири.

Учествувала во работата на меѓународните проекти: Нови аспекти кон детерминирање на промените на ромската конфесионална матрица,

финансирано од Амбасадата на Кралството Норвешка во Р. Македонија и Фондацијата Институт отворено општество - Македонија.

Во периодот меѓу двата избора ја објавила монографијата „Просветно-културните прилики во Македонија во 19 век", во која д-р Сидоровска - Чуповска си поставила цел да даде јасна концентрација за настаните и случувањата на просветен план, при што се нудат нови, но и ревидирани констатации. Кандидатката, во монографијата констатира дека зависно од создадените општествени услови, во градовите во Македонија биле формирани првите повисоки образовни институции, односно класни, гимназијални и специјални училишта. Вакви просветни институции најпрвин биле забележани во Велес, Штип, Прилеп, Битола, Солун, Воден, Охрид, Струга, Сер, Кукуш и други градови. Секако не било одминато и женското образование, а не била за потценување ниту улогата на читалиштата и библиотеките. При тоа, правилно подредувајќи ги случувањата во зависност од позицијата на тогашното македонско граѓанство, кандидатката ја определува и улогата на тамошните црковно-училишни општини.

Централно место во оваа монографија е отстапено на опсежниот преглед на дејствувањата од страна на грчката, српската, бугарската, католичката, протестантската и романската пропаганда на територијата на Македонија. Од страна на кандидатката се дадени посебни толкувања, збогатени со досега необјавени статистички податоци за бројната состојба на училиштата кои од страна на гореспоменатите пропаганди биле отворани во Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот вилает.

Исто така, во периодот меѓу двата избора, кандидатката д-р Силвана Сидоровска-Чуповска учествувала во меѓународниот проект: Административни, социоекономски и културно-образовни институции во балканските провинции во Османската Империја (XVII-XIX) , во рамките на кој работела на тема „Развојниот пат на образовните институции во Македонија (со посебен осврт на XIX век) , Софија, 2009. 124-156.

Значаен е и нејзиниот придонес во објавувањето на групните трудови: Македонски среден век VI-XVIII, „МИ-АН", Скопје 2007 309; и Македонски деветнаесетти век 1800-1902, „МИ-АН", Скопје, 2007, 439 (со коавтори).

Следејќи ги насловите на некои од статиите на д-р Сидоровска - Чуповска [Велешката црковно-училишна општина и нејзината активност во решавање на црковното прашање во Македонија на унијатска основа, ДНУ - Велес, IX/ 10, Велес 2006, 32 - 38; Политичко-економската положба во Велес и Велешко во периодот 1878-1908 година (со посебен осврт на дејствувањето на српската вооружена пропаганда), ДНУ-Велес, год. XI, бр. 11, Велес 2007, 19-27; Велес по Берлинскиот конгрес. Колонизацијата на мухаџирско бегалско население (Дописка од весникот „Марица" бр. 25 од 20 октомври 1878 година), ДНУ- Велес, год. XII, бр. 12, Велес 2008, 19-24;] се добива впечаток дека е нејзината научна преокупација концентрирана токму на историјата на овој град.

Меѓутоа, во одделни свои трудови, таа се занимава и со приликите во Охрид, Сер, Струмичко итн. (Просветните прилики во Охрид и влијанието на туѓинските пропаганди од почетокот на XIX век до 1903 година. Зб.: Христо Узунов и неговото време. Охрид 2006, 35 - 46; Просветно-културните прилики и туѓинските просветни пропаганди во Серскиот санџак во периодот 1878 - 1903, Зб.: Јане Сандански и македонското ослободително дело, Скопје, 2007, 249 -259; Просветните прилики во Струмица и Струмичко по Источната криза (1878-1903), научен симпозиум: Струмица и Струмичко: Историја, култура и традиција, Струмица 2008, 135-141).

Говорејќи за трудовите на д-р Силвана Сидоровска - Чуповска посебно треба да се нагласи јасниот, прецизниот и одмерениот начин на искажувањето, критичкиот однос кон изворниот материјал и литературата и посебно анализите на неколку гледишта за одреден настан и на крајот, давање и на свој став. Треба да се нагласи и тоа дека нема исклучивост во нејзините ставови, бидејќи ставовите ги базира на достапни изворни факти и податоци од бројна користена литература.

Забележителна активност кандидатката има и при јавните настапи со што го збогатува сознанието на гледачите и слушателите со најновите сознанија во македонската историографија. Така, во 2006 година има учествувано и на ТВ и во радио- емисија, а темата на разговор била посветена на просветниот и културниот развој на Велес и Велешко во текот XIX век.

Во својство на секретар на Сојузот на историчарите, активно е вклучена во подготвувањето на традиционалниот натпревар за средните училишта во РМ по историја (Прилеп и Берово), а учествувала како член и во Комисијата за изработка на прашањата.

Д-р Силвана Сидоровска - Чуповска, како доцент на постдипломските студии при ИНИ држи часови по предметите: историја на македонскиот народ од 1371 до Балканските војни и историја на балканските народи и македонскиот народ во дијаспората. Освен тоа, ја среќаваме и како член на комисија во одбрана на две докторски дисертации: „Историскиот развој и менаџирањето на библиотечното работење во рамките на културната политика на Република Македонија" од м-р Наде Ж. Караџоска (ноември, 2008 год.) и „Развојот на ракописната библиотекарска традиција во Македонија: Формирање на археографска збирка во Националната и универзитетска библиотека Свети Климент Охридски во Скопје (Кирилска палеографија)" од д-р Виолета Мартиновска (април 2009 год.) и еден магистерски труд: „Драмите на Димитар Молеров во историскиот контекст" од кандидатката Загорка Поп Антоска Андовска (септември 2009 год.).

3. Предлог за избор на кандидатката во научно звање

Посочените трудови и активности на д-р Силвана Сидоровска-Чуповска ја претставуваат како сериозен и компетентен научен работник, кој и на домашно и на меѓународно ниво има вложено усилби за афирмација на

македонската историја, особено во делот на културата и образованието во 19 и 20 век.

Врз основа на погоре изложеното, и согласно со Правилникот за условите и критериумите, постапката и начинот на избор во наставно-научни, научни,наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Рецензентската комисија на Советот на ИНИ му препорачува да ја избере д-р Силвана Сидоровска -Чуповска во звањето виш научен соработник.

23. 4. 2010 г.

Скопје

К О М И С И Ј А

Проф. д-р Катерина Тодороска, с.р.

Проф. д-р Александар Трајановски, с.р.

Проф. д-р Марија Пандевска, с.р.

Образец за одредување на целокупната активност во поени

за избор во одредено звање

| Научноистражувачка дејност | Поени | |
|---|---|---|
| | во земјата | во странство |
| Монографија или научна книга | 8 | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание | 36 | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир | 11 | |
| Учество на научен собир со реферат | 15 | |
| Учество во научен проект | | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| Раководител на проект | 4 | |
| Дел од монографија или научна книга | 8 | |
| Учество во радио, ТВ-емисии и др. јавни настапи | 2 | |
| Член на редакциски одбор | 1 | |
| Вкупно | 88 | |

**БИБЛИОГРАФИЈА**

**на трудови меѓу двата избора**

**Посебни трудови:**

- Просветно-културните прилики во Македонија во XIX век, ИНИ, Скопје, 2009, 268;
- Меѓународен проект: Административни, социоекономски и културно-образовни институции во балканските провинции во Османската Империја (XVII-XIX), (со коавтори). Наслов на темата: „Развојниот пат на образовните институции во Македонија" (со посебен осврт на XIX век). Софија, 2009, 124-156;
- Македонски среден век VI-XVIII, Книгоиздателство „МИ-АН", Скопје, 2007, 309 ( со коавтори);
- Македонски деветнаесетти век 1800-1902, Книгоиздателство „МИ-АН", Скопје, 2007, 439 (со коавтори);

**Статии и прилози:**

- Просветните прилики во Охрид и влијанието на туѓинските пропаганди од почетокот на XIX век до 1903 година, Зб.: Христо Узунов и неговото време, Охрид, 2006, 35 - 46;

- Ѓорѓи Динката (1839.40 - 1878). Зб.: XXXII научна конференција на XXXVII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, 2006, 319 - 329;
- Велешката црковно-училишна општина и нејзината активност во решавање на црковното прашање во Македонија на унијатска основа, ДНУ - Велес, IX/ 10, Велес 2006, 32 - 38;
- Македонското народно творештво, нејзините собирачи и издавачи во XIX век, „Македонски фолклор", Институт за фолклор „Марко Цепенков", XXXII / 63, Скопје, 2006, 33 - 40;
- Просветно-културните прилики и туѓинските просветни пропаганди во Серскиот санџак во периодот 1878-1903, Зб.: Јане Сандански и македонското ослободително дело, Скопје, 2007, 249 -259;
- Даме Груев - учител и револуционер. Прилози од научниот собир „Дамјан Груев" (1871-1906), Скопје, 2007, 131-139;
- Политичко-економската положба во Велес и Велешко во периодот 1878-1908 година (со посебен осврт на дејствувањето на српската вооружена пропаганда), ДНУ-Велес, год. XI, бр. 11, Велес, 2007, 19-27.
- Антипатријаршиското движење во Малешево во периодот 1867-1876 година (Отпорот на малешевци против дејноста на грчкиот митрополит Јеротеј). Прилози од научниот собир „Малеш 100 години по Димитар Поп Георгиев Беровски- минато, сегашност и иднина", Берово 2007, 69-78.
- Велес по Берлинскиот конгрес. Колонизацијата на мухаџирско бегалско население (дописка од весникот „Марица" бр. 25 од 20 октомври 1878 година), ДНУ- Велес, год. XII, бр. 12, Велес, 2008, 19-24;
- Културно-општествени и политички активности на македонските црковно-училишни општини во XIX век. Зб.: Македонија помеѓу Византискиот комонвелт и Европската унија. Евро-Балкан, Културно-информативен центар-Скопје, 2008, 89-97;
- Општи видувања за развојот на образованието и литературата во Македонија и нивното влијание врз афирмацијата на македонскиот национален идентитет. „Гоцеви денови", Скопје, 2008, 65-77;

- Нови наставни концепции во образованието во Македонија (1837-1874), Зб.: Транзициите во историјата и културата, Скопје, 2008, 117-125;
- Книги и учебници во Македонија во втората половина на XIX век, Зб.: Историја, историографија и настава по историја, Скопје, 2007, 447-453;
- Константин Мишајков (1807-1880), лекар и преродбенски деец Зб.: Историја на медицината. Штип, 2008, 422-428;
- Некои форми на здружување на македонското граѓанство и интелигенција (1878-1903), „Спектар", 2008, 37-46.
- Општествено-политичката и културната компонента на македонската интелигенција во периодот 1893-1903 година. Гласник на Музејот на Македонија, Скопје, 2009, 81-87;
- Просветните прилики во Струмица и Струмичко по Источната криза (1878-1903), научен симпозиум: Струмица и Струмичко: Историја, култура и традиција, Струмица, 2008, 135-141.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ-ИСТРАЖУВАЧ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

На конкутсот објавен во весникот „Време" од 21. 2. 2010 година, м-р Драган зајковски се пријави за избор во звањето асистент истражувач.

Согласно со одлуката на Советот на Институтот за национална историја, број 02-22/15 од 17. 3. 2010 година, за избор на м-р Драган Зајковски во звањето асистент – истражувач, Комисијата во состав: проф. д-р Милан Бошкоски, проф. д-р Маја Ангеловска – Панова и проф. д-р Митко Панов, го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

М-р Драган Зајковски е роден на 22. 4. 1975 година во Скопје, Република Македонија. Дипломирал на Филозофскиот факултет – Институт за историја во Скопје на 23. 6. 2000 година, со просечен успех 9,5. Магистрирал на Филозофскиот факултет – Институт за историја во Скопје на 12. 7. 2004 година, со што се стекнал со академскиот степен магистер на историски науки. Во Институтот за национална историја работел на договор за дело од 15 февруари до 15 август 2009 година, како помлад асистент - истражувач. Од 1 мај до 31. декември 2010 година работи во Институтот за национална историја како помлад асистент - истражувач.

Уште пред вработувањето во Институтот за национална историја, м-р Драган Зајковски покажал особен интерес за научна работа. Неговата научна преокупација е насочена кон истражување на појавата и ширењето на христијанството во Македонија, односно црковната историја во ранохристијанскиот период и во средниот век на просторот на Македонија. Научната ерудиција на м-р Драган Зајковски не можела да дојде до целосен израз поради неможноста од вработување во специјализирана научна установа која би му овозможила пристојни услови за научна работа. Но, и пред неговото доаѓање, а особено по неговото доаѓање во ИНИ под различни статусни услови, м-р Драган Зајковски пројавува извонреден научен интерес. Тоа може да се согледа преку двете статии објавени во научни списанија и неговата прва монографија објавена по неговото доаѓање во Институтот за национална историја.

Во статијата „Великомаченичката Ирина: Животот на првата македонска маченичка", Православен пат, списание на Скопската епархија, год. III, број 10-11, 2005, 23-25, м-р Зајковски со научна ерудиција го проследил животниот пат на оваа македонска маченичка. Во статијата под наслов: „Учеството на епископите од Македонија на вселенските помесни собори во IV век", Историја, год. XLIV/ 1-2, Скопје 2008, 47-57, авторот направил научна елаборација врз база на современи историски извори и споредбена литература за учеството на епископите од Македонија на вселенските собори во IV век. Со особено задоволство би ја истакнале научната акрибија според сите стандарди на современата научна методологија на монографското дело на м-р Зајковски под наслов „Христијанството во Македонија од I до IV век", Институт за национална историја, Скопје 2010, 181. Делото според проблематиката која ја разработува претставува единствено дело од ваков вид кај нас, кое во значителна мера ја афирмира македонската наука од црковноисториска проблематика. За особено одбележување е и фактот што м-р Зајковски во Институтот за национална историја во 2009 година пријавил и му е прифатена докторска дисертација под наслов: „Христијанството во Македонија во раниот среден век V-XI век", со што кандидатот целосно научно ќе се профилира.

Во смисла на изнесените аргументи за научната изграденост и исполнетоста на условите за избор во звање, Комисијата со особено задоволство на Советот на ИНИ му предлага м-р Драган Зајкоски да биде избран во звањето асистент – истражувач.

Скопје, 28. 4. 2010

Комисија

Проф. д-р Милан Бошкоски, с.р.

Проф. д-р Маја Ангеловска-Панова, с.р.

Проф. д-р Митко Панов, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-711/1
12 05 2010 год.
СКОПЈЕ



# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на својата седница одржана на 26.IV 2010 година, формира Комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област меѓународно приватно право, во состав: проф. д-р Поликсена Гавроска, проф. д-р Тодор Џунов и проф. д-р Денко Малески.

На конкурсот објавен во весникот „Дневник“, од 8.IV 2010 година, за избор на наставник на научната област меѓународно приватно право се пријави д-р Тони Дескоски, доцент на научната област меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Кон пријавата кандидатот достави: кратка биографија, диплома за научен степен доктор на науки, список на научни и стручни трудови и примероци од нив, преглед на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Тони Дескоски, дописи и договори за подготовка на национални документи, како и членство во комисии и тела на државни и други органи. По разгледувањето на пријавата и другите приложени документи, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Биографски податоци

I

Кандидатот д-р Тони Дескоски е роден на 16.V 1971 година во Скопје. Основното училиште и средното образование ги завршил во Скопје со континуиран одличен успех.

На Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје се запишал во 1989, а студиите ги започнал во учебната 1990/91 година. Дипломирал во предвидениот рок на 30.XI 1994 година со просечен успех 9,72, како втор студент на генерацијата.

Во периодот од 1992 до 1994 година е избран за член на Извршниот одбор на Сојузот на студентите при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”.

Постдипломски студии од научната област граѓанско право, отсек за меѓународно приватно право завршил на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. Магистерскиот труд на тема „Одговорноста на железницата во меѓународниот превоз на стоки” успешно го одбрани на 6. VII 1999 година, со што се стекна со академски степен магистер на граѓанско-правни науки, насока: меѓународно приватно право.

На 1.VII.2005 година на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје д-р Дескоски ја одбрани докторската дисертација „Признавање и извршување на странските арбитражни одлуки", со што се стекна со академскиот степен доктор на правни науки.

По дипломирањето на Правниот факултет во Скопје, д-р Тони Дескоски бил приправник - волонтер во Окружниот суд во Скопје. Согласно со актите на Правниот факултет во Скопје, на 27.IV 1995 година, бил избран за демонстратор по предметот меѓународно приватно право. На 29.IX 1998 година д-р Тони Дескоски е избран за помлад асистент по предметот меѓународно приватно право, а во февруари 2000 година за асистент на истиот предмет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

На 30.IX 2005 година д-р Тони Дескоски е избран за доцент на научната област меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

На Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје изведува настава по предметите меѓународно приватно право и меѓународно право на првиот циклус студии, како и по предметите меѓународно арбитражно право, судир на законите, меѓународно приватно право на ЕУ, меѓународно приватно право-применета програма на вториот циклус студии. Исто така, од 2005 година тој изведува настава по предметите меѓународно приватно право и судир на законите на последипломските студии по меѓународно право и меѓународна политика на Факултетот. Според анкетата на студентите, спроведена од страна на факултетските органи, во академската 2008/09 година е оценет со просечна оценка 4,24 од можни 5 поени.

Во учебните 2005/2006, 2006/2007 и 2007/2008 година, д-р Тони Дескоски ја изведуваше наставата по предметот меѓународно приватно право на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола.

Од 1.XII 1998 до 01.XI 2005 година Тони Дескоски бил секретар на Институтот за меѓународно право и меѓународни односи на Факултетот. Од 1.X 1999 година до денес е секретар на постдипломските студии по меѓународно право и меѓународна политика.

Член е на Македонско-американската алумни асоцијација (МААА). Бил член на Асоцијацијата на учесници и поранешни учесници на Хашката академија за меѓународно право (The Assotiation of Attenders and Alumni of the Hague Academy of International Law), од Хаг Холандија и на Американското друштво за меѓународно право (American Society of Inernational Law).

Од 2002 до 2006 година, д-р Тони Дескоски бил член на Стручната Комисија на Факултетот за признавање високообразовни квалификации стекнати во странство од областа на меѓународното право и меѓународните односи (последипломски и докторски студии).

На 9.XI.2009 година е избран за шеф на катедрата за Меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Од 2005 до 2008 година бил член на Комисијата за јавни набавки на Факултетот.

Од 2004 до денес е член на Стручната комисија на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, за признавање на дел од студиите поминати во странство или на друг факултет во Република Македонија (додипломски студии).

Д-р Дескоски бил член на Комисијата за упис на студенти на додипломските студии на Факултетот за учебните 1999/2000, 2000/2001; 2001/2002 и 2007/2008 година. Исто така, тој бил претседател на Комисијата за упис на студенти на магистерските студии (политички студии и новинарство) во учебната 2008/2009 година.

Д-р Тони Дескоски бил член на редакцискиот одбор на Годишникот на Правниот факултет „Јустинијан први" во Скопје, Том 45, 2009 (во чест на Проф. д-р Тодор Џунов)

На 28. IX 2009 година е избран за член на уредувачкиот одбор за електронското стручно списание „Law Review Iustinianus Primus", на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Член е на Комисијата за измени и дополнувања на Правилата за студирање на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Бил член на комисиите за избор и за преизбор на соработник на предметот меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Д-р Дескоски учествуваше како професор-тренер на студетската екипа на Правниот факултет „Јустинијан Први" на престижниот меѓународен натпревар „Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot", во Виена Австрија, во 2009 и 2010 година.

Во 2004 година остварил двомесечен студиски престој (internship) во Постојаното биро на Хашката конференција за меѓународно приватно право.

Надвор од универзитетската кариера, на Дипломатската академија при Министерството за надворешни работи на Република Македонија именуван е за предметен наставник за областа меѓународно приватно право.

Во рамките на апликативната дејност, кандидатот д-р Тони Дескоски бил член на повеќе работни групи за изготвување на следниве закони: Законот за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија, кој беше усвоен од Собранието на Република Македонија во 2006 година („Сл. весник на Република Македонија" бр. 39/2006); Законот за меѓународно приватно право, кој беше усвоен од Собранието на Република Македонија во 2007 година („Сл. весник на Република Македонија" бр. 87/2007); Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај - усвоен од Собранието на Република Македонија во 2008 година („Сл. весник на Република Македонија" бр. 85/2008); Законот за измена и дополнување на Законот за електронски комуникации - усвоен од Собранието на Република Македонија во 2008 година („Сл. весник на Република Македонија" бр. 98/2008) и Нацрт-законот за измени и дополнување на Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство (тековен ангажман во 2010 година). Исто така, тој бил ангажиран како правен експерт од страна на Советот за радиодифузија, по конкурсот за доделување концесии за дистрибуција на радио и телевизиски програми преку кабелска мрежа во 2001 година.

Член е на Советодавното тело за меѓународно право на Министерството за надворешни работи на Република Македонија.

Активно говори англиски јазик, а се служи и со францускиот јазик.
Кандидатот ги изготвил наставните материјали за следниве предмети:

- меѓународно приватно право, на првиот циклус правни студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје;
- меѓународно право (меѓународно приватно право), на првиот циклус политички студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје;
- меѓународно арбитражно право, на вториот циклус правни студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје - насока: меѓународно право и меѓународни односи;
- меѓународно приватно право, на постдипломски студии по меѓународно право и меѓународна политика на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

## II. Објавени стручни и научни трудови

По изборот за доцент, кандидатот ги објавил следниве трудови:

- *„Некои прашања во врска со примената на Виенската конвенција за договорите за меѓународна продажба на стоки од 1980 година"* Годишник на Правниот факултет "Јустинијан први" во Скопје, Том 40, 2006, во чест на Проф. д-р Димитар поп Георгиев, стр. 587-599;

- „Мултилатералните конвенции како извори на правото за меѓународната трговска арбитража", Годишник на Правниот факултет "Јустинијан први" во Скопје, Том 41, 2004/2005, во чест на проф. д-р Стрезо Стрезовски стр. 740-765;

- „Recognition and enforcement of foreign judgements – regulation 44/01 and Macedonian Private International Law Code", Collected essays, Faculty of Law in Maribor, 2005, стр. 245-259;

- „Теории за правната природа на меѓународната трговска арбитража", Годишник на Правниот факултет "Јустинијан први" во Скопје, Том 42, 2006, во чест на Проф. д-р Тодорка Оровчанец, стр. 484-503;

- „International Commercial Arbitration" објавено во збирката "Approximation of Trade Legislation, Prevaling Situation and the Future Challenges", во ко-авторство со Проф. д-р Арсен Јаневски, Скопје, 2006 година; стр. 51-65;

- „Меѓународната трговска арбитража во Република Македонија", коавторство со проф. д-р Арсен Јаневски, Деловно право, Скопје, бр. 15/2006, стр. 247-272;

- „The importnace of the right to be heard in international arbitration proceedings" – во Зборникот на трудови: "Private International Law and Foreign Investments", Podgorica, 2007, стр. 186-204;

- „Povreda načela saslušanja stranaka kao razlog za odbijanje priznanja strane arbitražne odluke", Pravni život бр. 13/2007 Том V, стр. 713-729;

- „The new Macedonian Private International Law Act of 2007", Yearbook of Private International Law, Volume 10 (2008), стр. 441-458;

- „Историскиот развиток на меѓународното приватно право во стариот и во средниот век", - Годишник на Правниот факултет "Јустинијан први" во Скопје, Том 44, 2010, во чест на проф. д-р Владимир Митков, стр. 487-504;

- „Неправилното конституирање на арбитражниот суд како пречка за признавањето и извршувањето на странските арбитражни одлуки", Годишник на Правниот факултет "Јустинијан први" во Скопје, Том 45, 2009, во чест на Проф. д-р Тодор Џунов, стр. 236-248;

- „Механизмите за заштита на странскиот капитал во правните лица во Република Македонија", Деловно право, бр. 21/2009, стр. 239-268;

- „Сопственоста на странците во Република Македонија", Деловно право, бр. 21/2009, стр. 381-406;

- „Постапка за признавање и извршување на странските арбитражни одлуки во Англија, Бразил, Германија, Италија, Руската федерација, САД, Франција и Швајцарија" - Годишник на Правниот факултет "Јустинијан први" во Скопје, Том 46, 2009, во чест на Проф. д-р Стефан Георгиевски, стр. 855-867;

- „Нови решенија во Законот за меѓународно приватно право", труд презенетиран на стручниот собир "Новини во Законот за меѓународно приватно право", Скопје, 10.III 2007;

- „Законот за меѓународно приватно право - преглед на решенијата", Правник, Скопје, бр.183-184, Јули-Август, 2007, стр. 9-13 и 58-61;

- „Решенијата на Виенската конвенција за меѓународна продажба на стоки од 1980 година (CISG)", труд презентиран на на работилницата "Меѓународната продажба на стоки и INCOTERMS", Прилеп, 21.XII 2005 година;

- „Концептот на судските реформи во Република Македонија", труд презентиран на Политичката академија V, "Право и јавна администрација", во организација на Konrad-Adenauer-Stiftung e.V., Скопје 16.IV - 20.IV 2007 година;

- *„International judicial assistance According to Bilateral Agreements Concluded by the Republic of Macedonia",* реферат презентиран на Меѓународната конференција "Regional cooperation in the field of civil proceedings with international element", 16-18 X. 2008 година, во Бања Лука, БиХ;

- „Legal reform in the field of: Arbitration, mediation, international sales law and e-commerce in the Republic of Macedonia", презентиран на Регионалната работилница Регионалната тркалезна маса "UNCITRAL-related law reform process in the SEE countries" одржана во Белград (Србија) на 29.III 2009 година;

- *„Scope of application of the Vienna Convention on Contracts for on international sale of goods of 1980",* труд презентиран на меѓународниот семинар "The International sale and supply of tangible and corporeal goods (CISG) and of other Goods (excluded from CISG, with special reference to electricity)", во Скопје, 15-16 мај 2009 година, во

организација на Меѓународната унија на адвокатите (Union Internationale des Advocats);

- „Private international law in the Republic of Macedonia – national Report", труд презентиран на меѓународната конференција "Enlargement of the European Judicial Area to CEFTA Countries", 24-25 IX 2009 година, Нови Сад, Република Србија;

- „Reform of the commercial law and private international law of the Republic of Macedonia", презентиран на Регионалната работилница "UNCITRAL-related law reform process in the SEE countries" одржана во Белград (Србија) на 20.III 2010 година;

- „Меѓународната трговска арбитража и странските инвеститори", Дневник, Септември 2007

- „Грчкото вето за НАТО - реалност или само закана?", Дневник, 14. I 2008 година

## III. Учество на семинари, курсеви, конференции и студиски престои

Кандидатот учествувал во работата на повеќе собири на теми од областа на меѓународното приватно право и меѓународната трговска арбитража, во земјата и во странство, за што има добиено соодветни дипломи и сертификати. Како позначајни се издвојуваат:

- Летната сесија по меѓународно приватно право на Хашката академија за меѓународно право, во Хаг, Холандија, 07-24 VII 1997 година;
- „COLPI Business Law Institute Program of 1998", CEU, Будимпешта, Унгарија, 17-31 V 1998 година;
- „Duke-Geneva Institute in Transnational Law", Женева, Швајцарија, 5.VII - 4. VIII 1998 година;
- „Central European University Summer program (SUN): The Law of International Business Transactions", Будимпешта, Унгарија, 11-30 VII 1999 година;
- „Fullbright American Studies Institute", во Бостон, САД од 24.VI до 4.VIII 2000 година;
- Workshop „Intensive Teacher Training for New Educators", Букурешт, Романија, 20-24 XI 2002 година;
- Workshop on the „Refugee Law Clinics", Будимпешта, 30-31 V 2003;
- меѓународната конференција "Twenty years of 1983 PIL Code", Ниш, Србија, 25-26 IX 2003 година, каде што поднел реферат на тема „The Concept of mandatory rules – Challenge for the Macedonian Private International Law of the Third Millenium";
- бил референт на работилницата на тема „За законот за меѓународната трговска арбитража", одржана во Скопје на 4.II 2004 година;
- меѓународната конференција „The European Judicial Area – Enforcing Rules of EJA in the EU and in the Accession Countries", Марибор, Словенија, 23-25 IX 2004 година, каде што поднел реферат на тема: „Recognition and enforcement of foreign judgements – regulation 44/01 and Macedonian Private International Law Code";
- бил кореферент, заедно со проф. д-р Арсен Јаневски на работилницата на тема „Предлогот за донесување на Закон за меѓународна трговска арбитража", Скопје, 10.VI 2005 година;

- на 55-тата Средба на Правниците во стопанството на Република Македонија, во Охрид, 25-27 V 2006 година, поднел зеднички реферат (со проф. д-р Арсен Јаневски) на тема „Меѓународната трговска арбитража во Република Македонија";
- меѓународната работилница „Regional technical assistance in approximation of the legislation regarding the jurisdiction, recognition and enforcement of judgments in civil and commercial matters", Бечиќи, Црна Гора, 25-28 IX 2006 година;
- бил референт на стручниот собир „Новини во Законот за меѓународно приватно право", Скопје, 10. III 2007 година;
- Политичка академија V, „Право и јавна администрација", во организација на Фондацијата "Конрад Аденауер" (Konrad-Adenauer-Stiftung e.V.), Скопје 16-20 IV 2007 година, каде што поднел реферат на тема: „Концептот на судските реформи во Република Македонија";
- меѓународната конференција „Private International Law and Foreign Investments", Бечиќи, Црна Гора, 18-20 X 2007 година, каде што поднел реферат на тема: *„The importnace of the right to be heard in international arbitration proceedings"*;
- меѓународната конференција „Rome I & Rome II Law Applicable to Contractual and Non-contractual Obligations", во организација на Академијата за европско Право (Academy of European Law – ERA), одржан во Лисабон, Португалија, 12-13 XI 2007 година;
- меѓународната конференција *„International judicial assistance According to Bilateral Agreements Concluded by the Republic of Macedonia"*, 16-18 X 2008 година, во Бања Лука, БиХ, каде што поднел реферат на тема: "Regional cooperation in the field of civil proceedings with international element".
- меѓународниот семинар под наслов „The International sale and supply of tangible and corporeal goods (CISG) and of other Goods (excluded from CISG, with special reference to electricity)", во Скопје, 15-16 V 2009 година, во организација на Меѓународната унија на адвокатите (Union Internationale des Advocats), каде што поднел реферат на тема: „Scope of application of the Vienna Convention on Contracts for on international sale of goods of 1980";
- меѓународната конференција „Enlargement of the European Judicial Area to CEFTA Countries", Нови Сад, Република Србија, 24-25 IX 2009 година, каде што поднел реферат на тема: „Private international law in the Republic of Macedonia – national Report";
- регионалната тркалезна маса на тема „UNCITRAL-related law reform process in the SEE countries" одржана во Белград, Србија, 29. III 2009 година, каде што поднел реферат на тема: „Legal reform in the field of: Arbitration, mediation, international sales law and e-commerce in the Republic of Macedonia";
- 61 Средба на Здружението на Правниците на Република Македонија, во Охрид, 5-7 XI 2009 година, каде што поднел два реферата: „Механизмите за заштита на странскиот капитал во правните лица во Република Македонија" и „Сопственоста на странците во Република Македонија".
- регионалната тркалезна маса на тема „UNCITRAL-related law reform process in the SEE countries", одржана во Белград, Србија, на 20. III 2010 година, каде што поднел реферат на тема: *„Reform of the commercial law and private international law of the Republic of Macedonia"*.

## IV.Членство во комисии за оцена и одбрана магистерски тези и докторски дисертации

1. Д-р Тони Дескоски бил член на следниве **комисиии за оценка и одбрана на докторски дисертации:**

- „Институционалниот динамизам на Европската унија и проширувањето со државите од Западниот Балкан" од кандидатот м-р Васко Наумовски (одбранета);

- „Колизиони норми за граѓанскоправни деликти во Европската унија и во Република Македонија" од кандидатката м-р Билјана Пулеска (одбранета);

- „Сигурноста и единственото европско небо" од кандидатот м-р Љупчо Сотироски (одбранета);

- „Реформите во разузнавачните служби во борбата против глобалниот тероризам" од кандидатот м-р Љупчо Стефковски (одбранета);

- „Слободата на движење на работниците од трети држави во Европската унија" од кандидатката м-р Билјана Чавкоска (одбранета);

2. Д-р Тони Дескоски е определен за **ментор за изработка на следниве докторски дисертации**:

- „Меѓународно приватно правните аспекти на процесите на национализација и денационализација" од кандидатот Беким Нухија;

- „Арбитражната спогодба како основа за надлежноста на меѓународната трговска арбитража" од кандидатот м-р Владимир Митревски;

- „Меѓународна надлежност и меродавно право за брачните односи со странски елемент" од кандидатката Наташа Најденова Левиќ

3. Д-р Тони Дескоски бил **член на следниве комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови**:

- „Донесување на одлуки во НАТО" од кандидатот Димитар Кирковски (одбранета);

- „Самоопределувањето на народите во услови на глобализација" од кандидатката Наталија Шикова (одбранета);

- „Теоретски осврт на делото геноцид од аспект на меѓународното право" од кандидатот Петар Јорданоски (одбранета);

- „Понудата и нејзината обврзност во меѓународната продажба" од кандидатката Борка Тушевска (одбранета);

- „Меѓународната арбитража во современите меѓународни политички односи" од кандидатот Дарко Костадиновски (одбранета);

- „Европското воздухопловство и неговото влијание врз позитивното право на Република Македонија" од кандидатката Весна Доброхотова (одбранета);

- „Меродавното право за суштината на спорот во постапката пред меѓународната трговска арбитража" од кандидатката Зорица Силјановска (одбранета).

4. Доц. д-р Тони Дескоски е определен за **ментор за изработка на следниве магистерски трудови**:

- „Арбитражата како начин на решавање на спорови помеѓу државите и странските инвеститори со осврт на двостраните меѓународни договори за заштита и унапредување на инвестициите склучени од Република Македонија" од кандидатката Мирјана Ристовска;

- „Побивање на арбитражна одлука" од кандидатот Бранко Јаневски.

## V. Заклучок и предлог

Врз основа на поднесената документација, прегледот на досегашната дејност и повеќегодишното лично следење на развојниот пат на кандидатот, Комисијата дојде до следните констатации:

1. Кандидатот д-р Тони Дескоски ги исполнува условите предвидени во Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за избор во звањето вонреден професор на научната област меѓународно приватно право.

2. По изборот во звањето доцент, кандидатот одговорно и многу успешно ги остваруваше своите обврски изведувајќи настава по предметите меѓународното приватно право и меѓународно право на првиот циклус студии, по предметите меѓународно арбитражно право, меѓународно приватно право на ЕУ, меѓународно приватно право - применета програма и судир на законите на вториот циклус студии, како и по предметот меѓународно приватно право на постдипломските студии по меѓународно право и меѓународна политика. Неговиот крајно професионален кон студентите го потврдуваат добиените оцени во рамките на спроведените анкети за евалуација на наставно-соработничкиот кадар.

3. Од опусот на трудови на д-р Тони Дескоски, недвосмислено произлегува дека кандидатот успешно го совладал научноистражувачкиот занает. Неговите трудови упатуваат на заклучокот дека одлично ја познава науката на меѓународното приватно право и поседува потенцијал за креативно соочување со значајни и не ретко контроверзни теми.

4. Кандидатот остварил студиски престој во странство на реномираната Хашка конференција за меѓународно приватно право и активно учествувал во работата на многубројни меѓународни семинари и конференции, на кои не само што ги проширувал и усовршувал своите знаења, туку имал можност пред релевантен аудиториум да ги презентира своите ставови и погледи.

5. Со својата целокупна педагошка, научноистражувачка, апликативна и општествена активност, како и со своето учество на семинари, курсеви, конференции и студиски престои, колегата д-р Тони Дескоски покажа дека израсна во зрел и сериозен научник, компетентен и суверен во својата област на научно творење. Со богатиот опус во научноистражувачката работа тој се афирмира не само на просторите на нашата држава, туку се повеќе станува име во научните и стручни кругови во странство.

6. Кандидатот го карактеризира крајно сериозен и одговорен однос кон сите свои професионални обврски, поради што е и често ангажиран како член во разни комисии не само на Факултетот, туку и надвор од него.

Од досега кажаното членовите на Комисијата имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинјан Први“ во Скопје **да го избере кандидатот д-р Тони Дескоски во научното звање вонреден професор на научната област меѓународно приватно право, убедени дека тој и понатаму ќе ја развива и афирмира науката за меѓународното приватно право и ќе создава подмладок со кој ќе ја гради и усовршува македонската школа за меѓународното приватно право.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Поликсена Гавроска, с.р.

Проф. д-р Тодор Џунов, с.р.

Проф. д-р Денко Малески, с.р.

**Кандидат:** д-р Тони Дескоски

**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје

**Научна област:** меѓународно приватно право

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава [1] | |
| 2. | - од прв циклус студии:<br>меѓународно приватно право (2005/06-108 часа; 2006/2007 -108 часа; 2007/2008 - 184 часа; 2008/2009 – 110 часа; 2009/2010- 90 часа), вкупно 600 часа, 5*8*15*0,04= 24;<br>- меѓународно право (2005/06 - 15 часа; 2006/2007 - 15 часа; 2007/2008 - 50 часа; 2008/2009 – 37 часа; 2009/2010 - 37 часа) вкупно: 154 часа<br>5*2,05*15*0,04=6,15; | 30,15 |
| 3. | - од втор циклус студии<br>- меѓународно арбитражно право: (2008/2009 – 36 часа; 2009/2010 – 24 часа) вкупно 74 часа 2*2*15*0,05=3;<br>- меѓународно приватно право - применета програма: 2*1*15*0,05=1,5;<br>- меѓународно приватно право на ЕУ: 1*15*0,05=0,75;<br>- судир на закони (2008/2008 -12 часа; 2009/2010 -12 часа), вкупно: 24 часа, 2*1*15*0,05=1,5;<br>- меѓународно приватно право (2005/2006 - 24 часа; 2006/2007 - 24 часа; 2007/2008 - 24 часа; 2009/2010 - 24 часа), вкупно 120 часа, 5*1,6*15*0,04= 6 | 11,25 |
| 4. | Учесник во настава во летни школи и работилници | 1 |
| | - Одржано предавање на Дипломатската академија при Министерството за надворешни работи на Република Македонија на темата „Меѓународно приватно право”. | 1 |
| 5. | Консултации со студенти [2] (1700*0,002= 3,4) | 3,4 |
| 6. | Пакет материјали за предметот меѓународно право (меѓународно приватно право), на првиот циклус политички студии на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. | 1 |
| 7. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат<br>- „Институционалниот динамизам на Европската унија и проширувањето со државите од Западниот Балкан” од кандидатот м-р Васко Наумовски (одбранета);<br>- „Колизиони норми за граѓанскоправни деликти во Европската унија и во Република Македонија” од кандидатката м-р Билјана Пулеска (одбранета);<br>- „Сигурноста и единственото европско небо” од кандидатот м-р Љупчо Сотироски (одбранета);<br>- „Реформите во разузнавачните служби во борбата против глобалниот тероризам” од кандидатот м-р Љупчо Стефковски (одбранета);<br>- „Слободата на движење на работниците од трети држави во Европската унија” од кандидатката м-р Билјана Чавкоска (одбранета); | 2,5 |
| 8. | Член на Комисија за оцена или одбрана на магистратура:<br>- „Донесување на одлуки во НАТО” од кандидатот Димитар Кирковски (одбранета); | 2,1 |

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) = поени.

[2] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: број на студенти * бодување. Пример: 100 (студенти во семестар) * 0,002 (бодување) = 0,2 поени.

| | | |
|---|---|---|
| | - „Самоопределувањето на народите во услови на глобализација" од кандидатката Наталија Шикова (одбранета);<br>- „Теоретски осврт на делото геноцид од спект на меѓународното право" од кандидатот Петар Јорданоски (одбранета);<br>- "Понудата и нејзината обврзност во меѓународната продажба" од кандидатката Борка Тушевска (одбранета);<br>- „Меѓународната арбитража во современите меѓународни политички односи" од кандидатот Дарко Костадиновски (одбранета);<br>- „Европското воздухопловство и неговото влијание врз позитивното право на Република Македонија" од кандидатката Весна Доброхотова (одбранета);<br>- „Меродавното право за суштината на спорот во постапката пред меѓународната трговска арбитража" од кандидатката Зорица Силјановска (одбранета). | |
| 7. | Уредник на зборник на текстови по предметите:<br>- меѓународно приватно право, на првиот циклус на правни студии;<br>- меѓународно арбитражно право, на вториот циклус правни студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на насоката меѓународно право и меѓународни односи;<br>- меѓународно приватно право, на постдипломски студии по меѓународно право и меѓународна политика на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. | 6 |
| | **Вкупно** | 57,40 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Трудови со оригинални научни резулатати, објавени во научно/стручно списание[3]: | |
| | „Некои прашања во врска со примената на Виенската конвенција за договорите за меѓународна продажба на стоки од 1980 година", Годишник на Правниот факултет „Јустинијан први" во Скопје, том 40, 2006, во чест на проф. д-р Димитар поп Георгиев, стр. 587-599. | 4 |
| | „Мултилатералните конвенции како извори на правото за меѓународната трговска арбитража", Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, том 41, 2004/2005, во чест на проф. д-р Стрезо Стрезовски стр. 740-765. | 4 |
| | „Теории за правната природа на меѓународната трговска арбитража", Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, том 42, 2006, во чест на Проф. Д-р Тодорка Оровчанец, стр. 484-503. | 4 |
| | „Меѓународната трговска арбитража во Република Македонија", коавторство со проф. д-р Арсен Јаневски, Деловно право, Скопје, бр. 15/2006, стр. 247-272. | 3,6 |
| | „Povreda načela saslušanja stranaka kao razlog za odbijanje priznanja strane arbitražne odluke", Pravni život бр. 13/2007 том V, стр. 713-729; | 4 |
| | „The new Macedonian Private International Law Act of 2007", Yearbook of Private International Law, Volume 10 (2008), стр. 441-458; | 6 |
| | „Историскиот развиток на меѓународното приватно право во стариот и во средниот век", Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, Том 44, 2010, во чест на проф. д-р Владимир Митков, стр. 487-504. | 4 |
| | „Неправилното конституирање на арбитражниот суд како пречка за признавањето и извршувањето на странските арбитражни одлуки", | 4 |

[3] Во случај кога еден научен/стручен, односно апликативен труд има повеќе автори, кога се два автора - секој добива по 90% од бодовите, кога се три автори - секој добива по 80% од бодовите, кога се четири и повеќе - секој добива по 60% од бодовите.

| | | |
|---|---|---|
| | Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, том 45, 2009, во чест на проф. д-р Тодор Џунов, стр. 236-248; | |
| | „Механизмите за заштита на странскиот капитал во правните лица во Република Македонија", Деловно право, бр. 21/2009, стр. 239-268; | 4 |
| | „Постапка за признавање и извршување на странските арбитражни одлуки во Англија, Бразил, Германија, Италија, Руската федерација, САД, Франција и Швајцарија" - Годишник на Правниот факултет „Јустинијан први" во Скопје, том 46, 2009, во чест на проф. д-р Стефан Георгиевски, стр. 855-867; | 4 |
| | „Законот за меѓународно приватно право - преглед на решенијата", Правник, Скопје, бр.183-184, јули-август, 2007, стр. 9-13 и 58-61. | 4 |
| 2. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: | |
| | "Recognition and enforcement of foreign judgements – regulation 44/01 and Macedonian Private International Law Code", Collected essays, Faculty of Law in Maribor, 2005, стр. 245-259; | 3 |
| | "International Commercial Arbitration" објавено во збирката "Approximation of Trade Legislation, Prevaling Situation and the Future Challenges", во ко-авторство со Проф. д-р Арсен Јаневски, Скопје, 2006 година; стр. 51-65. | 2,7 |
| | "The importnace of the right to be heard in international arbitration proceedings" – во Зборникот на трудови: "Private International Law and Foreign Investments", Podgorica, 2007, стр. 186-204; | 3 |
| 3. | Пленарно предавање на научен собир со меѓународно учество: | |
| | „Решенијата на Виенската конвенција за меѓународна продажба на стоки од 1980 година (CISG)", труд презентиран на работилницата „Меѓународната продажба на стоки и INCOTERMS", Прилеп, 21 Декември 2005 година; | 3 |
| | „Концептот на судските реформи во Република Македонија", труд презентиран на Политичката академија V, "Право и јавна администрација", во организација на Konrad-Adenauer-Stiftung e.V., Скопје. 16 - 20.IV 2007 година; | 3 |
| | "*International judicial assistance According to Bilateral Agreements Concluded by the Republic of Macedonia*", реферат презентиран на меѓународната конференција "Regional cooperation in the field of civil proceedings with international element", 16-18 X. 2008 година, во Бања Лука, БиХ; | 3 |
| | "Legal reform in the field of: Arbitration, mediation, international sales law and e-commerce in the Republic of Macedonia", презентиран на Регионалната тркалезна маса "UNCITRAL-related law reform process in the SEE countries", одржана во Белград (Србија) на 29. III 2009 година; | 3 |
| | "*Scope of application of the Vienna Convention on Contracts for on international sale of goods of 1980*", труд презентиран на меѓународниот семинар "The International sale and supply of tangible and corporeal goods (CISG) and of other Goods (excluded from CISG, with special reference to electricity)", во Скопје, 15-16 мај 2009 година, во организација на Меѓународната унија на адвокатите (Union Internationale des Advocats); | 3 |
| | "Private international law in the Republic of Macedonia – national Report", труд презентиран на меѓународната конференција "Enlargement of the European Judicial Area to CEFTA Countries", 24-25 септември 2009 година, Нови Сад, Република Србија; | 3 |
| | "Reform of the commercial law and private international law of the Republic of Macedonia", презентиран на регионалната работилница "UNCITRAL-related law reform process in the SEE countries", одржана во Белград (Србија) на 20.III 2010 година; | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Пленарно предавање на научен/стручен собир: | |
| | „Нови решенија во Законот за меѓународно приватно право", труд презентиран на стручниот собир „Новини во Законот за меѓународно приватно право", Скопје, 10 март 2007. | 2 |
| 5. | Учесник во меѓународен научен проект: „Regional Master's Degree in Intellectual Property Law" (2009-) на Правниот факултет во Скопје. | 5 |
| 8. | Ментор на докторски дисертации: | |
| | - „Арбитражната спогодба како основа за надлежноста на меѓународната трговска арбитража" од кандидатот м-р Владимир Митревски; | 3 |
| | - „Меѓународна надлежност и меродавно право за брачните односи со странски елемент" од кандидатката Наташа Најденова Левиќ | 3 |
| | - „Меѓународна надлежност и меродавно право за брачните односи со странски елемент" од кандидатката Наташа Најденова Левиќ. | 3 |
| 9. | Ментор на магистерски работи: | |
| | „Арбитражата како начин на решавање на спорови помеѓу државите и странските инвеститори со осврт на двостраните меѓународни договори за заштита и унапредување на инвестициите склучени од Република Македонија" од кандидатката Мирјана Ристовска; | 2 |
| | - „Побивање на арбитражна одлука" од кандидатот Бранко Јаневски. | 2 |
| | **Вкупно** | 95,3 |

# ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на редакцискиот одбор на Годишникот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, том 45, 2009, во чест на Проф. д-р Тодор Џунов. | 0,5 |
| 2. | Член на уредувачкиот одбор за електронското стручно списание "Law Review Iustinianus Primus" на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. | 2 |
| 3. | Член на факултетски комисии: [4] | |
| | - член на Комисијата за прием на студенти на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (2007/2008 и 2008/2009 година); | 1 |
| | - член на Комисијата за избор на соработник по предметот меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (2007 година); | 0,4 |
| | - член на Комисијата за избор/преизбор на соработник на предметот меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (2010 година); | 0,4 |
| | - член на Стручната комисија на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, за признавање на дел од студиите поминати во странство или на друг факултет во Република Македонија (додипломски студии); | 0,5 |
| | - член на Стручната комисија на Факултетот за признавање на високообразовни квалификации стекнати во странство од областа на меѓународното право и меѓународните односи (постдипломски и докторски студии); | 0,5 |
| | - член на Комисијата за јавни набавки на Факултетот (2005-2008 година). | 0,5 |
| | - Раководител на внатрешна организациона единица:<br>- шеф на Катедрата за меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. | 3 |
| 6. | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.): | |

[4] Поените се однесуваат за еден мандатен период.

| | | |
|---|---|---|
| | - член на работната група за подготовка на Законот за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија (2006 година); | 2 |
| | - член на работната група за подготовка на Законот за меѓународно приватно право (2007 година); | 2 |
| | - член на работната група за подготовка на Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај (2008 година); | 2 |
| | - член на работната група за подготовка на Законот за измена и дополнување на Законот за електронски комуникации (2008 година); | 2 |
| | - член на работната група за подготовка на Нацрт-законот за измени и дополнување на Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство (2010 година). | 2 |
| 5. | Учество во комисии и тела на државни и други органи | |
| | - член е на Советодавното тело за меѓународно право на Министерството за надворешни работи на Република Македонија. | 1 |
| | **Вкупно** | 19,8 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 57,40 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 95,3 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 19,8 |
| **Вкупно** | 172,50 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Поликсена Гавроска, с.р.

2. Проф. д-р Тодор Џунов, с.р.

3. Проф. д-р Денко Малески, с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РЕНАЛНА КОЛОР ДУПЛЕКС ДОПЛЕР УЛТРАСОНОГРАФСКА ЕВАЛУАЦИЈА НА БОЛНИ СО ДИЈАБЕТИЧНА НЕФРОПАТИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД Д-Р МАЈА МИЛОВАНЧЕВА-ПОПОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата V редовна седница одржана на 25.3.2010 година, по предлог на Научниот одбор на Медицинскиот факултет, а врз основа на член 63 од Законот за високото образование и член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје, донесе одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација од д-р Маја Милованчева-Поповска, м-р сци, под наслов **Ренална колор дуплекс доплер ултрасонографска евалуација на болни со дијабетична нефропатија**, во состав:

1. проф. д-р Чедомир Димитровски
2. проф. д-р Розалинда Попова Јованова
3. проф. д-р Оливера Стојчева Танева.

По прегледот и анализата на докторската дисертација, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Доставената докторската дисертација од д-р Маја Милованчева-Поповска, м-р сци, под наслов „Ренална колор дуплекс доплер ултрасонографска евалуација на болни со дијабетична нефропатија" претставува студија од областа на интерната медицина и нефрологијата работена на Универзитетската клиника за нефрологија во Скопје.

Докторската дисертација е презентирана на 91 страница. Трудот ги содржи следниве поглавја: Извадок, Вовед, Мотив и цел, Материјал и методи, Резултати, Дискусија, Заклучоци и Библиографија. Трудот е илустиран со 9 слики, 6 табели, 6 графикони и 32 фигури. Начинот на изразување е концизен и јасен што придонесува за лесно разбирање и следење на приложениот материјал.

*Воведот* се состои од два дела. Во првиот дел е дадена анализа на проблемот на дијабетичната болест на бубрезите. Презентирани се достапните научни сознанија за епидемиските пропорции на тип 2 дијабетесот и зголемената честота на јавување на дијабетичната болест на бубрезите-дијабетичната нефропатија. Фактот дека дијабетичната нефропатија се јавува кај околу 40% болни со тип 2 дијабетес и е водечка причина за хроничната бубрежна болест во светот, зборува за значењето на нејзиното рано откривање, дијагностицирање, следење и третман. Големината на проблемот се гледа во податокот дека во Р. Македонија, дијабетичната нефропатија придонесува за околу 10% болни на хронична програма на хемодијализа. Во овој прв дел од воведот обработени се и природниот тек на дијабетичната нефропатија, патохистолошките одлики и патофизиолошките механизми на бубрежното оштетување. Предмет на вториот дел од воведот е утразвукот. Денес ултразвукот е водечки модалитет за прикажување секаде во светот. Укажано е дека достапноста на методот дозволува брза дијагностичка и терапевтска одлука што е од исклучителна важност за намалување на времето на болничко лекување. Потенцирана е важноста на ултразвукот и неговата можност да ја покаже анатомијата, динамичното движење на органите и крвниот проток во сегашно време. Извршена е анализа на принципите на ултразвукот, неговите ризици и споредни ефекти, ограничувања, предности и недостатоци. Дополнително, обработено е обоеното (колор) доплер ултразвучно испитување како една брза и неинвазивна метода за проценка на интрареналната васкулатура. Резистентниот индекс ги отсликува промените на васкуларното корито, васкуларната резистенција на бубрезите кај здрави субјекти и кај болни со оштетена бубрежна функција. Исто така доплерскиот сигнал на бубрезите се јавува и како огледало на васкуларниот систем на болниот независно од бубрежното оштетување.

Врз основа на овие согледувања произлегле *мотивот и целта* на докторската дисертација, студија на динамичко следење на болни со тип 2 дијабетес и дијабетична нефропатија во период од две години. Потикнувачко прашање било кои варијабли влијаат на порастот на интрареналниот резистентен индекс и да се испита неговата клиничка вредност во следењето на овие високо ризични болни. Примарна цел на студијата е да се испита дали промената на резистентниот индекс (негов пораст) корелира со средната месечна стапка на пад на калкулираниот клиренс на креатининот. Со ова се испитало дали резистентниот индекс може да се смета како маркер за забрзано намалување на бубрежната функција кај

болни со тип 2 дијабетес и дијабетична нефропатија. Секундарна цел на студијата е да се испита дали резистентниот индекс кај овие болни корелира со артериската хипертензија; да се испита дали резистнтниот индекс може да е индикативен за системска артериска болест.

Поглавјето *Материјал и методи* е конципирано во три дела: субјекти и нивна клиничка евалуација, ултразвучно испитување и статистичка обработка на податоците. Студијата е изведувана на Клиниката за нефрологија од 2004 до 2007 год., на вкупно седумдесет стабилни болни со тип 2 дијабетес мелитус и дијабетична нефропатија. Студијата ја завршиле 68 болни. Болните биле следени во тек на две години биле евалуирани во 5 точки. Како контрола биле испитани 30 здрави, нормотензивни волонтери кои соодветствувале според пол и возраст со групата болни. Следниве параметри биле испитувани: гликемија, уреа, креатинин, број на еритроцити, хемоглобин, хематокрит, вкупни белковини, албумини, вкупен холестерол, HDL и LDL холестерол, триглицериди, електролити, калкулиран креатинин клиренс (по Cocroft-Gault формула), 24-часовна протеинурија, крвен притисок, индекс на телесната маса. Детално е прикажан методот на одредување на резистентниот индекс на интрапаренхималните артерии во секој бубрег посебно. Средниот резистентен индекс е пресметуван од шест мерења за секој болен, по три мерења за секој бубрег од различни делови на органот. Резистентниот индекс е пресметуван по формулата: РИ = (МСБ-КДБ)/МСБ, каде МСБ е максимална брзина на систолен проток, КДБ е брзина на проток на крај на дијастола. Вредностите на резистентниот индекс >0,68 се сметани за патолошки. Статистичката обработка е направена со методи на дескриптивна и аналитичка статистика: фреквенци, аритметичка средина, стандардна девијација, стандардна грешка, вкрстувања, непараметриска линеарна корелација по Spearman, мултипла регресиона анализа, Студентов *t*-тест за два големи неврзани примерока, анализа на варијанса за врзани примероци по Fridman, Mann-Witney U-тест на инверзија, непараметриска анализа.

*Резултатите* во дисертацијата се прикажани со табели, графикони и фигури. Статистички значајна разлика се јавила меѓу групата болни со дијабетична нефропатија (резистентен индекс 0,67) и контролната група (резистентен индекс 0,64) за следниве параметри: уреа, креатинин, протеинурија, гликемија, вкупни масти, триглицериди, вкупен холестерол, систолен и дијастолен крвен притисок, среден артериски притисок, пулсен притисок,

индексна телесна маса, волумен на бубрези и дебелина на паренхим. Во студијата, испитуваните болни со дијабетична нефропатија биле поделени врз основа на вредноста на резистентниот индекс: група 1 (н=33) со резистентен индекс <0,68, група 2 (н=37) со резистетен индекс ≥0,68. Статистички значајна разлика меѓу групите се добила во однос на возраста на болните и времетраењето на дијабетесот. Сите болни со резистентен индекс ≥0.68 имале статистички повисок креатинин и понизок клиренс на креатинин. Порастот на креатининот кај болните со резистентен индекс ≥0.68 во текот на следењето бил 3,8 пати поголем отколку во групата со резистентен индекс <0,68. Падот на клиренсот на креатининот кај болните со резистентен инекс <0,68 изнесувал 1 мл/година. Кај болните со резистентен индекс ≥0,68 падот на клиренсот на креатинин бил 5,6 мл/година. Просечната годишна стапка на пад на клиренсот на креатинин за целата група болни со дијабетична нефропатија бил 3,3 мл. Во однос на гликемијата и индексот на телесна маса не се јавила статистичка разлика во текот на следењето, а во однос на протеинуријата разликата која постоела во текот на следењето на крајот се изгубила. Статистички значајна разлика во однос на систолниот крвен притисок меѓу групите постоела во текот на следњето; се постигнало значајно намалување, за 18,2 ммХг во групата со резистентен индекс <0,68 и за 21,4 ммХг во групата со резистантен индекс ≥0,68. Во однос на дијастолниот крвен притисок не се јавила статистички значајна разлика. Во текот на следењето и во двете групи дошло до зголемување на вредностите на пулсниот притисок. Промените на резистентниот индекс меѓу групите за цело време биле статистички високо значајни, *P* <0,01. Порастот на резистентниот индекс изнесувал 0,0419 (6,7%) во групата со резистентен индекс <0,68 и 0,0446 (6,2%) во групата со резистентен индекс ≥0,68. Студијата покажа дека постои директна позитивна корелација меѓу резистентниот индекс и возраста на болните, креатининот, времетраењето на хипертензијата, систолниот крвен притисок и волуменот на бубрезите. Негативен коефициент на корелација се јавил меѓу резистентниот индекс и клиренсот на креатинин, времетраењето на дијабетесот, дебелината на паренхимот, бројот на еритроцитите и хематокритот.

Во *дискусијата и заклучоците* направена е критичка оцена на добиените податоци кои се споредени со наодите од други студии. Добиено е дека интрареналниот резистентен индекс на болните со дијабетес е повисок од индексот кај здрави субјекти со иста возраст. Болните со тип 2 дијабетес, споредени со здравите субјекти при иста возраст, ги имаат сите ризик-фактори

(традиционални и нетрадиционални) за прогресија на бубрежната болест. Студијата истакнува дека бубрежната функција, изразена преку серумскиот креатинин и клиренсот на креатининот, е поохтетена и побрзо се влошува кај групата болни со тип 2 дијабетес со дијабетична нефропатија кои имаат повисок резистентен индекс. Клиренсот на креатинин се јавил како независен фактор за промената на резистентниот индекс. Резистентниот индекс >0,68 има иста силна асоцијација со прогресијата на бубрежната болест како и клиренсот на креатинин. Истакнато е дека интрареналниот резистентен индекс позитивно корелира со систолниот крвен притисок и времетраењето на артериската хипертензија. Студијата заклучува дека резистентниот индекс може да се користи за да се препознае групата дијабетични болни кои се со потешки бубрежни лезии и болните кои се склони кон побрз пад на гломеруларната филтрациона рата. Раната идентификација на оваа, високо ризична група болни, е обврзна за да се превенира развојот или прогресијата на дијабетичната нефропатија.

Приложената користена *литература* опфаќа 148 цитирани референци, од домашни и странски автори, кои ја обработуваат темата на докторската дисертација.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека докторската дисертација „Ренална колор дуплекс доплер ултрасонографска евалуација на болни со дијабетична нефропатија", на кандидатката д-р Маја Милованчева-Поповска, м-р сци, претставува оригинален труд во кој е даден значаен научен придонес во областа на интерната медицина и нефрологијата. Со постигнатите резултати кандидатката покажала длабоко познавање на проблематиката на дисертацијата и истражувачки дух, што резултира со научен придонес во областа на нефрологијата.

Врз основа на погоре изложеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да го прифати овој извештај и на кандидатката д-р Маја Милованчева-Поповска, м-р сци, да и одобри јавна одбрана на докторската дисертација „Ренална колор дуплекс доплер ултрасонографска евалуација на болни со дијабетична нефропатија".

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Чедомир Димитровски с.р.
2. Проф. д-р Розалинда Попова Јованова с.р.
3. Проф. д-р Оливера Стојчева Танева с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТИ ПО ОРАЛНА ХИРУРГИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 7. редовна седница одржана на 24.3.2010 година, определи Рецензентска комисија по конкурсот за избор на асистенти по предметот орална хирургија, во состав:

- проф. д-р Борис Величковски ;
- проф. д-р Алберто Бенедети ;
- проф. д-р Елена Петкова.

На конкурсот објавен во дневниот весник „Вечер" од 17.12.2009 се пријавија кандидатите ас.д-р Андрејчо Грнчаровски и ас.д-р Владимир Филиповски.

По разгледувањето на документите што беа доставени на увид и врз основа на личното познавање на кандидатите, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет да му го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**1.** Кандидатот ас. д-р Андрејчо Грнчаровски е роден во Скопје на 13.1.1969 г. во Скопје.

Основно училиште завршил во Скопје, а средно образование во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов", на отсекот за забни техничари во Скопје.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1988/89 г., а дипломирал на истиот факултет во 1993 г. со просечен успех 9,54 .

По завршувањето на студиите го завршил задолжителниот приправнички стаж, а веднаш потоа го положил и задолжителниот стручен испит.

Од 15.11.1993 г. е вработен на Клиниката за орална хирургија при Стоматолошкиот клинички центар во Скопје.

Во учебната 1993/94 г. се запишал на постдипломски студии по предметот орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Од 1.3.1995 г. ја започнал специјализацијата по предметот орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје, која ја завршил успешно полагајќи го завршниот испит во 1998 г., стекнувајќи се со титулата специјалист по орална хирургија.

Во 2004 г. го пријавил својот магистерски труд „Епидемиолошко-патохистолошки карактеристики на епулисите во Македонија" кој успешно го одбранил во 2006 г., стекнувајќи се со титулата магистер на стоматолошки науки.

Во 2009 година ја пријавил својата докторска теза под наслов „Евалуација на димензијата на алвеоларниот гребен со различни техники на постекстракциона презервација на коскеното ткиво".

Како асистент, кандидатот се одликува со тоа што е трудољубив, сериозен и коректен со пациентите. Желбата за негово стручно усовршување резултира со консултации со колегите од матичната

клиника, другите стоматолошки и медицински специјалности, како и стоматолози од светот каде што стручно престојувал.

Кандидатот во доменот на научно - истражувачката работа како студент бил учесник на 27. Интернационален конгрес на студентите по стоматологија и медицина во Охрид, 1993 година, а потоа како лекар - стоматолог на Првиот конгрес на стоматолозите на Македонија во 1994 година, Вториот конгрес на стоматолозите од Балканот во Белград во 1997 година, на Вториот конгрес на стоматолозите на Македонија во 1998 година, на Светскиот стоматолошки конгрес на FDI во Барселона, на Петтиот конгрес на стоматолозите на Балканот во Солун, 2000 година, на Шестиот конгрес на стоматолозите на Балканот во Букурешт во 2001 година, на Третиот интернационален конгрес на стоматолозите од Македонија одржан во Охрид, во 2005 година на Десеттиот конгрес на стоматолозите на Балканот одржан во Белград и на Петтиот меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество во 2009 година, и на сите овие конгреси активно учествувал.

Ментор бил на 8 студентски теми на студентските конгреси.

Кандидатот во повеќе наврати бил на усовршување од областа на денталната имплантологија, и тоа: во 2003 година, во Бремен, Германија, кај проф. Графелман, во 2006 година, во Софија, Бугарија, кај акад. проф. Попов и во Виена, Австрија, кај проф. Пинбауер, стекнувајќи се со повеќе сертификати за вградување на различни системи на дентални импланти. Во 2009 година, кандидатот престојувал на три месечен стручен престој кај проф.Рајри, проф.Силстон и проф.Ангелов на Стоматолошкиот факултет вЛома Линдаг, Калифорнија, САД, стекнувајќи се со најсовремени сознанија од напредната парадонтална хирургија и вградување на дентални импланти од фирмите BICON и NOBEL BIOCARE.

Автор и коавтор е на 27 научни труда, објавени во домашни и странски списанија.

Активно се служи со англискиот јазик, а пасивно со германскиот и бугарскиот јазик.

1. **Ас. д-р Филиповски Владимир** е роден на 22 февруари 1967 година во Скопје, Р.Македонија. Средно образование завршил во гимназијата „Орце Николов" во Скопје во 1985 година. На Стоматолошкиот факултет во Скопје започнал со студии во 1986, а дипломирал во 1991 година.

Д-р Владимир Филиповски од 1992 година е вработен на Клиниката за орална хирургија при Стоматолошкиот клинички центар во Скопје, а истата година го положил и стручниот испит.

Во 1996 година, во траење од шест месеци бил на стручно усовршување во Италија при Ватиканскиот универзитет на Клиниката ,,Свето срце во Рим". Истата година, на стручно усовршување во траење од четири месеци бил и во Германија, на Универзитетската клиника при Гете - универзитетот во Франкфурт.

Во јануари 1998 година го положил специјалистичкиот испит и се здобил со звањето специјалист по орална хирургија.

На Катедрата за орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Филиповски е избран за асистент.

Во 1998 година, во траење од четири месеци, активно престојувал на Универзитетската клиника во Франкфурт со која раководи проф. Nentwig.

На овие стручни престои ас.д-р Владимир Филиповски работел на полето на имплантологијата и се стекнал со меѓународен сертификат за работа и едукација со Ankylos имплант-системот.

Периодично во 1999,2000,2001 и 2002 година, повторно престојувал на Универзитетската клиника во Франкфурт и во Имплантолошкиот центар на фабриката Degusa од Hanau, со што ја продолжил соработката помеѓу двата универзитета, за што со официјални писма се известени деканот и директорот на Стоматолошкиот факултет и Стоматолошкиот клинички центар.

Ас. д-р Владимир Филиповски учествува со свои презентации на многу домашни и меѓународни конгреси и симпозиуми, а активно учествува и во едукацијата на полето на имплантологијата во земјава и во странство.

Публицистичкиот опус на ас. д-р Владимир Филиповски опфаќа 34 труда и статии, од кои 13 се објавени во домашни и 21 во странски публикации.

Во 1999 година е добитник на Пофалница од Стоматолошкиот факултет, во 2000 година и Благодарница од Лекарското друштво на Македонија, а во 2009 година и Благодарница од Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Од јануари 2007 до 2009 година е раководител на новиот Клинички оддел за имплантологија при Стоматолошкиот клинички центар.

Ас. д-р Владимир Филиповски е акредитиран едукатор во полето на имплантологијата на фирмите "Ankylos-Friadent" Mannheim-Германија и "Straumann"Basel-Швајцарија.

Изработката на докторската дисертација со наслов „Осеинтеграцијата на ендоосеалните дентални импланти кај пациенти со дијагностициран дијабетес мелитус" е во завршна фаза.

Член е на Европската асоцијација за осеоинтеграција и на I.T.I тимот за имплантологија.

Како истражувач од Македонија, односно Стоматолошкиот факултет во Скопје, во 2009-2010 година учествува во изработката на мултицентричната студија-проект со наслов *Проспективна клиничка и радиолошка студија на "Straumman"bone level имплантите вградени во постериорна максила.*

За овој избор кандидатот ги предложи следниве 3 нерецензирани презентирани труда:

1,Filipovski.V

**SIMPLE "STEPPS" FOR ANKYLOS IMPLANT SUCCESS IN EVERYDAY PRACTICE**

**Treci simpozijum oralnih hirurga I oralnih implntologa Srbije sa medjunarodnim ucescem**

**Beograd 2007**

**Zbornik abstrakata.**

Вградувањето на импланти при нормално зачувана, широка и здрава коска во поново време претставува рутинска постапка.

Сепак, вградувањето на импланти во тенка и исуфициентна коска бара пософистицирана хируршка техника и примена на коскени супститиенти и графтови.

Прикажаните случаи на вградување Ankylos- имплант во комбинација со коскени графтови јасно ја укажува потребата за примарна стабилност и временски простор до конечно естетско и функционално решение. Правилно применето со следење на индикациите и протоколот за работа дава сигурност на успех при секоја имплантација.

Трудот има стручен придонес.

**2. Romanos. GE.Filipovski.V**

LONGTERM EXPERIENCE WITH BRIDGE RECOSTRUCTION BETWEEN IMPLANT AND NATURAL TOOTH

**Europaisches Forum Zanmedizin**

**Frankfurt\M-Germany 2008**

**Abstract book.**

Поврзувањето на имплантатите со природните здрави заби во мостови конструкции е исклучително важна одлука при дефинитивниот план за имплантно-протетската рехабилитација на мастикацијата кај пациентите. Предноста на дизајнот што овие импланти ја имаат околу рамномерното распоредување на џвакалниот притисок врз осеоинтегрираниот имплант, што од своја страна овозможува поврзување со природниот заб, е потврдена низ долгогодишни студии.

Трудот има стручен придонес.

**3.D.Cvetanovska,A Bundalevska,A.Minovska,V.Filipovski,**

PROTETIKA VRZ IMPLANTI KAKO DEL OD KOMPLEKSNO SANIRANJE NA CELO ZABALO

**5-ti kongres na stomatolozite od Makedonoja so megjunarodno ucestvo**

**Ohrid 2009**

**Zbornik na abstrakti.**

Долгодишните искуства од примената на имплантите укажуваат на дефинитивната неопходна и апсолутна сигурност при нивното планско вградување.

Широката сликовитост на мноштвото од случаи кај кои парцијалната и тоталната беззабост се третираше со импланти дава еден широк спектар на успешни имплантнопротетски решенија. Во зависност од местоположбата во забната регија, можна е примена на повеќе протетскотехнички решенија

Трудот има стручен придонес.

## ЗАКЛУЧОК ИПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесеното, констатацијата на Рецензентската комисија е дека **ас. д-р Владимир Филиповски** и **ас. д-р Андрејчо Грнчаровски** се во континуиран стручен,наставен и научен подем.

Имајќи ги предвид сите нивни достигнувања и квалитети, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет да ги избере ас. д-р Владимир Филиповски и ас. д-р Андрејчо Грнчаровски во звањето **асистент** по предметот орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Борис Величковски, д-р сци, с.р.

2. Проф. д-р Алберто Бенедети, д-р сци, с.р.

3. Проф. д-р Елена Петкова, д-р сци, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЈАКОСНИ И ТЕРМОФИЗИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА FRP СЕНДВИЧ-ПЛОЧИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АНА ТРОМБЕВА-ГАВРИЛОСКА, ДИПЛ. ГРАД. ИНЖ., ПРИЈАВЕНА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 363. седница одржана на 29.4.2010 година, нè именува за членови на Комисијата за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов **„Определување на јакосни и термофизички карактеристики на FRP сендвич-плочи"**, изработена од м-р Ана Тромбева-Гаврилоска, дипл. град. инж., асистент на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

По прегледот на дисертацијата, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов **„Определување на јакосни и термофизички карактеристики на FRP сендвич-плочи"**, изработена од м-р Ана Тромбева-Гаврилоска, дипл. град. инж., изложена е на 169 страници, разработена е во 6 глави и содржи 86 слики, 13 табели, список на користена литература со 111 наслови, подредени по азбучен ред.

### 1. Предмет на истражувањето

Предмет на истражување во дисертацијата е определување на механички и термофизички карактеристики на сендвич-плочи кај кои надворешните плочи се изведени од композитен материјал, како и анализа на влијанието на составните компоненти врз нивното однесување.

Сендвич-плочата претставува повеќеслоен композит составен од различни материјали, при што оптимално се искористуваат карактеристиките на поодделните компоненти. Таа претставува поволна конструктивна структура со мала маса и се базира на концептот за зголемување на носивоста и крутоста на свиткување со минимално зголемување на вкупната маса.

При изработка на сендвич-плочите можат да се употребат различни материјали во зависност од специфичните барања коишто треба да ги задоволи финалниот производ. Материјалот за изработка на надворешните плочи треба да биде избран така што надворешните плочи да се одликуваат со висока крутост на свиткување, висока јакост на затегнување и притисок, да имаат одлична отпорност на надворешни влијанија, отпорност на вода, отпорност на удар и завршна обработка на надворешната површина. Со примена на влакнесто армираните композити, комбинирајќи различни видови влакна (стаклени, арамидни, карбонски) со различни смоли-матрици (полиестерска, винилестерска, епоксидна,

фенолна, полиуретанска), се добива голем избор на материјали за изработка на надворешните плочи. Јадрото како составен дел на сендвич-елементите, главно оптоварено на сили на смолкнување, се избира така што да обезбеди мала специфична тежина, но доволно висок модул на лизгање за да се добие бараната јакост и крутост на смолкнување, па како такво е битен фактор за целокупното нивно однесување.

Истражувањето во дисертацијата започнува со експериментално определување на механичките карактеристики на составните компоненти на сендвич-плочите. Влакнесто армираните полимери, од кои се изведени надворешните плочи на сендвич-плочите, како материјал се доста испитувани, но механичките карактеристики на секој композит поодделно зависат од видот на употребената матрица и типот на употребената арматура за зајакнување. Поради тоа, механичките карактеристики на композитните материјали се определени при аксијално напрегање на затегнување на собна и на зголемена температура, а се анализирани во зависност од параметрите кои влијаат на нивното однесување. Модулот на лизгање на полиуретанското јадро индиректно е определен врз база на податоци од експерименталното испитување на композитните плочи на свиткување.

За да се добие јасна слика за состојбата на напрегање при свиткување на сендвич-плочите, експериментално се определени нивните механички карактеристики. Експерименталните истражувања се извршени на повеќе типови сендвич-плочи, на слободно потпрен модел, при дејство на линиско оптоварување во средината на распонот. Добиените резултати се анализирани во зависност од составот на надворешните композитни плочи.

За да се разработи што е можно поточен модел на сендвич-плоча, со што ќе се овозможи преку симулации да се истражуваат нивните предности и недостатоци, е извршена аналитичка и нумеричка анализа во подрачјето на линеарното однесување на сендвич-плочите, а потоа е спроведена споредбена анализа со експериментално добиените резултати. Анализите се изведени во зависност од составот на надворешните композитни плочи, со цел да се согледа влијанието на типот на употребената матрица и видот на употребената арматура врз механичките карактеристики на сендвич-плочите.

Композитните сендвич-плочи со полиуретанско јадро се едни од ретките материјали кои ја комбинираат акустичната и топлинската изолација. Со цел да се намалат загубите на топлинска енергија и да се овозможи проектирање на топлински ефикасни конструктивни елементи, дефинирани се термофизичките карактеристики на сендвич-плочите. Определено е топлинското однесување на FRP сендвич-плочите при различни топлински оптоварувања. Извршено е и аналитичко моделирање на трансферот на топлината низ FRP сендвич-плочите со примена на методот на конечни елементи. Преку експериментални и теоретски истражувања, со интегрирање на нивните механички и термофизички карактеристики, се определени потребните параметри за проектирање на FRP сендвич-плочите.

## 2. Содржина на дисертацијата

Разработката на горенаведената проблематика и резултатите од истражувањето се дадени во шест глави, со список на користена литература.

Во **Глава 1** е дефиниран концептот за сендвич-плоча, а потоа е извршена класификација на материјалите од кошто може да бидат изведени составните компоненти на сендвич-плочите. Во оваа глава од докторската дисертација е дефиниран предметот на истражување и е даден осврт на развојот на

истражувањата на сендвич-плочите во поглед на составните компоненти. Прегледот на позначајните претходни истражувања, поврзани со оваа проблематика, како и заклучоците што произлегуваат од нив, се направени за следниве три подрачја: компоненти на влакнесто армираните полимери, механички карактеристики на сендвич-плочите и термофизичките карактеристики на сендвич-плочите. Врз основа на извршената анализа на досегашните истражувања, а со намера да се даде јасна претстава за механичките и термофизичките карактеристики на сендвич-плочите, дефинирани се целите на истражувањето. На крајот од оваа глава се сумирани придобивките од истражувањата спроведени во докторската дисертација.

Во **Глава 2** е извршено експериментално определување на механичките карактеристики на составните компоненти на сендвич-плочите. Експерименталните истражувања авторката ги конципира во два независни дела. Во првиот дел, на претходно дефинирани епрувети, при аксијално напрегање на затегнување, ги определува јакосните карактеристики на композитните материјали од коишто се изведени надворешните плочи на сендвич-плочите. Определени се механичките карактеристики на FRP епруветите на собна температура и добиените резултати се анализирани во зависност од составните компоненти на композитниот материјал. Механичките карактеристики на композитните материјали се определени на зголемена температура од 80° C, по што тие се анализирани и споредени со соодветните резултати од истражувањата за композитните материјали на собна температура. Во вториот дел од оваа глава определени се механичките карактеристики на полиуретанското јадро. Јакосните карактеристики и модулот на лизгање на полиуретанското јадро индиректно се определени врз основа на изведената анализа на резултатите добиени со експериментални истражувања на кратки проби при напрегање на свиткување.

Во **Глава 3** е извршено определување на јакосните карактеристики на сендвич-плочите преку експериментални истражувања. Експерименталните истражувања се изведени на претходно дефинирани типови сендвич-плочи при напрегање на свиткување, од дејство на линиско оптоварување во средината на распонот на плочата. Јакосните карактеристики на сендвич-плочите се оценети со анализа на добиените податоци од експерименталните истражувања, преку нивното глобално однесување и напонската состојба на горната и долната надворешна композитна плоча. Резултатите од експерименталните истражувања се анализирани во зависност од параметрите кои влијаат врз механичките карактеристики на сендвич-плочите во целина. Со цел да се зголеми носивоста на сендвич-плочите, изведени се експериментални истражувања на сендвич-плоча зајакната со вертикално композитно ребро по целата нејзина должина, а резултатите добиени со експериментални истражувања се анализирани и споредени со соодветните резултати од основната сендвич-плоча.

Во **Глава 4** се презентирани теориите на кои се базираат аналитичките методи за анализа на сендвич-плочите: елементарната теорија, која се базира на принципите на јакоста на материјалите, и теоријата од повисок ред, која го зема предвид локалното извиткување на надворешните плочи предизвикано од деформациите на смолкнување на јадрото. Во оваа глава со примена на програмскиот пакет NISA, кој се базира на методот на конечни елементи, извршена е линеарна нумеричка анализа на однесувањето на сендвич-плочите. Применувајќи ги аналитичките методи и нумеричката постапка, определено е однесувањето на сендвич-плочите при дејство на линиско оптоварување во средината на распонот. Однесувањето на сендвич-плочите е разгледано преку уклонот и напрегањата во долната надворешна плоча, а добиените резултати со аналитичките методи и нумеричката постапка се споредени со експериментално определените.

Во **Глава 5** е даден преглед на начините на пренос на топлина, потоа е анализиран преносот на топлина и размената на маса низ повеќеслојна преграда. Основните термофизички карактеристики кај композитните сендвич-плочи во целина, за стационарна состојба, се разгледувани при различни температурни и влажносни услови од едната и од другата страна, во зависност од претходно дефинираните термофизички карактеристики на нивните составни компоненти. За дефинираниот напречен пресек на композитната сендвич-плоча определени се топлинските отпори и коефициентите на пренос на топлина, во зависност од употребените надворешни плочи. Врз основа на изработените температурни профили, определени се и зависностите на коефициентите на пренос на топлина и топлинските отпори, во зависност од дебелината на јадрото. За композитните сендвич-плочи, при исти внатрешни услови, а за различни надворешни температури, е определена зоната на кондензација во зависност од дебелината на јадрото, и е предложено решение за елиминирање на проблемот. Со цел да се согледа однесувањето на композитните сендвич-плочи во реални услови, извршена е пресметка на факторите на периодичниот временски одговор, во зависност од дебелината на јадрото. Во оваа глава, со примена на методот на конечни елементи, извршена е анализа на пренос на топлина низ композитните сендвич-плочи во нестационарни услови, во зависност од нивната поставеност.

Во **Глава 6** се презентирани главните заклучоци од ова истражување и се дадени препораки за дополнителни истражувања кои треба да послужат како насока за понатамошни анализи.

На крајот авторката дава преглед на литературата што ја користи при изработка на дисертацијата, а која содржи 111 наслови, наредени по азбучен ред.

## 3. Придонес на дисертацијата

Во оваа докторска дисертација се определени јакосните и термофизичките карактеристики на сендвич-плочите кај кои надворешните плочи се изведени од композитен материјал.

Преку изведените експериментални истражувања се определени јакосните и механичките карактеристики на составните компоненти на сендвич-плочите. Врз основа на експериментално добиените резулатати е направена анализа која дава одговор на прашањето како составните материјали од кои е изведен композитниот материјал влијаат врз неговите механички карактеристики. Ваквата анализа овозможува да се даде оптимално решение при проектирањето на сендвич-плочите, во поглед на изборот на видот на основната маса-матрица и типот на арматура, што претставува една од придобивките на оваа дисертација.

Во експерименталната програма е вклучено и истражувањето на сендвич-плочите како носиви елементи. Анализирано е влијанието на одделните параметри, како што се: типот на применетата матрица, типот на применетата арматура и процентот на армирање, како и влијанието на вертикалното композитно ребро за зајакнување, врз однесувањето на композитните плочи.

Експериментално определените механички карактеристики на составните компоненти на сендвич-плочите овозможуваат нумерички истражувања на различни типови сендвич-плочи, со кои би се добила појасна слика за нивното однесување. Нумеричкиот модел за определување на состојбата на напрегања, анализиран во рамките на оваа дисертација, е верифициран со експериментални истражувања. Резултатите добиени со симулација на реални сендвич-плочи во линеарна област на однесување, со многу мали отстапувања го следат карактерот на резултатите добиени со експерименталните мерења. Деталното истражување за влијанието што го имаат видот на употребената матрица и арматурата врз

перформансите на крајниот производ, овозможува правилен избор на FRP плочите при проектирање на сендвич-плочите.

Во рамките на истражувањата во оваа дисертација, а со цел да се подобри носивоста на сендвич-плочите, е разгледана и можноста за воведување на композитни ребра како дополнителни конструктивни елементи.

Посебно внимание во ова истражување е посветено на дефинирањето на термофизичките карактеристики на композитните сендвич-плочи. Со тоа е овозможено определување на вкупното топлинско однесување на конструкциите од композитни сендвич-плочи при различни топлински оптоварувања. Покажано е дека сендвич-плочите можат да обезбедат намалување на топлинските загуби и да овозможат ефикасна топлинска изолација.

Истражувањата поврзани со композитните сендвич-плочи даваат одговор за потенцијалот за нивна примена во областа на градежништвото и архитектурата. Сендвич-плочите овозможуваат развој на современи, еколошки, поекономични и одржливи конструкции, задоволувајќи ги истовремено и барањата за ниско енергетски конструкции. Нивната основна предност е можноста за оптимално проектирање на компонентите, што ќе доведе до подобрување на критериумите за безбедност и функционалност на конструкциите.

Треба да се набележи дека експерименталните истражувања во рамките на дисертацијата, извршени на ниво на составни компоненти и носечки елементи, претставуваат своевиден придонес во развојот на научната мисла во оваа област.

## 4. Заклучок

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Тромбева-Гаврилоска обработува проблематика која во светот, во последните години, станува сè повеќе актуелна и е предмет на голем број експериментални и теориски истражувања на поединци и институции кои се носители на развојот на истражувањата поврзани со композитните сендвич-плочи.

Во Република Македонија постојат производни капацитети чија примарна дејност е изработка на производи од композитни материјали. Имено, можноста за употреба на композитните материјали и кај сендвич-плочите, ја наметнува потребата за донесување на стандарди околу испитувањето на композитните материјали, чие отсуство претставува посебен недостаток. Докторската дисертација претставува еден од пионерските потфати за истражување во областа на композитните материјали и дава соодветен придонес кон определувањето на механичките и термофизичките карактеристики, како на композитните материјали, така и на композитните сендвич-плочи во целина. Резултатите кои произлегоа од неа може да најдат своја примена во конструкторската практика и да овозможат поквалитетно и порационално проектирање на композитните сендвич-структури. Тие може да бидат и поттик за понатамошни истражувања, неопходни за изработка на националната регулатива.

Врз основа на досега изнесеното, Комисијата оценува дека докторската дисертација под наслов **„Определување на јакосни и термофизички карактеристики на FRP сендвич-плочи"**, изработена од м-р Ана Тромбева-Гаврилоска, дипл. град. инж., асистент на Архитектонскиот факултет при УКИМ во Скопје, е научен труд што ја збогатува научната мисла во доменот на однесувањето на сендвич-плочите кај кои надворешните плочи се изведени од композитен материјал, како во смисла на неговата теориска и научна, така и во смисла на неговата практична примена. Добиените резултати и заклучоци во дисертацијата ги потврдуваат веќе стекнатите сознанија во оваа област. Како

резултат на спроведеното истражување, дисертацијата иницира нови можности за примена на композитните материјали.

Комисијата има особено задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оцена на докторската дисертација и, согласно со законските одредби и Правилникот за докторирање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да закаже јавна одбрана.

**Членови на Комисијата**

1. Вонр. проф. д-р Мери Цветковска, с.р.
2. Проф. д-р Љупчо Лазаров, с.р.
3. Доц. д-р Тодорка Самарџиоска, с.р.
4. Проф. д-р Владимир Симовски, с.р.
5. Проф. д-р Тамара Теофилова Бојаџиева, с.р.

РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТИ НА КАТЕДРАТА ЗА СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА ПРИ СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.35/08, 103/08 и 26/09) и член 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а по предлог на кадровскиот одбор, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 7. редовна седница одржана на 24. 3.2010 година, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за избор на асистенти во состав: проф. д-р Драгољуб Велески, проф. д-р Елена Петкова и проф. д-р Евдокија Јанкуловска. На конкурсот се пријавија следниве кандидати: д-р Сашко Богдановски, д-р Игор Стоев, д-р Соња Петкова, д-р Надица Јанева, д-р Светлана Гачева Цветкова, д-р Андреа Јовановски, д-р Драган Петровски, д-р Анета Ангеловска, д-р Атанас Шуков и д-р Ана Спировска.

Рецензентската комисија, на состанокот одржан на 07. 5. 2010 година, врз основа на поднесените пријави и расположивиот материјал, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. АС. Д-Р САШКО БОГДАНОВСКИ

*Биографски податоци*

**Ас. д-р Сашко Богдановски** е роден е на 22.XII.1968 година во Скопје, каде што го завршил основното образование. Средно образование заврши во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов" во Скопје, отсек за забни техничари со одличен успех.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1987/88 година, а дипломирал во 1993 година со просечен успех 9,76.

По завршувањето на студиите го завршил задолжителниот стаж и го положил стручниот испит.

Од 1993 година е вработен во ЈЗО Стоматолошки клинички центар, како клинички лекар на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика.

Во учебната 1993/94 се запишал на постдипломските студии на Стоматолошкиот факултет од областа на стоматолошката протетика.

Во 1997 година е избран за помлад асистент на Катедрата за мобилна стоматолошка протетика при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Во 1998 година го положил специјалистичкиот испит и се стекнал со звањето специјалист по стоматолошка протетика.

Бил на стручно и научно усовршување во повеќе едукативни центри во странство. Така во 1994 година посетувал курс за дентални импланти Branemark во Торонто, Канада. Во 1995, 1996 и 1997 година бил на стручно усовршување во Љубљана, Р.Словенија, во 1996 и 1997 година во Шан, Лихтенштајн, а во 1998 година во Манхајм, Германија, во 2006 Софија Бугарија, за дентални импланти IMTEC.

Од јануари до април 2009 година бил на стручно усовршување на Стоматолошкиот факултет во Лома Линда САД, кај проф. Ririe и Silston.

Активно се служи со англискиот јазик.

Во јануари 2007 година го одбранил магистерскиот труд под наслов: „Валоризација на вредностите на индивидуалните артикулациони агли на ТМЗ-компаративна анализа", и се стекнал со звањето магистер на стоматолошки науки, а во мај 2007 год. бил избран за асистент по предметот мобилна стоматолошка протетика.

Во август 2009 година со успех го положил супспецијалистичкиот испит по орална имплантологија и се стекнал со звањето супспецијалист имплантолог.

Досега има објавено 61 стручно научен труд како автор и коавтор.

За избор ги пријавува следниве трудови:

1.Clinical verification of the soft tissue alternation patient with total dentures
**С.Богдановски**,Б.Богдановска,А.Грнчаровски,А.Шуков,А.Филдишевски
10th Congress of the BaSS,Belgrade May 2005,105
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 939
2.Prosthetic hyperplasya of oral mucous membrane and its treatment-review of the case
А.Спировска.,С.Панчевска,**С.Богдановски**...
10th Congress of the BaSS,Belgrade May 2005,80
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 939
3.Overdentures-esthetic and functional solution of subtotal edentoulous patients:case report
А.Шуков,С.Панчевска.,**С.Богдановски**
10th Congress of the BaSS,Belgrade May 2005,79 .
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 939
4.Soft tissue,changes in orofacial region – inspiration for multidisciplinary cooperation
А.Грнчаровски,Т.Стаменковски,**С.Богдановски**
10th Congress of the BaSS,Belgrade May 2005,60 .
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 939
5.Gonial angle diferences assosiated with vertical dimenssion
Зузелова М.,**Богдановски С**.,Петровска Ј.,Богдановска Б.
11th Congress of the BaSS,Sarajevo, may2006.94
6.Валоризација на индивидуалните вредности на артикулационите агли на ТМЗ во изработка на тотални протези.
**Богдановски С**.
Макед.стом.преглед год.XXXII бр.3-4 2008,139-151
7.Characteristics of the mandibular morfology(gonial angle assosiated) with vertical disorders
Б.Богдановска,**С.Богдановски**,И. Гавриловиќ
12th Congress of the BaSS,Istanbul 2007,145.

## 2. АС. Д-Р ИГОР СТОЕВ

*Биографски податоци*

**Ас. д-р Игор Стоев** е роден на 24. 4.1966 година во Виница. Основно и средно образование завршил во Скопје со одличен успех.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1986/87 година. Дипломирал во 1992 година. Во 1993 година е вработен како клинички лекар на Клиниката за фиксна протетика при Стоматолошкиот клинички центар. Стручен испит положил истата година.

Во 1994 година добил решение за специјализација на стоматолошка протетика. Специјалистичкиот испит го положил во декември 1998 година.

Во 2000 година е избран за помлад асистент на Катедрата за фиксна стоматолошка протетика, а во 2004 година е реизбран.

Во 2007 година се запишал на супспецијализација по предметот орална имплантологија. Супспецијалистичкиот испит го положил во 2009 година.

Присуствувал на повеќе стоматолошки стручни манифестации во Република Мекедонија, а во 2003 и 2005 година бил на стручен престој во Пловдив, Република Бугарија.

Активно се служи со англискиот јазик.

За овој избор, за рецензија ги приложува следниве трудови:

1. Демонтирање на фиксни изработки.
Ментор: Стоев И.
14. Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија. (Книга на апстракти) Охрид, 2007.
Во трудот се претставени индикациите за симнување на дефинитивно цементирани фиксно протетички конструкции. Преку приказ на случаи се опфатени постапките на

работа, при што посебен акцент е даден на зачувувањето на интегритетот на забите носачи, како и избегнување на оштетување на околните меки ткива. Трудот има стручно-практичен карактер.

2. Начин на работа со Kavo Coronaflex 2000-апарат за симнување коронки и мостови. Ментор: Стоев И.

16. Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија. (Книга на апстракти) Струга, 2009

Во трудот е претставен Kavo Coronaflex 2000-апарат за симнување коронки и мостови. Прикажани се 14 случаи каде што била употребена оваа апаратура за симнување на дефинитивно цементирани коронки и мостови. Во 12 случаи фиксните изработки биле симнати успешно, без да се сечат. Кај преостанатите два, кои биле изработени од злато било неопходно пресекување поради деформирањето на телата при употребата на Kavo Coronaflex 2000. Со тоа се потврдени упатствата од литературата за употребата на инструментот. Трудот има стручно-практичен карактер.

**3.АС. Д-Р СОЊА ПЕТКОВА**

*Биографски податоци*

**Ас. д-р Соња Петкова** е родена на 25. 2.1970 година во Куманово. Основно образование завршила во Скопје со одличен успех. Во учебната 1984/85 се запишала во МУЦ„Д-р Панче Караѓозов" Ѣ отсек за забни техничари. Средното образование го завршила со одличен успех во 1988 година. На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1988/89 година и дипломирала во 1994 година со среден успех 8,96.

По дипломирањето го завршила задолжителниот стаж на клиниките при ЈЗО Стоматолошки клинички центар, а потоа во 1995 го положила стручниот испит. Во истата година е вработена на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика како клинички лекар. Во учебната 1994/95 година се запишала на постдипломски студии од областа на стоматолошка протетика.

Специјализација по матичниот предмет од стоматолошка протетика го започнала во 2000 година и успешно го положила специјалистичкиот испит во 2003 година. За помлад асистент на Катедрата за мобилна стоматолошка протетика, е избрана во 1997 година.

*Стручно научна дејност*

Ас. д-р Соња Петкова во текот на досегашната работа покажала особен интерес и континуиран напредок во стекнувањето нови сознанија во областа на стоматолошката протетика, како и нивна примена во секојдневната практика. Се истакнува со сериозен и стручен пристап во третманот на пациентите со делумна и тотална беззабност, настојувајќи да изнајде најадекватно решение. Ас. д-р Соња Петкова е активно вклучена во изведувањето на практичната настава по предметите: претклиничка и клиничка мобилна протетика.

*Публицистичка дејност*

Д-р Соња Петкова има објавено 5 стручно-научни публикации. Трудовите од 1 и 2 се рецензирани при нејзиниот прв избор за помлад асистент, објавени во Билтенот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" бр.726. За избор во звањето асистент, кандидатката ги приложи следниве трудови:

1.Односи на ширината и висината на лицето и на централен горен инцизив
Ангеловска А., Богдановски С., Јанева Н., **Петкова С**.,Велевска Д.,
Трет конгрес на стоматолозите на Република Македонија (Програма и апстракти), Здружение на стоматолози на Македонија 2002: 191

2. Детерминација на на растојанието између линија на дување на нос и линија на вибрација, 9, Конгрес на Здружението на балканските стоматолози.
Јанкуловска Е.,Ванковски В., **Петкова С.** и Спировска А.,

3. Најмал говорен простор во детерминација на вертикална релација на мандибулата
**Петкова С**., Дејановски К., и Димовска Р.

**4. АС. Д-Р НАДИЦА ЈАНЕВА**

*Биографски податоци*

**Д-р. Надица Јанева** е родена на 27. 6.1970 година во Скопје. Основно образование завршила во Скопје со одличен успех. Во учебната 1984/1985 се запишала во МУЦ „Др. Панче Караѓозов" отсек за медицински лаборанти. Средното образование го завршила со одличен успех во 1988 г.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1988/1989 г., а дипломирала во 1994 г. со среден успех 9,09. По дипломирањето го завршила задолжителниот стаж на клиниките при ЈЗО Стоматолошки клинички центар, а во 1995 г. го положила стручниот испит.

На 20. 9.1995 г. е вработена на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика при ЈЗО Стоматолошки клинички центар како клинички лекар. Во учебната 1995/1996 г. се запишала на постдипломски студии од областа на стоматолошката протетика.

Специјализација по стоматолошка протетика започнала во 1996 г. и успешно го положила специјалистичкиот испит во 1999 г. Во текот на специјализацијата била на стручен престој во времетраење од 3 месеци кај проф д-р Cyril Thomas на Стоматолошкиот факултет во Сиднеј, Австралија. За помлад асистент на Катедрата за мобилна стоматолошка протетика е избрана во 2000 г. и реизбрана во 2005 г.

*Наставно- научна дејност*

Со стручни теми активно учествувала на конгреси и симпозиуми во земјата и странство и посетувала постедукативни семинари од областа на протетиката. Како автор или коавтор досега учествувала во 14 стручно-научни публикации.

Ментор е на повеќе теми за студентски конгреси. Активно се служи со англискиот јазик, а пасивно со францускиот и грчкиот јазик.

*Публицистичка дејност*

Трудовите 1 - 8 се рецензирани при нејзиниот прв избор за помлад асистент објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 764, а трудовите со бр. 9 и 10 во Билтенот бр. 867

За избор во звањето асистент, кандидатката ги приложи следниве стручно-научни трудови:

11. Trauma and candidasis in the etiology of denture stomatatitis and their therapy
Еленчевски С., Велевски Д., Ангеловска А., Јанева Н.,
X th Congress of the BASS, Belgrade from 11-14 May 2005
Book of apstracts p.104

12. Nose width used as biometrical index in artificial teeth size selection
Дејановски К., Бојаџиевска Л., Еленчевски С., Јанева Н.,
X th Congress of the BASS, Belgrade from 11-14 May 2005
Book of apstracts p.78

13.Ткивните кондиционери и резилиентните подложувачки материјали во стоматолошката протетика
Јанева Н., Дејановски К., Еленчевски С., Панчевска С., Спировска А.,
IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 22-25 мај 2006 г.
Зборник на апстракти: 21

14. Најчести грешки при одредување на централната релација и можности за нивно избегнување
Ангеловска А., Дејаноски К., Панческа С., Јанева Н.,Беговиќ А.,
IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 22-25 мај 2006 г.
Зборник на апстракти: 38

**5. АС. Д-Р СВЕТЛАНА ГАЧЕВА ЦВЕТКОВА**

*Биографски податоци*

Ас. д-р Светлана Гачева е родена на 18. 9.1964 година во Штип. Основно и средно образование завршила во Скопје.

На Стоматолошкиот факултет се запишала во учебната 1982 / 83, а дипломирала во јануари 1988 година со среден успех 8,15.

Активно се служи со англискиот јазик. Како студент учествувала на повеќе стручни конгреси. Стручниот испит го положила во 1990.

Во ЈЗО, Клинички центар - Скопје е вработена од 01. 3.1992 година, како клинички лекар на неопределено време, на Клиниката за фиксна стоматолошка протетика. Истата година е запишана на постдипломски студии.

Во септември 1992 година ја започнала специјализацијата по стоматолошка протетика. Специјалистичкиот испит го положила во 1996. Како клинички лекар и специјалист е вклучена во тековната работа со пациенти. Во мај 1997 е избрана за помлад асистент по предметот фиксна стоматолошка протетика. Присуствувала на повеќе стручно-научни манифестации, конгреси и работни курсеви. Активно е вклучена во едукативната дејност на Катедрата за фиксна стоматолошка протетика. Успешно ја изведува практичната настава по предметите претклиничка и клиничка фиксна протетика, при што покажува особено залагање во пренесувањето на своето знаење на студентите.

Д-р Светлана Гачева се истакнува со сериозен и стручен пристап во третманот и односот со пациентите.

Стоматолошкиот факултет по повод 50 години од основањето и додели Пофалница.

*Публицистичка дејност*

Кандидатката ги приложи следниве стручно-научни трудови :

1. Ванковски , Вујовиќ -Сушелска Ј. , Гачева С.
   Осврт на психолошкиот момент кај пациентите со тотални протези.
   Макед. стоматол. прегл.
   1992: 16 (3-4) ;175-8
2. Мирчев Е. , Бајевска Ј. , Ивановски В. , Коруноска В. , Гачева С. , Сотировиќ М. , Фиљанска И.
   Стари полнења под нови фиксно- протетички конструкции
   I конгрес на стоматолозите од Македонија , Охрид: Здружение на стоматолозите од Македонија 1994 ; 60
3. Мирчев Е. , Бајевска Ј. , Ивановски В. , Коруноска В. , Гачева С. , Сотировиќ М. , Фиљанска И.
   Примена на хелио материјалите во фиксната протетика за репаратура на фасетки , коректура на бојата на стари фасетки и надграби
   Макед. стоматол. прегл.
   1994;18 (1-2) :67-70
4. Бајевска Ј. , Мирчев Е. , Гугувчевски Љ. , Гачева –Цветкова С.
   Влијание на големината и обликот на носачот врз ретенцијата на вештачката коронка .
   II congress of the Balcan Stomatological Society (book of apstracts)
   Belgrade; Balcan Stomatological Society
   1997 : 162.
5. Гачева С. , Коруноска В. , Сотировиќ М. ,
   Фиксно - протетички конструкции како избор во естетскиот третман на малоклузии
   II конгрес на стоматолозите од Македонија (Апстракти) Охрид : Здружение на стоматолозите од Македонија 1998 :223
6. Мирчев Е. , Бајевска Ј. , Ковачевска Г. , Неделковска М . , Стојановска В. , Гачева С.
   Корегирање на косината на заби со леана надградба
   Макед. мед. прегл.
   1999 ; 53 : 362
7. Бајевска Ј. , Гачева С
   Примена на паралелометар за контрола на препарација
   III конгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти) , Охрид : Здружение на стоматолозите од Македонија 2002 ; 199

Трудовите под реден број 1-7 се рецензирани при претходниот избор.

8. Каранфиловиќ В, Поповска. Л. , Гацева С. ,
Evaluation of the apical leakage of three different root canal sealers
XII Congress of the Balkan Stomatological Society (abstract book) :Saraevo , Bi H ; 104
Трудот е рецензиран во Билтен бр. 945, 2008
9. Е. Бајрактарова - Ваљакова., И.Филјанска , С. Гачева Цветкова , Ц. Мишевска
Влијанието на алтерирањето на порцеланската површина со дијамантски борер врз силата на поврзување на композитот за процеланот.
V конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество ( Зборник на апстракти), Охрид

**6.АС. Д-Р АНДРЕЈА ЈОВАНОВСКИ**

*Биографски податоци*

**Ас. д-р Андреја Јовановски** е роден во Скопје на 15. 7.1969 година. Основно и средно образование завршил во Скопје, со одличен успех.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1988/89 година а дипломирал на 24.10.1994 година, со среден успех 9,57.

На Стоматолошкиот клинички центар во Скопје, Клиника за фиксна стоматолошка протетика е вработен од 1. 1.1995 година како клинички лекар.

На 10. 5.1999 година го положил специјалистичкиот испит по предметот стоматолошка фиксна протетика, со што се здобил со звањето специјалист по стоматолошка протетика.

За звање помлад асистент по предметот фиксна стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје е избран на 25. 4.1997 година.

Од учебната 2003/04 година д-р Андреја Јовановски припаѓа на првата генерација на постдипломци на Школата за јавно здравство при Медицинскиот факултет во Скопје.

Актвно учествувал на повеќе домашни и странски стоматолошки стручни собири.

Има активно познавање на англискиот јазик.

*Наставна и стручна дејност*

Ас. д-р Андреја Јовановски е вклучен во процесот на изведување на практичната настава, самостојно ги води вежбите, со претходна теоретска подготвеност при што покажува педагошки приод кон студентите.

Како здравствен работник е солиден, кон пациентите има коректен, професионален однос, а исто така и кон своите колеги.

*Публикувани стручни и научни трудови*

Досега ас. д-р Андреја Јовановски, има објавено18 труда.

За овој избор, за рецензија ги приложува следниве трудови:

1. Клиничка употреба на Solcoseril Dental Adhesive Paste за фикснопротетички цели. (англиски)
Јовановски А., Шабанов Е., Петкова Е., Јовановски С.
2[nd] Congress of the Balkan Stomatological Society (book of Abstracts)
Belgrade: Balkan Stomatological Society, 1997:161.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 768/2000.
2. Евалуација на хистохемиските анализи на ткивата од пациенти со субгингивално поставени рабови на коронката и ткива без протетички конструкции, (англиски)
Петкова Е., Шабанов Е., Јовановски С., Јовановски А.
2[nd] Congress of the Balkan Stomatological Society (book of Abstracts)
Belgrade: Balkan Stomatological Society, 1997:160.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 768/2000.
3. Ефектот на зголемениот цементен простор врз интрарадикуларното цементирање на леани надградби, (англиски)
Јовановски С., Шабанов Е., Петкова Е., Јобановски А.
2[nd] Congress of the Balkan Stomatological Society (book of Abstracts)

Belgrade: Balkan Stomatological Society, 1997:160.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 768/2000.

4. Причини за расцементирање на леана надградба под постојана коронка.
Јовановски С., Шабанов Е., Јовановски А.
2. Конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид:
Здружение на стоматолозите од Македонија. 1998:218.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 763/2000.
5. Примена на ад-системот за зголемување на атхезивните карактеристики на денталните легури при фасетирање со пластични маси.
Шабанов Е., Јовановски А., Јовановски С.
2. Конгрес на стоматолозите од Македонија, (абстракти)
Охрид: Здружение на стоматолозите од Македонија. 1998:211.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 768/2000.
6. Електрон-микроскопска анализа на микроретенциските карактеристики на денталните атхезиви и нивната примена во фиксната протетика.
2. Конгрес на стоматолозите од Македонија, (абстракти)
Охрид: Здружение на стоматолозите од Македонија. 1998:219.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 768/2000.
7. Микроскопски пародонтални промени кај стаорци со експериментално предизвикана трауматска оклузија, (англиски)
Шабанов Е., Јовановски С., Јовановски А.
4th Congress of the Balkan Stomatological Society (Proceedings)
Истанбул: Балкан Стоматологицал Социетs, 1999:226.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 768/2000.
8. Стабилизирање на заби кои се луксираат со фикснопротетички конструкции.
Бајевска Ј., Мирчев Е., Капушевска Б., Јовановски А., Сотиривиќ М.
Макед. мед. прегл. 1999; 53 (супл 390:361).
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 758/2000.
9. Стабилизација на расклатени заби со фикснопротетички конструкции.
Бајевска Ј., Мирчев Е., Капушевска Б., Јовановски А., Сотиривиќ М.
Макед. мед. прегл. 1999; 22(1-4): 48-52
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 758/2000.
10. Таргис-Вектрис: Неметални инлеј мостови. (англиски)
Шабанов Е., Јовановски С., Јовановски А.
5th Congress of the Balkan Stomatological Society (book of Abstracts)
Thessaloniki: Balkan Stomatological Society, 2000:205.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 827/2003
11. Колективни договори и заштита при работа.
Јовановски А., Николовска Ј.
1. Конгрес на медицината на трудот со меѓународно учество, (Зборник на трудови)
Струга: Македонско лекарско друштво. 2004: 19.
Во трудот е претставена улогата на колективното договарање во обезбедувањето на заштитата при работа како и ефектот врз современиот менаџмент на работните односи. Направена е компарација на податоци за трендовите на поврзување на обезбедувањето на заштита при работа и колективните договори меѓу земјите од Европската унија и транзиционите држави.

Колективното договарање има важна улога во процесот на градење на здрава работна средина, а со тоа и подобрување на ефикасноста на работниот процес.
Трудот има стручно-информативен карактер.

12. Менаџментот и системот за орална здравствена заштита во рамките на здравствената заштита на работоспособното население.
Николовска Ј., Јовановски А.
1. Конгрес на медицината на трудот со меѓународно учество, (Зборник на трудови) Струга: Македонско лекарско друштво. 2004: 38.
Цел на овој труд била да се извлечат искуствата од развиените земји, членки на Европската унија во однос на проценката на стоматолошкиот статус, во рамките на работоспособниот сегмент.
Авторите даваат осврт на менаџментот како универзален процес на ефикасно и ефективно работење и неговата улога во давањето квалитетна услуга и лекување во рамките на стоматолошката дејност.
Менаџерското раководење и давање квалитетна услуга и лекување во рамките на стоматолошката дејност кај работоспособното население од 15 до 65-годишна возраст, е од голема важност и интерес на државата во интегрирачките процеси.
Трудот има стручно-информативен карактер.

13. Современи приоди во обезбедувањето на ефикасен орален здравствен систем.
Јовановски А., Накова М., Николовска Ј.
Македонски стоматолошки преглед 2004; 28 (1-4): 123-129.
Авторите на овој ревијален труд ги презентирааат глобалните трендови за оралното здравје, како и можните начини за негово подобрување и унапредување преку обезбедување на поефикасни орални здравствени системи.
Во првиот дел е претставена поврзаноста на оралното здравје со општото здравје, како и објаснување на современите дефиниции за оралното здравје.
Вториот дел од трудот се однесува на клучните елементи во обезбедувањето на ефикасен орален здравствен систем како дел од здравствениот систем на секое современо општество.
Трудот има стручно-информативен карактер.

14. Модел на сеопфатно згрижување на пациентите како алтернатива за подобрување на практичната обука на студентите по стоматологија.
Ментор: Јовановски А.
12. Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија, (Книга на абстракти) Крушево, 2005
Во трудот е претставен моделот на сеопфатно згрижување на пациенти кој подразбира третирање на пациент од страна на еден студент низ повеќето катедри каде што се одвива практичната настава од клиничката стоматологија. Направена е споредба меѓу овој модел и класичниот начин на работа на студентите на различни пациенти во текот на еден семестар. Користени се две групи на испитаници кои се третирани според двата модела со пополнување на стандарден прашалник кој се однесувал на проценката на третманот од страна на пациентите.
Добиените резултати покажале сигнификантна разлика во позитивната проценката на третманот од страна на пациентите третирани со моделот на сеопфатно згрижување. Воедно, евидентен бил и повисокиот степен на ангажираност од страна на студентите кои ги третирале пациентите според овој модел.
Трудот има стручно-едукативен карактер.

15. Едукативна методологија: Препознавање на преферираниот стил на учење на студентите по стоматологија за полесно совладување на теоретската и практичната настава.
Ментор: Јовановски А.
13. Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија. (Книга на абстракти) Струмица, 2006.

Авторот во трудот ја претставува меѓузависноста од начинот на совладување (учење) на практичната и теоретската настава и методологијата со која таа се предава во текот на студиите.
Со помош на ВАК (визуелен, аудитивен и кинестетички) прашалник испитувани се студенти од трета и петта година студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје.
Резултатите покажале доминантно преферирање на визуелниот и кинестетичкиот (мануелниот) начин на меморирање во текот на наставата, што само по себе укажува кој начин на едукативна методологија е најефикасен.
Трудот има стручно-едукативен карактер.

16. Стоматолошкиот факултет во Скопје пред нов предизвик-зачленување во ADEE (Assotiation Of Dental Education of Europa).
Јовановски А., Накова М.
13. Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија,(Книга на абстракти) Струмица, 2006.
Во презентацијата е претставена ADEE (Assotiation Of Dental Education of Europa) како носител и координатор во воспоставувањето на единствена насока на стоматолошкиот образовен процес и формирање на заеднички едукативен простор на ниво на сите држави од европскиот континент.
Зачленувањето на Стоматолошкиот факултет во Скопје во оваа организација отвори нови перспективи во процесот за добивање на меѓународна акредитација што најдобро ќе го почувствуваат следните генерации студенти по стоматологија.
Трудот има стручно-информативен карактер.

17. Клинички постапки при изработка на неметални порцелански ламинатни фасети во горната фронтална регија. Приказ на случај.
Ментор: Јовановски А.
15. Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија, (Книга на абстракти) Струга, 2006.
Во трудот е прикажан случај на пациент кај кого е изработена безметална порцеланска ламинатна фасета на горен централен инцизив.
Со помош на макро фотографии и шематски приказ се објаснети „чекор по чекор" сите фази од клиничката работа при изработувањето на безметалната порцеланска фасета.
Анализата на готовата изработка покажала дека е добиен исклучително висок естетски ефект, како и задоволување на критериумите за добро рабно затворање.
Трудот има стручно-практичен карактер.

18. Биолошки аспекти на реставрации од безметална керамика во фронталната регија.
Јовановски А., Петков М.
Симпозиум на Здружението на доктори-специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија Струга, 2009.
Во трудот се претставени главните индикации за третман со безметални порцелански фасети во фронталната регија. Преку приказ на случаи е опфатен лабораторискиот и клиничкиот процес на изработување на безметално керамичките реставрации, при што посебен акцент е даден на биолошката оправданост за употребата на оваа популарна технологија.Трудот има стручно-научен карактер.

## 7. АС.Д-Р ДРАГАН ПЕТРОВСКИ

*Биографски податоци*

**Ас. Д-р Драган Петровски** е роден во Скопје, на 14. XI 1970 година. Основното образование го завршил во Основното училиште „Кочо Рацин" во Скопје во 1985 год. со одличен успех.

Во 1985 година се запишал во Медицинскиот училиштен центар „Д-р Панче Карагозов", а го завршил во 1989 година со одличен успех, на отсекот за забни техничари.

Во учебната 1989/90 се запишал на Стоматолошкиот факултет во Скопје како редовен студент. Студиите ги завршил во март 1995 година со среден успех 9,.56. Среден успех од предметот на кој конкурира и работи постигнал 10.

Задолжителниот лекарски стаж го завршил во Здравствениот дом во Скопје и во март 1996 година го положил стручниот испит.

Во мај 1996 година ја започнал специјализацијата по стоматолошка протетика, под менторство на проф. д-р Велевски и проф. д-р Мирчев. Специјалистичкиот испит го положил во јуни 1999 година.

Првото вработување во траење од 14 месеци му е во приватна стоматолошка ординација во Скопје. Од март 2000 година е вработен во ЈЗО Стоматолошки клинички центар, на Клиниката за фиксна стоматолошка протетика, каде што се наоѓа и денеска.

Од октомври 2000 година ги започнал постдипломските студии на Стоматолошкиот факултет од доменот на фиксната стоматолошка протетика. Досега ги има положено сите ислушани предмети.

Активно се служи со германскиот и со англискиот јазик.

Во периодот од вработувањето во ЈЗО Стоматолошки клиники, како и за време на специјалистичкиот турнус, д-р Петровски беше доста активен во практичната работа со пациентите и во стручната работа. Односот спрема колегите, вработените и пациентите секогаш му е коректен и на завидно ниво. Активно учествува на стручните состаноци на Клиниката и на стручните состаноци на Протетичката секција. На тие состаноци има презентирано труд во соработка со поискусни колеги. Во поново време е вклучен во практичната настава со студентите, заедно со постари колеги-асистенти.

За овој период ги пријавил следниве стручно-научни труда, и тоа:

Од последниот реизбор во звањето помлад асистент до сега се објавени следниве трудови:

1. **Петровски Д.**, Петков М., Јовановски С.,
Клинички опсервации со разни техники на отпечатување,
IV меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија Охрид, 22-25. 6.2006.
Првиот чекор кон прецизната фикснопротетска изработка е отпечатокот. Користејќи разни инструменти и материјали за отпечатување, авторите анализирале неколку техники и модификации за земање на отпечаток.Тие заклучуваат дека усната празнина поседува многу предизвици за терапевтот при отпечатувањето.

2. Ковачевска Г., Ванковски В., Ковачевски И., Петков М., **Петровски Д.**
Мини-дентални имплантати за ретенција на долна тотална протеза,
Македонски стоматолошки преглед, 2009; 33 (1-2): 22-28
Проблемот на ретенција на долната тотална протеза во последниве години најде свое ефикасно решение преку користење на импланти во менталната регија. Во оваа студија авторите имале за цел да ги прикажат терапевтските можности и протоколот за вградување на четири импланти со мал промер (мини-дентални импланти-МДИ) во менталната регија за подобрување на ретенцијата и стабилизацијата на долната тотална протеза. Авторите заклучуваат дека предностите на МДИ се можноста за имедијатно оптоварување и финансиската пристапност, но и дека е потребно соодветно препротетско планирање за постигнување на успех.

3. Петкова Е., **Петровски Д.**,
Потенцијалите на целосно керамичките коронки и мостови како рутинска терапија,
Македонски стоматолошки преглед, 2006; 30 (1): 123-132.
Денешната понуда на реставративни керамики во стоматологијата е многустрана. Во оваа статија авторите дале преглед на разните керамички материјали и системи кои се користат во секојдневната практика, како и нивните соодветни индикации. Подобрената естетика и механички својства го отвораат патот за рутинска примена на целосната керамика.

4. Петровска Ј., **Петровски Д.**,
Relationship between dental anomalies and articulation disorders,
83rd Congress of the European Orthodontic Society, Berlin June 20-24. 2007

Нарушувањатат во изговорот честопати се последица на ортодонтските аномалии. Во ова истражување авторите го испитувале изговорот кај 120 ортодонтски пациенти, користејќи артикулационен акустички тест. Меѓу повеќе ортодонтски аномалии, тие утврдиле дека отворениот загриз дава наголем процент на проблеми во изговорот. Авторите укажуваат на потребата за соработка на ортодонтите и говорните терапевти.

5. Петровска Ј., Зузелова М., **Петровски Д.,** Јанев Р.,
Prognostic value of radiographic examination of impacted maxillary canines,
84[th] Congress of the European Orthodontic Society, Lisbon 10-14 June 2008
Радиографските испитувања во ортодонцијата се незаменлива дијагностичка алатка, така што меѓу другото, овозможуваат прогнозирање на можноста и времетраењето на третманот на импактираните канини. Во оваа студија авторите сакале да го испитуваат прогностичкото значење на утврдувањето на одредени агли и растојанија, кои можат да се измерат на ортопантомограмите, кај дваесет пациенти.

6. Петровска Ј., Јанев Р., Петрова Е., **Петровски Д.**,
Association between tongue thrust, dental anomalies and articulation disorders,
11[th] Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006
Тискањето на јазикот претставува лоша навика која доведува до фронтално отворен јазик и нарушувања во изговорот. Токму поврзаноста помеѓу говорните проблеми, ортодонтските аномалии и лошата навика е и предмет на изучување на авторите во оваа тема, при што испитувале 80 пациенти. Авторите заклучуваат дека говорот е важен составен дел од секојдневниот живот и соодветните пречки треба да се третираат уште во раното детство.

7. **Петровски Д.** Петков М., Петровска Ј.,
Experimental and Didactical use of transparent silicone and impression trays,
11[th] Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006
Во секојдневната практика честопати се соочуваме со фактот дека и најпрецизните отпечаточни маси можат да бидат непрецизни, што доведува до несакани последици во изработката на индиректните реставрации. За тоа има разни објаснувања, но во оваа тема авторите вршеле опити со транспарентни отпечаточни материјали и лажици со цел да визуелизираат што точно се случува во текот на апликацијата на материјалот врз фантом-модел. Авторите заклучуваат дека оваа постапка може да се користи во наставата за студентите по стоматологија со цел да воочат што се случува со силиконот при притисок, но експерименталната вредност е ограничена.

8. **Петровски Д.**, Петков М., Петровска Ј.,
Clinical observations in various impression techniques,
12[th] Congress of the BaSS, Истанбул, 12-14 април 2007.
Првиот чекор кон прецизно приспособената фиксно протетска реставрација е отпечатокот, но во литературата може да се сретнат бројни предложени техники на отпечатување, кои имаат одредени предности и недостатоци.
Целта на авторите во овој преглед е да евалуират некои вобичаено применети техники од практичен аспект.
Резултати тестираните техники на отпечатување покажале разновидни практични карактеристики.
Авторите укажуваат дека усната празнина поседува многу предизвици за терапевтот кога при отпечатување треба да се регистрираат и најситните детали во влажна средина.

9. Капушевска Б., Бундевска Ј., Кануркова Л., **Петровски Д.**,Бафтијари Ф.,
Интердисциплинарна соработка за естетска протетска реставрација во адолесцентната возраст,
Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија , 21-24 мај 2009, Охрид
Раното губење на заб во интерканинскиот сектор честопати е голем предизвик за протетиката, бидејќи мошне брзо доаѓа до колабирање на просторот, во кој треба да се смести членот. Во овој клинички приказ, авторите покажуваат како потребниот простор може да се добие со претходен ортодонтски третман. Авторите препорачуваат дека

естетската и анатомо-морфолошката реставрација на стоматогнатниот систем е можна со интердисциплинарна соработка.

10. **Петровски Д.**, Петровска Ј.,
Интердисциплинарен третман на хиподонција на латерални инцизиви-приказ на случај,
Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид
Интердисциплинарната соработка е клучниот збор кога се говори за хиподонција на латералните инцизиви. Во овој приказ на случај авторите покажуваат како оралната хиругија, ортодонцијата и протетиката соработувале за решавањето на оваа фреквентна ортодонтска аномалија. Тимското преттретманско планирање е клучно за успех во вакви случаи.

11. Димова Ц., Петровска Ј., Андоновска Б., **Петровски Д.**, Стојаноска С.,
Прекубројни заби како механичка пречка и причина за полуимпактиран горен централен инцизив-приказ на случај,
Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид.
Во овој приказ на случај авторите покажуваат како прекубројните заби можат да ја попречат нормалната смена на забите.Кај овие специфични случаи авторите покажуваат како се наметнува потребата од интердисциплинарна соработка.

12. Петровска Ј, **Петровски Д.**,
Отстранување на бракети и следователно кондиционирање на забната површина,
Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид
Фиксните ортодонтски направи ефикасно решаваат разни ортодонтски аномалии, но по третманот на местата, каде што биле залепени брекетите остануваат остатоци од лепилото и оштетувања на забната површина. По извршеното истражување во литературата, авторите предлагаат процедура на третирање на забната површина, користејќи повеќе средства за таа цел. Одредено оштетување на забната површина по отстранување на бракетите е неизбежно, но по мазнењето на забната површина последиците исчезнуваат.

## 8. АС. Д-Р АНЕТА АНГЕЛОВСКА

*Биографски податоци*

**Ас. д-р Анета Ангеловска** е родена во Скопје, на 18. 6.1972 година, каде што го завршила основното и средното образование, со одличен успех. Во учебната 1991/92 година се запишала на Стоматолошкиот факултет, а дипломирала во ноември, 1997 година, со просечен успех 9,80 (со среден успех по предметот стоматолошка протетика 10).

Задолжителниот приправнички стаж го завршила на клиниките при Стоматолошкиот клинички центар, по што во 1998 година го положила предвидениот стручен испит.

Од ноември 1998 година работи на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика при Стоматолошкиот клинички центар во Скопје. Во март 2004 година е избрана за помлад асистент на Катедрата за мобилна стоматолошка протетика, а во 2006 е реизбрана во истото звање.

Во учебната 1998/99 се запишала на постдипломски студии по стоматолошка протетика, ги положила предвидените испити со просечен успех 10, и во јуни 2007 година поднела пријава за изработка на магистерски труд со наслов „Евалуација на ресорпцијата на мандибуларниот алвеоларен гребен кај носители на тотални протези", кој е во изработка.

Во 2000 година ја започнала специјализацијата по стоматолошка протетика, а специјалистичкиот испит го положила во април 2003 година, со што се здобила со звањето специјалист по стоматолошка протетика.

Во октомври 2007 година се запишала на супспецијализација од областа реконструктивна вилично лицева протетика, а во октомври 2009 година го положила супспецијалистичкиот испит и се здобила со звањето супспецијалист по реконструктивна вилично лицева протетика.

Во 2002 година престојувала на Универзитетот Аристотелис во Солун, Р. Грција, на Одделот за мобилна протетика, каде што активно била вклучена во секојдневната работа со студентите. Во 2006 година, во рамките на проектот на Министерството за здравство, за управување со здравствениот сектор и модернизирање на едукативниот дел од процесот на лиценцирање, била активно вклучена во групата на едукатори. Во 2008 година учествувала на работниот курс за основите на Ankylos имплантите. Активно учествува на домашни и меѓународни конгреси, симпозиуми, стручни состаноци со пленарни, усни и постер-презентации.

Активно се служи со англискиот и грчкиот јазик и има базични познавања од германскиот јазик.

Од вработувањето е ангажирана со здравствена, наставна и научна дејност. Од 2006 година е член на редакцискиот одбор на информативното гласило на Стоматолошкиот факултет- Стоматолошката ревија. Вклучена е активно во практичната настава со студентите. Во изминатиот период била ментор на неколку студентски теми. Активна е во практичната работа со пациентите при што го имплементира своето солидно ниво на познавање на стоматолошката струка во секојдневната практика. Односот спрема колегите, вработените и пациентите секогаш и е на завидно ниво. Активно учествува на стручните состаноци на Клиниката и на Протетичката секција.

Автор и коавтор е на повеќе стручни трудови, кои ги пријавува за овој избор.

Трудовите со реден број 1-12 се рецензирани при претходните избори.

13. Современи ретенциони системи кај скелетирани парцијални протези
Велески Д., **Ангеловска А.**, Велеска Д.
Македонска стом. преглед, XXX, број 1, 2006, 133-138
Трудот е рецензиран во Билтен бр.946 од 15 јули 2008 год.

14. Примена на акрилок-системите кај скелетирани протези
**Ангеловска А.**, Велески Д., Велеска Д
Макед. стом. преглед, XXX, број 2, 2006, 237-242
Трудот е рецензиран во Билтен бр.946 од 15 јули 2008 год.

15. Some charactristics of acrylock systems in attachment-based dentures
**Ангеловска А.,** Велески Д., Дејаноски К., Велеска Д
11th Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006, Abstract book ,118
Трудот е рецензиран во Билтен бр.946 од 15 јули 2008 год.

16. Психички реакции поради губење на забите и адаптација на протетичките изработки
Бајевска Ј., **Ангеловска А.**
IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество Охрид, јуни 2006, Зборник на апстракти, 36.
Во овој труд се посочува појавата на различни психички реакции на пациентите поради губење на забите и адаптација на протетичките изработки. Целосното губење на забите и нарушената функција го активира пациентот, бидејќи тој има чувство на пониска вредност. Естетскиот момент е доминантен, а психичката реакција зависи од бројот на изгубените заби, староста, полот, професијата, социјалната положба и околината. Стоматологот има важна улога да го олесни прифаќањето на протетското помагало и да ја намали анксиозноста и стравот на пациентите. Трудот има стручно- научно значење.

17. Најчести грешки при одредување на централна релација и можности за нивно избегнување
**Ангеловска А.**, Дејаноски К., Панчевска С., Јанева Н.
IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество Охрид, јуни 2006, Зборник на апстракти, 38.
Трудот е рецензиран во Билтен бр.939.

18. Our experiences in fabrication of overdentures retained by magnetic retention systems
**Ангеловска А.,** Велески Д., Велеска Д
12th Congress of the BaSS, Istanbul, April 2007, Abstract book ,47
Трудот е рецензиран во Билтен бр.946 од 15 јули 2008 год.

## 9. АС. Д-Р АТАНАС ШУКОВ

*Биографски податоци*

**Ас. д-р. Атанас Шуков** е роден на 28. 9.1968 година. Основно и средно образование завршил во Скопје со одличен успех. На Стоматолошкиот факултет се запишал во учебната 1988/89 година, а дипломирал во 1994 година. Задолжителниот лекарски стаж го реализирал во Стоматолошкиот клинички центар во Скопје и во 1995 година го положил предвидениот стручен испит.

Во октомври 1995 година. се вработил на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика како клинички лекар. Специјализацијата од областа на стоматолошката протетика ја започнал во 1998 година, а специјалистичкиот испит го положил во 2001, при што се здобил со звањето специјалист по стоматолошка протетика. Во 1996 година ги започнал постдипломските студии од областа на стоматолошката протетика и ги положил сите испити предвидени со програмата за постдипломски студии.

Се служи со англискиот јазик.

Во 2004 година е избран за помлад асистент по предметот мобилна стоматолошка протетика.

Како автор или коавтор активно учествувал на бројни конгреси и симпозиуми во земјатата и странство, ги посетил постедукативните семинари за имплантологија, безметална керамика и ласери во 2006 година учествувал на курсот за IMTEC дентални импланти, одржан во Софија, Бугарија. Ментор бил на повеке теми на студентски конгреси. Автор и коавтор бил на повеќе стручни трудови:

Трудовите под реден бр. 1-4 се рецензирани се при претходниот избор.

5. Clinical verification of the soft tissue alternation patient with total dentures
С.Богдановски,Б.Богдановска,А.Грнчаровски,**А.Шуков**,А.Филдишевски
10th Congress of the BaSS,Belgrade May 2005,105
Трудот е рецензиран во Билтен број 939.

6. Overdentures-esthetic and functional solution of subtotal edentoulous patients:case report
**А.Шуков**,С.Панчевска.,С.Богдановски
10th Congress of the BaSS,Belgrade May 2005,79
Трудот е рецензиран во Билтен број 939.

7. Comparative analisys between laser and conventional apical root resection
Стаменковски Т., Грнцаровски А., Велеска Д., Филдисевски Ф., **Шуков А.**
10th Congress of the BaSS,Belgrade May 2005; 60.
Трудот е рецензиран во Билтен број 939.

## 10. Д-Р АНА СПИРОВСКА

*Биографски податоци*

**Д-р Ана Спировска** е родена на 17. 1.1966 година во Скопје. Основно и средно (гимназиско) образование завршила во Скопје со одличен успех. На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1984/85 година а дипломирала во 1991 година.

На постдипломските студии од областа на мобилната стоматолошка протетика се запишала во учебнатата 1996/1996 година. Постдипломските студии ги завршила со среден успех 9,86. На 16.12.2009 година го одбранила завршниот магистерски труд и се стекнала со научен назив магистер на стоматолошки науки.

На Клиниката за мобилна стоматолошка протетика се вработила во 1996 година како клинички лекар. Во 1999 година ја започнала специјализацијата по матичниот предмет и специјалистичкиот испит по предметот стоматолошка протетика го положила во 2002 година, со што се здобила со звањето специјалист по стоматолошка протетика.

По повод Денот на здравството во април 2002 година добила „Благодарница" од СЗЛМ.

На 5.11.2005 година учествувала на едукативниот курс „Оклузија".

*Стручно-научна дејност*

Д-р Ана Спировска, со самото вработување на Клиниката за мобилна протетика, активно се вклучи во решавањето на стомато-протетичката проблематика во секојдневната

стоматолошка практика. Притоа, таа покажува заинтересираност, амбициозност, исполнителност, желба за стручно изградување, како и коректен однос кон пациентите и кон колегите.

На Катедрата за мобилна стоматолошка протетика, д-р Ана Спировска помага во изведувањето на практичната настава по предметите: претклиничка мобилна протетика и клиничка мобилна протетика. Во изведувањето на практичната настава таа е темелна и ги внесува сите свои стручни знаења од областа на мобилната протетика. Студентите ја ценат и ја почитуваат.

Д-р Ана Спировска учествувала со стручно-научни трудови на повеќе конгреси во земјата и во странство, како автор или коавтор.

*Трудови за рецензија*

1. Подготовка на коренот на забот за изработка на интрарадикуларна надградба.
Дејаноски К., Богдановски С., Јовановски С., **Спировска А.**
II конгрес на стоматолозите од Македонија (Апстракти). Охрид: Здружение на стоматолозите од Македонија, 1998: 204.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методијг" бр. 758.
2. ЦЕ-КА системи кај парцијални протези
Велески Д, Еленчевски С., **Спировска А.**, Јанева Н.
II конгрес на стоматолозите од Македонија (Апстракти). Охрид: Здружение на стоматолозите од Македонија, 1998: 183.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 867.
3. Вештачки заби антарис - постерис
Јанкуловска Е., Гиговски Н., **Спировска А.**, Јанева Н.
Македонски медицински преглед 1999, 53 (супл. 39): 250.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 867.
4. Ороназални комуникации: проблем во терапијата со подвижни протези.
**Спировска А.**, Дејаноски К., Панчевска С., Бундевска Ј.
III конгрес на стоматолозите од Македонија ( Програма и апстракти). Охрид: Здружение на стоматолозите од Македонија, 2002: 87.
Трудот е рецензиран во Билтенот бр.850.
5. Дефинирање на моделот во паралелометар.
Даштевски Бл., Гугувчевски Љ., Бојаџиевска Л., **Спировска А.**
III конгрес на стоматолозите од Македонија ( Програма и апстракти). Охрид: Здружение на стоматолозите од Македонија, 2002: 190.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 848.
6. Клиничка и радиографска опсервација на ендоосеални имплантати и рехабилитација со протетичка супраструктура: приказ на случај.
Велески Д., Јанев Ј., Богдановски С., Петровски Д., **Спировска А.**
7 th Congress of the Balkan Stomatological Society (proceedings). Kusadasi (Turkey): Balcan Stomatological Society (Bostanci H editor), 2002: 299.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 850.
7. Отпечатоци за покровни протези.
Дејаноски К., Велески Д., **Спировска А.**, Ангеловска А.
Аполонија 4 . 7, стр. 31 - 37, мај 2002.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 847.
8. Екстракоронарни Це-Ка системи за парцијални протези.
Велески Д., Еленчевски С., **Спировска А.**, Богдановски С.
4 rd Congress of the Balcan Stomatological Society (Proceedings).
Istambul: Balcan Stomatological Society 1999: 237.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 850.
9. Детерминација на растојанието помеѓу линијата на дување на нос и линијата на вибрација
Јанкуловска Е., Ванковски В., Петкова С., **Спировска А.**
9 th Congress of the Balkan Stomatological Society.

Ohrid: Balcan Stomatological Society 05-2004: 277
Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 867/02-2005.
10. Prosthetic hyperplasia of oral mucous membrane and its treatment - review of the case
**А. Спировска,** С. Панцевска, С. Богдановски, Л. Бојаџиевска, Б. Дастевски
10 th Congress of the BaSS Belgrade, May 2005: 80.
11. Ткивните кондиционери и резилентните подложувачки материјали во стоматолошката протетика
Јанева Н., Дејаноски К., Еленчевски С., Панчевска С., **Спировска А.**
Охрид: IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество 22-25-06 2006: 21.
12. Хиперплазија на оралната слузокожа, последица од неадекватни мобилни протетски надоместоци - приказ на случаи
**Спировска А.**, Велески Д., Дејаноски К., Панчевска С., Бојаџиевска Л.
Охрид: IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество 25-06 2006: 22.
13. Математичка анализа на напонско деформационата состојба на конус коронките и нивната врска со суптотална телескоп протеза.
Магистерски труд - Скопје, 2009 година.
**Д-р. Ана Спировска**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија го разгледа доставениот материјал и заклучи дека сите кандидати ги исполнуваат условите за избор во асистентско звање, но предност им се дава на вработените на Стоматолошкиот факултет во Скопје: д-р Сашо Богдановски, д-р Игор Стојев, д-р Соња Петкова, д-р Надица Јанева, д-р Светлана Гачева Цветкова, д-р Андреја Јовановски, д-р Драган Петревски, д-р Анета Ангеловска и д-р Атанас Шуков.

Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет да ги избере предложените кандидати во звањето асистент на **Катедрата за стоматолошка протетика.**

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Драгољуб Велески с.р.

2. Проф.д-р Елена Петкова с.р.

3. Проф.д-р Евдокија Јанкуловска с.р.

До
Научниот одбор и деканатот на
Медицинскиот факултет во Скопје

Скопје, 6. 5.2010

Предмет: Приговор на реферат за избор на два научни соработника по предметот интерна медицина на Медицинскиот факулет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр.985 од 30. 4.2010

Почитувани,

Поднесувам приговор на објавениот реферат за избор на 2 научни соработника на предметот интерна медицина, како учесник во постапката за избор. Сметам дека ги исполнувам условите да бидам еден од избраните кандидати, по основа на сите критериуми, кои би можеле да се земат предвид при одлучувањето, но сепак ќе кажам дека однапред сме известени од Деканатот на Медицинскиот факултет дека изборот на кандидати ќе биде спроведен спрема Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставен кадар, кој е усвоен во јуни 2009 г. и важи на ниво на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".
Нема да го коментирам бодирањето на кандидатите и констатирањето на состојбата од нашата активност, бидејќи право и должност на комисијата е правилно да го спроведе рангирањето, според усвоените критериуми за доделување на бодовите. Според комисијата, во веќе изнесените податоци во образецот за избор во наставно-научно, научно, наставно стручно соработничко звање, оценета е нашата наставно-образовна, наставно-истражувачка и стручно-апликативна дејност и констатирана е следнава состојба на вкупно добиени бодови:

1. д-р Јелка Масин-Спасовска 459,88

2. ас. д-р Весна Ристовска 312,67

3. д-р Ѓулшен Селим 298,4

4. ас. д-р Весна Герасимовска 290,92

Прашувам зошто сум одбиена како кандидат, кога според табелата сум на второ место по бројот на бодови. Ако се земе предвид постапноста при изборот и континуитетот во работата какоо асистент на Медицинскиот факултет, напомнувам дека 18 години сум асистент на овој факултет и тоа 5 години како доктор на науки. Мојата работа е високо оценета и според студентската евалуација, што се спроведува за предметите кои ги реализира Катедрата за интерна медицина, кој податок и е достапен на Катедрата.

Како аврот и коавтор имам објавено 154 научни трудови, од кои дел и во реномирани светски списанија од областа на медицината, сум учествувала со презентации на многу конгреси во земјата и во странство, што може да се види од податоците во образецот.
Во заклучокот предлогот од Комисијата стои дека врз основа на изнесените податоци во однос на стручната, научната и едукативната дејност, како и од личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија ја донела одлуката првопласираната и четвропласираната кандидатка да бидат избрани. Како може личното познавање да биде одлучувачко, кога фактите со оцената на кандидатите се изнесени во образецот кај секој кандидат поединечно и тие се своерачно потпишани како валидни од истата Рецензентска комисија. Со сета почит кон Резензентската комисија сметам дека личното познавање на кандидатите е субјективна оцена и недопустливо е да биде мотив за одлука при изборот, туку треба да биде мотив за изземање на членовите од Комисијата.
Се надевам дека овој приговор ќе биде правилно сфатен и по потреба разгледан и на повисоко универзитетско ниво.

ас. д-р Весна Ристовска, с.р.

До
Деканот и
Наставно-научниот совет на
Медицинскиот факултет во Скопје

Скопје, 11. 5.2010

**Предмет: Одговор од Резензентската комисија на приговорот на рефератот за избор на два научни соработника по предметот интерна медицина од ас. д-р Весна Ристовска бр. 2685/1 од 7. 5.2010 година.**

Почитувани,

Резензентската комисија во состав: проф. д-р Ангел Ончевски, проф. д-р Лидија Чевреска, проф. д-р Бранкица Крстевска, проф. д-р Нада марина и проф. д-р Оливера Стојчева-Танева, го разгледа приговорот од ас. д-р Весна ристовска на 11. 5.2010 година и донесе одлука да остане ма својот првобитен став, на наставно-научниот совет да му предложи кандидатите д-р Јелка Масин-Спасовска и ас. д-р Весна Герасимовска да бидат избрани во звање научен соработник.

**Образложение**: Според бодирањето на кандидатите, д-р Јелка Масин-Спасовска значително отстапува во бодовите од останатите три кандидатки, поради што е предложена за избор во звањето научен соработник.
Останатите три кандидатки се разликуваат во бодовите незначително, со најмногу дваесетина бода, што во вкупниот број на околу 300 бодови за сите три, не е од пресудно значење. Комисијата не го зеде предвид само апсолутниот број на бодови, туку и усните и постер-презентации како прв автор, каде што ас. д-р Весна Герасимовска има значителна предност во однос на ас. д-р Весна Ристовска. Исто така, Комисијата предвид ги имаше и стручните вештини и другите аспекти од стручно-апликативната дејност на двете кандидатки, при што предност и даде на ас. д-р Весна Герасимовска.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Ангел Ончевски ______________________ с.р.
2. Проф. д-р Лидија Чевреска ______________________ с.р.
3. Проф. д-р Бранкица Крстевска ______________________ с.р.
4. Проф. д-р Нада Марина ______________________ с.р.
5. Проф. д-р Оливера Стојчева-Танева______________________с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КВАЛИТЕТОТ НА ОДНОСИТЕ МЕЃУ НАСТАВНИЦИТЕ И УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ФЛОРИНА ШЕХУ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на членовите 56, 57 и 58 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата VII редовна седница одржана на 14.4.2010 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација поднесена од м-р Флорина Шеху со наслов „Квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците во основното образование", во состав: проф. д-р Марија Костова, проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска, проф. д-р Вера Стојановска, проф. д-р Анета Баракоска и проф. д-р Лена Дамовска.
По прегледувањето на приложениот труд, Комисијата има чест да го поднесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Флорина Шеху под наслов: „Квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците во основното образование", разработува значаен и актуелен научен проблем од областа на односите меѓу наставниците и учениците во основното образование, фокусирајќи се на факторите, карактеристиките, процесите, причините и развојноста на односите, како и на остварувањето и унапредувањето на нивниот квалитет. Квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците во основното образование во трудот се третира на соодветен начин и со неопходна теоретска и емпириска основа, својствена на сите педагошки истражувања.
Трудот е конципиран во четири глобални дела, и тоа: Теоретска разработка на проблемот; Методолошки пристап кон истражувањето; Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето и Заклучни сознанија, констатации и препораки од истражувањето. Трудот содржи вкупно 423 страници компјутерски обликуван текст, со 80 табели, 333 библиографски единици од релевантни домашни и странски автори, како и прилози во кои се содржани инструментите на истражувањето.
Во *теоретскиот дел* од трудот, кандидатката м-р Флорина Шеху прави анализа на постојните односи и нивниот квалитет почнувајќи од историскиот развој на човечката цивилизација сè до денес и тоа низ анализа на педагошката мисла и практика, карактеристиките и специфичностите на разни општествено-економските уредувања, како и детерминираноста и каузалноста на самите односи во релација

општество, воспитание и личност. Во овој дел на трудот кандидатката исто така прави анализа на прашањето и пристапите кон одредување на значајноста, индикаторите, фазите, условите и законската поставеност на прашањето за квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците, акцентирајќи ја потребата од хоризонтална и вертикална поврзаност на секое основно училиште со целокупниот образовен систем и општеството во целина. Посебно внимание е посветено на карактеристиките на односите меѓу наставниците и учениците од воспитен, социјален, емоционален и културен аспект, подвлекувајќи дека нивниот квалитет зависи и од квалитетот на интеракцијата, очекувањата, создадениот модел, претходното искуство, индивидуалните карактеристики, однесувањето, компетентноста на учесниците, но и од контекстот, целите, средствата, содржините, формите во кои се одвиваат.

Поради опширноста (теории, пристапи), мултифакторијалноста и интердисциплинарноста на наведената проблематика, кандидатката наведува дека квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците може да се определи врз основа на *преовладувачките категории на односи*, односно својствата, степенот и квалитетот на тие односи. Поточно, *квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците може да се определи врз основа на природата, фреквенцијата, доминантноста, присутноста на одредените видови категории на односите и тоа при постоење на интерперсонални односи, комуникација, интеракција меѓу наставниците и учениците, потоа видови на водење, воспитен стил на наставниците, мотивација на учениците, кооперација и компетиција, како и видот на социоемоционалната клима во наставата и вонаставните, слободните активности во основното образование.* Во овој дел од трудот, освен што е извршена сеопфатна теоретска анализа на наведените категории на односи, извлечени се и одредени заклучоци посебно во однос на непосредните и посредните учесници. Имено, посебно внимание е посветено на значајноста на создадените модели, личноста и очекувањата на наставниците и учениците за себе и другите, потоа професионалноста, професионалниот развој на наставниците, односите меѓу родителите и нивните деца, очекувањата на родителите и нивната соработка со наставниците, како предуслови не само на постојниот квалитет, туку и како предуслови и фактори за постигнување, развивање на квалитетни односи меѓу наставниците и учениците во основното образование.

Во вториот глобален дел на трудот, кандидатката ја објаснува *методолошката поставеност на емпириското истражување* преку што се верификува нејзината оспособеност за самостојна научно-истражувачка работа. Како предмет на истражувањето е одредувањето и унапредувањето на квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците во основното образование преку анализа на следниве категории на односи: непосредни интерперсонални односи, видови на водење, воспитен стил на наставниците, комуникација, мотивација, кооперација, компетиција и социоемоционална клима во наставните и вонаставните, слободните активности. Соодветно на предметот на истражувањето, кандидатката ги дефинира целите, задачите и хипотезите на истажувањето. Односно преку набљудување на реализацијата на наставата и вонаставните, слободни активности, како

и преку испитувањето на ставовите и мислењата на наставниците, учениците и родителите да се добијат релевантни сознанија за влијанието од примената на различни карактеристики, својства, пристапи на наведените категории на односи, потоа и па разните фактори (индивидуални карактеристики, етничка и полова припадност, одделенска и предметна настава), проблеми, тешкотии и претпоставки и сл., врз самиот квалитет на односите меѓу наставниците и учениците во основното образование.

За истражување на наведената проблематика е користен дескриптивниот метод и тоа низ моделите на теоретско-аналитичкиот приод, аналитичко-дескриптивниот приод, дескриптивно-компаративниот приод и аналитичко-интерпретативниот приод. Исто така во истражувањето се користени следниве техники: систематско набљудување, анкетирање, скалирање и полудирективно интервју. Во согласност со техниките во истражувањето се користени следните инструменти: Протокол за писмено снимање; Анкетен лист-скалер и пролуструктуиран протокол на интервјуто, и тоа на македонски и албански јазик. Истражувањето е извршено на примерок од вкупно 5 основни училишта од Р.Македонија (Скопје-2; Куманово-2 и Гостивар-1) ,со по две паралелки од IV и VII одделение (на македонски и албански наставен јазик); потоа со вкупно 229 набљудувани часови (180 наставни и 49 воннаставни, слободни активности); 404 ученици (407-анкетирање и 33- полудирективно интервју); 133 наставници (115-анкетирање и 18–полудирективно интервју) и 208 родители. Примерокот на ученици, наставници и родители се состои од субјекти со различна етничка и полова припадност, место на живеење и одделение кое го посетуваат или работат (IV и VII).

*Анализата и интерпретацијата на резултатите од истражувањето* кандидатката ги презентира во третиот глобален дел од трудот, користејќи табеларни прикази проследени со соодветен коментар по однос на секое прашање одделно, како и со прикажување во наративен стил на најкарактеристичните и сеопфатните сознанија од одговорите на одделните суппримероци. Анализата е продлабочена со користење на компаративна анализа на резултатите од систематското набљудување на наставата и воннаставните, слободните активности, како и со примена на квантитативна и квалитативна анализа на податоците од ставовите и мислењата на учениците, наставниците и родителите од основните училишта.

Врз основа на анализата и интерпретацијата на резултатите изршена е и верификацијата на хипотезите, надополнета со определувањето на предусловите, причинителите, слабостите, предностите, вреднувањето, препоставките и стратегиите за остварување на поквалитетни односи меѓу наставниците и учениците во основното образование.

*Заклучните сознанија, констатации и препораки* се презентирани во четвртиот дел од трудот, каде што кандидатката м-р Флорина Шеху врз основа на изршената теоретско-емпириска анализа и интерпретација ги подвлекува следнивтае заклучоци и констатации:

- квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците од одделенска настава се на повисоко ниво за разлика од предметната настава;

- постојните разлики во однос на квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците од одделенска и предметна настава можат да се надминат со подобрување и зајакнување на квалитетот на наведените категории на односи (интерперсонални односи, воспитен стил на наставникот, комуникација, мотивација, кооперативност, компетитивност, социоемоционална клима);
- етничката и половата припадност не се појавија како значаен детерминирачки фактор на квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците, но воедно претставуваат можности за збогатување на сознанијата и пристапот кон наведеното прашање во практиката;
- разликите во сфаќањето и вреднувањето на квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците, и тоа од ученици и родители од една страна и наставници од друга страна, доведува до потребата од сериозен сеопфатен пристап кон третирањето на наведеното прашање;
- во воннаставните, слободните активности во одделенската и предметната настава постојат поквалитетни односи меѓу наставниците и учениците, значи дека одредените елементи кои произлегуваат од нив (доброволност, интересирањата, поинаков пристап кон оценување, изведување – категории на односи, итн.) можат да послужат како насочувачи кон постигнување на поквалитетни односи меѓу наставниците и учениците и во текот на самата настава;
- примената на соодветни стратегии, форми и модули за подобрување на комуникацијата, мотивацијата и социоемоционалната клима претставува еден од предусловите за поквалитетни интерперсонални односи меѓу наставниците и учениците;
- поддржувањето на практикување на демократски воспитен стил кај наставниците претставува предуслов за квалитетни односи меѓу нив и учениците;
- правилното третирање, поставување и балансирање помеѓу кооперативноста и компетитивноста во односите меѓу наставниците и учениците придонесува кон квалитетност на истите;
- потреба од поголема и константна вклученост на учениците како рамноправни партнери за постигнување и унапредување на квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците;
- запознавањето на семејните и културните вредности е исто така од примарно значење во однос на квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците;
- поттикнување и поддршка на наставниците за следење на иновациите и детектирање на слабостите и силните страни од личен, индивидуален и професионален карактер.

Врз основа на наведеното, како предлози за подобрување и зајакнување на квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците во основното образование, кандидатката ги наведува следниве мерки:

1. Во рамките на основните училишта да се формира стручно-професионални тимови кои ќе имаат за цел: а) следење и вреднување на квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците; б) преземање на акции и одговорности за разрешување на одредени

проблеми или пречки од областа на односите меѓу наставниците и учениците; в) унапредување и осмислување на стратегии во согласност со постојните потреби и барања во рамките на самото основно училиште.

2. Зајакнување, редефинирање на работните задолженија на педагошко-психолошката, советодавната и раководната функција на училишните служби и органи со цел подобрување, унапредување и развој на квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците.

3. Реално заживување и сфаќање на развојните планирања на основните училишта како документи кои: а) го детектираат и го отсликуваат постојниот квалитет на односите меѓу наставниците и учениците; б) ги определуваат подрачјата од односите кои треба да се променат, зајакнат; в) определуваат цели, задачи и приоритети во наведената област; г) предвидуваат и преземаат одредени активности; ѓ) ги определуваат постапките за вреднување, евалуација и самоевалуација на сите инволвирани субјекти, стратегии, активности како и определени цели; е) преземаат идни активности. Значи мора да се пристапи кон циклично и перманентно третирање на прашањето за квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците во рамките на секое основно училиште одделно.

4. Изнаоѓање на сопствени форми, модули, стратегии во рамките на секое основно училиште за рамноправно и одговорно учество и соработка на наставниците, учениците и родителите со цел за поквалитетни односи меѓу наставниците и учениците.

5. На државно ниво, потребно е формирање на одделен сектор или зајакнување на постојните капацитети со цел: а) унапредување и реализирање на законската регулатива во контекст на односите меѓу наставниците и учениците во основното образование, посебно определување на инструменти за следење, санкционирање на квалитетот на наведените односи; б) воведување на стандарди за определување, утврдување и унапредување на квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците; в) развивање на форми за соработка, финансирање и промоција на квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците од локален и од меѓународен карактер.

6. Зајакнување, редефинирање на наставните програми на наставничките факултети со цел: а) квалитетна теоретско-практична подготовка на идниот наставнички кадар; б) станување на центри за инсервис обука, советување и нудење на поддршка на основните училишта за подобрување и унапредување на квалитетот на односите меѓу самите наставници и ученици.

7. Формирање на мрежа на основни училишта како можност за справување, зајакнување и унапредување на квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците.

8. Поголемо вклучување, соработка со невладините агенции и фондови како можности за размена на искуства, обука и помош во постигнување на квалитетни односи меѓу наставниците и учениците од основното образование.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација под наслов **Квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците во основното образование,** претставува научно релевантен труд со нагласена актуелност и значење. По однос на избраната тема, кандидатката м-р Флорина Шеху уверливо докажува дека таа е од највисока, научна, конкретно педагошка важност. Фокусирајќи се на мултифакторијалноста и интердисциплинарноста на наведената проблематика, истражувајќи ги факторите, карактеристиките, процесите и причините, кандидатката м-р Флорина Шеху потенцира дека квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците се определува врз основа на *преовладувачките категории*, односно својствата, кои го детерминираат нивниот квалитет. Квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците во основното образование во трудот се третира на соодветен начин со неопходна теоретска и емпириска разработка, карактеристична за педагошките истражувања. Методологијата одговара на предметот на истражување која е доследно проследена низ целиот текст. Јазикот на текстот ги заслужува сите пофалби. Богатството на конотации и задлабоченост во анализата на определени состојби ѝ овозможуваат на кандидатката преку продуктивна асоцијација да наметне нови цели и да отвори нов простор за истражување.

Нивото на информираност, употребата на стручната терминологија, содржината на критичките коментари, релевантноста на теориската и емпириска елаборација се успешно направени и достигнати се научните цели.

Врз основа на изнесените констатации, Комисијата позитивно ја оцени докторската дисертација на м-р Флорина Шеху под наслов: „Квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците во основното образование" и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје со задоволство му предлага да го прифати овој извештај и да определи термин за негова одбрана.

Скопје, 5.5.2010

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Марија Костова, ментор, с.р.
2. Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска, член, с.р.
3. Проф. д-р Вера Стојановска, член, с.р.
4. Проф. д-р Анета Баракоска, член, с.р.
5. Проф. д-р Лена Дамовска, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "ВЛИЈАНИЕТО НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА ВРЗ ФУНЦИОНИРАЊЕТО НА ИНСТИТУЦИИТЕ НА ПОЛИТИЧКОТ СИСТЕМ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р СЛАВИША КОВАЧЕВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

1. Вовед

Докторска дисертација „Влијанието на политичката култура врз фунционирањето на институциите на политичкот систем" е пријавена на 16.1.2008 година.

Согласно со членот 33 од Статутот на Правниот фактултет „Јустинијан Први" во Скопје, Наставно-научниот совет, на седницата одржана на 10.3.2008 година, донел одлука за усвојување на извештајот за оцена и подобност на кандидатот м-р Славиша Ковачевиќ на темата за изработка на докторска дисертација „Влијанието на политичката култура врз фунционирањето на институциите на политичкот систем". Наставно-научниот совет го усвоил извештајот на Комисијата во состав: проф. д-р Саво Климовски, проф. д-р Георги Иванов и д-р Рената Дескоска.

На седницата на Наставно-научниот совет одржана на 26.4.2010 година, а по предлог на Институто за политичко-правни науки формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Саво Климовски, редовен професор-ментор, д-р Гордана Силјановска-Давкова, редовен професо, д-р Тања Каракамишева, вонреден професор, и д-р Рената Дескоска, вонреден професор, која го поднесува следниов

## ИЗВЕШАЈ

2. Структура и содржна на дисертацијатата

Освновен предмет на докторската дисертација е објаснувањето и разбирањето на општот влијание на политичката култура врз функционирањето на политичките институции, со посебен осврт на посткомунистичката транзиција. Политичките институции не се само затворена, статична и догматско-нормативна рамка која се одвива во согласност со формалните процедури и правила на однесување, туку политичко-правен феномен условен и одреден од општествени и културни фактири кои го определуваат неговото функционирање, дејствување и одговорност.

Основната хипотеза која се докажува во дисертацијата е тоа дека политичката култура има тројно влијание на институциите на политичкот систем: прво е автономно-конститутивното и неопсредното влијание на базичните и примарните нивоа на политичката култура врз политчките институции. Вториот правец на влијание е хетерономно – конститутивен или посреден бидејќи политичката култура и самата е обликувана од страна на институциите и така повратно дејствува на институционалните исходи. Третиот модел на влијане на политичката култура е културно-

модернизацискиот, односно ендогениот, во кој политичката култура претставува „посредна варијабла" помеѓу објективните традиционални и економски околности на општеството и институциите на политичкиот систем.

Примарните функции на политичката култура кои го обликуваат институционалниот аранжман на политичкиот систем се идентитетот со политичката заедница, структурниот и генерацискиот континуитет, легитимитетот како верување и поддршка на централните институции и политичката партиципација како влијание на општеството на изборот на политичките елити и природата на институционалното одлучување.

Основниот метод со кој се истражува влијанието на политичката култура на институциите е системско-функционален и дијалектички. Основната оперативна метода е критично оперативната анализа на содржината на литературата, а основната инструментална техника е набљудувањето и анализата на реалните политички процеси и случувања.

Дисертацијата содржи 276 страни компјутерски отчукан текст, со вообичаен проред и фонд, од кои на цитати отпаѓаат вкупно 11,5 страници. Докторската дисертација се состои од три дела, со содржина, вовед, заклучок и попис од 202 единици селективна работа библиографија.

Во првиот дел од дисертацијата насловен како „Настанок на концептот и теоријата на политичката култура", кандидатот ја презентира и ја излага политичката култура поаѓајќи од класичните и нововековните претходници, современото создавање на теоретскиот концепт, поимот, структурата и типовите на политичката култура, референцијалната страна на политичката култура, процесите на стекнување и учење на политичката култура и објективната и субјективната страна на политичката култура. Разгледувајќи го индивидуално-субјективното гледиште на политичката култира кое става акцент на психолошко обликуваните ставови и ориентации, системско-објективистичкото гледиште кое го акцентира влијанието на политичкото опкружување и разбирливото гледиште кое акцентот го става на толкувањето на значењата на политичките ставови и однесувања, кандидатот ја дефинира политичката култура како „ставови, орентации и однесување на поединците, групите и заедниците, насочени кон институциите, субјектите и процесите, обликувани во процесите на социјализациите и индокринациите под влијание на објективните историско –системски околности, а чија основна функција е стабилноста, истрајноста на политичкиот систем или негова промена". Следното поглавје од овој дел на дисертацијата се однесува на структурата, природата на политичките ориентации и димензии на политичката култура и нивниот однос кон определени аспекти на структурата на политичкиот систем, особено издвојувајќи го институционалниот аспект. Значењата, вредностите, емоциите и однесувањата се насочени кон централните државни и партиски институции. Разгледувајќи го класичниот и новиот институционализам, авторот политичките институции ги определува како „востановен, релативно траен, кохерентен, организиран, стандардизиран и формализиран во дел на односи, улоги и положби, заснован на определена политичко-идеолошка доктрина, и на правна, најчесто уставна норма, чијашто основна функција е регулација на однесувањето и управувањето со општествените интереси и потреби".

Корелацијата помеѓу елементите и димензиите на политичката култура ги определува и основните типови на политичката култура. Авторот ги излага класичните и изведените типови и емпириски примери на политичките клутури наведувајќи дека постојните типологии имаат условен карактер, бидејќи не ги исцрпуваат сите односи помеѓу ставовите и ориентациите од една страна и институциите на системот од друга страна.

Покрај ставовите и ориентациите кои се насочени кон политичките институции, авторот ги идентификува и основните слоеви на референцијалната политичка култура, особено наведувајќи ги и објаснувајќи ги симболите, ритуалите, мотивите, традицијата и религијата кои претставуваат базичен и примарен дел на политичката култура на општеството.

Создавањето и промената на политичката култура се одвива под доминантното влијание на социјализацијата и политизацијата врз чија основа се усвојуваат и изразуваат политичките содржини на општеството од страна на поединците или групите. Тој процес опфаќа развојни фази, модели, субјекти и фактори на усвојување, стабилизирање, менување и изразување на различни аспекти и нивоа на политичкиот живот. Завршниот дел на првиот дел од дисертацијата ги разгледува објективните и субјективните фактори кои влијаат на политичката култура и на формирањето на политичката структура на мислење и вреднување.

Вториот дел од дисертацијата „Политичката култура и политичките институции" ги содржи основните функции на политичката култура и моделите на односи на политичката култура и политчките институции. Како основни политички култири кои имаат директно значење за функционирањето на политичките институции се наведуваат: политичкиот идентитет, политичкиот легитимитет, политичкиот континуитет и политичката партиципација.

Идентификацијата со политичката заедница и државата, односно нацијата е основна претпоставка за индеграција на политичката заедница и државата и е услов за непречено функционирање на институциите кои управуваат со целото политички општество. Вертикалната идентификација се однесува на централните политички институции, авторитети и политички елити, а хоризонталната на односите внатре во политичките заедници помеѓу различните политички субјекти. Граѓанскиот политички иднетитет е темел на демократските односи во општеството врз кои се воспоставува меѓусебната одговорност помеѓу политичкото општетво и институциите.

Политичкиот континуитет, односно дисконтинуитет се разгледува двонасочно: како степен на усогласенот помеѓу општеството и неговите институции, од една страна, и како генерациски континуитет и во рамките на една генерација, а и во низа политички генерации, од друга страна. Објективните структурни промени во современото општество влијаат на тоа политичкиот дисконтинуитет да е позачестена правилност од периодот на стабилност. Промените внатре во политичката структура на општетвото се резултат на променливоста на ставовите и ориентациите на поединците и групите кои се изложени на различни фактори (чинители) и спротивставениот ефект на влијанијата на објективните и субјективните фактори.

Политичкиот легитимитет како функција на политичката култура се однесува на довербата и поддршката како на вид на политичкиот систем и неговите институции, така и на носителите на институционалните улоги. Особено внимание е насочено на утврдувањето на видовите и нивоата на политичката поддршка во чија рамка се анализира дифузната и специфичната политичка поддршка и генералната и парцијалната доверба во институциите на системот. Уверувањето и убедувањето во демократскиот карактер на политичкиот систем е од суштинско значење за институционалното регулирање на севкупните општествени односи.

Манифестирачката или видливата страна на политичката култура се изразува низ политичката партиципација како форма на влијание на институциите на политичката власт. Покрај видот и моделот на политичката партиципација, особено внимание се посветува и на политичката компетенција која подразбира подготвеност и способност за ефективно влијание на исходот од институционалното одлучување.

Второто погравје од овој дел на дисртацијата ги разгледува најзначајните модели на однос на културата и институциите: моделот на автономија, моделот на хетерономија и моделот на еманципација, и ја утврдува структурната нерамнотежа помеѓу најзначајните елементи на политичките системи во транзиција кои се изразува во непостоењето на развиена демократска политичка култура која ја одредува состојбата на неизграденост и нефункционалност на традиционалните институции. Вториот дел од дисертацијата завршува со разгледување на односите помеѓу уставите и политичката култура. Авторот ја образложува тезата дека уставите, колку што се огранок на политичката култура на општеството, толку се и и негов нормативен творец. Уставната политичка култура подразбира свест за значајноста и значењето на уставите, свест за потреба од ограничување на политичката волја и свест за човековите права и слободи.

Третиот дел од дисертацијата „Посткомунистичка транзиција" го проблематизира влијанието на определените димензии и аспекти на политичката култура на персоналистичкиот карактер на политичките институции во земјите на демократската транзиција. На самиот почеток на третиот дел од дисертацијата се разгледува поимот на транзиција во демократија, моделите на транзициските промени, влијанието на наследството врз промената на политичката култура и традиционалните отпори во воспоставувањето на либерално-демократската политичка култура. Авторот го образложува трансформираниот карактер на политичката култура во транзицискиот период како нефункционален спој на наследени обрасци на политичка култура и новото транзициско искуство. Како основна карактеристика на трансформираната политичка кутура се наведува и се образложува расчекорот и противречностите помеѓу очекувањата на граѓаните и постигнувањата на институциите и елитите и изразителниот персоналистички карактер на политичките и државните институции.

Непостоењето на репрезенатативен капацитет на политичките елити и управувачки капацитет на политчките институции е резултат на претежните дистрибуции на противречни ставови и однесувања на граѓанското општество и недостаток од елементарни културолошки критериуми на избор е селекција на политичките носители на институционалните фунции. Изразитата неуправливост на транзициските

институции е последица на акумлираната експлозија на различните и противречните барања и интереси на општеството, за чиешто решавање е неопходно време и функционална структуираност на институциите. Легитимацискиот дефицит на транзициските институции произлегува од неуспешното граѓанско политичко и институционално балансирање на различните идеолошки приоритети на либералната и социјалната држава и конкурентските, дивергентни политички програми на развој и модернизација.

3. Заклучни констатации и предлози

Политичката култура теоретски е интересна и потенцијално плодоносна, но политички секогаш е актуелна тема. Кај нас, во последните години се објавени неколку парцијални трудови кои се занимаваат или ја допираат проблематиката на политичката култура од гледиште на политичките науки или некоја посебна дисциплина. Истовремено, може да се каже дека тоа кај нас е недоволно истражена област.

Политичката култура, исто како и општатата култура, е нешто што мора да се негува, развива, унапредува, а тоа напредува бавно и тешко. Денеска овој процес се одвива и како судир на авторитарната и патријахално-трибалната политичка свест со елементите на демократската политичка култура. Во пошироки размери, овој судир има основ и во судирот на етатистичкотот и социјалното, авторитарната држава и општеството, а тоа е еден судир што е забележан во светски рамки. Демократската политичка култура, по својата природа и содржина, не може успешно да се развива во тесните и авторитарните државни рамки, па дури и да станува збор за најдемократската држава. Политичката култура припаѓа во сверата на општеството. Таа е еден од основните фактори на секое посложено општетство и во голема мера влијае на природата и функционирањето низ сите политички и правни установи и на однесувањето на членовите на општеството. Од повеќе причини, тоа влијание често било потценувано или превидувано. Разните објаснувања на политичките појави ги правело нецелосни, како што е тоа пример во случаите кои се засновале на претераниот нормативизам или институционализам или догматското сваќање на односите помеѓу поединечните составни делови на општеството или политчкиот живот. Би можеле да кажеме дека поголемо внимание на политичката култура и е посветено дури во втората половина на 20 век.

Познатиот американски професор Габриел Алмонд одиграл пионерска улога во тоа, бидејќи во почетокот на 1950 година на политичките системи и на нивното напорно проучување им пристапил од аспект на преовладувачката култура во даденото општество. Овој пристап систематски е развиен во заедничкиот труд на Алмонд и Верба, чиишто наслов е едноставен, но повеќезначаен и станал поим во овој вид на истражување. Штом е свртено вниманието кон тоа колку установите на политичкиот систем зависат од дадената политичката култура на општеството, во истражувањата слични пристапи се применети и кај другите појави, а особено на проблемите на политичкиот развој и статус и природата на политичкиот човек. На природата на човековото политичко однесување и ангажирање и на различните ефекти кои системите ги

даваат на различните страни, Сејмор Липсет гледал не само од агол на теоријата на организацијата и економскиот развој, туку и од аспект на разликите со кои се носат различните политички култури. На истражувањата кои при пристапот на политичките појави поаѓале од дадените политчки култури им се замерува дека ја занемарувале улогата на политичките елити и култури кои ги одредуваат нивните однесувања.

Во трудот посебно е нагласено дека школите на правниот нормативизам, правно-политичкиот институционализам во зависност на државата, идеолошкиот догматизам од монистички тип и други на политичката култура не и придавале доволно значење кое е неопходно за разбирање и објаснување на политичките установи.

Еден од фактите кои барале објаснување кое институционалистичко-нормативистичкиот пристап не можел да го даде, бил неуспехот на определените политчки установи кога од различни прични биле направени обиди тие да се пресадат во друга средина или да се накалемат на локалните установи или други видови осноси. Постојат повеќе примери со кои ваквите неуспеси или во некој друг случај успеси, би можеле да се објаснат со факторите кои во голем дел се поврзани за политичката култура. Секако, и други фактори влијаат, па затоа не е лесно прецизно да се утврди влијанието на некој определен фактор. Нема сомение дека обидите за пресадување на северно-американските политички установи како што се федерализмот и претседателскиот систем на земјите од Латинска Америка доживеале неуспех. Имено, установите кои на Северна Америка и донеле трајност, стабилност, дисперзија на власта и други поволни ефекти, во Јужна Америка најчесто биле празна форма, безживотна копија на многу виталните модели. Исто така, немале голем успех ниту обидите за пресадување на установите на западно-европскиот парламентаризам на определени земји во развој во кои недостасувала онаа политичко-културна клима без чие присуство и дејствување тие установи едноставно не ги давале одние плодови кои обично ги давале во општественото „поднебје“ каде што историски изникнале.

Во пристапите од гледиште на влијанието на политичката култура на севкупниот политички живот мора да се приоѓа критички. Меѓутоа, порано, во името на критичкиот пристап се отфрлало или занемарувало влијанието на културните фактори врз општествениот живот воопшто. Таквиот пристап во низа земји бил прогласуван за идеалистички пристап. Во некоја друга ситуација и политичка култура како на пример Иран, не посакуваниот пристап би се оквалификувал како атеистички или западњачки.

Причината што политичката култура релативно доцна го привлекла вниманието на научниците е доминацијата на нормативно-институционалниот пристап. Кога станува збор за земјите што се предмет на компаративната анализа во трудот, тогаш дополнителна причина е и тоа што премногу долго на овој простор владеело шематското гледиште за економскиот детерминизам кој водел кон тоа сите или сите најбитни појави да се толкуваат исклучиво со еден вид на фактори, економските движења, кои се одвиваат во сферата на материјалното производство. Со економските односи се сакало да се објаснат останатите општествени случувања. Се претпоставувало дека решението на сите општествени

прашања лежи во решавањето на определени прашања во економските односи.

На тие кои се занимаваат со политиколошките студии одамна им станало јасно дека, на пример, политичките институции, без разлика како се замислени или без разлика во колку технички развиени средини се воведуваат, сепак нема дадат исти резултати во сите средини. Во понатамошните истражувања лесно ќе доаѓаме до заклучоци дека од оној недоволно определен или тешко опредделив феномен на политичката култура и подрачја кои таа ги опфаќа, зависи какви ефекти ќе имаат определените политички установи.

Со намера за посеопфатна анализа на некои од суштествените предуслови за една посебно развиена демократска политичка култура, слободни сме на кандидатот сепак да му сугерираме во неговите идни истражувања посебно да се осврне и потемелно да ги разработи следниве составни компоненти за развој на демократското политичко владеење, кои се битни особено од аспектот на политичката култура.

Прво, прашањето на дијалог. Впрочем, непобитно е дека старите Грци најдобрите и најправедните одлуки ги донесувале со говор, разговор и дијалог. Таму каде што не се говори не се разговара, не се договара, нема одлуки добри за сите, само се соопштуваат наредбите на властодршците.

Оттука, дијалогот е возвишен чин на политичко мислење, дејствување и одлучување. Во политчкото комуницирање дијалогот е средство, а и еден од важните елементи на демократската политичка култура која, да повториме, ја нема без дијалог. Добро уредениот демократски поредок не може да се изгради ниту да функционира без дијалог. Човекот на дијалог е отворен, се крепи на разумот и не ги прифаќа силата и насилството. Токму затоа за да се развие културата на политичкиот дијалог, потребно е да се почитуваат личноста, индивидуалните права изведени од природните права, религиските и националните права, да се негува довербата и искреноста меѓу граѓаните.

Второ, толеранцијата е следното големо средство на демократската политичка култура. Затоа, погрешно е сваќањето дека толерантен не е оној кој е немоќен или кој се брани. Исто така, толеранцијата не е рамнодушност ниту игнорантност. Ревлолуционерите, по својата природа и логика не можат да бидат толерантни. Државата не може да биде толерантна затоа што легитимно и легално располата со сила и употребува сила, но затоа, пак, може да биде гарант на толеранцијата.

Трето, компромисот, односно соработката е значајно средство во политичкиот живот на едно општество и држава. Таму каде што е ограничена слободата на мислењето, изразувањето и организирањето на дело се јавуваат судири, не само на мислења туку и на интереси што лесно ќе не одведат и до најопасните судири-војната. Демократското владеење затоа не прифаќа исклучивост и исклучиви, туку оние кои ги бараат најдобрите и најоптималните решенија, корисни за сите. Компромисот се постигнува меѓу две правди и две добра-во одмерувањето ќе се прифати или средното решение или, во моментот, поаргументираното.

Најпосле, демократската политичка култура не може да се замисли и без уште едно средство - консензусот. Тој е исклучително значаен во процесот на донесување на најбитните одлуки, посебно во

повеќенационалните и мултирелигиските држави, затоа што овозможува националните, религиозните или кои било малцинства да се чуствуваат рамноправни и немаргинализирани.

Докторката дисертација на м-р Славиша Ковачевиќ токму затоа претставува еден продлабочен и, со својот посебен пристап, значаен теориско-методолошки и политички прилог во расветлувањето на овој колку што е политиколошки толку е и правно-институционален феномен на политичко-правната наука. Врпочем, политичката култура и нејзиното влијане во функционирањето на политичките институции, особено на земјите во транзиција, претставува можеби единствен прилог на научната мисла кој со еден мунициозен пристап во употребата на релевантната научна методологија при расветлувањето на овој феномен го афирмира сериозниот и мошне зрел научен дострел на кандидатот м-р Славиша Ковачевиќ, не само во конципирањето и поставеноста на трудот, туку и во мошне лесниот, восприемчив и пред се концизен пристап во презентирањето на поставената теза. Тоа од овој труд прави да претставува неодминлив извор на сите натамошни проучувања на политичката култура, но и значаен прилог во ризницата на политичко-правната мисла.

Да резимираме, политичката култура овозможува формирање на демократски уренк на мислење, дејствување и однесување, кој ќе придонесе да се воспостави одржи добро либерално – демократко политичко впедеење и затоа е нејзин втор важен предуслов, веднаш зад (или покрај) социјалната стабилност.

Врз основа на сите овие констатации, заклучни размислувања и сугестии, Комисијата за оцена на докторската дисертација „Влијанието на политичката култура врз функционирањето на институциите на политичкиот систем", од м-р Славиша Ковачевиќ, има посебна чест и задоволство да го достави до Наставно-научниот совет Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје следниов

## ПРЕДЛОГ

Рецензијата на докторската дисертација „Влијанието на политичката култура врз фунционирањето на институциите на политичкот систем" од м-р Славиша Ковачевиќ, Наставно–научниот совет да ја прифати и да определи Комисија за нејзина одбрана.

Рецензентска комисија

1. Д-р Саво Климовски, редовен професор, ментор, с.р.
2. Д-р Драган Чорбиќ, редовен професор, член, с.р.
3. Д-р Гордана Силјановска–Давкова, редовен професор, член, с.р.
4. Д-р Тања Каракамишева, вонреден професор, член, с.р.
5. Д-р Рената Дескоска, вонреден професор, член, с.р.

Скопје,
мај 2010 година

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РАЗВОЈОТ НА ИНФОРМАЦИСКОТО ОПШТЕСТВО И ИМПЛИКАЦИИТЕ ВРЗ ТРАНСАТЛАНТСКИТЕ ОДНОСИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АНА МУКОСКА, ПРИЈАВЕНА НА ИСППИ ВО СКОПЈЕ

На својата седница од 10.3 2010, Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања избра Комисија за оцена на докторската дисертација на м-р Ана Мукоска: "Импликациите на развојот на информациското општество врз трансатлантските односи", во состав: проф. д-р Емилија Симоска, проф. д-р Лидија Христова, проф. д-р Јован Донев, проф. д-р Петар Атанасов и проф. д-р Славејко Сасајковски. По прегледот на трудот, Комисијата го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Опис на трудот

Докторскиот труд на Ана Мукоска „Импликациите на развојот на информациското општество врз трансатлантските односи" се состои од 227 страници текст и 116 библиографски единици.

Структурата на трудот е составена од претставување на предметот на истражување и истражувачката хипотеза, вовед, пет поглавја, заклучок и библиографија.

### Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување е критичко-теориското преиспитување на концептите за информациско општество од аспект на де(ре)територијализирачките ефекти на мрежите на глобалната комуникациска инфраструктура. Истовремено, предметот на ова истражување е насочен кон критичко-теориско преиспитување на трансатлантските односи од аспект на ривалството меѓу САД и ЕУ во управувањето со глобалната комуникациска инфраструктура. Ова критичко преиспитување се третира во корелација на различни дискурси, истражувачки програми и академски проекти во рамките на концептите за инфромациско општество и теориите за меѓународни односи, кои се во корелација со вон-академски фактори.

Критичкото преиспитување особено се посветува на деполитизираните техно-детерминистички концепти за развој на информациското општество кои преку дискурсот за мрежите и нивните организирачки метафори (флексибилност, ад-хок дејствување, нарушување на границите или де(ре)територијализација) ги дефинираат трансформативните ефекти на информациските технологии. Истражувањето поаѓа од аргументот дека ова во суштина е политички проблем кој има импликации врз меѓународните односи, а конкретно се разгледува преку трансатлантските односи. Во расветлувањето на овој проблем истражувањето ја користи постмодерната критика за преиспитување на границата на суверената држава како дефинирачка линија на политичкото. Од овој аспект, истражувањето треба да покаже дека предизвикот за

границата внатре-надвор на суверената држава кој произлегува од идеологијата на мрежите не значи крај на политичкото, туку, напротив, претставува основа за редефинирање на неговиот терен. Со идеологијата на мрежите се привилегираат „киберпросторот“ и виртуелноста како предизвик на географските атрибути на суверената држава и нејзината просторна онтологија во меѓународните односи. Станува збор за нови „просторни метафори“ кои нема да го заменат или потиснат географскиот простор туку во големо ќе го усложнат поимот за она што значи да се биде суверена или моќна држава, т.е. политичка заедница во трансатлантските односи.

Поаѓајќи од овој аргумент, како предмет на истражувањето се разгледуваат односите меѓу САД и ЕУ преку две парадигматски студии на случај кои се однесуваат на управувањето на глобалната комуникациска инфраструктура. Едната студија на случај се однесува на ривалството меѓу САД и ЕУ во глобалната сателитска навигација, а другата се однесува на разидувањето меѓу САД и ЕУ во однос на управувањето со Интернет. Истражувањето има за цел да укаже на противречностите кои се јавуваат во трансатлантските односи во ерата на виртуелизација. Се испитува и какви се импликациите врз трансатлантските односи и поимот за Западот како геополитичка метафора од Студената војна.

### Истражувачка хипотеза

Истражувачката хипотеза произлегува од теориската противречност во обидите етичко-политичкиот проект на постмодерната критика на моќта на суверената држава да се применува механички во услови на подем на новата парадигма на моќ, која ги легитимира флексибилноста и ад-хок дејствувањето, и придонесува тие да се интегрираат во процесите на донесување на одлуки во економскиот, политичкиот и општествениот живот. Конкретно, се поаѓа од хипотезата дека иако структуралната и идеолошката сигурност врзани за суверената нација-држава се повлекуваат, тоа не подразбира укинување или надминување на прашањето за суверенитетот како доктринален придружник на моќтта.

### Вовед

Воведот на истражувањето укажува дека конвергенцијата на комуникациските технологии и мрежи во глобална комуникациска инфраструктура претставува инспирација за академските дебати и основа за јавниот, политички дискурс дека модерните општества се соочуваат со револуционерни трансформации, предизвикани од процесите на територијална флуидност или де(ре)територијализација. Станува збор за дискурси со кои се потенцираат трансформативните ефекти на информациските технологии во однос на поместувањето на локусот на авторитет и легитимитет во глобалната политика, од државата кон плурализам и застапување на различни актери. Голем дел од оваа дебата е насочен кон иднината на државата на благосостојба, како и врз транзицијата во нова ера на производство, но вниманието на ова истражување ќе биде насочено кон трансформацијата на една од класичните функции на државата – зацртување на границите на суверенитетот.

**Првото поглавје** носи наслов: „Концепти за развој на информациското општество: односот технологија-општествени промени во доцниот 20 век и проблемот со отсуство на политичкото". Претставени се концептите за информациско општество, со нагласка на проблемот на отсуството на политичкото во односот меѓу технологијата и општествените промени во доцниот 20 век. Овој проблем се лоцира како функција на техно-детерминизмот во деполитизираните, инструменталните теории кои го третираат односот технологија-општествени промени и во кои отсуствува актерот/субјектот кој е носител на промената при што се исклучува и можноста суверената држава да ја има улогата на актер/субјект. Се прави обид за потрага по теренот на политичкото во концептите за информациско општество преку поимите за киберпросторот, виртуелноста, идеологијата на мрежите и трагизицијата на односот држава-капитал.

**Второто поглавје** носи наслов: „Интерпретативен метод во лоцирање на политичкото – постмодерна теорија" и ги обработува методолошките аспекти на лоцирањето на политичкото во рамките на постмодерната критика на моќта на државата и на дефинирањето на теренот на националниот суверенитет како доктринален придружник на моќта. Претставени се аргументите на постмодерната критика на поставување на границата внатре-надвор (Јас и Другиот), кои се насочени кон проблематизирање на универзалноста на политичкиот идентитет на суверената нација-држава. Од овој аспект постмодерната критика се доведува во корелација со концептите за де(ре)територијализирачките ефекти на информациските мрежи, виртуелноста и киберпросторот. Авторката смета дека спомнатата корелација произлегува од совпаѓањето меѓу постмодерната критика и просторната метафора за киберпросторот во афирмација на аргументите за предизвик на границата внатре-надвор зацртана преку линијата на државниот суверенитет, како и совпаѓањето во афирмација на аргументите за флексибилност, децентрализација, флуидност, фрагментација, хибридност и ад-хок дејствување. Ова поглавје укажува на стапицата на постмодерната критика која дава епистемолошка основа за легитимирање на новата форма на суверенитет преку аргументите за де(ре)територијализација, флексибилност, децентрализација, флуидност, фрагментација, хибридност и ад-хок дејствување.

**Третото поглавје** носи наслов: „Импликациите врз геополитичката имагинација: трансатлантските односи и ре(де)територијализацијата". Тука се обработени импликациите врз геополитичката имагинација која традиционално ги интегрира географските елементи и територијалноста на суверената држава од два аспекта. Едниот се однесува на де(ре)територијализацијата како манифестација на просторно-временските контракции кои произлегуваат од ширењето на употребата на информациските технологии, а другиот на трансатлантските односи како манифестација на гео-политичката имагинација за Западот од ерата на Студената војна. Претставени се различните идеолошки тенденции во САД и ЕУ во односот меѓу информациските технологии, моќта и суверенитетот.

**Четвртото поглавје е** насловено како: „Суверенитет, моќ и 'другиот' во трансатлантските односи: ривалството меѓу САД и ЕУ во управувањето со глобалната комуникациска инфраструктура". Тоа се однесува на основите за транзиција на трансатлантските односи по Студената војна преку техно-разграничувањето меѓу САД и

ЕУ во однос на управувањето на глобалната комуникациска инфраструктура. Преку техно-разграничувањето, четвртото поглавје го разгледува ривалство меѓу САД и ЕУ во рамки на две парадигматски студии на случај. Едната студија на случај се однесува на разидувањето меѓу САД и ЕУ во поглед на глобалната сателитска навигација, односно импликациите од европскиот проект „Галилео" и предизвикот за доминацијата на американскиот GPS како систем за сателитска навигација кој има светска доминација. Втората студија на случај се однесува на разидувањето меѓу САД и ЕУ околу управувањето со Интернет, во однос на кое САД исто така имаат доминација. Ова поглавје упатува на импликациите од транзицијата на трансатлантскиот консензус врз поимот за Запад, како и врз поимот за мултилатерализам.

**Петтото поглавје** носи наслов: „Импликации од аспект на концептите за меѓународни односи" и се однесува на импликациите врз интерпретацијата на трансатлантските односи од аспект на концептите за меѓународни односи. Овде концептите за меѓународни односи не се третираат како објаснување на светската политика, туку како историско специфично поимање кое произлегува од академски или вонакадемски проекти и дискурси за процесите кои тврдат дека ги објаснуваат. Презентирани се: рационалистичката (позитивистичка) дебата за транзицијата на трансатлантскиот консензус која се сведува на разидувањето меѓу САД и ЕУ во однос на моќта, но и критичката теорија и конструктивистичките теории за меѓународни односи кои го преиспитуваат поимот за суверенитет, идентитет и поставување на границите како политички акт на поделба меѓу безбедното „внатре" и заканата од анархичното „надвор" и „другиот".

Во Заклучокот на трудот кандидатката тврди дека техно-детерминистичките дискурси за општествени промени каде што спаѓаат и концептите за информациско општество претставуваат значаен дел од идеолошкиот корпус на новата парадигма за моќ. Станува збор за парадигма која ги промовира просторно-временските дислокации на виртуелизмот и го проблематизира државниот суверенитет како аналитичка категорија за објаснување и организирање на современиот живот. Новата парадигма на моќ преку виртуелизмот успева да ги проблематизира речиси сите позначајни аспекти на современиот живот во кои државниот суверенитет има третман на клучна категорија, како на пример: меѓународните односи, воените организации, општествените движења, бизнис-формациите, миграционите движења, комуникациските системи, формите на политички активизам, па дури и личните односи. Од аспект на импликациите врз трансатлантските односи, заклучокот на ова истражување укажува дека виртуелизмот подразбира преиспитување на поимите капитал, војна и демократија. Во современите теории за меѓународни односи ваквата состојба се интерпретира како потреба да се развиваат концепти за виртуелизацијата на меѓународните односи. Меѓутоа, заклучокот на ова истражување укажува дека наместо виртуелизација на теориите за меѓународните односи посоодветно е теорискиот фокус да се ориентира кон политизација или политичка интерпретација на виртуелноста. Тоа подразбира потреба од политички интерпретации на дискурзивните алатки за легитимирање на нови проекти на идеолошка хегемонија кои се врзуваат за теориските концепти, но и вонакадемските проекти кои се инспирираат од потенцијалите на глобалната комуникациска инфраструктура. Од аспект на импликациите врз трансатлантските односи, политичката интерпретација на виртуленоста подразбира потреба за лоцирање на новите стратегии на моќ кои се легитимираат преку преземање на

елементи од еманципирачкиот проект на постмодерната епистемологија и нејзината критика на теориската хегемонија на концептите за суверената држава и Западот.

## Мислење и оцена на трудот

Докторскиот труд „Развојот на информациското општество и импликациите врз трансатлантските односи" третира исклучително релевантна тема. Релацијата на која се темели тезата е речиси целосно необработувана во македонската научна мисла, заради што трудот има посебно значење. Кандидатката прави мошне длабок пресек на современите теории кои претставуваат рамка за нејзината анализа, со изразена способност за критички приод. Списокот на користената литература е особено богат и во функција на анализираната проблематика. Елаборацијата на темата, аналитичкиот приод, користениот појмовен апарат и јазик, и особено заклучните тези покажуваат дека кандидатката многу добро ја владее областа. Од тие причини, Комисијата му предлага на Научниот совет да го прифати овој извештај и да закаже одбрана на докторската дисертација.

Комисија:

Проф. д-р Емилија Симоска, с.р.

Проф. д-р Лидија Христова, с.р.

Проф. д-р Јован Донев, с.р.

Проф. д-р Петар Атанасов.с.р.

Проф. д-р Славејко Сасајковски, с.р.

Скопје, 12.5 2010 година

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ КАКО ГРАЃАНСКО СУБЈЕКТИВНО ПРАВО“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ТИНА ПР ЖЕСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно – научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на својата седница одржана на 24.3.2009 година, по предлог на Институтот за граѓанско право, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Тина Пржеска со наслов ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ КАКО ГРАЃАНСКО СУБЈЕКТИВНО ПРАВО, во состав: д-р Арсен Јаневски, редовен професор, д-р Родна Живковска, редовен професор (ментор), д-р Владо Бучковски, редовен професор, д-р Јадранка Дабовиќ – Анастасовска, редовен професор и д-р Мирослав Лазиќ, редовен професор на Правниот факултет во Ниш.

Комисијата во наведениот состав со внимание ја разгледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно – научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### *1. Приказ на трудот*

Докторската дисертација ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ КАКО ГРАЃАНСКО СУБЈЕКТИВНО ПРАВО, на кандидатката м-р Тина Пржеска, содржи 365 страници компјутерски изработен текст, 547 фусноти и 160 библиографски единици, од кои 100 учебници, монографии и статии и 60 закони, подзаконски акти и други акти на државни органи.

Трудот е составен од ПРЕДГОВОР, ВОВЕД, ТРИ ДЕЛА и ЗАКЛУЧОК.

ПРЕДГОВОРОТ (стр. 7-14) е напишан од д-р Родна Живковска, менторот на кандидатката. Во него менторката потенцира дека предмет на докторската дисертација е правото на договорен залог како граѓанскоправен институт. Притоа, менторката укажува дека правото на договорен залог како граѓанско субјективно право во докторската дисертација е сестрано разгледуван. Имено, тој авторката го разгледува прво во својата историска димензија која покажува дека правото на договорен залог во правниот живот е присутно од периодот на римското право – па сѐ до современото (модерното) право. Второ, сестраноста според менторката подразбира приказ и оцена на правото на договорен залог во позитивното право на Р. Македонија уредено со генералниот Закон за сопственост и други стварни права и со специјалниот Закон за договорен залог. Сестраноста особено се однесува на разгледувањето на правото на договорен залог во компаративното право на земјите - членки на Европската унија (Р. Франција, Р. Германија, Р. Италија, Р. Словенија и Р.Бугарија) и земјите - кандидати за членство во Европската унија (Р. Србија и Р. Хрватска). Во Предговорот менторката – проф. д-р Родна Живковска потенцира дека претставувањето на правото на договорен

залог како граѓанско субјективно право во докторската дисертација е со цел да се даде одговор на прашањето: Какво граѓанско субјективно право е правото на договорен залог – дали е стварно или облигационо право?

За остварување на оваа цел, менторката укажува дека пред кандидатката, во изработката на докторската дисертација биле поставени три основни задачи: 1. да го претстави историскиот развој на правото на договорен залог (во робовладетелското општество (римското право), во феудалното општество, во капиталистичкото општество и во социјалистичкото општество (СФР Југославија)); 2. да го претстави правото на договорен залог како граѓанско субјективно право во позитивното право на Р. Македонија и во компаративното право и 3. врз основа на историските извори и врз основа на анализа на позитивноправната и компаративната регулатива на правото на договорен залог, да даде одговор на поставеното прашање – како цивилната доктрина го третира правото на договорен залог, дали тоа е стварно или облигационо субјективно право, како и да го истакне сопственото становиште по ова прашање.

Заради остварување на трите поставени задачи, кандидатката докторската дисертација ја систематизира во Вовед и три дела: Прв дел – Правото на договорен залог низ историјата; Втор дел – Правото на договорен залог како граѓанско субјективно право во правниот систем на Р. Македонија и во компаративното право, и Трет дел – Правото на договорен залог како граѓанско субјективно право.

Во ВОВЕДОТ кандидатката објаснува дека основната цел на докторската дисертација е давањето одговор на прашањето: Дали правото на договорен залог е стварно или облигационо субјективно право? Во остварувањето на основната цел на докторската дисертација, според кандидатката, неопходно е сестрано да се претстави и анализира правото на залог, и тоа: прво - со примена на историскиот метод на истражување да се претстави историската генеза на правото на договорен залог, второ – со примена на позитивноправниот, компаративниот и аналитичкиот метод на истражување да се претстави правото на договорен залог во македонското позитивно право и во компаративното право, и трето – врз основа на историската генеза, позитивноправната регулатива и анализата на карактеристиките на правото на договорен залог да се даде одговор на прашањето каква е правната природа на правото на договорен залог.

ПРВИОТ ДЕЛ од дисертацијата насловен како: **ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ НИЗ ИСТОРИЈАТА** (стр. 16 – 104) е составен од пет глави: *Прва глава* - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО РОБОВЛАДЕТЕЛСКОТО ОПШТЕСТВО (РИМСКАТА ДРЖАВА И ПРАВО); *Втора глава* - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО ФЕУДАЛНОТО ОПШТЕСТВО; *Трета глава* - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО КАПИТАЛИСТИЧКОТО ОПШТЕСТВО; *Четврта глава* - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКОТО ОПШТЕСТВО (НА СФР ЈУГОСЛАВИЈА) и *Петта глава* - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО ПРАВНИОТ СИСТЕМ НА Р. МАКЕДОНИЈА ДО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ОД 2003 ГОДИНА.

Во Првата глава - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО РОБОВЛАДЕТЕЛСКОТО ОПШТЕСТВО (РИМСКАТА ДРЖАВА И ПРАВО), кандидатката, со примена на историскиот и аналитичкиот метод на истражување, го претставува правото на договорен залог во робовладетелското општество, т.е. во римската држава и право.

Кандидатката на ова место од дисертацијата укажува дека во римската држава и право, во услови на развиени стоково – парични односи и приватна сопственост, се појавиле т.н. заложни договори како средства за обезбедување на побарувањата во кредитните односи кои всушност ги претставуваат корените на договорното заложно

право. Од анализата на историските извори кандидатката заклучува дека постоеле три различни вида заложни договори: фидуцијарен пренос на сопственоста, рачен залог и хипотека. Во врска со заложните договори, кандидатката укажува дека прв вид на заложен договор кој се применувал во римското право бил фидуцијарниот пренос на правото на сопственост. Кандидатката подвлекува дека фидуцијарниот пренос на сопственоста од една страна претставувал ефикасно средство за обезбедување на побарувањата на доверителите, но од друга страна бил мошне ризичен за должникот бидејќи не постоела достатна правна сигурност дека ќе му биде вратена сопственоста на стварта која ја пренел со фидуцијарниот пренос. Овие недостатоци на фидуцијарниот пренос на сопственоста, според кандидатката, биле причина подоцна во правниот живот повеќе да се применуваат рачниот залог и хипотеката кои ја подобрувале правната положба на должникот (затоа што со нив тој не го губел правото на сопственост на стварта дадена во залог или во хипотека).

Во Втората глава - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО ФЕУДАЛНОТО ОПШТЕСТВО, кандидатката врз основа на историско-правниот и аналитичкиот метод на истражување ги претставува спецификите на правото на договорен залог во феудалното општество.

Во анализата на правото на договорен залог во феудалното општество, кандидатката со право поаѓа од настанатите општествено – економски промени (доминација на натуралното сопственост, постоењето на поделено по содржина право на сопственост) кои според неа доведуваат и до промени во предметот и содржината на правото на договорен залог (стр. 34-36).

Во поглед на предметот на правото на договорен залог во феудалното општество, кандидатката со право заклучува дека тоа можеле да бидат само стварите кои се наоѓале во приватна сопственост на определено лице (стр.41-42). Земјиштето како недвижна ствар, според кандидатката, не можело да биде предмет на правото на договорен залог затоа што на него постоело поделено право на сопственост (dominium divisum).

Во овој историски дел од докторската дисертација, кандидатката мошне јасно увидела дека во периодот на феудализмот доаѓа и до промени на содржината на правото на договорен залог. Во оваа смисла, таа децидно кажува дека во феудалното општество давањето под залог подразбирало и *привремено отуѓување на стварта дадена во залог*. Ова *привремено отуѓување на стварта*, според кандидатката значело дека заложниот доверител се сметал за т.н. *привремен сопственик на стварта* сè додека должникот не ја исполнел својата обврска. Според кандидатката, *привремената сопственост* на заложниот доверител во однос на стварта – предмет на правото на договорен залог, не значела и можност тој да располага со стварта, туку само можност стварта да ја држи кај себе како сопственик, се до исполнувањето на неговото побарување (стр. 38-39).

Анализата на содржината на правото на договорен залог во периодот на феудализмот ја наведува кандидатката да заклучи дека во тој период дошло до *мешање* на двата граѓанскоправни института - залогот и фидуцијарниот пренос на правото на сопственост. Поаѓајќи од оваа состојба на *мешање*, кандидатката согледува дека вака определената содржина на правото на договорен залог се задржала сè до појавата на школата на постглосаторите, кога повторно била прифатена римската концепција за стварните права, а со тоа и на правото на договорен залог како средство за обезбедување на побарувањата.

Во овој дел од дисертацијата кандидатката посебно се задржува и на правото на договорен залог во Македонија во периодот на феудализмот. Поаѓајќи од мошне голем број на правни извори, кандидатката го претставува правото на договорен залог, како

од аспект на обичајното право во Р. Македонија, така и од аспект на поодделни (посебни) правни прописи (Законот на Сулејман Хан и др.). Проучувањето на договорното заложно право во феудалното општество ја наведува кандидатката да констатира дека основниот услов за засновање на правото на договорен залог се должи на постоење право на приватна сопственост на стварите коишто се давале во залог: подвижни ствари, како и куќите. За разлика од овие ствари на коишто субјектите имале засновано право на сопственост, па според што можеле да ги даваат под залог, на доделеното земјиште од страна на владетелот, кандидатката мошне разбирливо и децидно укажува дека на него не можело да се заснова право на договорен залог (затоа што тоа било мириjско – државно) (стр. 46-47).

Во Третата глава - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО КАПИТАЛИСТИЧКОТО ОПШТЕСТВО, кандидатката ги анализира карактеристиките и содржината на правото на договорен залог во периодот на капиталистичкото општество.

Кандидатката забележува дека правната регулатива која датира од периодот на капитализмот, т.е. граѓанските законици донесени во овој период (Францускиот граѓански законик, Германскиот граѓански законик, Австриskиот граѓански законик, Италијанскиот граѓански законик и други) доведуваат до модернизација на правото на договорен залог. Најзначајно во поглед на модернизацијата на правото на договорен залог, според кандидатката, претставува пропишувањето на дејството erga omnes на правото на договорен залог, т.е. можноста правото на договорен залог да се остварува спрема сите трети лица (стр. 49-51)

Од анализата на содржината на правото на договорен залог во овој период, кандидатката констатира дека тогашните граѓански законици воведуваат значајни новини во поглед на уредувањето на правото на договорен залог. Така, според кандидатката, правото на договорен залог придобило и некои од карактеристиките на современото заложно право. Во оваа смисла кандидатката ја потенцира акцесорната природа на правото на договорен залог, како стварноправно средство за обезбедување на побарувањата, изразена во тие законици. Покрај неа, кандидатката укажува и на присуството на начелото на специјалност во тогашното законодавство која како карактеристика подразбира определување не само на предметот на залогот, туку и на побарувањето обезбедено со заложното право. Кандидатката не ја заборава и неделивоста како карактеристика на правото на договорен залог за која зборуваат тогашните законици, а според која залогот не можел да престане или да се намали се додека побарувањето на заложниот доверител не било исполнето. Покрај овие придобиени карактеристики на заложното право, т.е. стекнати карактеристики во рамките на капиталистичкото општество, кандидатката укажува дека и понатаму егзистираат карактеристиките на официјалност и приоритет, наследени од претходните фази од развојот на општествениот и правен систем (стр. 51-53).

Во Четвртата глава - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКОТО ОПШТЕСТВО (НА СФР ЈУГОСЛАВИЈА), кандидатката служејќи се со историско-правниот, аналитичко-правниот и компаративниот метод на истражување, ја претставува и ја анализира правната регулатива на правото на договорен залог во периодот на социјализмот, т.е. во ФНР Југославија и во СФР Југославија. Притоа, кандидатката посебно ги анализира правните прописи кои го уредуваат правото на договорен залог од конституирањето на ФНР Југославија до конституирањето на СФР Југославија и правните прописи кои го уредуваат правото на договорен залог по конституирањето на СФР Југославија до осамостојувањето на Р. Македонија во 1991 година.

Кандидатката укажува дека по конституирањето на ФНР Југославија во поглед на правото на договорен залог се применувале правните правила на стара Југославија, а во НР Македонија, која влегувала во состав на тогашната ФНР Југославија, се применувале правните прописи од Српскиот граѓански законик.

Кандидатката забележува дека Српскиот граѓански законик извршил модернизација на правото на договорен залог, по примерот на другите граѓански законици од тоа време, со тоа што пропишал заложената ствар да биде во сопственост на заложниот должник за да може договорот да биде перфектен, како и стварта која е предмет на правото на залог исклучиво да се наоѓа во правен промет (стр. 61).

Кандидатката го претставува правото на договорен залог во поранешната СФР Југославија, односно СР Македонија, преку двата правни прописа - Законот за основните сопственосно-правни односи, во кој била уредена хипотеката како заложно право на недвижни ствари и Законот за облигационите односи на СФР Југославија, кој го уредувал правото на договорен залог на подвижни ствари. Иако правото на договорен залог било уредено во два различни правни прописа, кандидатката со право укажува дека заложното право имало заеднички карактеристики кои биле присутни и кај правото на договорен залог на подвижни ствари и кај хипотеката, што според неа подрабира единственост во поглед на неговата правна природа. Таа, според кандидатката, се изразува преку заедничките карактеристики на правото на договорен залог кои произлегуваат од овие два прописа. Станува збор за дејството erga omnes, акцесорноста на правото на договорен залог, неделивоста на залогот, официјалноста, специјалноста и правото на првенство (стр. 68-71).

Во Петтата глава - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО ПРАВНИОТ СИСТЕМ НА Р. МАКЕДОНИЈА ДО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ОД 2003 ГОДИНА, кандидатката го претставува и го анализира правото на договорен залог во правниот систем на Р. Македонија во периодот од 1991 година до донесувањето на Уставот на Р. Македонија до 2003 година, до донесувањето на Законот за договорен залог на Р. Македонија.

Во оваа глава од дисертацијата, кандидатката, анализирајќи го интертемпоралното граѓанско право, подвлекува дека по осамостојувањето на Р. Македонија, во поглед на правото на договорен залог, сѐ уште се применувале одредбите на Законот за основните сопственосно-правни односи и Законот за облигационите односи на СФР Југославија кои биле преземени како републички со Уставниот закон за спроведување на Уставот на Р. Македонија и важеле сѐ до донесувањето на специјални закони кои го уредувале договорното заложно право.

Кандидатката врз основа на историскиот и аналитичкиот метод укажува дека во периодот од 1991 година до 2003 година биле донесени два специјални закона кои го уредувале правото на договорен залог во Р. Македонија – Законот за залог на подвижни предмети и права од 1998 година и Законот за договорна хипотека од 2000 година. Законот за залог на подвижни предмети и права го уредувал рачниот залог, како заложно право на подвижни ствари и права, додека Законот за договорна хипотека ја уредувал хипотеката како заложно право на недвижни ствари.

Кандидатката со право забележува дека Законот за залог на подвижни предмети и права изрично не го определува правото на договорен залог како стварно субјективно право, туку како средство за обезбедување на побарувањата. Според кандидатката, иако законодавецот не го дефинирал рачниот залог како стварно субјективно право, неспорно е дека тоа ги имало карактеристиките на стварните субјективи права - апсолутност, специјалност, јавност, акцесорност, неделивост, официјалност и право на првенство (стр. 80-81).

При анализата на одредбите на Законот за залог на подвижни предмети и права, кандидатката укажува дека овој Закон вовел значајна новина во поглед на предметот на правото на договорен залог со тоа што предвидел можност за засновање на заложното право на повеќе ствари заедно, едно или повеќе права заедно и засновање на заложно право на идна ствар. Според кандидатката, ова се значајни новини кои ги воведува Законот затоа што се во насока на модернизација на правото на договорен залог.

Во дисертацијата кандидатката со право констатира дека Законот за договорна хипотека кој го уредувал договорното заложно право на недвижни ствари, исто како и Законот за залог на подвижни предмети и права, заложното право го дефинирал како средство за обезбедување на побарувањата. Кандидатката, исто така, заклучила дека договорната хипотека, исто како и рачниот залог, ги имала карактеристиките на стварните субјективни права - апсолутност, акцесорност, јавност, специјалност, неделливост, официјалност и право на првенство.

Во оваа последна глава од првиот историски дел на дисертацијата, кандидатката констатира дека постојат бројни сличности помеѓу начинот на уредување на правото на договорен залог на подвижни предмети и права и правото на договорна хипотека, иако тие биле уредени во различни правни прописи (Законот за залог на подвижни предмети и права и Законот за договорна хипотека). Според кандидатката, сличностите помеѓу начинот на уредување на двата вида договорно заложно право укажуваат на тоа дека и во оваа фаза од развојот на граѓанскоправниот систем на Р. Македонија правото на договорен залог во правниот систем на Р. Македонија претставувал единствен граѓанскоправен институт. Концепцијата за единственост на правото на договорен залог како правен институт, според кандидатката, доаѓа до израз дури со донесувањето на Законот за договорен залог, кој денес во правнот систем на Р. Македонија го уредува сеопфатно договорното заложно право (и рачниот залог и хипотеката) (стр. 100).

ВТОРИОТ централен дел од дисертацијата е насловен како: **ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ КАКО ГРАЃАНСКО СУБЈЕКТИВНО ПРАВО ВО ПРАВНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВО КОМПАРАТИВНОТО ПРАВО** (стр.104-296). Тој е составен од три глави: *Прва глава* - ПРЕТПОСТАВКИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ, *Втора глава* - УСЛОВИ ЗА ЗАСНОВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ *и Трета глава* - ПРЕСТАНОК НА ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ.

Во Првата глава - ПРЕТПОСТАВКИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ, кандидатката врз основа на позитивноправниот, аналитичкиот и компаративниот метод ги претставува, ги анализира и ги констатира претпоставките за засновање на правото на договорен залог во позитивното право на Р. Македонија и во компаративното право.

Во оваа глава од дисертацијата кандидатката покажува дека претпоставки за востановување на правото на договорен залог се субјектите на правото на договорен залог (заложен доверител и заложен должник), предметот на правото на договорен залог и побарувањето на заложниот доверител. Компаративната анализа на одредбите од Францускиот граѓански законик (Code Civil), Италијанскиот граѓански законик (Codice Civile Italiano), хрватскиот Zakon o vlasnistvu i drugim stvarnim pravima, словенечкиот Stvarnopravni zakonik, бугарскиот Закон за задълженията и договорите, српскиот Zakon o založnom pravu na pokretnim stvarima upisanim u registar и Zakon o hipoteci, според кандидатката, покажува дека претпоставки за настанување на правото на договорен залог во компаративното право, исто така се субјектите, предметот на правото на договорен залог и побарувањето на заложниот доверител.

Во текстот од оваа глава, кандидатката посебно и детално ја претставува и ја анализира секоја од претпоставките за востановување на правото на договорен залог и тоа во позитивното право на Р. Македонија и во компаративното право на земјите - членки на Европската унија (Франција, Италија, Словенија, Бугарија) и земјите - кандидати за членство во Европската унија (Хрватска и Србија).

Кандидатката покажува дека субјекти на правото на договорен залог во позитивното право на Република Македонија и во компаративното право се заложниот доверител и заложниот должник.

Во оваа глава од дисертацијата кандидатката го претставува и го анализира и предметот на правото на договорен залог. Според кандидатката, предмет на правото на рачен залог во позитивното право на Р. Македонија можат да бидат подвижни ствари, хартии од вредност, а предмет на договорна хипотека можат да бидат недвижните ствари и ствари изедначени со недвижностите (бродовите и воздухопловите). Кога стварите се предмет на правото на договорен залог, кандидатката покажува дека тоа може да биде една ствар, повеќе ствари заедно, идеален дел од стварта и идна ствар.

Третата претпоставка за востановување на правото на договорен залог, според кандидатката, претставува побарувањето на заложниот доверител. Според кандидатката, правото на договорен залог може да се востанови само доколку постои побарување обезбедено со заложното право.

Посебно значајно е што при претставувањето и анализата на претпоставките за востановување на правото на договорен залог, кандидатката успешно се користи со компаративниот метод на истражување и во фуснотите на текстот ги прикажува и одредбите содржани во правните прописи во повеќе европски земји (Франција, Италија, Словенија, Бугарија) и земји - кандидати за членство во Европската унија (Хрватска и Србија) кои се однесуваат на претпоставките за заснование на правото на договорен залог.

Во Втората глава - УСЛОВИ ЗА ЗАСНОВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ, кандидатката ги претставува, ги анализира и ги коментира условите за востановување на правото на договорен залог во позитивното право на Р. Македонија и во компаративното право.

Според кандидатката, услови за востановување на правото на договорен залог се правниот основ и законскиот начин на стекнување на правото на залог.

Кандидатката подвлекува дека правен основ за востановување на правото на договорен залог во позитивното право на Р. Македонија е договорот за залог. Со помош на компаративната анализа на правото на договорен залог, кандидатката покажува дека договорот за залог е правен основ за востановување на правото на залог и во повеќе земји од Европската унија (Франција, Италија, Словенија, Бугарија) и во земјите - кандидати за членство во Европската унија (Србија, Хрватска).

Кандидатката укажува дека постојат два законски начина на востановување на правото на договорен залог. Првиот, според кандидатката е со предавање на стварта во владение на заложниот доверител, односно со пренос на хартиите од вредност или со отстапување или пренесување на побарувањата и другите права. Вториот законски начин на востановување на договорното заложно право, според кандидатката, е со запишување на правото на залог во јавни книги и други видови на регистри. Кандидатката покажува дека двата законски начина на стекнување на правото на договорен залог се присутни и во компаративното право (Франција, Италија, Словенија, Бугарија, Хрватска и Србија).

Во дисертацијата кандидатката подвлекува дека, во зависност од законскиот начин на кој се востановува правото на договорен залог, постојат два вида на

договорно заложно право – владетелски (регистриран) и невладетелски (регистриран) залог (стр.186-187).

Кандидатката во дисертацијата посебно се задржува и на постапката за запишување на правото на договорен залог во Заложниот регистар и катастарот на недвижности. Кандидатката укажува дека за запишувањето на рачниот залог во Заложниот регистар и запишувањето на хипотеката во јавните книги важи принципот на конститутивност. Особено значајни, според кандидатката, се новините во запишувањето на хипотеката во кастастарот на недвижности кои предвидуваат хипотеката повеќе да не се запишува како товар на недвижноста, туку како стварно субјективно право (стр. 203 – 204).

Во Третата глава - ПРЕСТАНОК НА ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ, кандидатката го образложува прецизно, јасно и со правнички вокабулар секој од начините на престанок на правото на договорен залог, а посебно се задржува на реализацијата на правото на договорен залог како начин на престанок на правото на залог.

Според кандидатката, законските решенија пропишуваат разновидност во начинот на реализација на правото на договорен залог. Кандидатката анализирајќи ја реализацијата на правото на договорен залог во правниот живот на Р. Македонија констатира дека во правниот систем на Р. Македонија неа првенствено ја спроведуваат нотарите и извршителите. Во дисертацијата кандидатката објаснува дека законската можност за реализација на правото на договорен залог преку агенција за промет на недвижности не се остварува и тоа заради недостаток од специјален закон со кој би се уредил овој начин на реализација на правото на договорен залог (стр. 232 – 233).

Во дисертацијата кандидатката детално ја претставува постапката за реализација на правото на договорен залог која ја спроведуваат нотарите од една страна и постапката за реализација на правото на договорен залог која ја спроведуваат извршителите од друга страна. При презентирањето на постапките за реализација на правото на договорен залог од страна на нотар и од страна на извршител, кандидатката посебно се задржува и на актуелните проблеми во правниот живот со кои се соочуваат нотарите и извршителите при реализација на правото на договорен залог. Притоа, таа не само што прави нивна анализа, туку и изнесува свои ставови за начинот на кој овие проблеми би можеле да се надминат, што посебно го збогатува текстот на дисертацијата (стр. 263-270).

Третиот дел од диссатацијата насловен како: **ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ КАКО ГРАЃАНСКО СУБЈЕКТИВНОР ПРАВО**, е составен од три глави: *Прва глава* – ПРАВНА ПРИРОДА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТВАРНИТЕ СУБЈЕКТИВНИ ПРАВА; *Втора глава* – ПРАВНА ПРИРОДА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОБЛИГАЦИОНИТЕ СУБЈЕКТИВНИ ПРАВА и *Трета глава* – ПРАВНА ПРИРОДА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ.

Во третиот дел од трудот, кандидатката имајќи ја предвид историската генеза на правото на договорен залог (од робовладетелското општество до современите правни системи), а особено имајќи ја предвид позитивноправната регулатива на заложното право во правниот систем на Р. Македонија, ги анализира карактеристиките на стварните и облигационите права како и карактеристиките на правото на договорен залог, а сè со цел да даде одговор на поставеното прашање: Дали правото на договорен залог е стварно или облигационо субјективно право?

Пред да даде одговор на поставеното прашање, кандидатката ги претставува и ги анализира становиштата на цивилната доктрина за правната природа на правото на договорен залог. Според кандидатката, мислењата на цивилистите во поглед на правната природа на правото на залог се поделени на три становишта. Кандидатката

истакнува дека преовладувачко становиште во цивилната доктрина е становиштето дека правото на договорен залог е стварно субјективно право. Второто становиште, според кое правото на договорен залог е облигационо субјективно право, кандидатката укажува дека е доминантно во бугарската цивилна доктрина. Кандидатката во овој дел од дисертацијата истакнува дека постои и трето становиште кое правото на договорен залог го третира како право со двојна природа – рачниот залог е облигационо право, а хипотеката е стварно право.

Од третиот дел на дисертацијата се гледа дека кандидатката во давањето одговор на прашањето за правната природа на правото на договорен залог тргнува од анализа на карактеристиките на стварните и облигационите субјективни права, а потоа посебно ги анализира карактеристиките на правото на договорен залог.

Во Првата глава – ПРАВНА ПРИРОДА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТВАРНИТЕ СУБЈЕКТИВНИ ПРАВА, кандидатката ги претставува и ги анализира карактеристики на стварните субјективни права. Во определувањето на карактеристиките, кандидатката тргнува од преовладувачкото становиште на цивилната доктрина кое карактеристиките на стварните права ги дели на основни и дополнителни карактеристики. Во групата на основни карактеристики на стварните субјективни права, според кандидатката, спаѓаат: стварноправноста, апсолутноста и законската определеност на стварните субјективни права. Како дополнителни карактеристики на стварните субјективни права, кандидатката ги наведува специјалноста, трајноста, јавноста и правото на првенство (стр. 300 - 321).

Во Втората глава – ПРАВНА ПРИРОДА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОБЛИГАЦИОНИТЕ СУБЈЕКТИВНИ ПРАВА, кандидатката ги претставува и ги анализира карактеристиките на облигационите субјективни права. И во оваа глава на дисертацијата кандидатката тргнува од преовладувачкото становиште на цивилната доктрина и потенцира шест карактеристики на облигационите субјективни права (правното дејство inter partes; определеност на страните во облигационоправните односи; човековите дејствија како предмет на облигационоправните односи; правата и обврските како содржина на облигационоправните односи; неограниченост на бројот на облигационите субјективни права; застарливост на облигационите субјективни права) (стр. 321 – 329).

Во Третата глава – ПРАВНА ПРИРОДА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ, кандидатката ги претставува и ги анализира карактеристиките на правото на договорен залог.

Преку анализата на позитивните прописи во Р. Македонија, кандидатката заклучува дека правото на договорен залог во претежност ги има карактеристиките на стварните субјективни права - стварноправност, апсолутност, законска определеност, специјалност, трајност, јавност и право на првенство (стр. 335).

Во оваа глава од дисертацијата кандидатката истакнува и дека правото на договорен залог има и свои специфични карактеристики кои не се присутни кај другите стварни права. Според кандидатката, специфични карактеристики на правото на договорен залог се акцесорноста, неделивоста и официјалноста.

Врз основа на анализата на претставените карактеристики на правото на договорен залог, кандидатката констатира дека правото на договорен залог во претежност ги има карактеристиките на стварните субјективни права. Тргнувајќи од констатацијата дека правото на договорен залог ги има карактеристиките на стварните субјективни права, кандидатката заклучува дека правото на договорен залог во правниот систем на Р. Македонија, по својата правна природа, претставува стварно субјективно право. При изразувањето на своето становиште дека правото на договорен залог е стварно субјективно право, кандидатката укажува на фактот дека во суштина

правната природа на правото на договорен залог е комплексна затоа што покрај карактеристиките на стварните субјективни права, правото на договорен залог има и свои специфични карактеристики кои не се среќаваат кај другите стварни права (стр. 334-335).

На крајот од дисертацијата кандидатката заклучува и подвлекува дека основната функција на правото на договорен залог како стварно субјективно право останала непроменета од римското право до денес – тоа претставува средство за обезбедување на побарувањата и како такво има суштествена улога во обезбедувањето на правната сигурност на доверителите (стр. 346-349).

Во ЗАКЛУЧОКОТ, кандидатката ги изнесува своите заклучоци и ставови кои произлегуваат од целокупниот текст на дисертацијата (стр. 349-365).

### *2. Оцена на трудот*

Врз основа на текстот на докторската дисертација ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ КАКО ГРАЃАНСКО СУБЈЕКТИВНО ПРАВО, изработен од кандидатката м-р Тина Пржеска, Комисијата го констатира следново:

1. Темата – ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ КАКО ГРАЃАНСКО СУБЈЕКТИВНО ПРАВО претставува современа и актуелна тема чија задача е да го претстави и анализира правото на договорен залог во позитивното право на Р. Македонија и во компаративното право. Анализата на правото на договорен залог во дисертацијата е сестрана. Кандидатката го претставува правото на договорен залог – како тоа е уредено во правните прописи (de lege lata). Истовремено, кандидатката ги потенцира проблемите во правниот живот кои се поврзани со остварувањето на правото на договорен залог и притоа дава свои мислења и сугестии за тоа како овие проблеми би можеле да бидат надминати и кои се можните насоки за понатамошен развој на овој граѓанскоправен институт (de lege ferenda).
2. Во изготвувањето на дисертацијата кандидатката користи обемна научна и стручна литература (домашна и странска) која се однесува на предметната материја.
3. Трудот има јасна систематика и употребениот стил и јазик овозможуваат лесно да се следи мислата во текстот. Ставовите на кандидатката во однос на предметот на истражување се јасно и недвосмислено изразени.
4. Докторската дисертација ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ КАКО ГРАЃАНСКО СУБЈЕКТИВНО ПРАВО ги содржи сите карактеристики на сериозен научен труд. Кандидатката во изработката на дисертацијата демонстрира способност за примена на научните методи во истражувањето и остварувањето на основната цел на дисертацијата – давањето одговор на прашањето: Дали правото на догоговорен залог во правниот систем на Р. Македонија е стварно или облигационо субјективно право?

### *3. Заклучоци и предлог*

Врз основа на изложениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за солидно подготвена докторска дисертација што ги задоволува сите критериуми за изготвување на научни трудови од ваков вид, предвидени со законската регулатива и актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Од овие причини, Комисијата едногласно му предлага на Наставно – научниот совет на

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, трудот ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ КАКО ГРАЃАНСКО СУБЈЕКТИВНО ПРАВО, од кандидатката м-р Тина Пржеска, да го прифати како посебно успешна докторска дисертација и да овозможи нејзина јавна одбрана.

*Скопје, април 2009 година*

**Членови на Комисијата**

Д-р Арсен Јаневски, редовен професор, с.р

Д-р Родна Живковска, редовен професор – ментор, с.р

Д-р Владо Бучковски, редовен професор, с.р

Д-р Јадранка Дабовиќ – Анастасовска, редовен професор, с.р

Д-р Мирослав Лазиќ, редовен професор, с.р

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ *МОРФОЛОГИЈА И СИНТАКСА НА ТУРСКИОТ ЈАЗИК* НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата шеста редовна седница одржана на 21.4.2010 година, нè избра за рецензенти во врска со пријавата на доц. д-р Октај Ахмед за избор во звањето **вонреден професор** по наставните предмети *морфологија и синтакса на турскиот јазик* на објавениот конкурс во дневниот весник „Утрински весник" на 7.4.2010 година. По разгледувањето на доставените конкурсни материјали на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да му го доставиме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Библиографски податоци

Доц. д-р Октај Ахмед е роден на 24.11.1967 година во Скопје. Основното образование го завршил во ОУ „Тефејјуз", а средното образование во УСО „Орце Николов" во Скопје. Во учебната 1989/90 година се запишал како редовен студент на Катедрата за турски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. Дипломирал во 1993 година.

Од јануари 1994 до август 1995 година (20 месеци) работел хонорарно како преведувач во МТВ, Редакција на турски јазик. Во периодот 1994-1995 година држел курсеви по турски јазик во Работничкиот универзитет „Кочо Рацин" во Скопје.

На Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје се вработил на 1.8.1995 година како помлад асистент по предметот граматика на турскиот јазик.

На постдипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје се запишал во 1996 година. На 27.6.2001 година магистрирал на тема *Фонетски и лексички карактеристики на турскиот говор во Ресен и Ресенско,* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. На 20.12.2001 година е избран за асистент по предметот граматика на турскиот јазик.

Октај Ахмед докторирал на тема *Морфосинтакса на турските говори од охридско-преспанскиот регион,* на 1.3.2005 година, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, а на 30.9.2005 година е избран во звањето доцент по наставните предмети *морфологија и синтакса на турскиот јазик* на Катедрата за турски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

### Наставно-образовна активност

Од првото вработување во 1995 година, па се до денес, д-р Октај Ахмед секогаш беше ангажиран со најмалку 12 часа неделно.

Од изборот во звањето доцент во 2005 година, ги држи предметите морфологија на турски јазик 1-2 (мајчин и немајчин), морфологија на турски јазик 3-4 и синтакса на турскиот јазик 1-2, со неделен фонд од 12 часа.

Од академската 2009/2010 година, ги држи и предавањата и вежбите на наведените наставни предмети, со неделен фонд од 16 часа.

Тој како долгогодишен научен соработник, а потоа и наставник, кој одржуваше вежби и предавања на повеќе наставни предмети од областа на турскиот јазик, се запозна со проблемите со кои се сретнуваат студентите на кои турскиот јазик не им е мајчин јазик при Катедрата за турски јазик и книжевност. Имајќи предвид дека во Македонија турскиот јазик е се поинтересен и од година в година се поголем број на студенти турскиот јазик го избираат како свој прв јазик на изучување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, досега на овој интерес не можеше адекватно да се одговори, поради немање соодветна литература на македонски јазик. Поради својот обем, наставниот предмет морфологија на турскиот јазик претставува најголем проблем за студентите кои не го познаваат турскиот јазик и токму затоа доц. д-р Октај Ахмед вложи огромен труд и напиша учебник под наслов *Вовед во морфологија на турскиот јазик*, објавен во Скопје во рамките на издавачката дејност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во 2008 година. Овој учебник дава многу добар преглед на турската морфологија, која дава добра основа за понатамошна самостојна работа на студентот или читателот. Во учебникот примерите се ексцерпирани од повеќе книги и друга литература, како и сопствени автохтони примери. Примерите намерно се дадени само на турски јазик за студентите подобро да го совладаат и запаметат прочитаното. За солидно совладување на наставното градиво по предметот морфологија на турскиот јазик, на крајот на учебникот има прилози, список на наставки, список на турски глаголи и македонско-турски речник на термини и обратно и друго. Ова е прв учебник што е напишан за студентите на Катедрата за турски јазик и книжевност и претставува основа за изучување на наставното градиво по овој наставен предмет.

**Научноистражувачка активност**

Во текот на последниве пет години (2005-2010), односно од последниот избор во звање, доц. д-р Октај Ахмед е мошне активен во научноистражувачката работа.

Имено, тој има учествувано на повеќе домашни и меѓународни конгреси и симпозиуми.

*Учество на конгреси и симпозиуми*

Во земјата:

1. "Ağız Sözlük Çalışmalarında Bilgisayar Destekli Veri Tabanlarının Önemi", *12. Uluslar Arası Türk Halk Kültürü Sempozyumu*, Üsküp, 07.05.2007.
2. "Yahya Kemal'in Dili Üzerine Birkaç Söz", *Ölümünün 50. Yılında Yahya Kemal Sempozyumu*, Üsküp, 15.05.2008.
3. "1875'te Türkçenin Makedoncaya Olan Etkisi: G. Pulevski'nin 'Üç Dilli Sözlük'ü", *Uluslararası Türkçenin Balkan Dillerine Etkisi Sempozyumu*, Filoloji Fakültesi – TİKA – MATÜSİTEB, Üsküp, 29.05.2009.

Во странство:

1. "Makedonya'nın Ohri-Prespa Yöresi Türk Ağızlarında Eklerin Varyantları", *1. Uluslararası Türk Dünyası Kültür Kurultayı (09-15 Nisan 2006)*, Örgütleyen: Ege Üniversitesi Türk Dünyası Araştırma Enstitüsü, Çeşme (İzmir), Bildiri sunum tarihi: 12 Nisan 2006.
2. "Verbs In Turkish Dialects In Macedonia Made With Words Entered Via Macedonian Language", *13. International Conference on Turkish Linguistics*, Uppsala (Sweden), Aug 16-10, 2006.

3. "Makedonya'nın Ohri-Prespa Yöresi Türk Ağızlarında Kipler", *Büyük Türk Dili Kurultayı*, Bilkent Üniversitesi (Ankara), 26-27 Eylül 2006, Bildiri sunum tarihi: 26 Eylül 2006.
4. "Güneybatı Makedonya Türk Ağızlarında Çekimsiz Fiillere Genel Bir Bakış", *III. Büyük Türk Dil Kurultayı, Bilkent Üniversitesi (Ankara) & Lefke Avrupa Üniversitesi (Lefke, KKTC)*, 25-28 Eylül 2008, KKTC.

*Објавени научни и стручни трудови*

Во списанија:

1. "Morphosyntax of Turkish Functional Morphemes /-k/, /-r/ and /-İ/", Hikmet - İlmi Araştırmalar Dergisi, 2005/1, s. 28-37, Gostivar.
2. "Azerî ve Türkiye Türkçesi Arasındaki Paralellikler", "Köprü" Kültür-Sanat Dergisi, Sayı 12, Nisan 2006, Üsküp, s. 30-32.
3. "Review of Turkish Null Morphemes", Journal of Turkish Linguistics, Vol. 2, No. 1, pp. 142-154, Skopje, 2008.

Во зборници од конференции и симпозиуми:

1. "Makedonya'nın Ohri-Prespa Yöresi Türk Ağızlarında Eklerin Varyantları", *I. Uluslararası Türk Dünyası Kültür Kurultayı (9-15 Nisan 2006) – Bildiri Kitabı, Cilt I*, Ege Üniversitesi Türk Dünyası Araştırmaları Enstitüsü, İzmir, s. 31-42.
2. "Verbs In Turkish Dialects In Macedonia Made With Words Entered Via Macedonian Language", *13. International Conference on Turkish Linguistics Proceedings (in progress)*, Uppsala (Sweden), Aug 16-10, 2006.
3. "Makedonya'nın Ohri-Prespa Yöresi Türk Ağızlarında Kipler", *Büyük Türk Dili Kurultayı Bildiri Kitabı*, Bilkent Üniversitesi (Ankara), 26-27 Eylül 2006, Ankara.
4. "Güneybatı Makedonya Türk Ağızlarında Çekimsiz Fiillere Genel Bir Bakış", *III. Büyük Türk Dil Kurultayı (25-28 Eylül 2008) Bildiri Kitabı, Lefke Avrupa Üniversitesi Yayınları*, KKTC, 2008, s. 405-412.
5. "Ağız Sözlük Çalışmalarında Bilgisayar Destekli Veri Tabanlarının Önemi", *12. Uluslar Arası Türk Halk Kültürü Sempozyumu Bildirileri*, Üsküp, 2009.
6. "1875'te Türkçenin Makedoncaya Olan Etkisi: G. Pulevski'nin 'Üç Dilli Sözlük'ü", *Türkçenin Balkan Dillerine Etkisi – Bildiri Kitabı*, Filoloji Fakültesi – TİKA – MATÜSİTEB, Üsküp, 2010, s. 103-108.

*Монографии и делови од монографии*

1. "Вовед во морфологија на турскиот јазик", Филолошки факултет „Блаже Конески", монографија, Скопје, 2008.
2. "Uygulamalı Biçimbilgisi", дел од монографија, во: Xhemile Abdiu – Spartak Kadiu, *Uygulamalı Biçimbilgisi*, Tiran, 2007.

Трудовите на доц. д-р Октај Ахмед, објавени во разни научни списанија и презентирани на повеќе меѓународни конгреси и симпозими одржани во земјата и надвор од неа, го претставуваат неговиот интерес за научно истражување, пред се за истражување на турскиот јазик во различните региони во Република Македонија. Посебно е ориентиран на турските говори во југозападна Македонија, бидејќи според него, овие говори имаат посебна карактеристика како во областа на фонетиката и морфологијата, така и во областа на синтаксата и лексиката. За оваа проблематика има пишувано во повеќе свои трудови.

Во трудот *"Makedonya'nın Ohri-Prespa Yöresi Türk Ağızlarında Kipler"*, авторот ги дава глаголските парадигми на турските говори од охридско-

преспанскиот регион, со сите фонетски и морфолошки подваријанти, како и нивното присуство или отсуство.

Во трудот *"1875'te Türkçenin Makedoncaya Olan Etkisi: G. Pulevski'nin 'Üç Dilli Sözlük'ü"*, доц. д-р Октај Ахмед пишува за Тријазичникот на Пулевски, односно за присуството на турцизмите во македонскиот јазик во втората половина на XIX век. Посебно се задржува на турските термини кои претрпиле фонетски, морфолошки и семантички измени: грош < kuruş, оки < okkalar, оџа < hoca, кафеџија < kahveci, арѓосувач < harcıyorlar и др.

Во трудот *"Yahya Kemal'in Dili Üzerine Birkaç Söz"*, авторот се осврнува на јазикот на големиот турски поет Јахја Кемал Бејатли, кој е роден во Скопје. Јазичната перфекција, според него, е резултат на внатрешната и надворешната рима, хармонија, интертекстуалност, внимателно избрани зборови и пикторескниот израз.

Трудот *"Makedonya'nın Ohri-Prespa Yöresi Türk Ağızlarında Eklerin Varyantları"* ги опфаќа фонетско/морфолошките варијанти на функционалните морфеми на турските говори од охридско-преспанскиот регион. Авторот со право увидува дека во овие говори, покрај морфемите кои немаат алтернативи (односно се исклучоци), постојат морфеми со два, три, четири и шест варијанти. Трудот резултира со тврдењето дека вокалот "i" е многу важен за овие говори, односно дека кога се работи за финална позиција, тогаш наставките обично немаат други алтернативи освен на "i" и обратно, кога доаѓа во медијална или претфинална позиција, тогаш финалната наставка нема варијанта на "i".

Доц. д-р Октај Ахмед, во трудот *"Güneybatı Makedonya Türk Ağızlarında Çekimsiz Fiillere Genel Bir Bakış"*, се осврнува на инфинитните глаголски форми во турските говори од југозападна Македонија. На детален начин се дадени сите инфинитни глаголски форми, со сите варијанти или отсуство на форми и варијанти. Трудот е илустриран со многу примери.

**Преведувачка активност**

Доц. д-р Октај Ахмед досега има преведено 16 книги за училиштата со турски наставен јазик (Природа и општество, Математика, Граѓанско општество, Основи на демократија и др.). Од последниот избор наваму, покрај разните други преводи, преведувал и за антологиите на современа турска поезија (2007) и современ турски расказ (2010), објавени во рамките на СВП и Македонскиот ПЕН- центар.

**Стручно-апликативна и друга активност**

Д-р Октај Ахмед е мошне активен и надвор од наставно-научната дејност. Во рамките на Факултетот тој е вклучен во поголем број комисии: комисии за одбрана на дипломски трудови, комисии за оцена на пријавени теми за магистерски трудови, ментор на еден магистерски труд, комисии за избор во звања, комисии за подобност (за изработка на докторска теза), комисии за оцена на докторски трудови, комисии за избор на демонстратори и др.

Од неакадемските комисии и тела ќе ги наведеме следниве: од 2008 година е член на Комисијата за валоризација на турските говори во РМ при Министерството за култура на РМ; од 2007 година е контролор („слеп читач") на тестовите за матурски испит по предметот турски јазик и литература при Бирото за развој на образованието итн.

Доц. д-р Октај Ахмед во последните 5 години извршувал и повеќе функции: до 2006 година, катедарски ЕКТС-координатор; 2006-2008 година институционален (факултетски) ЕКТС-координатор; 2008-2009 година, продекан за настава на

Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје; 2006-2009 година, Претседател на Институтот за истражување на турскиот јазик итн.

Учествувал на стручни семинари: Семинар за модернизација на курикулуми според европскиот кредит-трансфер систем (2007); Семинар за образование за социјална правда (2007).

Исто така, од 2007 година е главен уредник на меѓународното рецензирано научно списание „Journal of Turkish Linguistics“; од 2005 година е дописен член на „Journal of Turkish World Studies“ при Универзитетот Еге во Измир, Турција; во периот 2005-2009 година изведувал менторска настава на постдипломските студии по специјален курс по турски јазик и турски како балкански јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје; од 2008 година е испитувач на кандидатите за судски преведувачи по турски јазик при Министерството за правда на РМ; од 2006 година е член на „Linguistic Society of America“, и многу други активности.

Доц. д-р Октај Ахмед, покрај академските, активен е и на други полиња. Тој е член на Друштвото на писатели на Македонија (од 1995 година), член е на Менса (светска организација на луѓе со натпросечна интелигенција, од 1988 година), основач и прв претседател е на Менса Македонија (1999-2002), основач и прв претседател е на Институтот за истражување на турскиот јазик (2006, 2006-2009) и др.

Доц. д-р Октај Ахмед со своите научни, стручни и литературни трудови во јавноста се покажа дека е мошне активен и досега има објавено 147 библиографски единици од обласга на турскиот јазик, турската култура, преводи, а има објавено и литературни творби од различни литературни жанрови и присутен е во социјалните активности.

Доц. д-р Октај Ахмед беше претставен и во првата македонска енциклопедија како научен работник и како поет од турската заедница во Република Македонија.

**Заклучок и предлог**

Од сето гореизложено, може со задоволство да се констатира дека доц. д-р Октај Ахмед има бројни самостојни научни и стручни трудови, објавени одделно и во публикации, има објавено учебник, учество со реферати на меѓународни конгреси и симпозиуми во земјата и надвор од неа, учество во научно-истражувачки проекти, има придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници за изведување на разни видови високообразовна дејност.

Рецензентската комисија во личноста на доц. д-р Октај Ахмед гледа солиден, вреден, оформен и истакнат научен работник од своја област и затоа има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Октај Ахмед да биде избран во наставно-научното звање **вонреден професор** по наставните предмети *морфологија и синтакса на турскиот јазик*.

Скопје,
11.5.2010

Рецензентска комисија

1. Д-р Ариф Аго, редовен професор, с.р.

2. Д-р Ирфан Морина, редовен професор, с.р.

3. Д-р Димитар Пандев, редовен професор, с.р.

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ**

Кандидат: д-р Октај Мустафа Ахмед
Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје
Научна област: јазик.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава од прв циклус:<br>2005/2006: 8 часа * 15 недели во семестар * 2 семестра * 0,04 поени = 9,6 поени<br>2006/2007: 8 часа * 15 недели во семестар * 2 семестра * 0,04 поени = 9,6 поени<br>2007/2008: 8 часа * 15 недели во семестар * 2 семестра * 0,04 поени = 9,6 поени<br>2008/2009: 8 часа * 15 недели во семестар * 2 семестра * 0,04 поени = 9,6 поени<br>2009/2010: 8 часа * 15 недели во семестар * 2 семестра * 0,04 поени = 9,6 поени | 48 |
| 2. | Одржување на вежби од прв циклус:<br>2005/2006: 4 часа * 15 недели во семестар * 2 семестра * 0,03 поени = 3,6 поени<br>2006/2007: 4 часа * 15 недели во семестар * 2 семестра * 0,03 поени = 3,6 поени<br>2007/2008: 4 часа * 15 недели во семестар * 2 семестра * 0,03 поени = 3,6 поени<br>2008/2009: 4 часа * 15 недели во семестар * 2 семестра * 0,03 поени = 3,6 поени<br>2009/2010: 6 часа * 15 недели во семестар * 2 семестра * 0,03 поени = 5,4 поени | 19,8 |
| 3. | Консултации со студенти:<br>2005/2006: 120 студенти * 2 семестра * 0,002 поена = 0,48 поени<br>2006/2007: 130 студенти * 2 семестра * 0,002 поена = 0,52 поени<br>2007/2008: 158 студенти * 2 семестра * 0,002 поена = 0,632 поени<br>2008/2009: 120 студенти * 2 семестра * 0,002 поена = 0,48 поени<br>2009/2010: 131 студент * 2 семестра * 0,002 поена = 0,524 поени | 2,636 |
| 4. | Одржување на настава од втор циклус студии:<br>2007/2008: 1 студент * 15 недели во семестар * 0,05 поени = 0,75 | 0,75 |
| 5. | Член на Комисијата за оцена на докторскиот труд на м-р Назим Ибрахим | 0,5 |
| 6. | Член на Комисијата за одбрана на докторскиот труд на м-р Назим Ибрахим | 0,5 |
| 7. | Член на Комисијата за оцена на докторскиот труд на м-р Мариа | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Леонтиќ | |
| 8. | Член на Комисијата за одбрана на докторскиот труд на м-р Марија Леонтиќ | 0,5 |
| 9. | Член на Комисијата за оцена на докторскиот труд на м-р Актан Аго | 0,5 |
| 10. | Член на Комисијата за одбрана на докторскиот труд на м-р Актан Аго | 0,5 |
| 11. | Член на Комисијата за оцена на докторскиот труд на м-р Махмут Челик | 0,5 |
| 12. | Член на Комисијата за одбрана на докторскиот труд на м-р Махмут Челик | 0,5 |
| 13. | Член на Комисијата за одбрана на дипломска работа:<br>Ивана Стојановска (2009)<br>Шејма Ајдин (2010) | 0,2 |
| 14. | Учебник „*Вовед во морфологија на турскиот јазик*“ (во издание на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, 2008) | 8 |
| | **Вкупно** | **82,886** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерска работа на Мајда Шабанова | 1 |
| 2. | „Uygulamalı Biçimbilim“ (Применета морфологија), дел од монографијата „Uygulamalı Biçimbilim“, Тирана (Албанија), 2007. | 6 |
| 3. | “Morphosyntax of Turkish Functional Morphemes /-k/, /-r/ and /-İ/”, Hikmet - İlmi Araştırmalar Dergisi, 2005/1, s. 28-37, Gostivar. | 4 |
| 4. | “Azerî ve Türkiye Türkçesi Arasındaki Paralellikler”, “Köprü” Kültür-Sanat Dergisi, Sayı 12, Nisan 2006, Üsküp, s. 30-32. | 2 |
| 5. | „Review of Turkish Null Morphemes“, *Journal of Turkish Linguistics*, No. 2, Vol. 2, 2008, Institute for Research of Turkish Language. | 4 |
| 6. | “Makedonya'nın Ohri-Prespa Yöresi Türk Ağızlarında Eklerin Varyantları”, *I. Uluslararası Türk Dünyası Kültür Kurultayı (9-15 Nisan 2006) – Bildiri Kitabı, Cilt I*, Ege Üniversitesi Türk Dünyası Araştırmaları Enstitüsü, İzmir, s. 31-42. | 2 |
| 7. | "Makedonya'nın Ohri-Prespa Yöresi Türk Ağızlarında Kipler", *Büyük Türk Dili Kurultayı Bildiri Kitabı*, Bilkent Üniversitesi (Ankara), 26-27 Eylül 2006, Ankara. | 2 |
| 8. | “Güneybatı Makedonya Türk Ağızlarında Çekimsiz Fiillere Genel Bir Bakış”, *III. Büyük Türk Dil Kurultayı (25-28 Eylül 2008) Bildiri Kitabı, Lefke Avrupa Üniversitesi Yayınları*, KKTC, 2008, s. 405-412. | 2 |
| 9. | “Ağız Sözlük Çalışmalarında Bilgisayar Destekli Veri Tabanlarının Önemi”, *12. Uluslar Arası Türk Halk Kültürü Sempozyumu Bildirileri*, Üsküp, 2009. | 2 |
| 10. | “1875'te Türkçenin Makedoncaya Olan Etkisi: G. Pulevski'nin 'Üç Dilli Sözlük'ü”, *Türkçenin Balkan Dillerine Etkisi – Bildiri Kitabı*, | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Filoloji Fakültesi – TİKA – MATÜSİTEB, Üsküp, 2010, s. 103-108. | |
| 11. | "Ağız Sözlük Çalışmalarında Bilgisayar Destekli Veri Tabanlarının Önemi", *12. Uluslar Arası Türk Halk Kültürü Sempozyumu*, Üsküp, 07.05.2007. | 1 |
| 12. | "Yahya Kemal'in Dili Üzerine Birkaç Söz", *Ölümünün 50. Yılında Yahya Kemal Sempozyumu*, Üsküp, 15.05.2008. | 1 |
| 13. | "1875'te Türkçenin Makedoncaya Olan Etkisi: G. Pulevski'nin 'Üç Dilli Sözlük'ü", *Uluslararası Türkçenin Balkan Dillerine Etkisi Sempozyumu*, Filoloji Fakültesi – TİKA – MATÜSİTEB, Üsküp, 29.05.2009. | 1 |
| 14. | "Makedonya'nın Ohri-Prespa Yöresi Türk Ağızlarında Eklerin Varyantları", *1. Uluslararası Türk Dünyası Kültür Kurultayı (09-15 Nisan 2006)*, Örgütleyen: Ege Üniversitesi Türk Dünyası Araştırma Enstitüsü, Çeşme (İzmir), Bildiri sunum tarihi: 12 Nisan 2006. | 1 |
| 15. | "Verbs In Turkish Dialects In Macedonia Made With Words Entered Via Macedonian Language", *13. International Conference on Turkish Linguistics*, Uppsala (Sweden), Aug 16-10, 2006. | 1 |
| 16. | "Makedonya'nın Ohri-Prespa Yöresi Türk Ağızlarında Kipler", *Büyük Türk Dili Kurultayı*, Bilkent Üniversitesi (Ankara), 26-27 Eylül 2006, Bildiri sunum tarihi: 26 Eylül 2006. | 1 |
| 17. | "Güneybatı Makedonya Türk Ağızlarında Çekimsiz Fiillere Genel Bir Bakış", *III. Büyük Türk Dil Kurultayı, Bilkent Üniversitesi (Ankara) & Lefke Avrupa Üniversitesi (Lefke, KKTC)*, 25-28 Eylül 2008, KKTC. | 1 |
| 18. | „Важноста на мајчиниот јазик и турскиот јазик како мајчин јазик во Македонија", предавање по повод *Меѓународниот ден на мајчиниот јазик*, Филолошки факултет „Блаже Конески", 27.2.2010. | 0,5 |
| | **Вкупно** | **34,5** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Продекан (академска 2008/2009 година) | 1 |
| 2. | Уредник на меѓународното рецензирано списание „Journal of Turkish Linguistics" | 1 |
| 3. | Член на организационен одбор на меѓународната научна конференција „Влијанието на турскиот јазик врз балканските јазици" (во организација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, Турската владина агенција за соработка и развој ТИКА и Сојузот на турски невладини организации во Македонија) | 1 |
| 4. | Член на Конкурсната комисија за прием на нови студенти во академската 2008/2009 година. | 0,5 |
| 5. | Претседател на Конкурсната комисија за прием на нови студенти во академската 2009/2010 година | 0,5 |

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ***КАРАКТЕРОТ НА ЖЕНСКИОТ ЛИК ВО ДЕЛОТО НА МИЃЕНИ И ФЛОБЕР*** ИЗРАБОТЕНА ОД ***ЗЕЈНЕПЕ А. РЕЦЕПИ,*** *ПРИЈАВЕНА НА* ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", на својата шеста редовна седница, одржана на 21.04.2010 год., нè избра за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов ***Карактерот на женскиот лик во делото на Миѓени и Флобер,*** изработена од Зејнепе А. Рецепи

Рецензентската комисија, изразувајќи ја својата благодарност кон Наставно-научниот совет на Факултетот за укажаната доверба, по разгледувањето на доставената докторска дисертација, го поднесува следниов

## *ИЗВЕШТАЈ*

Докторската дисертација *Карактерот на женскиот лик во делото на Миѓени и Флобер,* изработена од Зејнепе А. Рецепи, претставува педантно обработен и технички опремен текст, компониран од:

- *Вовед (стр. 4-11)*
*I. Книжевниот портрет на Милош Ѓерѓ Никола-Миѓени (стр. 12-21)*
*II. Творечката индивидуалност и истакнатата оригиналност (стр. 22)*
II.1. Новата идејна суштина како тематски став на писателот(стр.23-26)
II.1.1. Поезија на универзалната порака (стр.27-40)
II.2. Морализмот како принцип на жената и социјалната положба (стр. 41-56)
II.3. Милосрдието на жената како една прекината мелодија (стр.57-60)
III.4. Сублимација на жената-блудница (стр.61-66)
*III. Традиција и новаторизам (стр. 67)*
II.1. Ликот на жената и нејзината улога во албанското општество (стр. 68-71)
II.2. Судбината на жената и општествените предрасуди (стр. 72-87)
II.3. Жената под притисокот на патријархалниот живот (стр. 88-102)
II.4. Отуѓувањето на жената како фатално творение на општеството (стр. 103-119)
II.5. Психологизмот и револтот на жената (стр.120-121)
II.5.1. Моралното пропаѓање на жената како предрасуда или реалност (стр. 121-124)
*IV. Аналогни третирања (стр.125)*
IV.1. Новитетски варијанти на реализам врз женскиот лик (стр.126-134)
IV.2. Жената на Миѓеновите новели наспроти Ема Бовари (стр.135-144)
IV.3. Односот на жената меѓу власта и знаењето (стр. 145-151)
*V. Уметничките димензии на ликот (стр.152)*
V.1.Жената и книжевноста со нови форми на третирања (стр.153-155)

V.2. Поезија со повеќе интима (стр.156-179)
V.3. Животната филозофија на албанската жена (стр.180-182)
V.3.1. Жената со портрет на мајка (стр.183-186)
V.3.2. Жената икона на верата (стр.187-193)
V.3.3. Жената во спектарот на назадени закони (стр.194-198)
V.4. Душевната коресподенција на поетот и книжевниот говор на ликовите (стр.199-202)
*VI. Вечноста на уметничкото дело на Миѓени*
VI.1. Животната реалност како артефакт на нови семантички подрачја (стр.204-206)
VI.2. Експресионизмот во делото на Миѓени (стр.207-209)
VI.2.1. Женскиот сензибилизам и модерниот хуманизам (стр.210-212)
VI.3. Ликот-жена што заслужува повеќе (стр.213-214)
VI.3.1. Гротескното во фигурата на жената (стр.215-218)
VI.3.2. Сонот (стр.219-221)
VI.4. Разнообразноста на стилот и на уметничките книжевни средства (стр.222-224)
VI.4.1. Јазичната вредност во делото на Миѓени (стр. 225-228)
VI.5. Естетските принципи на уметноста на Миѓени (стр. 229-232)

*Заклучок (стр. 233-241)*
*Библиографија (стр. 242-248)*

## *АНАЛИЗА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА*

Во воведниот дел на трудот, кандидатката З. Реџепи укажува на низа податоци за мотивот на своето истражување, образложувајќи ја можноста за компаративно проучување на женскиот лик во делото на големиот албански автор М. Ѓ. Н. Миѓени наспроти делото *Госпоѓа Бовари* на големиот француски автор, Г. Флобер.

Трудот има за цел да даде придонес во проучување на еден посебен аспект на делото на Миѓени и на францускиот писател Флобер. Според кандидатката, делата на двајцата автори, кои се предмет на проучување, даваат една јасна слика на албанското, односно европското општество на времето, односно една реална слика на животот.

Во првото поглавје на трудот насловено *Книжевниот портрет на Милош Ѓерѓ Никола – Миѓени,* кандидатката се осврнува на книжевните и вонкнижевните прилики, кои владееле во албанското општество во 30-40 години на 20-иот век, во времето кога се појавува делото на Миѓени, кое остава посебен печат во развојот на албанската книжевност во овој период, која се карактеризира со еден стилистички плурализам. Во ова поглавје, авторката се осврнува на тие моменти од животот, кои оставиле белег во формирањето на Миѓени како личност и автор. Таа главно укажува на неговото запознавање со европската книжевност, посебно со руската, француската, англиската, како и со новите европски филозофски струења, пред сè со филозофијата на Ф. Ниче. Во продолжение, авторката го изнесува своето мислење дека неговото атеистичко убедување почнува да се формира токму тогаш кога најмалку се очекува, во времето кога тој ја следи наставата во теолошкото училиште во Битола, за после да се откаже од стипендијата за следење на истите студии во Оксфорд. Откако изнесува податоци за времето и условите во кои се создава поетското и прозното дело на Миѓени, укажувајќи на релативно тесниот

книжевен опус на авторот, го изнесува ставот дека *Миѓени припаѓа на групата автори кои напишале малку, но рекле многу.*

Во второто поглавје со наслов *Творечката индивидуалност и истакнатата оригиналност* , кандидатката смета дека и наспроти фактот дека општествено-политичкиот контекст на 30-тите години на 20, век настојува да го задуши и цензурира книжевниот збор, сепак овој период дава големи имиња во албанската книжевност. Во една ваква средина, *Поезијата на Миѓени ја носи болката на времето и истовремено ја рефлектира сликата на еден визионерен современ поет, кој влијае многу албанската книжевност да влезе во една повисока фаза на уметничкото созревање, како и нејзината натамошна консолидација,* смета м-р Зејнепе Реџепи.

Во однос на стилистичката формација, на која и припаѓа делото на Миѓени, кандидатката се осврнува на ставовите на сите релевантни проучувачи на делото на овој автор, од кои беше именуван како претставник на соцреализмот, на критичкиот реализам, или на тоа што Сефедин Фетиу го нарекува *синтетички реализам*, токму поради тоа што освен елементите на реализмот, кои секако дека доминираат во делото на Миѓени, се забележува и присуство на елементи на нови други книжевни правци.

Во овој дел, осврнувајќи се на атеистичките идеи на Миѓени, кандидатката укажува на тоа дека Миѓени ја прокламира идејата за ослободување на човекот од прангите на застарениот менталитет и градење на моралот над лажните и несигурни кодови на иднината. И покрај тоа што Миѓени, како и Ниче, смета дека овој свет треба да се урива, сепак, смета кандидатката, *Надчовекот* на Миѓени се разликува од оној на големиот германски мислител.

М-р З. Реџепи смета дека Миѓени, поттикнат од своето длабоко хумано чувство, приметува дека во една таква стварност во која *се судрува старото со новото, традицијата со цивилизацијата, гладот со презаситеноста. . .,*ова најмногу го чувствува жената. Моралната пропаст на жената е последица на реалноста, која ја доведува до лудило или прави од неа битие што го проколнува сопственото дете што бара храна, а таа нема што да му даде, или го проколнува плодот кој го носи во своето тело и кој утре ќе се раѓа за да ги пополни улиците. . . Авторката укажува на душевната состојба на жената во една таква средина. Нејзината душевна состојба е тешка, бедна, бидејќи . . .*таа не сакајќи го држи неизбришниот белег на потомството на бедата. Таа само може да сонува за еден среќен живот, кадешто нема сиромаштија и глад, но постојано го носи печатот на вината што родила деца, над кои судбината на сиромавот виси како ајмалија за да ги следи целиот живот,. .* .Во делото на Миѓени, смета кандидатката, жената претставува симбол на болката, бидејќи нејзиното достоинство се гази.

Во третото поглавје, *Традиција и новаторизам,* м-р Реџепи се осврнува на одреден број прозни творби на Миѓени, кадешто во центарот на вниманието е ликот на жената. Тоа се творби во кои - вели кандидатката - *како во едно видно поле се изведуваат сцените на животот, завиткани со велот на патријархализмот. Миѓени настојува да ги отвора железните врати, да ги разбие старите канцепции, да ги објаснува табу-темите,. . .*

М-р Зејнепе Реџепи укажува на фактот дека жената освен што се поврзува со проституцијата, мотивирана од социјалната беда, во делото на Миѓени наидуваме и на пример на брачно неверство, па дури и пример на лубов меѓу братучеди (инцест).

Албанската жена во делото на Миѓени излегува како поразена, игнорирана и без емоционален интегритет, исто како во реалниот живот. Нејзиниот портрет не се дава со нејзиниот љубовен или среќен атрибут, туку со моралното пропаѓање, духовната и психичката криза што ја доживува.

Во четвртото поглавје на трудот, *Аналогни третирања*, кандидатката Зејнепе укажува дека иако живееле во различни времиња и простори, сепак делата на Миѓени и Флобер припаѓаат на критичкиот реализам со присуство на елементи од другите правци (како натурализам, експресионизам).

Двајцата големи претставници на француската, односно на албанската книжевност, морале да се соочуваат со еден не баш убав пречек на главните дела. Флобер требаше да се брани на суд за своето дело, кое се судеше за расипување на општествениот морал, додека стихозбирката на Миѓени беше цензурирана, но независно од тоа, двајцата создадоа ремек-дела.

Правејќи споредбена анализа на големиот француски автор и на албанскиот писател, авторката на трудот нагласува: *Нив ги карактеризира: реткиот талент на вистинските творци, тенденцијата за новото, идејната транспарентност, испреплетувањето на традицијата и новаторството, наклонувањето кон женскиот лик и, пред се, храброста во начинот на набљудувањето на животната реалност*. Осврнувајќи се на женскиот лик кај двајцата автори, кои се предмет на анализа, таа доаѓа до заклучок дека, преку нив, тие докажуваат оти постоењето во овој свет не е еден сон, ниту прикажување, туку тие се битија кои живеат и умираат наклонувајќи се кон еден придорен закон или можеби на човековото лицемерство.

Жената во делото на Миѓени, нагласува авторката, е принудена на грев, бидејќи причините што ја натерале на такви патишта се реални, додека во случајот на главниот лик на избраното дело на Флобер, таа покажува некаква привлечност кон гревот, со самиот факт што не и се спротивставува на страста за поголемо задоволство во животот.

Ема Бовари го прикажува женскиот дух на една епоха, а никако само *празните* сонувања на една душевно поразена жена. Во делото на Миѓени, женскиот лик не трага по луксузен живот, барем не отворено, како Ема Бовари, таа страда од глад и затоа паѓа во стапиците на прељубата.

Всушност, фаталната историја на Ема го покажува општествениот живот на француската провинција, на француското општество, како што се и женските ликови во делото на Миѓени израз на албанската општествена реалност на времето.

*Ема бара идеален живот, неограничена слобода, или . . само ја талка драмата за потрага по идентитетот. Но, каприците и нејзината убавина стануваат нејзин коб. Драмата за потрага по себеси се претвора во трагедија . . . Самоубиството не му става крај на романот, бидејќи госпоѓа Бовари е портретизација на женска фигура која не се заборава лесно*. Трагично, односно во лудница, завршува и женскиот лик на Луке.

Во петтото поглавје на трудот, *Уметничките димензии на ликот*, кандидатката Реџепи се осврнува на циклусот *Këngët e rinisë* (*Песни на младоста)*, циклус составен од група еротски песни, со кој ја продолжува традицијата на Серембе, Фрашери, Чајупи, Аслани, Порадеци итн. иако за разлика од спомнатите автори, смета кандидатката, Миѓени останува подискретен. Во првите еротски песни се укажува на едно ново чувство што се буди со пролетта, за во продолжение да резултира дека станува збор за забранета лубов. Во третата група песни, тој се спротивставува на распуштениот живот на младите, додека во последната песна

*Malli rinuer*, смета авторката на трудот, Миѓени се пронаоѓа себеси. Тој го чувствува крајот, затоа трага. Според кандидатката Реџепи, еротиката во овој циклус е персонализација на поетското чувство, значи една антитеза на убаво доживување и трогателен пораз, истовремено.

Во продолжение, м-р Реџепи се осврнува на ликот на жената како мајка, која страда за жалната судбина на своето дете, бездомник и гладен, како и на ликот на жената со религиозен дух. Тука се сретнуваме и со жената - калуѓерка, што го симболизира отуѓувањето од секојдневието, од реалниот свет.

Во шестото, воедно и последно поглавје на трудот *Вечноста на уметничкото дело на Миѓени*, авторката се осврнува на елементите на експресионизам во делото на Миѓени и на гротескното во ликот на жената. Независно од околностите во кои живее, женскиот лик во делото на овој автор сепак сонува. Нејзиниот сон најчесто е скромен, па дури и невообичаен, впрочем како што се необични и условите во кои таа сонува.

На крајот на својот труд, кандидатката Реџепи се осврнува на фигуративноста на стилот, и посебно на јазикот со кој се служи Миѓени во своето поетско и прозно дело.

## *ЗАКЛУЧОК*

Врз основа на гореизложеното, на сериозниот приод кон анализата на темата на докторската дисертација *Карактерот на женскиот лик во делото на Миѓени и Флобер*, во која, со помош на компаративната метода, се анализира женскиот лик во делата на двајцата автори, кои припаѓаат на различни епохи, различни средини и менталитети, и чии ликови се огледало на самите прилики на животот во едната, односно другата средина, Рецензентската комисија, на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Скопје, со задоволство му предлага да ја прифати рецензијата и, проследувајќи ја во натамошна постапка, да и одобри на кандидатката Зејнепе А. Реџепи одбрана на гореневедената докторска дисертација.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Мирлинда Крифца-Беќири, вонреден професор, с.р.
2. Акад. Д-р Луан Старова, редовен професор, с.р.
3. Д-р Зекирја Незири, редовен професор, с.р.
4. Д-р Агим Лека, доцент, с.р.
5. Д-р Авзи Мустафа, редовен професор, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ОРТОДОНЦИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 5 од Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје, а во врска со чл. 75 од Законот за високото образование, Наставно-научниот совет на Факултетот, на својата 7. редовна седница одржана на 24.3.2010 година, по предлог на Кадровскиот одбор, а во врска со распишаниот конкурс за избор на наставници во сите звања, објавен во весникот „Вечер" на 17.12.2009 год., донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за избор во звањето помлад асистент по предметот ортодонција, во состав: проф. д-р Марија Зужелова, проф. д-р Јулијана Ѓоргова и проф. д-р. Златанка Белазелковска.

На распишаниот конкурс се пријави д-р Јасна Петровска, вработена на Клиниката за ортодонција при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

По разгледувањето на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Д-р Јасна Петровска е родена во Скопје, на 30.1.1972.

Основното образование го завршила во основното училиште „Кочо Рацин" во Скопје (1986) со одличен успех.

Во 1986 година се запишала во УСО „Никола Карев", каде што го завршила средното образование во 1990 година, со одличен успех.

Во учебната 1990/91 година се запишала на студиите по стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, како редовен студент. На 29.3.1996 година дипломирала со среден успех 9,71, како најдобар студент во генерацијата. За тоа била наградена со признание за најдобар студент во учебната година 1993/94 од Сојузот на студентите при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", пофалница за највисок среден успех на дипломиран студент на Стоматолошкиот факултет од Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" и признание за најдобар студент на стоматологија од Македонското лекарско друштво. Среден успех од предметот на кој конкурира и работи постигнала 10 .

Стажот го завршила при Здравствениот дом-Скопје, и на 24.5.1997 го положила стручниот испит.

На 1.10.1997 ја започнала специјализацијата по ортодонција на Стоматолошкиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Марија Зужелова. На 25.5.2001 успешно го положила специјалистичкиот испит, стекнувајќи се со стручниот назив специјалист по ортодонција.

Во периодот од 1.7.1996 до 10.9.1998 била вработена во П.З.О. „Толовски". Од 2.11.1998 е вработена во ЈЗО Стоматолошки клинички центар, на Клиниката за ортодонција.

Се запишала на постдипломските студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје, и на 9.9.2009 е усвоен позитивниот рецензентски извештај на пријавата за магистерски труд со наслов „Проценка на поставеноста на импактираните максиларни канини на ортопантомограм по метода на Ериксон и Курол".

На 24.3.2004 е избрана во звањето помлад асистент по ортодонција.

На 10.4.2007 повторно е избрана за помлад асистент по ортодонција.

Активно се служи со англискиот јазик.

За време од вработувањето во ЈЗО Стоматолошки клиники и за време на специјалистичкиот турнус, д-р Петровска беше доста активна во практичната работа со пациентите и во стручната работа. Односот спрема колегите, вработените и пациентите секогаш ѝ е коректен и на завидно ниво. Активно учествувала на 78. Европски ортодонтски конгрес во Соренто, Италија, во 2002 година, како и на стручните состаноци на Клиниката и на Ортодонтската секција. На тие состаноци има презентирано труд во соработка со поискусни колеги. Добитник е на Пофалница од Македонското лекарско друштво во 2002.

За овој период е коавтор на шест стручно-научни труда, и тоа:

1. Bogdanovska B., Daskalova B., Gavrilovik I., **Petrovska J.**, Carceva-Shalja S., Shape of the simphysis and mandibular dentoalveolar anterior height associated with V. 84[th] Congress of the European Orthodontic Society, Lisbon 10-14 June 2008.

Вертикалните нарушувања во ортодонцијата даваат своевидни сигнатури во телерендгенограмите. Во овој труд авторите вршеле испитувања врз 60 телерентгенограми со цел да одредат поврзаност помеѓу предната мандибуларна дентоалвеоларна висина и обликот на симфизата. Авторите истакнуваат дека предната мандибуларна дентоалвеоларна висина е зголемена кај пациентите со отворен загриз, споредено со длабок и нормален загриз. Кај пациентите со отворен загриз била констатирана долга и тесна симфиза, а кај пациентите со нормален или длабок загриз симфизата била кратка и широка.

Трудот има научен карактер.

2. Gavrilovik I., Bogdanovska B., **Petrovska J.**, Carceva-Shalja S., Daskalova B., Changes in the dentoalveolar complex related to class II division 1 and 2 malocclusions, 84[th] Congress of the European Orthodontic Society, Lisbon 10-14 June 2008.

Малоклузиите, кои се резултат на скелетални структурни промени, влијаат врз меките ткива, како и на функцијата и естетиката. Во оваа студија авторите сакале да идентификуваат дентоалвеоларни и линеарни параметри кај класите II/1 и II/2, па испитувале по 35 телерендгенограми кај соодветните

класи, како и 25 кај контролната група. Кај класа II/1 била утврдена протрудираност на инцизивите, а кај класа II/2 ретрудираност, но позицијата на долните инцизиви спрема мандибуларната рамнина има прогностичко значење.
Трудот има научен карактер.

3. **Petrovska J.**, Janev R., Petrova E., Petrovski D., Association between tongue thrust, dental anomalies and articulation disorders, 11[th] Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006.

Тискањето на јазикот претставува лоша навика која доведува до фронтално отворен загриз и нарушувања во изговорот. Токму поврзаноста помеѓу говорните проблеми, ортодонтските аномалии и лошата навика е и предмет на изучување на авторите на оваа тема, при што испитувале 80 пациенти. Авторите заклучуваат дека говорот е важен составен дел на секојдневниот живот и соодветните пречки треба да се третираат уште во раното детство.
Трудот има стручно-практичен карактер.

4. Petrovski D. Petkov M., **Petrovska J.**, Experimental and Didactical use of transparent silicone and impression trays, 11[th] Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006.

Во секојдневната практика честопати се соочуваме со фактот дека и најпрецизните отпечаточни маси можат да бидат непрецизни, што доведува до несакани последици во изработката на индиректните реставрации. За тоа има разни објаснувања, но на оваа тема авторите вршеле опити со транспарентни отпечаточни материјали и лажици со цел да визуелизираат што точно се случува во текот на апликацијата на материјалот врз фантом- модел. Авторите заклучуваат дека оваа постапка може да се користи во наставата на студентите по стоматологија со цел да воочат што се случува со силиконот при притисок, но експерименталната вредност е ограничена.
Трудот има стручно-експериментален карактер.

5. Petrovski D., Petkov M., **Petrovska J.**, Clinical observations in various impression techniques, 12[th] Congress of the BaSS, Istanbul, 12-14 April 2007.

Првиот чекор кон прецизно приспособената фиксопротетска реставрација е отпечатокот, но во литературата можат да се сретнат бројни предложени техники на отпечатување, кои имаат одредени предности и недостатоци. Целта на авторите во овој преглед е да евалуират некои вообичаено применети техники од практичен аспект. Резултатите од тестираните техники на отпечатување покажале разновидни практични карактеристики. Авторите укажуваат дека усната празнина поседува многу предизвици за терапевтот кога при отпечатување треба да се регистрираат и најситните детали во влажна средина.
Трудот има стручно-практичен карактер.

6. Петровски Д., **Петровска Ј.**, Интердисциплинарен третман на хиподонција на латерални инцизиви - приказ на случај, Прв

конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид.

Интердисциплинарната соработка е клучниот збор кога се говори за хиподонција на латералните инцизиви. Во овој приказ на случај авторите покажуваат како оралната хиругија, ортодонцијата и протетиката соработувале за решавањето на оваа фреквентна ортодонтска аномалија. Тимското преттретманско планирање е клучно за успех во вакви случаи.

Трудот има стручно-практичен карактер.

7. Димова Ц., **Петровска Ј.**, Андоновска Б., Петровски Д., Стојаноска С., Прекубројни заби како механичка пречка и причина за полуимпактиран горен централен инцизив - приказ на случај, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид.

Во овој приказ на случај авторите покажуваат како прекубројните заби можат да ја попречат нормалната смена на забите. Кај овие специфични случаи авторите покажуваат како се наметнува потребата од интердисциплинарна соработка.

Трудот има стручно-практичен карактер.

8. **Петровска Ј.**, Петровски Д., Отстранување на брекети и следователно кондиционирање на забната површина, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид.

Фиксните ортодонтски направи ефикасно решаваат разни ортодонтски аномалии, но по третманот на местата кадешто биле залепени брекетите остануваат остатоци од лепилото и оштетувања на забната површина. По извршеното пребарување во литературата, авторите предлагаат процедура на третирање на забната површина, користејќи повеќе средства за таа цел. Одредено оштетување на забната површина по отстранувањето на брекетите е неизбежно, но по мазнењето на забната површина последиците исчезнуваат.

Трудот има стручно-практичен карактер.

9. Богдановска Б., Зужелова М., Богдановски С., **Петровска** Ј.,Стојменова-Муфишовска П., Карактеристики на максиларната морфологија поврзани со вертикални нарушувања, IV конгрес на стоматолозите од Македонија, 22-25 јуни 2006, Охрид.

Отворениот и длабокиот загриз претставуваат вертикални нарушувања. Во оваа студија авторите сакале да ја проценат максиларната морфологија кај индивидуи со вертикални нарушувања и нормална оклузија. По обработката на 60 телерендгенограми, авторите заклучиле дека максиларната дентоалвеоларна височина е покачена во групата со отворен загриз, споредено со групите со длабок и нормален загриз.

Трудот има научен карактер.

10. Јанев Р., **Петровска Ј.**, Лазарева Б., Даскалова Б., Колку простор се создава од максиларната експанзија или од екстракција на премолари, IV конгрес на стоматолозите од Македонија, 22-25-јуни 2006, Охрид.

Создавањето на простор за ортодонтски третман е неопходно за корекцијата на многу малоклузии. Во оваа студија авторите сакале да го истражат соодносот помеѓу експанзијата на максиларниот лак и промените во длабочината на лакот и да се квантифицира редукцијата на максиларната длабочина на лакот по екстракција на премоларите со комплетно затворање на просторот. Испитувањата се вршени на типодонт. Авторите заклучуваат дека отстранувањето на премоларите доведува до поголема редукција во длабочината на лакот во однос на мезио-дисталната широчина на премоларите.
Трудот има стручно-научен карактер.

11. **Петровска Ј.,** Зужелова М., Подолешова А., Богдановска Б., Физиологија на терапијата со сплинт во третманот на темпоромандибулани нарушувања; IV конгрес на стоматолозите од Македонија, 22-25 јуни 2006, Охрид.

Мултикаузалноста на нарушувањата на ТМЗ се причина за разни терапевтски пристапи кон оваа проблематика, но оклузалните сплинтови се најупотребувани. Во овој преглед на литературата авторите сакале да ги опишат разните видови на ортодонтски сплинтови кои се користат, како да дадат есенција на можните физиолошки механизми преку кои тие дејствуваат.
Трудот има стручно-практичен карактер.

12. Зужелова М., Смилева-Нацевска М., Трајковски Ѓ., **Петровска Ј.**, Ковачевска Г., Ортодонтско-хируршко-протетска соработка при решавање на разни видови малоклузии, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид.

Малоклузиите можат да се јават во разни градации на комплицираност, па понекогаш само ортодонтскиот третман не е доволен за воспоставување на нормалната функција и естетика. Во такви ситуации е потребен тимски пристап, што преку бројни примери е прикажано во овој труд на авторите.
Трудот има стручно-практичен карактер.

13. Zuzelova M., Maneva M., Lazarevska B., **Petrovska J.**, Atypical unerupted dentition-case report, 11th Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006.

Процесот на ерупција на забите е долг и сложен, и честопати е подложен на биолошки или механички влијанија, кои можат да го попречат. Наследноста може да игра важна улога, како што покажуваат авторите во овој приказ на случај, кадешто нетипичната неерупирана дентиција се појавува кај татко, син и ќерка.
Трудот има практично-научен карактер.

14. Zuzelova M., Bogdanovski S., **Petrovska** J., Bogdanovska B., Gonial angle differences associated with vertical d., 11[th] Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006.

Литературата кажува за два лицеви типа - хипердивергенти и хиподивергентни. Во овој труд авторите ја истражувале поврзаноста на овие лицеви типови со гонијалниот агол, користејќи 60 телерендгенограми. Гонијалниот агол имал најголема вредност кај групата со отворен загриз.
Трудот има научен карактер.

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

Врз основа на изнесените биографски податоци, стручните и работните активности на кандидатката во ангажирањето во практичната настава на студентските вежби, работата со пациентите, нејзиното однесување со вработените и приложените стручни трудови, Рецензентската комисија може да каже дека се работи за добар и вреден кандидат заинтересиран за своето стручно и научно усовршување. Затоа му предлагаме на Наставно-научниот совет, д-р Јасна Петровска да биде избрана во звањето асистент по предметот ортодонција на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марија Зужелова _____________, с.р.

Проф. д-р Јулијана Ѓоргова _____________, с.р.

Проф. д-р Златанка Белазелковска________, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ФИКСНА СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје , на својата 7. редовна седница одржана на 24. 3. 2010 година, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за избор на помлад асистент по предметот Стоматолошка протетика во состав:

1. проф. д-р Ерол Шабанов д-р. сци.
2. проф. д-р Јагода Бајевска д-р сци
3. доц. д-р Владо Ванковски д-р сци

На објавениот конкурс се пријави д-р. Марјан Петков вработен на клиниката за Фиксна стоматолошка протетика.

Врз основа на доставениот материјал и познавањето на развојот на пријавениот кандидат,Комисијата има чест да го поднесе следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

д р. Марјан Петков е роден во Скопје на 15. 3.1977 година . Основно образование завршил во ОУ „Видое Смилевски Бато" во Скопје, а средно образование во УСО „Браќа Миладиновци" во 1995 година, со одличен успех.

Во учебната 1995/96 година се запишал на студиите по стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, како редовен студент, на кои на 5. 9. 2002 година дипломирал со среден успех 8,86.

Задолжителниот лекарски стаж го реализирал во ЈЗО СКЦ „Св.Пантелејмон" во Скопје, и на 6. 11. 2003 година го положил стручниот испит.

Од 14 . 9. 2002 година се вработил во ЈЗО Стоматолошки клинички центар, на Клиниката за фиксна стоматолошка протетика како клинички лекар, а во периодот од 31. 3. 2005 до септември 2005 година по одлука на управата, бил прераспореден на работното место клинички лекар на Клиниката за детска и превентивна стоматологија.

Во септември 2004 се запишал на постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје по предметот стоматолошка протетика, а во моментов е пред одбрана на магистерскиот труд.

Во 2006 година е избран во звањето помлад асистент на Катедрата за фиксна стоматолошка протетика.

Со звањето специјалист по стоматолошка протетика се стекнал во 2008 година.

д-р. Марјан Петков активно се служи со англиски јазик, а пасивно со грчки јазик.

Добитник е на Благодарница од Стоматолошкиот факултет по повод 50 годишниот јубилеј.

**СТРУЧНО - НАУЧНА ДЕЈНОСТ**

Др. Марјан Петков е коавтор на преводот на книгата „Базични критериуми за процена на оралното здравје" 4. издание од СЗО која е во печат.

Во мај 2006 година присуствувал на предавања од проф. д-р Симоне Грандини од Универзитетот во Сиена, Италија под наслов „Директни естетски реставрации- теорија и пракса" ,за кои поседува сертификат.

Посетувал курс за калибрирање и тренинг за собирање и прикажување податоци за оралното здравје во епидемиолошки и научни цели.

д-р. Марјан Петков посетувал и курсеви под наслов „Современи принципи кај естетски реставрации" и „Практична примена на ласерот во стоматологијата" под покровителство на „Промедика" во соработка со Ivoklar , Fotona и Vivadent за што се здобил со сертификати.

Исто така ги има посетено и курсевите од имплантологија „Со анкилос кон нови хоризонти " во 2007 и курсот со работен наслов „Contemporary Prnciples in Esthetic Restoration" исто така во 2007 година.

Учесник бил на повеќе семинари , секции и конгреси.

д р. Марјан Петков активно е вклучен во проектот финансиран од Министерството за образование и наука под наслов „Проценка на состојбата на оралното здравје и потребниот третман кај населението од Република Македонија со примена на базичните критериуми на СЗО".

Бил ментор на четири студентски теми.

, д-р. Марјан Петков, како автор и коавтор на ги има објавено следниве трудови :

1.Ковачевска Г., Петкова Е., Николовска Ј., **Петков** М., Петровски Д. Individual post and core fabrication systems. Congres of the BaSS,13-16 May, 2004, Ohrid

2.Ковачевска Г., Петкова Е., Николовска Ј., **Петков** М. Removal of fractured metal elements in root channels. Congres of the BaSS,13-16 May, 2004, Ohrid

3.Ковачевска Г., Петкова Е., **Петков** М. Vertical root fractures. Congress of the BaSS, 13-16 May, 2004, Ohrid.

4.Петровски Д., Петкова Е., Јанев Ј., **Петков** М. Esthetic problems with implant supported restorations in the anterior region-case report. . Congres of the BaSS,13-16 May, 2004, Ohrid.

5.Влашки З., Стојановска В., **Петков** М.Влијание на плунката при ретенција на тотална протеза. IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. Охрид , 2006.

6.**Петков М.** Јанкуловска М., Иљоска С, Павлевска М., Петков М. Композитна коронарна реконструкција на трауматски повредени заби во детска возраст со примена на ацетатни коронки. IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество , Охрид, 2006.

7. Павлевска М., Јанкуловска М., Иљоска С, Павлевска **Б., Петков** М., Кулишевски А. Естетска корекција на дијастема на максиларните инцизиви оо композитни матерјали. IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид ,.2006.

8. Јанкуловска М.. Павлевска М., **Петков М.,** Иљоска С, Кулишевски ıА. Консумирање на чај во корелација со денталниот кариес IV конгрес на стоматолози од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006.

9. Накова М.,Петкова Е.,Иљовска С.,Ванковски В.Јанкуловска ._Стевановиќ М., Павлевска М., Радојкова-Николовска В.,Стојановска В, Даштевски Б., **Петков М.** Базични критериуми за процена на оралното sдравје - основен превод на 4. издание ( Светска здравствена организација Женева) , Скопје, 2006. Европа 92.

Трудовите од 1 до 9 се рецензирани во Билтенот на УКИМ број 908 од 2006 година.

За овој избор кандидатот ги приложува следниве трудови:

10. Бундевска Ј.,Капушевска Б., Сали Ф., Мехмети Б., **Петков М**., Протетски третман на пациенти со принуден проген загриз.,Аполониа ,9, 18, 17-23,2007

Во овој труд авторите го прикажуваат нивниот методолошки пристап кон протетичката рехабилитација на оваа малоклузија преку поставување на точната дијагноза, реконструкција на меѓувиличните односи и изработка на транзиторна парцијална протеза која пациентот ја носи 3 -6 месеци и на крај, изработка на фиксни и мобилни протетски надоместоци.

11. Капушевска Б., Бундевска Ј., **Петков М**.. Скратен забен низ-фиксна или мобилна изработка меѓународен конгрес „Стоматологијата денес" Струга , 2008, Абстракти,149.

Авторите во овој труд направиле анализа на 120 згрижени пациенти со скратен забен низ, при што кај сите пациенти биле присутни двата премолари и унилатерална или билатерална терминална беззабост. Анализата се состоела во доброволно решение на пациентите за фиксен или мобилен протетски надоместок, при што 100 пациенти донеле решение за фиксен протетски надоместок, а 20 за мобилен протетски надоместок.

12. Бундевска Ј., Капушевска Б., **Петков М.**. Технички грешки при киветирање на тотални протези, меѓународен конгрес „Стоматологијата денес" Струга, 2008, Абстракти,155.
Авторите во овој труд ја истакнуваат можноста за појава на одредени симптоми на жарење, печење и црвенило под протезите како резултат на неврзан мономер во процесот на полимеризација и препорачуваат дополнително варење на протезите со што ке дојде до врзување на слободниот мономер.

13. Ковачевска Г., Ванковски В., Ковачевски А., **Петков М.**, Петровски Д.. Минидентални имплантати за ретенција на долната тотална протеза. Макед. Стоматол. Прегл. 2009,33.(1-2) 22.
Авторите истакнуваат дека овие имплантати освен предностите што ги имаат се и од финансиска страна прифатливи. Тие ги препорачуваат заради успешната осеоинтеграција, едноставната хируршка техника и можноста за имедијатно оптоварување. Тие се добри протетички решенија во своето индикациско подрачје.

14.Ковачевска Г., Жузелова М., **Петков М.**, Ковачевски А.. Impression Tasking for a Fiksed Overdenture in Pacients With Fixed Orthodontic Treatment. 85 Congress of the European Orthodontic Society Helsinki ,2009,Abstract.
Истражувањето опфатило 20 пациенти од 20 до 60 годишна возраст (14 жени и 6 мажи) коишто се згрижени со имедијатно фиксни протези – ортодонтски третирани.
Авторите укажуваат дека со методата која била применета се елиминирани несаканите последици во текот на земањето на отпечаток кај пациентите кои носат ортодонтско помагало.

15. Жузелова М., Ковачевска Г.,Ванковски В., Петков М., Ковачевска Б..The Role of Oral Hygiene Metods in Patients with Fixed Orthodontic Devices. 85 Congres of the European Orthodontic Society Helsinki ,2009,Abstract
Авторите ја обработуваат улогата на оралната хигиена кај пациентите со фиксно ортодонтски аномалии, при што за испитување се земени 50 пациенти на возраст од 16 до 25 година (27 жени и 2 мажа). Резултатите укажуваат дека 17,33 % од пациентите имаат инфламација на меките ткива и кај 4% се појавил кариес, што укажува дека добрата орална хигиена кај пациентите со ортодонски апарати ги заштитува пациентите од појава на инфламации на меките ткива и кариес.

16. Ванковски В., Ковачевска Г., Шабанов Е., **Петков М.**. Дентална имплантологија (супраструктури над имплантати) учебник-второ дополнето издание.
Учебникот е рецензиран во Билтенот на УКИМ број 967 од 2009 година.

17. Петровски **Д., Петков М.,** Јовановски С.. Клинички опсервации со разни техники на отпечатување, IV меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид, 22-25..

Првиот чекор кон прецизната фикснопротетска изработка е отпечатокот. Користејќи разни инструменти и материјали за отпечатување, авторите анализирале неколку техники и модификации за земање на отпечаток. Тие заклучуваат дека усната празнина поседува многу предизвици за терапевтот при отпечатувањето.

18. Petrovski D. **Petkov M.**, Petrovska J.. Experimental and Didactical use of transparent silicone and impression trays, 11[th] Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006.
Во секојдневната практика честопати се соочуваме со фактот дека и најпрецизните отпечаточни маси можат да бидат непрецизни, што доведува до несакани последици во изработката на индиректните реставрации. За тоа има разни објаснувања, но во оваа тема авторите вршеле опити со транспарентни отпечаточни материјали и лажици со цел да визуелизираат што точно се случува во текот на неговата апликација врз фантом модел. Авторите заклучуваат дека оваа постапка може да се користи во наставата за студентите по стоматологија со цел да дојдат до одредени сознанија за тоа што се случува со силиконот при притисок, но при тоа тие истакнуваат дека експерименталната вредност е ограничена.

19. Petrovski D., **Petkov M.**, Petrovska J.. Clinical observations in various impression techniques, 12[th] Congress of the BaSS, Istanbul, 12-14 April 2007.
Правиот чекор кон прецизно приспособената фикснопротетска ресатаврација е отпечатокот, но во литературата може да се сретнат бројни предложени техники на отпечатување, кои имаат одредени предности и недостатоци.
Целта на авторите во овој преглед е да евалуираат некои вобичаено применети техники од практичен аспект.
Резултатите од тестираните техники на отпечатувањe покажале разнородни практични карактеристики.
Авторите укажуваат дека усната празнина поседува многу предизвици за терапевтот кога при отпечатување треба да се регистрираат и најситните детали во влажна средина.

## Заклучок

По темелното разгледување на доставената документација на кандидатот д-р Марјан Петков ,кој се јави на објавениот конкурс за избор на помлад асистент , Комисијата може да заклучи дека тој во целост ги исполнува и ги задоволува критериумите и условите потребни за избор во звањето помлад асистент. Комисијата со задоволство му предлага на Наставно - научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје да го избере во звањето помлад асистент по предметот стоматолошка протетика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф.д-р Ерол Шабанов с.р.
2. Проф. д-р Јагода Бајевска с.р.
3. Доц.. д-р Владо Ванковски с.р..